## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Третото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јули 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 53-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски, Радомир Карангелески, Љубомир Поповски и Ристо Спанаков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

За да го провериме точниот број на присутни пратеници во салата, ве молам притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните во салата.

Имаме точно 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, денес одржав координација со координаторите на пратеничките групи заради поголема ефикасност во работењето и се договоривме, доколку е можно, бидејќи имаме многу дискутанти, дискусиите да ги сведеме, тоа е џентламенски договор, не подолго од 10 минути. Но, ќе ве молам, тоа е договор кој што го имавме претходно без гласање и денес да работиме додека не ја апсолвираме оваа точка од дневниот ред. Тоа се тие договори што ги имавме и верувам дека во однос на првиот договор секој лично ќе се придржува, а во однос на вториот договор, јас ќе ја водам седницата додека денес не ја завршиме работата по оваа точка. Ако ја завршиме порано, ќе одиме и на други точки, се разбира.

Според тоа, продолжуваме со расправа по претресот по Предлогот на Законот за високо образование.

Врз основа на пријавената листа на кандидати, му давам збор на пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Како прво, јас не се согласувам со тоа што кажа претседателот дека дискусијата на секој пратеник да се сведе само на 10 минути, затоа што во тој случај пратениците не би биле рамноправни. Да беше тоа на почетокот на седницата, сепак ќе имаше расправа околу тоа, дали ќе се согласиме со предлогот секој пратеник да дискутира по 10 минути, или не.

Меѓутоа, јас мислам и нашиот координатор во координацијата кај претседателот не дал согласност секоја дискусија да трае не повеќе од 10 минути. Имено, секогаш кога се во прашање закони кои се чувствителни, јас мислам Собранието не треба да им го скрати правото на пратениците да зборуваат колку што сакаат. Некој може да зборува и две минути, 3, 5 и т.н. Меѓутоа, секој ќе ги кажува, елаборира, образложува неговите тези и т.н.

Јас мислам дека денес расправаме за еден важен закон кој е многу битен за сите граѓани на РМ. Меѓутоа, тука би сакал да нагласам дека е многу битен за Албанците и другите кои живеат, значи за не Македонското население во РМ, иако не е помалку важен и за другите граѓани на РМ.

Меѓутоа, од почетокот на расправата гледаме тука дека неодговорно се однесуваат претставниците на Владата, т.е. министерот, кој од сите други пратеници во Собранието бара да не го политизираме ова прашање, меѓутоа тој самиот, ако ги погледнеме стенографските белешки, ќе видиме дека тој самиот тој тоа го политизира, иако е тука како претставник на Владата, да го образложи законот, целите, причините и т.н. Меѓутоа, јас тука како пратеник нема да се согласам со тоа што Тетовскиот Универзитет кој е формиран во 1994 година го прогласува како граѓанска иницијатива, на што се спротивставам од следните причини. Имено, како што е формиран Битолскиот Универзитет, така е формиран и Тетовскиот Универзитет, кој бил поддржан од три општини. Значи, со актуелниот Закон за насочено образование, потпирајќи се на него, каде потпишале градоначалниците на Тетово, Гостивар и Дебар, а позади таа иницијатива, основање на Тетовскиот Универзитет стоеле сите тогашни па и сегашни политички партии, нивните пратеници, министри во Владата, а да не зборуваме за советници во локалните самоуправи и т.н. Значи, се зборува за една

институција која легално е формирана од страна на трите општини и сите други политички структури, политички и неполитички субјекти.

Од друга страна долго време се зборува дека во ова Собрание ќе се расправа за втората фаза за Законот за високото образование. Меѓутоа, знаејќи, ние како пратеници, дека треба да се почитуваат препораките кои доаѓаат од Европската унија, бидејќи еден дена сакаме да бидеме членка на таа Европска Унија и знаејќи ги тие препораки, Министерството за образование требаше да најде еден консензус помеѓу сите политички и неполитички субјекти во државата, да се донесе еден таков закон кој ќе биде прифатлив за сите, да се најде решение да биде прифатлив за сите нас тука, да не се осеќаат едните победени, другите победници, бидејќи тоа не носи на погрешен пат. Затоа, сакам тука јавно да кажам дека ПДП воопшто не била поканета на тие разговори или да учествува во составот на таа експертска група, за составот на текстот на предлогот на Законот за високото образование, иако на претходната седница слушнавме од господинот министер дека имало повикани претставници од страна на ПДП.

Меѓутоа, официјална покана до ПДП до ден денес нема. Ако го земал по лично познавање и т.н., господинот Пруси Абдула, кој бил член на таа експертска група, како експерт и не го апстрахира тоа дека тој е член на ПДП. Меѓутоа, немало такво барање до партијата за да се предложи еден член кој ќе учествува во таа група за подготовка на текстот на Законот за високо образование. Меѓутоа, од кога тој учествуваше во таа експертска група, во таа комисија, тој го издвои мислењето околу тоа, дека не се согласува со текстот на Законот за високото образование, поготово не се согласува со членот 95 и некои други членови, кои се поврзани со овој член.

Од друга страна, Министерството најде засходно да ги повика студентите, раководната структура на двата Универзитети, а не најде засходно да ја повика раководната структура на Тетовскиот Универзитет, па и студентите од Тетовскиот Универзитет. Тука се оди, меѓутоа, малку подалеку. Значи, во политиката на Владата, односно на Министерството влијаат луѓе кои се анти албански расположени во РМ. Од типот на академик Блажо Ристевски и т.н.

Ве молам, каде се тие студенти од двата Универзитети, од Скопскиот и Битолскиот, да се солидаризираат со нивните колеги од Тетовскиот Универзитет. И тие се луѓе и тие студираат на еден Универзитет, Тетовскиот, кој не беше прифатен од страна на Владата, тогашната и сегашната, каде немаше политичка волја, немаше консензус околу тоа да се прифати една институција која работи веќе 6 години, иако знаеме дека на почетокот некои структури го викаа “Мртво дете" и т.н., се лепеа секакви етикети, меѓутоа, тој Универзитет работи и ден денес, а еве денес носиме закон еднаш засекогаш да не постои тој Универзитет, иако тој Универзитет има околу 10.000 студенти, има 400 професори и т.н.

Јас мислам, во овој правец, ако се одеше по редоследот на работите, Министерството да ги повикаше сите релевантни политички неполитички субјекти во државата, двата Универзитети, Скопскиот и Битолскиот, вклучувајќи го и Тетовскиот Универзитет, јас мислам дека денес пред вас ќе беше еден друг текст на предлогот на закон кој ќе беше прифатлив за сите нас и сигурно дека секој од нас може да даде придонес за подобрување на текстот на законот.

Меѓутоа за жал, тоа не се случи и еве денес сме тука каде што сме, се носи еден закон.

Ако, еве тоа е еден сегмент, високото образование, тука денес се носи еден закон каде граѓаните на РМ ги делиме во две категории. Една, прва категорија, македонското население, втора и понатаму трета и четврта категорија, не Македонското население во РМ.

Значи, граѓани кои не се рамноправни меѓу себе. Едните можат да ги имаат правата кои им следуваат, а другите не можат да ги имаат тие права, на другите ќе им дадеме толку колку што сакаме. Ве молам, дали ние бевме тие за да бидеме граѓани од втор ред, па да дадеме придонес за осамостојувањето на РМ од првиот ден. Дали го дадовме тој придонес за да бидеме граѓани од втор ред. Дали го дадовме нашиот придонес за да не можеме да го употребиме нашиот мајчин јазик и т.н.

Затоа, ние од почетокот, неколку пати сум кажал од оваа говорница, а ќе го повторам и денес. Ние како граѓани, како политички партии, како сакате, не најдовме консензус околу некои работи за независноста на РМ, за демократијата, за владеење на правото.

Меѓутоа, до ден денес немаме најдено консензус за потполна граѓанска и

национална рамноправност во сите сфери во животот. Еве денес, зборуваме за една сфера од животот. Тоа е високото образование, каде не Македонското население останува и понатаму да чека колку ќе и даде мнозинството на оваа држава.

Предлогот на Законот за високо образование како е формулиран содржински, а кој според предлагачот се однесува на новите процеси на државата, неминовно не соочува со потребата за заеднички предлог за размислување токму по овие нови процеси во државата, наметнати од реформските промени на општествениот, економскиот и политички систем.Тука се поставува прашањето зошто? Затоа што сметам дека и со овој предлог закон, безобзирно се застанува на становиштето на новите процеси во државата, целата па и последната законска регулатива, да се градат еднострано и во исклучителен интерес на мнозинската популација односно македонската, а сето ова е во длабока противречност со реалните интереси на другите популации, кои јазично и културно се разликуваат од мнозинската популација, а чии интереси во една држава се заеднички за сите граѓани, треба да се изградуваат врз респектирањето на модерните европски принципи за рамноправноста на граѓаните и националната рамноправност, а тоа значи почитување на вистинските принципи на културниот плурализам во сите консеквенци што произлегуваат од тоа.

Мора врз основа на Уставот и во владина програма да ги интегрира на идентичен начин интересите на сите популации во РМ. Некој тука ќе рече, нема потреба да расправаме заеднички по принципите за дискусија што ги наметнува овој предлог закон, бидејќи и другите слични закони во кои рестриктивно или тотално се негира културниот и јазичниот плурализам, се донесени по пат на еднострана расправа и исклучивата волја на парламентарното мнозинство, кое воедно претставува и национално мнозинство. Но, потребата за заедничка и толерантна расправа е недолжна, бидејќи токму по овој Предлог закон не можат веќе да се прават концесии на штета на културниот и јазичниот плурализам, односно на штета на популациите, кои јазично се разликуваат од мнозинската популација.

Во едно општество, мултиетничко или во едно општество како што е РМ, во која 40% од популацијата културно и јазично се разликува од мнозинската, би била најслепа утопија да се гради јазична и културна унифицирана држава и друштво и најдруго се коси со европските принципи и интеграциони процеси.

Ако минатиот период или поточно речено минатиот режим им отстапи неоправдани привилегии на одделни народи да го градат нивниот национален и културен идентитет на штета на другите и со нивните материјални ресурси, сегашните европски интеграциони политички процеси се поставени врз нови етнички стандарди, тоа веќе не го прифаќаме односно тоа најмалку сега е можно.

Но, ако некој се лаже дека баш со овие европски принципи само тој има право и монопол да ги чита и да ги толкува по својата драга волја, и тоа веќе е неможно толку колку што мисли некој.

Некој пак ќе рече, досега така сме постапувале и така ќе продолжиме и понатаму. Тоа јас го мислам за јалова политичка тврдоглавост во политичкиот плурализам и политичката и секоја друга тврдоглавост има право на постоење, но нема право да се воведува како принцип на политичкото, демократско одлучување.

Затоа, подвлекувајќи ја потребата и личното мое залагање, текстот на овој предлог закон да се прецизира со формулирањето за високо образовна дејност на албански јазик, т.е. во законот да најде место и Тетовскиот Универзитет, како трет државен Универзитет, финансиран од Буџетот на РМ, дека и ние како граѓани на РМ, не Македонското население, т.е. Албанците и сите други, сите даваат давачки кон оваа држава.

Значи, одговорноста ја имаме сите. Сакаме и привилегиите да ги делиме сите заедно. Сите сме обврзани кон државата, да ги даваме сите давачки што се неопходни да се дадат во Буџетот на Републиката. А сега кога треба да ги искористиме привилегиите и да бидеме рамноправни, тогаш од страна на Буџетот на РМ може да се финансираат два Универзитети, а не може да се финансира еден Универзитет на албански јазик, кој ќе биде отворен Универзитет и за другите народи кои живеат во РМ.

Од тука, на предлагачот му предлагам да изнајде можност за читање меѓународни, а посебно европски конвенции за човековите, граѓанските и културните и образовни права, за да се увери дека токму во тие конвенции многу јасно се гарантира правото за школување на мајчин јазик на сите нивоа, поготово тоа е нелегитимно право на популации што претставуваат нај

репрезентативен сегмент во рамките на една држава, што го задоволува стандардот од 25% и кои историски се формирани на таа држава.

Меѓутоа, мојот предлог е, не еднострано да ги читаме сите овие меѓународни акти што ги спомнав. Нам ни треба заеднички да ги читаме и да дојдеме до еден заклучок дека, тука можат да се најдат такви заклучоци што сите тука во Република Македонија би биле рамноправни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Абдулади Вејсели за учество во расправата.

За збор се јави госпоѓа пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со оглед на дискусиите што ги имавме на претходната седница, дозволете ми на самиот почеток да дадам едно кусо појаснување со цел да не ја доведеме во заблуда македонската јавност.

Законот за високото образование по кој денеска расправаме, се однесува на сите граѓани во Република Македонија, а не само на некои граѓани во Република Македонија.

Или уште попрецизно, сите закони што се донесуваат во нашата држава подеднакво важат за сите граѓани во истата таа држава.

Можеби дополнителна забуна во општото разбирање на Законот внесе и самиот министер за образование, кога од сложената материја која ја третира овој закон, извади само две прашања.

Прашањето за употребата на јазиците на националностите во високото образование и прашањето за признавањето на малоречанските дипломи. Веројатно не збуни и неговата еуфорична политизација на Законот, кога изјави овој закон од првиот член до последниот, од првата буква до последната почива на знаењето. Не се сомневам дека министерот знае дека секој закон, па и овој почива врз правото т.е. врз Уставот, а дека материјата што ја регулира овој закон е процесот на знаењето, односно процесот на стекнување со знаења. Но, добро, да ја разбереме возбудата на министерот, сепак ќе укажам дека треба да се одбегнува на овој закон да му се пристапува од позицијата на високи емоции. Во него треба да се разгледува образовното и правното и тоа е аголот од кој би сакала да ја започнам мојата елаборација.

На неопходноста од донесувањето на Законот за високото образование се укажуваше повеќе години наназад, со оглед на важноста од иновативно законско уредување на ова исклучително значајна сфера од јавниот интерес во Република Македонија. Притоа се трагаше по модели кои што на високото образование во нашата држава ќе му обезбедат квалитет во секој од неговите сегменти, ќе го воведат принципот на висока стручност и компетентност и ќе го вбројат во редот на модерните, светски стандардизирани образовни процеси.

Повеќе министерски тимови работеа на остварувањето на оваа задача. Без намера да и се намалат заслугите на сегашната екипа, која што вложи многу труд и знаење во изготвувањето на Законот, може да се каже дека Предлог законот што денес го имаме пред нас е во голема мера резултат на еден колективен напор. Притоа, постојано се укажуваше, а тоа е услов што треба да се почитува и денес, дека на донесувањето на овој закон треба да му претходи широк јавен консензус, односно дека треба да се создаде амбиент за неговото донесување. Минатите искуства покажуваат дека создавањето на ваквиот амбиент беше опструирано токму од оние политички фактори, кои што денес прават засилени усилби овој закон да биде донесен.

Уште ни се свежи сеќавањата на младинските протести 1997 година по повод донесувањето на Законот на јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет. Тогашни високи државни функционери, ректорот на Универзитетот и претседателот на Универзитетскиот сенат, актуелни високи функционери на партијата Демократска алтернатива, како и раководните структури на ВМРО-ДПМНЕ и некои негови актуелни пратеници ги стимулираа изблиците на националистички реакции и се спротивставуваа на донесувањето на Законот за јазиците.

Да потсетам, тој закон представуваше прв организиран правен облик на регулирање на употребата на јазиците на националностите во високото образование.

Инаку, како што гледаме, ниту денес определени политички притисоци не стивнуваат, за што сведочат и последните

митинзи. Владата на Република Македонија сепак се одлучи, во еден забрзан рок, да му предложи на Собранието да го донесе Законот за високото образование. Мотивите за ваквата постапка се прилично јасни. Тие се директно врзани со односите во Владината коалиција, но бидејќи законот е тука, јас би сакала пред вас да го изложам ставот на Пратеничката група на СДСМ по него.

Да потсетам најпрвин на генезата на овој закон.

Со донесувањето на Уставот на независна и самостојна Република Македонија се создадоа правни основи, но и обврски за севкупна реформа на системот на образованието. Притоа, императивна беше потребата концептот на образованието и пред се, на високото образование да соодветствува со системите на образованието применувани во развиениот свет.

На концептот на Законот за високото образование почна да се работи уште во1991 година, но во 1994 година беше изготвен Предлогот за донесување на овој закон, кој му беше доставен на Собранието на Република Македонија, кое по него расправаше во ноември 1995 година.

По опсежната дискусија, Собранието донесе заклучок да се задолжи Владата да подготви Предлог Закон за високото образование, при што треба да се имаат предвид мислењата од собраниските тела, од Пленарната седница како и од соодветните институции. Првата верзија на Предлог Законот за високото образование беше изготвена во првата половина од 1996 година. Изработката на оваа верзија коинцидираше со почетокот на Проектот на Европскиот совет за Реформа на Законите за високо образование.

Така, експертите од Европскиот совет имаа можност да дадат прелиминарно мислење по текстот на Предлог законот. Врз основа на нивните препораки тогашната експертска група изработи нов текст за кој свое мислење повторно дадоа експертите на Советот на Европа. Главните насоки на нивните сугестии се однесуваа на ограничената автономија на високо образовните установи поради учеството на државни претставници во Универзитетскиот сенат и советите на факултетите, давањето согласност на статутите на високо образовните установи од страна на Собранието на Република Македонија, пренагласениот јавен интерес, неразвиениот систем на евалуација, отсуството на кредит системот, пренагласена улога на Владата во постапката на основањето и признавањето нови високо образовни установи, приодот кон нострификацијата на дипломите стекнати во странство, отсуство на приватни високо образовни институции, како и забелешки по однос на употребата на јазикот и слично.

Делот на забелешките кои се однесуваа на употребата на јазикот е повлечен, со оглед на донесувањето на Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје, со оценка дека овој закон преставува значаен исчекор во можностите националностите да се школуваат на мајчин јазик, дека е во склад со европските стандарди, како и со Законот установен за вакви случаи од страна на Европскиот суд за човекови права. Новите забелешки на експертите се вклучени во преработениот текст на Законот од експертскиот тим. Повторната ревизија од нивна страна на овој текст укажува на рестриктивните решенија за развој на приватните високо образовни установи, но, во генералниот заклучок било оценето дека е изработен закон компатибилен со европските правни стандарди.

Тоа е оценката на текстот на законот изработен од Владата на Црвенковски 1998 година.

Таа верзија на Законот за високото образование е ставена во мирување, од причините што погоре се споменати, односно поради отсуството на поширок општествено политички консензус за негово донесување.

Кога денес го разгледуваме ново предложениот закон, се наложува еден кус компаративен преглед на содржините на двата текста, оној од 1998 и овој од 2000 година.

Затоа, можеби е добро да се направи еден кус, компаративен преглед на содржините од овој закон.

Да видиме најнапред кои се новите решенија содржани во Предлог законот од 1998, и како што веќе истакнавме послужија како основа за изработката на денешниов текст.

Еден од сегментите што сакам да ги изделам во текстот од 1998 година е исполнувањето на уставната обврска од член 45 со која се допушта основање на приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното. Формирањето на приватните институции поминува низ сложениот систем на акредитација и преку инструментите што се предвидени со тој систем. Со тоа се обезбедува соодветна проценка на условите за формирање

на приватни високо образовни институции и можноста за нивно отварање. Треба да се знае, исто така, сакам да го потцртам тоа, дека системот за акредитација подеднакво важи и за државните институции.

Во текстот од 1998 година се дефинирани улогата и задачите на високо образовните институции, уредена е автономијата на Универзитетот, начинот на управување со високо образовните институции, како и нивно финансирање.

Предвидено е создавање на Фонд за високо образовна дејност, со својство на правно лице.

Еден од битните прилози на верзијата од 1998 година е уредувањето во посебен член на прашањето за употребата на јазикот во високо образовните институции.

Во овој член се истакнува дека наставата на високо образовните институции се изведува на македонски јазик.

Наставата се изведува и на јазиците на припадниците на припадниците на националностите во оние високо образовни институции во кои се формираат воспитувачи за пред училишно воспитание и наставници за основното образование, исто така, на оние институции кои што формираат кадри за предметна настава во основното и средното образование, дидактичко -методичките предмети можат да се изучуваат на јазиците на националностите.

Наставата на одделни наставни предмети од уметностите, може да се изведува и на јазиците на националностите, поради негување и развивање на нивниот културен идентитет. Предвидена е и настава на еден од светските јазици, кога тоа го бара карактерот и видот на професијата.

Текстот на Законот за високото образование од 8 јуни 2000 година ги презема споменатите иновации од претходниот текст, ги до уредува и усовршува и предлага некои нови решенија. За одбележување е на пример воведувањето на системот на евалуација на високо образовните установи и на академскиот кадар, формирањето на Агенцијата за евалуација, воведувањето на кредит систем, организирањето на висока форма на одлучување во Интер - универзитетската конференција и т.н.

Би го оптеретила вашето внимание ако коментирам и други аспекти на овој закон што задираат во наставно - научните звања, видот на студиите, воведувањето докторски студии, прашањето на нострификацијата на странските дипломи и слично.

Сепак, сакам да коментирам една интервенција која што овој закон ја прави во делот на употребата на јазиците во високо образовните институции. Тој, значи законот ја презема општата дикција од текстот од 1998 година, терминолошки и стилски ја допрецизира и допушта некои нови решенија. Во смисла на допрецизирање, во ставот 3 од член 95 е утврдено дека наставата по дидактично - методичките предмети од става 2 на овој член се изведува во дидактичко - методички центар замислен како организациона единица на Педагошкиот факултет во Скопје. Но од друга страна сосема нов е ставот 7 од членот 95, во кој се допушта наставата на приватните високо образовни институции да се изведува и на јазиците на припадниците на националностите. Според наше мислење, овој став е проблематичен од уставен аспект и ќе биде предмет на наш амандман.

Тоа е отприлика сумарниот приказ на главните насоки на решенијата, за високото образование содржани во законскиот текст од 8 јуни 2000 година.

Во меѓувреме, од 8 до 27 јуни 2000 година, се случи нешто чудно и опасно, како што би рекол мојот ценет колега Гештаковски. Со владини амандмани на членовите 82, 84 и со додавањето на членот 198 е нарушен основниот концепт на овој закон. А во врска со тоа направена е, од страна на Владата, недопустлива манипулација во јавната расправа по Предлог Законот за високото образование, организирана од Скопскиот и Битолскиот универзитет, како и од Сојузот на студентите.

Имено, во таа јавна расправа е анализиран, коментиран и дополнуван текстот на Законот од 8 јуни 2000 година. Таа е онаа верзија на која и е дадена поддршка од споменатите институции. Служејќи се со трик, подготвувачот на законот во новата верзија од 27 јуни 2000 година, која што е доставена во Собраниска процедура и која што суштествено се разликува од претходната, особено со додавањето на членот 198, во образложението на Предлог законот, ќе

го злоупотреби ставот на Универзитетите и на Сојузот на студентите.

На страна 74 од образложението на законот од 27 јуни стои: "Во периодот од 15 до 26 јуни беа организирани јавни расправи по Предлог Законот на Универзитетските сенати на двата јавни Универзитети, заедно со нивните Универзитетски управи. Исто така, Сојузот на студентите организира јавна трибина и даде свои предлози и мислења. Двата Универзитети дадоа поддршка на Предлог законот и го поддржаа неговото донесување."

Се разбира дека на оваа ноторна невистина реагираа сите три споменати институции, наведувајќи дека предмет на нивна расправа не бил законот што денес е во Собраниска процедура и дека нивната поддршка се однесува на претходната верзија, на верзијата од 8 јуни.

Уште повеќе, Универзитетот во Скопје, Универзитетот во Битола и Сојузот на студентите поднесоа амандмани на членовите што се изменети или додадени и истовремено укажаа на потреба од одложување на законот и обновување на јавната расправа. За жал, на нивните претставници не им беше овозможено да учествуваат во работата на Собраниските тела, а гледам дека не се поканети да учествуваат и на оваа пленарна седница, иако за тоа изразија желба.

Реакции имаше и од Македонската академија на науките и уметностите, одделни академици, експерти и сл., сакам да истакнам дека и претседателот на Експертската комисија, формирана од владата, односно министерот за образование што го подготви Законот, господинот Тито Беличанец се огради од членот 198 и одби да учествува, во својство на претставник на Комисијата, во работата на собраниските тела.

Што всушност е содржано во споменатите владини амандмани.

Со амандманот на член 82 на Фондот за високо образовна дејност му е одземен статусот на правно лице и тој е претворен во помошен инструмент на министерот за образование.

Со амандманот на член 84 со кој се дефинира бројот и структурата на членовите на Управниот одбор на Фондот, наместо претходно утврдените 7 членови кои ги именува Владата и 8 од редовите на професорите кои со тајно гласање ги избира Интер - универзитетската конференција, Владата предлага обратен сооднос. Осум за Владата и седум за професорите.

Со ова се остварува превласт во одлучувањето од страна на Владата. Тоа практично значи подржавување на овој Фонд, а заедно со амандманот на член 82, одземање на еден од најмоќните механизми на високо образовните установи, односно на Универзитетот, за зачувување на неговата автономија. Ова дотолку повеќе ако се знае какви се надлежностите на Фондот во делот на финансирањето. Тоа го прави Универзитетот заложник на волјата на министерот.

Треба да се спомене исто така дека и предложените измени на составите на Интер - универзитетската конференција, Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација, водат кон заклучок дека и покрај генерално добро осмислената автономија на Универзитетот, со овој закон сепак се прави определени рестрикции на влијанието на Универзитетот, односно упад во неговата автономија.

Новиот, додаден член 198, кој е сместен во преодните и завршните одредби, го регулира правото на продолжување на образованието. Тука се определуваат условите за студентите кои до влегувањето во сила на овој закон посетувале настава надвор од државните високо образовни институции во разни форми на граѓански иницијативи во Република Македонија. Врз основа на ваквата структура се предвидува можноста за нивно директно вклучување во првата студиска година во образовните институции, а врз основа на проверката на знаењата овие студенти можат да бидат рангирани и во повисоките студиски години, односно можат, повторно, врз основа на проверка на знаењата да остваруваат и други права, што преведено значи дека можат да добијат и финални дипломи.

Уставот на Република Македонија, законите, вклучително и овој закон во текстот пред преодните и завршните напомени, како и позитивните правни норми не познаваат форми на граѓански иницијативи за остварување на високо образовната дејност, па според тоа овој член нема подлога во нашиот правен систем.

Како дополнување на овој коментар би сакала да упатам на

оценката што е дадена од страна на претседателот на Експертската комисија на Министерството за образование, господинот Тито Беличанец, кој во врска со граѓанската иницијатива го дал следново толкување:

"Во текот на подготвувањето на законот, прашањето на "Тетовскиот Универзитет" беше покренувано. Меѓутоа, експертскиот тим беше дециден дека не е воспоставена оваа граѓанска иницијатива во некоја правна состојба, па сега во преодните и завршните одредби да се уредува таа состојба. Вообичаено, во преодните и завршни одредби се уредуваат правните состојби воспоставени со правилата и законот што важат до донесувањето на новиот закон. Меѓутоа, таа граѓанска иницијатива за таканаречениот "Тетовскиот Универзитет" е нешто сосема друго и надвор од важечките закони во Република Македонија.

Тие граѓански иницијативи се нелегални, според правилата за организирање или вршење високо образовна дејност. Тоа што како фактичка состојба е воспоставено таму, не може да биде решавано на овој начин како што е предложено во преодните и завршни одредби", а понатаму господинот Беличанец заклучува "и да биде усвоен овој член, може многу лесно да биде доведено во прашање неговата уставност".

Оттаму да резимираме дека Уставот на Република Македонија не познава ваков вид на решенија.

Но овој член има една друга функција, или како сакате овој додатен член има една друга функција. Во предложениот концепт, граѓанска иницијатива лесно се препознава пара Универзитетот во Тетово. Со, овој член всушност, се настојува, повторувам надвор од правниот поредок на Република Македонија да најде солуција за тетовските студенти.

Без да се води сметка ниту за образовните, па дури ни за политичките консеквенци од едно вакво решение, овие млади луѓе се повторно изманипулирани и претставуваат влог во меѓу партиското пазарење на Владината коалиција.

Постои уште една сериозна консеквенца од овој член. Тоа е нерамноправната позиција во која тој ги става студентите во постојните високо образовни институции, за што со право реагира Сојузот на студентите. Тие во својот допис од 17.07.2000 година велат: "Проверката на знаењата може да се изврши на еден единствен начин, а тоа е оној легалниот, со запишување во високо образовна установа, следење на наставата и полагање на испитите". И, понатаму додаваат студентите, "се прашуваме колкава желба за студирање имаат младите луѓе, кои по легален пат конкурираат на високо образовните институции и со 99 бода се одбиени".

Исто така се прашуваме "зошто студентите кои не се во државната квота плаќаат партиципација кога на еден нелегален и заобиколен начин може да се дојде до диплома‟.

Така говорат студентите.

Со воведувањето на овој член, Владата ги заборава и препораките на Комитетот за високо образование и истражување на Советот на Европа, што и самата ги цитира на страна 74 од Образложението. Имено, Комитетот за високо образование и истражување на Советот на Европа тврди дека треба "да се најде балансирано политичко решение за осетливото малцинско право на студирање и во високото образование".

Меѓу партиското пазарење во Владината коалиција не само што не го дава балансираното решение, туку свесно и долгорочно го стимулира чувството на незадоволство и кај оние што го оспоруваат и кај оние што го поддржуваат законот.

И покрај тоа што во најголем дел овој Предлог закон дава квалитетни и модерни решенија за уредувањето на односите во високото образование. Пратеничката група на СДСМ нема да може да го поддржи овој закон доколку не бидат прифатени нејзините амандмани на оние членови од законот, кои се во спротивност со Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на г-ѓата пратеник Митрова Илинка.

Има збор г-динот пратеник Ицков Делчо.

**ДЕЛЧО ИЦКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван г-дине министер, почитувани пратеници, потребата за донесување на Законот за високо образование сигурно е огромна и мислам дека е крајно време веќе

да се донесе Закон за високото образование.

Нема да навлегувам во суштината на донесувањето на законот, ќе се задржам на еден сегмент што и претходниот говорник го потенцира, дека околу поддршката на овој закон, да или не.

Ќе елаборирам зошто јас ќе гласам за овој закон.

Факт е, тетовскиот проблем, односно проблемот што се создаде во минатото постои до ден денеска. Факт е, не ги обвинувам ниту од опозицијата во овој момент дека тие го создадоа овој проблем, но тој проблем постои односно тој проблем до ден денес и доаѓањето наше на власт ни е тежина. Длабоко сум убеден дека и на опозицијата и ПДП и СДСМ сигурно им беше проблем додека владееја. Покажува дека бил проблем со тоа што и тие, како власт во минатото, проблем на неколку пати, а тоа го покажуваат проектите што ги изработувале по однос на овој закон, да го решаваат тој проблем. Не навлегувам зошто не е дојдено до некој заклучок, односно до донесување на тој закон, но сега дојде моментот да го донесеме тој закон.

Значи, гледано, проблемот е создаден. Ние како држава и претходната власт и сегашната власт, се труди да го реши тој проблем Во меѓувреме, сакале или не, факт е Европа и други светски држави тој проблем успеваат да се решава на начин што, сигурно одговара и на држава Македонија и да биде во корелација со светски и европски стандарди.

Затоа, луѓето од Европа, поточно се понудија да дадат помош. И, тоа го направија. Испратија неколку експерти во Македонија кои, заедно со наши експерти седнуваат и го изработуваат овој Предлог на закон.

Значи, гледано, законот сега го имаме пред нас. Од тој аспект имаме еден таков закон, кој можеби, како таков закон можеме да констатираме дека не е идеален. Но, факт е дека законот решава одредена проблематика и како таков ни е крајно неопходен.

Донесувањето на тој закон, во овој момент не значи дека ние во иднина, самата операционализација на тој закон, имплементацијата, во иднина, дека ќе констатираме дека има одредени дефекти. Но затоа, овој Парламент или некој следен Парламент ќе направи одредени промени. Но, сигурно, јас длабоко сум убеден дека овој закон треба да се донесе дека е крајно неопходен, како што потенцираше министерот за голем број на млади луѓе во Македонија, кои сигурно својата иднина ја гледаат и преку овој закон.

Затоа, мислам дека законот, како закон треба да го донесеме. Сигурно дека не претставува некоја идеална форма. Може утре ќе претрпи одредена промена, меѓутоа сигурно претставува еден добар почеток за една добра иднина во насока на решавање на овој проблем. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ицков Делчо.

Има збор г-динот пратеник Аслан Селмани. Не е тука.

На ред е г-динот пратеник Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, денеска расправаме за Закон за високо образование и мислам дека овој закон на некој начин ќе ги реши сега проблемите во врска со високото образование.

Меѓутоа, за жал, уште од почетокот на мојата дискусија би рекол дека овој закон ќе ги реши, пред се проблемите, односно ќе ја постигне својата цел на двата Универзитети, скопскиот и битолскиот. Меѓутоа, за третиот Универзитет тоа е Тетовскиот Универзитет, мислам дека ставаат дилема, односно со голема доза на резерва можеме да кажеме дека овој закон што нуди решенија и за трет Универзитет, мислам дека е во негативна смисла за Тетовскиот Универзитет.

Мојата дискусија би ја започнал со Универзалната декларација за човекови права:

"Високи, образовни установи треба да им бидат достапни на сите, врз основа на заслуженоста. Никаков вид на дискриминација не може да се прифати. Никој не може да биде исклучен од високото образование‟.

Зошто го цитирав овој цитат? Ми даде повод самиот министер и самите пратеници, дека сосема на крај, после толку години слушам од нивните усти Тетовскиот Универзитет. Признаваат дека тоа е институција што работи веќе толку години.

За да бидам поблиску до целта, ќе морам, иако ќе се повторам со некои мои колеги, некоја поширока елаборација.

Албанците во поранешна СФРЈ, кога сите бевме државјани на СФРЈ, имавме таква висока образовна институција, а тоа е Универзитетот во Приштина. Така што РМ не се судираше со овој проблем, односно за

младите албански генерации каде треба да студираат, бидејќи вратата беше отворена и дел од албанските студенти граѓани на РМ беа примени на тој Универзитет.

Меѓутоа, после распаѓањето на СФРЈ, со осамостојувањето на РМ на некој начин високото образование на Албанците во РМ се здоби со големи проблеми и тегоби.

Прво, не се признаваа дипломите од Приштинскиот Универзитет, па отворањето на Република Албанија кон нашата земја, односно кон другите земји одредени студенти се запишаа и во Република Албанија, на нивните Универзитети. За жал до ден денеска таквите дипломирани студенти од Приштинскиот Универзитет, ниту од албанските Универзитети тие дипломи не се нострифицираат, иако ги лажевме со години таквите наши граѓани, кои дипломираа на тие Универзитети.

Потребата за формирање на една високо образовна установа за Албанците во РМ, имаше за потреба не само граѓаните Албанци туку и самата РМ, бидејќи имавме горко искуство со тие квоти на двата Универзитети. Така што, одредени симпатизери или љубители на знаење и студирање се решија да го отворат Тетовскиот Универзитет и начинот како се отвори тој Тетовски Универзитет мислам дека беше токму во рамките на сегашниот Устав, бидејќи во Уставот на РМ, во членот 8, последна алинеја многу јасно: "она што не е забрането е дозволено".

Секој од нас и порано и сега велел дека Тетовскиот Универзитет нема правна основа. И јас се согласувам со тоа дека Тетовскиот Универзитет немаше правна основа, бидејќи нивната иницијатива, нивното барање да се запише како Универзитет, мислам дека стоеше во фиоките и во поранешната и во сегашната Влада. Таквата иницијатива за одредени луѓе, би рекол, од Македонците, беше пушка, оти ако се школуваат Албанците ќе бидат многу учени, па ќе бараат дезинтеграција на РМ, што за жал ни се случи од еден пратеник, Македонец во Комисијата за образовани, кој навистина солзи му течеа за тоа дека нешто со овој закон ќе постигне и Тетовскиот Универзитет. Меѓутоа, не ми е целта овде да ги повторувам неговите реченици, да не одземам време, меѓутоа за жал, за такви пратеници кои се против образование на било која нација, мислам дека не им е место ниту во своите фамилии, а да не речам да бидат пратеници или функционери на одредени функции.

Мислам дека Тетовскиот Универзитет ја изгради својата комплетна инфраструктура. За жал, би рекол, ние таму имавме и жртви. Тие студенти не беа рамноправни со своите студенти од двата Универзитети, Скопскиот и на Битолскиот Универзитет.

Сега, овие експерименти што се прават со над 8.000 студенти и над 400 професори, јас мислам ова не не води кон добро, бидејќи Албанците во РМ стојат зад овој Универзитет. Стоиме, пред се сите ние пратеници кои седиме овде, почнувајќи од мене, 25, а мислам дека стојат и другите Македонци пратеници, бидејќи ништо нема да губат со тоа ако се школуваат нивните сограѓани т.е. Албанците.

Тетовскиот Универзитет се формираше во 1994 год, а според некои мои податоци во 1995 година, бројот на студентите во целиот свет беше 82.000.000. Значи студентите на Тетовскиот Универзитет се приклучија на своите колеги, чија бројка е точна од блиски податоци бил во целиот свет 82.000.000. Тоа значи дека, сите држави, односно сите влади, сите луѓе треба да се гордеат со студенти и никој не бил против студентите. Секоја една држава, секој еден функционер, секој еден државник седнал да разговара со тие студенти. За жал, само во овие моменти, велам и како Парламент и како Влада решивме на некој начин, од нашите усти да излезе Тетовскиот Универзитет како високо образовна институција и да почнеме да ги решаваме тие проблеми во рамките на Уставот односно законите.

Јас ќе го цитирам, ако можам малку министерот во неговото излагање. Не ми е целта да го омаловажувам, меѓутоа сакам да одадам признание дека освен тоа што се покажа како голем стручњак, тој се покажа и како голем политичар. Овде ни одржа лекција, така што заборави и мислеше дека е пред своите студенти па неколку пати во неговото излагање ни се обрати со зборот "внимавајте". А јас, тој збор го разбирам по тоа дека на Македонија не и треба недоразбирања. На Македонија и треба разбирање со се она што значи сожителство, односно живеење заедно во иста куќа, под иста капа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

Па, да видам ако можам дел од неговото излагање да цитирам: "Иако 10 години сме задоцниле со давањето на таа можност на граѓаните, а тие граѓани останале достојни на тоа, ние сакавме да се образуваме и притоа сакаме да се образуваме на свој мајчин јазик, И тоа, не

можејќи да го направи на Јавните високо образовни институции, затоа што таму јазикот е македонски", што мојот одговор би бил на ова негово излагање, дека требаше уште пред 10 години, некој пред вас г-дине министер да размисли за таквите ситуации кои ги имавме во нашето образование во целина, почнувајќи од основното па се до високото.

Одиме на втор цитат каде пак се употребува зборот "внимавајте". "Во 1994 година во месец декември настана граѓанска иницијатива - Тетовски Универзитет" без наводници, без таканаречен, значи 6 години постои, шест генерации млади луѓе се нашле во тој Универзитет, што на некој начин признаваме, односно имаме смелост вистината да ја гледаме со наши очи, онака како што е, без да ја префрлиме дека не е реално.

Одам на третиот цитат, "Имавме состојба да израсне една институција наречен, испуштате збор, пара Универзитет Тетово или Мала Речица. Тоа е факт од кој не може да се бега. Таа институција постои, таа институција не е противуставна. Ние сега носиме еден Закон за неформално образование. Таму ќе има и одредби за вакви институции, кои се на ниво на граѓански инцијативи."

Јас токму овде сакам да полемизирам и со вашето излагање дека тие иницијативи, веќе не се иницијативи, порано ние признаваме дека тој Универзитет постои, има 8000 студенти од кои има свој Сенат, свој Ректорат, своја Унија на студенти и мислам дека не смееме да бегаме од реалноста и да нудиме нешто сосема трето, приватна институција таква високо образовна институција, бидејќи таква иницијатива имало, имало и барање да се регистрира, меѓутоа немало слух. Сега тој слух мислам дека се активира и тоа ме радува, бидејќи перспективата на РМ е токму нејзините граѓани да бидат школувани, а не да бидат нешколувани, па потоа да имаме проблеми, знаеме што може да се случи на еден млад човек по тие кафиќи. Значи од образован човек државата нема штета.

Ќе почнам еден четврт цитат "оваа институција, израсна, постои, фактички реално. Таму има слушатели...", не се согласувам со зборот "слушатели", тие се студенти и не треба да ги минимизираме. Пред нив стојат академци, кои предаваат пред тие студенти, бидејќи погоре признаваме дека тој постои, но не може да биде на рамниште на високо образовна институција затоа што не помина низ процедурите кои ги бараше Законот за високо образование.

Г-динот Ван Дер Штул се фали во вашето излагање, мислам дека надворешниот фактор е многу битен за многу проблеми и сите ние како пратеници и како држава, треба да го респектираме и меѓународниот фактор, а во случајот г-динот Ван Дер Штул, меѓутоа г-динот Ван Дер Штул иако се залагаше за високото образование на Албанците, меѓутоа, јас мислам дека на Албанците таква приватна институција не им е потребна. Господинот Ван Дер Штул таа прилика ја имаше и со ПДП, меѓутоа, ние не смеевме и како партија и како пратеници да бидеме против волјата на Албанците во РМ, бидејќи за да имаш еден Универзитет, се знае дека треба да имаш студенти професори, кои треба да предаваат нормално и објекти каде што се изведува наставата, а таквите Албанците ги направија. Мислам дека овие фактори не се за потценување. Само, треба да им се бара извинување на Албанците во РМ за овие шест години што финансираат една висока институција, а сите вие знаете дека тоа многу кошта, а од друга страна истите тие граѓани ги плаќаат придонесите на државата и за образованието. Фактички, Албанците во РМ еднаш финансираат, плаќаат придонеси за финансирање на целото образование на ниво на Република, а од друга страна повторно, по втор пат плаќаат од своите џебови, односно од својот капитал над 400 професори и објектите кои се градени во Мала Речица, односно во Тетово.

Јас мислам дека и поранешната Влада и сегашната Влада и нашиот министер, треба да им бараме извинување на тие граѓани, а не да се фалиме во стилот на нашиот премиер г-дин Љубчо Георгиевски во ТВ-дуелот со г-динот екс премиер Бранко Црвенковски, дека во Тетово и Гостивар сите придонеси се плаќаат и таму се е во ред. И јас се согласувам со тоа дека Албанците ги плаќаат придонесите, меѓутоа, што државата прави за тие граѓани? Експерименти и тоа на една високо образовна институција, како што е Тетовскиот Универзитет.

Ние неодамна една група бевме во Шведска, веројатно професорот, односно не е срамота, професорот Гале Галев и министерот, знае запознат е за тоа, бевме од Комисијата за образование да ја посетиме Шведската држава и да видиме како се решава високото образование таму. Имавме еден таков пример, посетивме една

институција приватна, меѓутоа таа приватна институција беше за азиланти кои беа во Шведска, а тој број на азиланти, според некои податоци што јас успеав да ги дознавам, еден милион во Шведска живеат азиланти и нормално за таквите азиланти Шведската Влада отворила една таква институција. Сега ја превртуваме тезата, дали Албанците се азиланти во својата држава РМ. Јас мислам, дека ние не сме азиланти, ние сме граѓани на РМ и сите плаќаме придонеси и сме на некој начин рамноправни во плаќањето со Македонците. Меѓутоа, за жал за нашите права не сме рамноправни со вас колеги пратеници од блокот на македонските партии.

И да не одолговлекувам, затоа што знам дека ќе се повторуваме, а јас сум тој што не сакам да се повторувам со некои претходни дискутанти и затоа сум краток. Мислам дека Тетовскиот Универзитет, не може да се третира како приватна институција од многу причини.

Прво, таа е реална институција без разлика на тоа што не е во рамките на законите, а во рамките на Уставот на РМ тој е, бидејќи и во излагањето на министерот и во вашите излагања членот 8 последната алинеја тоа го овозможува.

Второ, Албанците пратеници кои се 25 во ова Собрание, немаат мандат од нивните избирачи да гласаат за ваков закон. Зошто тоа го велам? Заради тоа што сите ние се залагавме, излеговме со иста политичка платформа и велевме дека ќе се бориме за да Тетовскиот Универзитет биде трет Универзитет во РМ и мислам, дека тој мандат го добивме токму заради овој проект, а тоа е Тетовскиот Универзитет.

Јас лично како пратеник, како човек кој произлегува од образованието со голема смелост зборувам и во име на Пратеничката група на ПДП, која партија е основач на Тетовскиот Универзитет со своите тројца градоначалници во Тетово, Гостивар и Дебар, со своите министри, па потоа потпис дадоа и лидерите г-дин Џафери и Абдураман Алити, ние немаме мандат за да овој закон добие и наша поддршка, без разлика што Законот има добри страни, меѓутоа, тие добри страни ги има само за постојните два Универзитети, Скопскиот и Битолскиот.

Меѓутоа, Тетовскиот Универзитет тоа ни најмалку не го заслужува со овој закон, а некои се осудија да експериментираат, па јас им пожелувам "среќа", бидејќи среќата не иде така лесно, таа бара работа, спремност, одговорност, а јас мислам дека одговорноста и на оваа Влада, па и на овие пратеници не е баш на високо ниво. Не е само туку така да ги поминеме проблемите, а во случајот Тетовскиот Универзитет, затоа што јас како пратеник не сме ги заборавиле тортурите на тие студенти. Дајте тие студенти нека бидат рамноправни на своите браќа студенти од двата Универзитети во РМ. Дајте овие студенти да им се приклучат на оние 82 милиони светски студенти. Тука се согласувам со министерот кога вели дека ние тргнавме кон светот, кон големото село, тоа е светот, односно Европа, затоа што само на ваков начин и РМ има предност за решавање на меѓуетничките односи во Републиката и ако сакате ќе бидеме ценети и од надворешниот фактор. Што значи од Европа и од другите светски веле сили во светот.

Јас уште еднаш повторувам, немам мандат да гласам за законот, бидејќи тоа не ми го дозволуваат моите избирачи. А, јас од оваа говорница го пренесувам нивното мнение, нивната желба, нивната потреба, а таа нивна потреба е и моја потреба. Тетовскиот Универзитет да е трет Универзитет во РМ. Со тоа добива Македонија, добиваат граѓаните на РМ и Македонија ќе биде стабилна и перспективна и како што е мултинационална и да не зборувам мулти-мулти, оти перспективата токму е тука. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Оломан Сулејмани.

Процедурално бара г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Вие кои сте тука, скоро сите досега низ дискусиите некако се истакнува дека ова е многу значаен закон. Закон кој десет години не можеше да се донесе, но со нашето присуство како пратеници, аргументираме, односно нешто друго. Самиот факт дека нема присуство на пратеници, т.е. нема кворум, тогаш молам во името на Пратеничката група, г-дине потпретседателе, како претседавач да обезбедите кворум, за да тече понатаму дебатата, затоа што ние сме тука да ги соочиме аргументите. А да се соочат аргументите, треба некој да слуша, некој нешто да кажува. А, мислам дека сега немаме услови за да работиме понатаму, ако не се обезбеди кворум.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, ви благодарам.

Јa молам службата да провери дали имаме доволно пратеници во салата, за да видиме дали имаме кворум или не.

Процедурално, повелете.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господа пратеници, претходниот дискутант е во право кога вели дека носиме значаен закон, меѓутоа јас само ќе спомнам дека листата на оратори кои се пријавија за денешнава расправа, навистина е мошне долга, па решивме да не работиме со паузи, па практично сите оние кои што присуствуваа на почетокот на седницата, факт е дека се тука, меѓу нив има голем број на пушачи, сите тие се тука во предворјето на Собранието или пак во бифето, ја пратат преку ТВ пренос расправата, така да сметам дека нема потреба од прекинување на седницата, од причина што аргументите на сите можеме да ги проследиме и преку директно следење и преку стенограмите, кои што веднаш се доставуваат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-ѓата пратеничка Марковска Ѓулистана.

Јас мислам дека кворум треба да имаме секогаш, па ги молам пратениците кои се тука да влезат во салата и така да продолжиме со работа.

Да почекаме 2-3 минути ве молам.

Потпретседателот Томислав Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е ова дека немаме кворум, меѓутоа, во примена на правото кога се повреди формалниот дел, одлуките на судовите се вакви: "Постои битна повреда, меѓутоа не влијае битно за одлуката на судот", односно за одлуката на Собранието. Одлуката ќе биде со гласање, ако таму нема кворум, тогаш има повреда, меѓутоа, досега практикуваме да има присатни.

Ако не се договориме поинаку ќе се почитува Уставот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Повторно, сигурно процедурално, г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не се изненадив многу од коментарот од г-ѓа Ѓулистана, меѓутоа, од потпретседателот и доста познатиот правник, така да кажам, вакво е толкување на една одредба уставна, од потпретседател и правник, навистина ова веќе не тера на размислување, како сето ова треба да се заклучи. Ние, нашите колеги можат да бидат и надвор. Ова е одговор и г-ѓа Ѓулистана, меѓутоа од 120 можат да бидат 59 надвор од салата, но мора да бидат 61 присутни. Тоа и не треба многу коментар, затоа што е кворум-кворум, тоа се знае.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ги молам пратениците што се надвор да влезат во салата.

Знаеме дека се присутни во зградата, меѓутоа треба да бидат овде, во салата.

(Бидејќи доволен број пратеници присутни во салата, потпретседателот дава пауза).

Пауза 30 минути. (Пауза од 13,05 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,25 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа.

Г-динот пратеник Мерсел Биљали има процедурална забелешка.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, прво да се утврди кворумот, бидејќи изгледа нема кворум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кворумот ќе го утврдиме многу лесно сега со гласање.

Ве молам, вклучете го системот за гласање, за да видиме колку пратеници се присутни во салата. Ве молам да гласаме.

75 пратеници се присутни во салата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас се сомневам во бројката на присутни пратеници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се гледа дека имаме мнозинство.

Физички гледам дека има мнозинство, а плус тоа, еве и овој систем покажува.

Има збор г-динот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници.

Чувствував потреба како пратеник, а воедно и како претседател на Комисијата за образование и наука, на ова Собрание да укажам и да дадам некои мои согледувања и да допринесам околу овој Предлог Закон за високото образование, што денеска го имаме пред себе.

Уште на почетокот морам да констатирам дека, до донесувањето на овој Предлог закон што

денес го имаме пред себе, кој се разбира е од исклучителна важност, требаше за да дојде овде пред нас цела една одисеја, почнувајќи од 1991 година па до денес. Но благодарение на оваа Влада, а посебно морам да го истакнам сериозниот зафат и обврска што ја презема г-динот министер Гале Галев, во најкус можен рок да ни го достави пред нас. Инаку ние и натаму ќе останевме единствена земја во Југоисточа Европа без ваков Закон за високо образование.

Тргнувајќи од максимата дека нема идеален закон, или подобро речено, подобро е еден лош закон, одколку никаков, а уште повеќе се знае дека не само кај нас, туку во сите земји, секој закон донесен не значи дека треба да биде прифатлив апсолутно од целиот народ, или од сите присутни во еден Парламент.

Тоа значи дека, не мора ние да донесеме закон за кој сите ќе гласаат, но не мора пак да отстапиме од донесување на закони за еден процент од 5%, 10%, или 15%, затоа што, тогаш сигурно би било подобро да се донесе закон за мнозинскиот народ, отколку заради некое малцинство да биде без законие и анархија.

Потполно се согласувам законот да се усоврши, да се надополни и да се направи што по апликативен, а тоа може се разбира преку амандманската интервенција за кое мислам дека Владата ќе има разбирање. Како пример би соочил тоа што во матичната комисија министерот како предлагач и претставник на Владата, прифати дури 29 амандмани, што не значи дека и овде да не се прифатат, но треба да се има во предвид да не се менува тоа што законот ќе го оддалечи од своите најважни сегменти. Кои се тие важни сегменти што за мене овој закон го прави доста апликативен.

Прво, со овој закон направен е сериозен напор да се создадат и овозможат правните основи, за еден систем на високото образование во Македонија, што ќе ги задоволува основните барања за високото образование на 21-от век.

Втор важен сегмент на овој закон, е што ја одразува европската ориентираност на Македонија, кој е наш стремеж, ориентирансот, која за наша среќа, но се разбира и со сериозниот ангажман и ажурност на нашата Влада, широко е подржан од страна на земјите членки на Европската Унија.

Законот е многу компатибилен и еквивалентен со Европските високо образовни институции, со што нашите високо образовни институции ќе ги интензивира своите контакти со нив и така ќе бидеме многу поблиску до Европа.

Трет важен аспект е дека овој закон, овој Предлог закон е во согласност со сите меѓународни европски стандарди од ова поле.

И како четврт, за мене многу важен сегмент на овој закон е тоа што, со овој закон се регулира правната основа и решенија за употребата на јазиците на националностите и модерните светски јазици и тоа како во државните, така и во приватните високо образовни институции.

Тогаш, што е спорно во овој закон се прашувам себеси, но и опозицијата. Од четиридневната расправа по овој Предлог закон што ја водевме во Комисијата за образование и наука, каде што го претресовме член по член, дојдов до заклучок барем јас дека повеќе застанавме на оние членови каде се зборуваше за наслови, органи на управување, ректори, декан, потоа структурата на фондот, структурата на Интер - универзитетската конференција, на одборот за акредитација, што за мене барем нема да претерувам ако кажам дека повеќе се работеше за индивидуални или групни или институционални интереси, кој како ќе биде тука и кој повеќе ќе има монопол во тие структури.

Второ, како исклучително дискутабилни членови беа истакнати членот 95 и 198, кои пак беа третирани од друг аспект, а тоа е од политички аспект што за жал за нашиот менталитет тоа е најслатка тема со што индивидуата или партии сакаат да се докажат кој е најголем патриот.

Што се однесува до мене, јас лично и целата моја пратеничка група ќе го подржиме овој закон. Иако сме свесни, како што кажав и предходно и со овој Предлог закон, се разбира не се задоволуваат сите барања од албанската популација, но имајќи го во предвид времето, интерните и екстерните околности и заложбите на европскиот и меѓународниот фактор да се најде решение прифатливо за сите, знаејќи однапред дека ние ќе бидеме мета на опозицијата и други структури од албанскиот блок наречени дури: "издајници, демантери на Тетовскиот Универзитет и слични навреди".

Ние се одлучивме за законот, со единствена цел да допринесеме за една стабилна кохезиона и меѓу етничка толератност во Македонија. Јас овде пред себе ги имам двете испратени писма и ако сакате петиции или препораки од г-динот почитуван академик Блаже Ристевски и од г-динот ректор на Тетовскиот Универзитет Фадиљ Сулејмани, а верувам дека и вие ги имате пред вас.

Читајќи ги двете, дојдов до заклучок дека овој закон не треба да се донесе. Тоа им е заедничкото нивно. Двајцата не се задоволни од членот 95 и 198, но се разбира по спротивни насоки. Едниот, а тоа е г-динот академик, го цитирам "многу им се отстапува на Албанците", дека со ова ќе дојде до некој распад на Македонија. Дури и прави компарација за мене не сфатливо, со Универзитетот во Романија, каде што Унгарците студираат на свој мајчин јазик и со Швеѓаните во Финска со тоа што и Финците и

Романците, според него секогаш биле поробувани од Швеѓаните, односно Австроунгарците, па според тоа тие имаат право на Универзитет на свој мајчин јазик. Додека Албанците, никогаш не ја поробувале Македонија и заради тоа и немаат право. Каков парадокс? Не сакам да го коментирам, но и не му замерам, затоа што г-динот е во стручно коло со колегите од француска 7 во Белград, за кои пак немам коментар.

Г-дине Сулејмани, зборот ми е за ректорот, а не за пратеникот, со оглед на тоа: "или државен, или никаков". Но како да се стави во правна рамка, никако да се произнесат. Истото го прават денес и колегите од ПДП, или со други зборови како што вели народот: "Јас незнам како, но вака како што вие велите, не чини".

Тргнувајќи од овие два антипода спротивставени страни, секој од свој агол доаѓаме до еден неблагодарен исто неприфатлив за сите нас овде до растење на меѓу етнички тензии и до она што го нагласуваат доста лоши духови кобајаги за некој распад и меѓу етничка војна, која барем ние не смееме и никако нема да дозволиме да дојде до тоа.

Сакам да направам една дигресија ако ми дозволите, со што сакам да им се обратам на колегите од ПДП. Морална, интелектуална и национална обврска е на секој поединец и народ да се труди и бори за се помасовно образование на своите деца, поколенија и генерации, затоа што еден народ без образование е принуден на умирање. Па во контекст на ова и нашиот народ одел по макотрпни патеки, дури и со жртви за да го чува својот идентитет и достоинство, впрочем како секој народ, па и Македонскиот, кој се разбира од 1944 година почнува да учи на свој мајчин јазик, што за мене претставува најблагородна особина на човекот. Сакав да се вратиме малку назад.

Господа пратеници, од 1991 година од времето на осамостојувањето на Македонија и распадот на СФРЈ, ние Албанците останавме на крстопат барем што се однесува за до дипломски студии дотогаш студиравме на Приштинскиот Универзитет, а после тоа само во постојните Универзитети во Македонија, каде се воведе се разбира од бившата Влада една квота за националностите, кои што сите знаеме дека е против уставно и кое потоа се злоупотребува, кога некогаш Никола се конвертира за моментов во Насер за да се запише, кое ниту најмалку не ги задоволува потребите на оние кои сакаат да студираат. Господа пратеници, знаете ли дека денес кај нас во Македонија имаме над илјада дипломирани, тоа на минатите седници сум го спомнал, а морам да го спомнам 1000 дипломирани профили, кои што дипломирале на албанските Универзитети и околу 700 на Приштинскиот и плус сега и дипломираните студенти во Тетовскиот Универзитет.

И што е најважно, ниедна од овие дипломи се невалидни, неупотребливи што претставува преседан кога се има во предвид дека кај нас имаме недостаток на наставен кадар, а уште повеќе сега кога стапува во сила и Законот за предвремено пензионирање. Тој вакум уште повеќе се зголемува. Дали ќе дозволиме оваа летаргија на нашите кадри да продолжува, дали треба да мислиме за 12 илјади следни матуранти кои што го завршуваат основното училиште, од кои само 3600 се регистрираат во средното образование, од кои само 100 до 200, 300 во високото образование. Станува збор за тоа, каде се десетина илјади ученици, дали ќе треба да одат на Бит Пазар да шверцуваат цигари, или дрога и слично.

Да повторам, Предлог законот дава можност оваа летаргија да престане и да се почне со одење напред и со оние кои сакаат да стекнат знаења во високо образовните институции во земјата и за еквиваленција на стекнатите знаења надвор од Македонија, што е императив на времето.

Почитувани пратеници, дозволете ми малку да направам муабет со господата од опозицијата, а посебно со колегите од ПДП. Прво би ги прашал? Кога станавте толку големи патриоти, најголеми душегрижници на целата албанска популација. Па ние господа многу добро се познаваме и не мора овде да се удираме во гради дека вие сте такви и такви, а ние спротивно на тоа. Во 1995 година кога во Тетово се пролеваше крв од страна на вашите извршители, се разбира, по ваша наредба, по наредба на Бранко Црвенковски, неговата администрација, вие господа пиевте виски нели, вашите претпоставени пратеници партиски лидери, се изјаснувавте во медиумите дека, па не ни треба таков Универзитет во подрум. Јас не одам таму, бидејќи сум завршил факултет, вашите колеги со титули професори беа спречени да предаваат. Да ги спомнам. Г-динот Мурати, Харуни, Жута, Превала, Пруси, додека за куриозитет да ви спомнам дека и ден денес од наши редови таму работат г-динот Дика, Исмаили, Беџети, Шабани, Положани, Ибраими и други.

Точно е и тоа дека сите вие своите деца ги школувате или овде во Скопје, или во странство, почнувајќи од самиот ректор, па и вие г-дине Харуни, ако не синот, сигурно ќерка тие на Правниот факултет. На г-динот Оломан Сулејмани ќерката му е на Филолошкиот факултет и т.н. и други интелектуалци. Нема ништо лошо во тоа. Меѓутоа, што значи тоа, дека во Тетово останале буквално речено раја, сиромавиот со кого многу лесно може да се манипулира, но добро е што во последно време и тие се разбудија и сфатија дека нешто не е во ред. Вие не осудувате дека носиме дискриминаторски закон барем за Албанците, со

тоа што го затвараме Тетовскиот Универзитет и дека вие доста бевте и додека вие бевте на власт не сте донеле закон, заради тоа што тој бил многу лош. А јас мислам поинаку, затоа што не сте имале смелост, или за мене е нешто друго, знаење, идеја, или алтернатива.

Понатаму господа, вие сте виновни што веќе десет години го влечевте по фиоките, или по фрижидерите овој закон, заради некои предрасуди, страв од народот, или поточно кажано ви се нишале вашите фотељи. А од друга страна вие се трудевте да донесете Закон за педагошка академија и тоа за одделенска настава. Доказ за тоа се сите контакти што вие ги имавте со г-динот Ван Дер Штул. Вие бевте ангажирани да се отвори висока педагошка академија, но не со предметната настава. Точно е дека вие под притисок на Европскиот Парламент, инициравте Предлог Закон за високото образование во 1995, 1997, 1998 април, но никако да го донесете пред овој Парламент. А тоа се должи на многуте забелешки доставени до вас од страна на Европската Комисија. Која е најголемата дискриминација. Тоа што вие го влечевте законот по фиоките, и со што летаргијата на студентите до Тетово и другите да продолжи во бесконечност, во статус кво. Тоа ли е политика со краен опортунизам.

Да не должам, но мене ми е јасно вашето реагирање и верувам и на целата јавност, дека вие во моментов се фаќате за сламка за да се спасите од давење што ве зафати како партија со минимален електорат.

Но, да знаете дека народот не простува, туку така со демагошки приказни и лаги. Народот можеш да го излажеш еднаш, двапати, трипати, но никогаш за навек. Вие како организатори на митинзите со некои партии во сенка, невладини здруженија едвај се собравте овде во Скопје до 1000 луѓе, а тоа е доволен доказ дека сонцето за вас зајде.

За вас господа пратеници од СДСМ нема да кажам многу, но морам да спомнам дека вие единствената карта адут ви е, ви остана меѓу етничките тензии, анти албанството, анти натовското, со кое јас ви посакувам со здравје да си ми одите. Сигурен сум дека овој народ еднаш ќе сфати дека иднината на оваа Македонија онаква каква што е мултиетничка, мулти конфесионална, мулти културна со сите белези, нејзината иднина е во интеграционите процеси на Европа.

Уште еднаш на крајот да потврдам, дека јас законот ќе го подржам и ќе го гласам со сите оние аргументи што ги искажав погоре.

И на крајот, да не му останам должен на г-динот Харуни, кога минатата седница ми се обрати: "смеј се, г-дине Алириза Лога". Почитуван Харуни, целата сала се смееше, не само јас. Но, незнам зошто јас бев посочен од тебе, а јас се смеев, тоа го признавам, а кој се смее народот вели: "зло не мисли".

Второ, добро е што во секој парламентарен состав има некои пратеници кои секогаш кога ќе излезат на говорница салата се смее. А зошто? Прашајте се самите себе си, а сепак тоа е добро за здравјето. Не сум од оние кој сум склон на реплики, но ако сакате тука сум, повелете. Се извинувам, малку бев долг, но во корист и деловничкото право како пратеник и како претседател на матичната комисија, а и за реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Алириза Лога за учество во расправата.

Има збор господинот Сејфедин Харуни, реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам да реплицирам, затоа што жалам многу. Нам ни се враќаат одредени кадри или пак корени од такви кадри од пред IV - Пленум 1966 година, на таканаречени "поштени шиптари".

Исто така, жалам што меѓу пратениците Албанци овде во Собранието на РМ ни се враќа времето на 80-тите години, кога одредени кадри од албанската припадност плукаа по своите интереси, плукаа против својот народ. Јас ќе бидам можеби малку краток во оваа реплика, меѓутоа, камерата сакам да биде малку поблиска. Ова е една парола на ДПА (покажува фотографија) и меѓу другото пишува: "Да како партнери но рамноправни".

Му поставувам прашање на господинот Алириза Лога, наместо тој да оди член по член колку што ги има предлог законот за високо образование, 200 и на јавноста да и каже, таму каде што се регулира високото образование на мајчин албански јазик, тоа ти е должност, бидејќи ти си од тие редови. Одиме натаму. Ако сте барале рамноправни партнери, која е вашата улога? Аргати јадни. Само синџирот го имате окован околу вратот - така ќе каже Рацин во свое време во книгата "Бели мугри", кога Македонија се сметаше за Јужна Србија.

Одиме понатаму. Жалам што на оваа другата фотографија (покажува пред пратениците уште една фотографија) со каранфили - камерата малку поблиску - тука е Арбен Џафери, вашиот миленик, по него е потпретседателот, зградата е универзитетската и тоа во Мала Речица. Може од камерата да се види. Тогаш господата трчаа, затоа што мислеа дека тоа е еден богат, племенит или штица преку која можат да дојдат на власт.

Дали има потреба повеќе или помалку да реплицирам тука, а би се задржал што е многу карактеристично, многу е карактеристично кај вас дека ни ја враќате Педагошката академија 1947 година, основана во Република Македонија. 53 години и од тогаш вие, што е многу карактеристично, вие сте во еден унисон, едно звучно, како што застана дел од МАНУ, како што застана Цуцуловски, претседателот на Сенатот на Скопскиот Универзитет и застанавте на страната на Блаже Ристовски и на нив слични.

Жалам господине Лога, дента ти реков дека се смееше затоа што нема што да кажеш, дека истиот закон во кој си и ти член, ништо не нуди освен дискриминаторска политика спрема Албанците. Ти и на овие твои кои со Универзитетот доста голем капитал направија, топтан ги вадите Албанците и другите во Република Македонија, како една историска фатаморгана, која ако не друго, ако не се однароди, таа треба да се исели што побрзо, затоа што нема со што да опстане за да го брани својот културен идентитет, својата историја и она што е следствено богатство во оваа мултиетничка заедница. Јас жалам, затоа што друга улога не си имал освен една аргатска. Честито аргатска и поданичка улога. Но јас на таква улога и на такви слични сум рекол "не" и тоа нема да биде прифатено, затоа што ниту во еден момент го немаш спомнато ти и оние што го предлагаат законот. Затоа што Битолскиот Универзитет е формиран исто на таков начин 1979 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, времето ви помина за реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И тоа со важечките и денес законски прописи од 1985 година, што би рекол, вие не сте ниту подготвени, ниту запознати, туку само да бидете клекнати и да ја одиграте онаа поданичка улога и тоа за жал во време кога немате подготвеност и знаење да се справите со врутоците на XXI-иот век.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Харуни.

Господинот пратеник Никола Поповски, побара реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Слушнавме едно прилично емотивно излагање на господинот Алириза Лога, во кое тој барем да се држеше до слоганот на неговото презиме, ќе беше половичен во настапот. Се разбира тој направи една ретроспектива на сите како се однесувале во изминатиот мандат, се исмејуваше со сите вклучувајќи го и СДСМ.

Меѓутоа, заборави да каже нешто друго. Заборави да каже што неговата пратеничка група во истиот тој мандат правела, обвинувајќи ги нас како пратеничка група, па еве јас да го потсетам господинот Алириза Лога, кој очигледно немаше можност во тој мандат да присуствува во Парламентот, дека неговата пратеничка група - се извинувам на изразот - "душата ни ја вадеше" на секоја седница по секој закон, давајќи амандмани за државен Универзитет во Мала Речица. Ние гледавме Буџет за 1996 година, тие даваа амандмани за државен Универзитет во Мала Речица да влезе во Буџетот, измени на Буџетот за 1996 година, ребаланс, Буџет за 1997 година, ребаланс за 1997 година. Закон за средно образование, Закон за високо образование, Закон за судови, уште малку по Законот за заштита на мечките ќе бара во амандманската расправа да се признае државниот Универзитет. Се разбира, во вивисекцијата на останатите пратенички групи од сегашната опозиција господинот Лога заборави да се потсети и на својата група. Само да кажам на пример дека лидерот на неговата партија, кој за жал не успеа да го слушне ова епохално откритие на господинот Лога и да го награди после ова, ќе мора да го прочита тоа - на пример тој лидер на неговата партија го напушти македонскиот Парламент, согласно Уставот и еден уставен член, бидејќи 6 месеци не доаѓаше на седница, а двапати пред тоа се спаси со доаѓање на седница на еден странски претседател, откако му истече мандатот од тоа 6 месечно недоаѓање. Тој господин сегашен пратеник, кој е во Парламентот и се надевам слуша, го напушти Парламентот и мораше својот мандат уште еднаш да го провери пред гласачите, образложувајќи дека во овој Парламент тој и неговата пратеничка група, која исто така го напушти Парламентот немаат што да прават, затоа што овде се расправа за "козметички промени", а неговата политичка опција е дека треба сериозни промени, како на пример двоен суверенитет, двојство во јазикот во Република Македонија, двојни институции во Македонија за Албанците и т.н.

Инаку, јас сега сум многу радосен што слушам како господинот Алириза Лога вака исцрпно стои на концептот на СДСМ за унитарна Македонија со суверенитет на оние на кои тој им го дава во овој момент од говорницата и се надевам дека ваквата еволуција на настаните ќе ги приближи нив кон концептот на СДСМ.

Второ, во врска со тоа дека се правеше овде едно шоу во врска со тоа, дека СДСМ бил анти што ли не и господинот Алириза Лога тоа си го прифати здраво за готово да дадам само едно потсетување. Во овој момент на Балканскиот полуостров има најмалку три држави и една држава протекторат во овој концепт е и нашата, мислам не во последната со држава протекторат во кои владите кои се до гуша зацапани во шверцерство и корупција, единственото што зборуваат со сите странски институции, а сега гледам и тука кога ќе им се обрне внимание на

шверцот и корупцијата, е дека се тие про -Нато и про - европски, а сите други се анти - Нато и анти - европски и дека заради тоа никој друг во светот нема алтернатива на нивните партии. Се разбира, со тоа го оправдуваат своето корупциско и шверцерско однесување.

За жал, ние на тоа не можеме да помогнеме. За жал, СДСМ во овој момент не може да ги убеди Албанците доколку сами не го сакаат овој Универзитет за кој се бори ПДП, ние за тоа нема да помогнеме да гласаме. Ние ќе го поддржиме господинот Алириза Лога тој Универзитет да не постои во Мала Речица.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски.

Реплика за господинот Алириза Лога.

Процедурално збор бара и господинот Чифлиганец.

Меѓутоа, прво да одговори на репликата господинот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Не знаев дека господата од, сега десната страна, од опозицијата ќе реплицираат. Првиот повеќе дискусија имаше отколку реплика, но на господинот Никола Поповски морам да му одговорам на некои негови заклучоци.

Точно е тоа дека нашата партија и нашите пратеници кога бевме во опозиција влегувале - излегувале од овој Парламент, тоа е нивно демократско право, за да одат демократските процеси напред. Меѓутоа, точно е и тоа дека вие господине Поповски, вие што два мандата владеевте со Македонија, вие ги донесовте сите системски закони, дури и Уставот. Вие ги заокруживте сите, за нас не оставивте ништо. За нас го оставивте тоа што вие самите не можевте да го донесевте, а меѓу другото тоа е овој закон што денес го имаме пред нас. А тоа дека лидерот наш одел па се вратил, тој докажа дека и по втор пат и по трет пат и по кој знае колку пати може да победи во својот електорат.

Исто така. точно е дека ние за жал и ден денес, а еве веќе две години како сме на власт, ние ги лечиме вашите рани, тие недостатоци и маки што ни ги оставивте, како да се изразам, како домазлак. Зошто? Па шверцот корупцијата, тие се ваши продукти, вие ги иницаравте вие ги формиравте тие енклави, групи. Тоа е од вашата Влада. Сега ние сме принудени против нив да се бориме со сите средства. Тоа е точно, но вие ни го оставивте како наследство.

Што се однесува до тоа дека, јас со моето излагање ви дадов виза за унитарна Македонија, тоа не е точно. Не еднаш, неколку пати го изразив тоа, јас сум на една Македонија стабилна пред се, без тензии, кои вие секогаш ги сакате, ги иницирате и стимулирате, заради тоа што вие најмногу во таквите тензии "добро ловите", како волкот во магла. Цели тие осум години на власт, секоја година без некој скандал немаше кај вас. Меѓуетнички тензии мораше да има убиства и разно разни монтажи, политички или економски, било какви. Со тоа вие се маскирате. Тоа ви беше ваша камуфлажа. Е тоа ние не знаеме, затоа што сме многу, многу искрени. Ние немаме толкаво искуство колку што имавте вие, но сме многу искрени. А тоа дека сте анти, анти, за жал морам да повторам и тука на последната средба што ја имавме во Охрид со парламентарците од Европа, со госпоѓата Дорис Пак, тука беше присутна и госпоѓата Митрева, кога им се обрати директно: "Господа пратеници, господа вие од СДСМ, што е тоа што вие сте анти - Нато и анти – европско‟.

Знаете што одговори господинот Ружин? Па, ете така во нашите митинзи мораме да го употребиме вокабулар, инаку не можеме да живееме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално реков дека ќе му дадам на господинот Чифлиганец и да се држиме за зборот.

Господинот Чифлиганец има процедурално барање.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Може ли предност да дадам на господинот Никола Поповски, бидејќи е посвежа репликата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Слушајте, процедурално цело време баравте збор. Во процедурата можеби ќе дадете некој предлог за да ја смириме расправата. Повелете.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер господин Гале, ме поттикна дискусијата да се јавам за збор процедурално. Ме поттикна дискусијата на колегата Лога, затоа што мислам дека говорницата служи да се кажат оние работи за луѓето што се присутни и во врска со дневниот ред. Може ли по писмата на господинот Лазе Ристовски и господинот Сулејмани, да дискутираме дали се согласуваме или не се согласуваме тоа е наше право, бидејќи од споменатите господа имаме добиено писмо сите како пратеници со сугестии. Но еден наш пратеник тоа е господинот Лога изрече грст невистини, лаги, негирања на еден македонски академик.

Нарочно велам македонски, без оглед на неговата националност, господинот Блаже Ристовски дека е во "струјно коло со" француска- 7".

За тоа господине претседателе вие мора да реагирате, затоа што МАНУ и нашите академици каде членуваат, а и видниот потврден академик господинот Блаже Ристевски, тоа не го заслужува.

Затоа барам од ова место и од вашето место да реагирате на господата, пред се мислам на господинот Алириза Лога, Не заслужува еден наш виден академик македонски Блаже Ристевски со такви навреди дека е во "струјно коло со "Француска - 7", а "Француска - 7" е српската академија на науките и уметностите. Тоа ниту споменатиот академик господинот Блаже Ристовски го заслужува, а најмалку го заслужува МАНУ да се слушне со такви девалвирачки зборови од Македонскиот Парламент.

Затоа, јас би сакал на вас лично да ви укажам и добронамерно на господинот Лога дека сепак сме пратеници да го користиме она деловничко право што го заслужуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Чифлиганец за процедуралната забелешка.

Се работи за процедурална работа, јас незнам по кој пат да повторам овде дека навистина личности кои не се присутни во салата, не би требало да ги спомнуваме и воопшто да се воздржуваме, или ако коментираме да коментираме безлично, затоа што луѓето не се присутни и не можат да одговорат. За секого од овде можеме да искористиме можност и да ја злоупотребиме говорницата, задскривајќи се зад нашата слобода на дадено мислење и т.н. и истовремено да ја ограничиме слободата или личноста на некоја друга личност што не е присутна овде.

Затоа, ве молам, апелирам за натаму да не употребуваме личности кои не се присутни во салата. Во тој случај јас мислам дека држи процедуралната забелешка на пратеникот Чифлиганец.

Господинот Харуни, па господинот Поповски имаат реплика.

(Реакција од некои пратеници во салата).

Имаат право до три пати на реплика, таков е деловникот, по 5 минути најмногу. Јас гледам на часовникот и повеќе од 5 минути нема да дозволам да зборуваат.

Повелете господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине Лога јас мислев дека си бос и бев убеден, меѓутоа таков галоп, бос и по трње да се трча, а да не ти влезе воопшто во нога ниту едно од тие шилести, незнам. Сигурно ти е како кпито.

Дели господине Лога знаеш дека во Република Македонија има 27 факултети и тоа на македонски наставен јазик. Има две виши школи. Потоа има 12 институции, има еден Хидролошки завод, има две интердисциплинарни студии. Со сите оние стручни насоки во Република Македонија ги има 183.

Јас не сакам Собранието тука да го задржувам и да ги читам по ред кој факултет и која насока, колку вработени има. Но сакам да те предупредам, над 5000 има тука вработени, 99 кома нешто проценти се сите Македонци вработени. Вие и твоите челници, јас ве разбирам дека целиот закон, предложен е еден ферман од 24 доктори на науки што го имаат приложено, односно поднесено во Собранието. Челниците ваши јас ги разбирам, затоа што се тие клептомани. Таа болест е неизлечива. Таа само под суво може да се излекува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, немојте така. Тоа се крупни зборови.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извини. Таа болест има еден пат и едно место каде што може да се излекува. Тоа е едино Идризово. Таа засега лек нема затоа што таа веќе е премината во клептоманофобија. Твоите лидери седат со панцери и кога спијат и околу нив неколку заптии ги чуваат, затоа што од клептоманство тие не можат да се ослободат. Тие се принудени или да го примат законот ваков каков што е, или нив ги чека Шутка или Идризово. Јас ве разбирам дека вие сте многу тесно влезени, а дека тука пред јавноста сакате да се браните, а со ништо, нешто аргументирано да кажете. Јас потполно ве разбирам дека сте вие аргати, јавни аргати, нижи си алки ковани. Благодарам претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам господа пратеници, да бираме зборови кои навистина му доликуваат на еден Парламент. Ова веќе не води кон нешто сосема друго, кон лични навреди и не би сакал навистина денешната седница да ја претвориме, која се одвива на едно задоволително ниво, сега, како што реков да ја претвориме сега во лични

расправи и лични навреди и со изрази кои не знам колку се издржани, бидејќи припаѓаат веќе во една друга сфера.

Затоа внимавајте, и покрај тоа што сме набиени со една нервоза, еве долго време и работиме и т.н., седницата да ја завршиме така како што му доликува на Собранието, со взаемно почитување и со употреба на аргументи, пред се. А ако сакаме да прилепиме било какви етикети, едни на други, имаме илјадници причини за тоа, но тоа кон ништо не води.

Во таа смисла, мислам дека би требало самите да го одржиме нивото. Јас не можам да го држам нивото на Собранието, ако самите, кога барате збор, не бирате зборови. Во таа смисла сакам да укажам дека треба да внимаваме за секого, не поединечно, туку за сите.

Господинот Никола Поповски побара реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас навистина изразувам чудење, зошто му е потребно на господинот Лога, со својот говор и со своите реплики да внесува таква жолчна атмосфера во Парламентот, меѓутоа, очигледно тоа е негов избор.

Во врска со неговото укажување во неговата реплика дека они сега, парафразирано кажано мора да играат на музиката која СДСМ ја свирел во изминатите години и дека ние ништо не сме дале, почнувајќи од Уставот па преку законите и т.н., сакам да го кажам следново:

Господине Лога, дали сме дале или не тоа е работа за која секој може сам да донесе заклучок. Меѓутоа дека Владата во која учествуваше СДСМ не даде легализација на пара Универзитетот во Мала Речица е општо познат факт и тоа се знае од Вашингтон преку Брисел, до Москва. Нема потреба тоа да се кажува, затоа што тоа се знае.

Меѓутоа, сега сте вие на власт. Тој Универзитет кој ние не го дававме, се дава, по вашата терминологија во Парламентот, со закон за кој треба само 40 пратеници да се изјаснат. Сега сте вие на власт. Еве повелете дајте си го Универзитетот. Сега ние не сме на власт, не ви треба ни 2/3 ни 3/3, ништо. Едноставно изгласајте си го Универзитетот да ви постои.

Меѓутоа, господине Лога вие сами кажувате дека не го сакате тоа што можете сами да си го дадете и викате ние не сме ви дале кога вие бевте во опозиција. Повелете дајте си го самите тоа. Зошто сега нас не прозивате. Ако ви е толку значаен повелете, имате 2/3 мнозинство во Парламентот, имате и 60 мнозинство, имате и 40 во салата, во овој момент, повелете, го имате и министерот кој е предлагач со ваша поддршка, повелете дајте си го законот, ако е тоа проблемот.

Меѓутоа, ако вие самите не сакате да си го дадете законот, помош, за жал, нема. Помош од наша страна, за жал, нема. Вие самите се одрекувате од тоа и немојте да ни го препишувате на нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Поповски.

Уште една реплика за господинот Лога.

**АПИРИЗА ЛОГА:**

Јас потполно се согласувам со тоа господине претседателе дека навистина не му доликува на ова Собрание со такви ниски етикетирања и епитети што се даваат од страна на господинот Харуни, но тоа е тоа. Мене ми е жал што тој дури носи и титула доктор на науки и дури веќе трет мандат на ова Собрание како пратеник, незнам што добил од ова, барем колку толку седејќи во ова Собрание, барем од колегите со оние што седел и пиел, нешто малку сигурно би апсорбирал од таа пратеничка или да речам парламентарна култура. Но за жал кај него тоа не може да се сфати.

Да не ги повторувам неговите изрази, но и на ова се сетив, господине Харуни, зарем ми се заканувате. Можеше да ми кажете те потсетувам, а не те предупредувам. Тоа нека остане надвор од оваа сала. Но, благо тебе.

Второ, ти бараш да ми реплицираш на мене, а влегуваш во дискусија. .Јас тебе те потсетив дека твоето чекање на студии на факултетот овде во Скопје, ти тоа ниту го негираш, значи го признаваш. Друго ти си предавач тука.

Трето, тука ни е пред нас, сигурно и вие го имате, еве го вашиот Предлог -закон од 1998 година. Прв потписник Софија Тодорова, втор Хасан Јашари. Тука ви е законот. Но, немавте сигурно веќе време, април 1998 година трчавте по избори. Каде ви е таа добрина, вие во спрега со СДСМ ова прашање да го решевте досега, туку напротив намерно го пролонгиравте, повторувам намерно до денес, бидејќи тоа беше норма кај вас. Сите тие законски и подзаконски акти, па дури и системски кои креваа паника или на некој начин се плашевте од народот, вие нив ги ставивте во фрижидери, ги чувавте за некое друго време, а кое е тоа друго време. Е, тоа е наша доблест во моментот, како партија на

власт. Тоа е доблест наша, на сите партии во оваа Влада затоа што ние сме одлучни оваа наша политика да ја водиме докрај, допаѓало му се на некому тоа или не.

И на господинот Никола Поповски нема што друго да му кажам, само фала ви на онаа вербална поддршка, но тоа е пост скриптум, кога вие сте во опозиција, дека, еве ние бевме тогаш за легализација, вие го давате, а ние не и т.н.

Тоа е чист маркетинг господине Никола. Тоа не се продава, не го пали народот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика за господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Овде за Предлог - законот што тој мафта е во прави господинот Алириза Лога.

Член 9 од тој закон, нека го прочита, нека го спореди со член 95 од овој денешен Предлог – Закон за високо образование. Нека тој сам направи споредба. Тоа е едно.

Кога тој закон беше во собраниска процедура, ќе подвлечам, пратениците од ДПА, господинот Хисни Шаќири, господинот Зекри Кадриу, господинот Руфи Османи, Сали Рамадани и некои други едногласно беа, заедно со пратениците од Пратеничката група на ПДП и како таков најдовме ние засходно тој закон да се повлече од собраниската процедура за понатаму и најдовме консензус за тоа, затоа што не се најдовме себеси тука, во тој закон, како што не се наоѓаме ни сега, албанскиот јазик да биде јазик во наставно - воспитниот процес во државните Универзитети. Ние и тогаш бевме против тој закон, а денес сме против тој закон. Само, за разлика, тогаш господата од ДПА ни се приклучија и како опозиција, заедно со позицијата.

Јас пред малку реков клептофобијата го прави тоа. Тој не е виновен. Јас го разбирам него, бидејќи како тој и тие слични на него, од нив сум се наслушал за патриотизмот и од нив научив што е тоа патриотизам. Затоа, ако сум рекол дека го предупредувам, еве јавно се извинувам, не ми била таа намера, ниту сакам, како неговиот колега да тренирам и сортата моја од земјата да ја уништи, како што во една прилика така тој рече. Мене ако такво нешто ми се испуштило да кажам, еве јавно кажувам, можеби сум направил лапсус, а не да те предупредувам. Но, сакам да ти го привлечам вниманието, отрезни се, инаку си во странпутица, поготово кога албанскиот јазик во високо државните институции е надвор од предлогот за високо образование. Тука треба да бидеме заедно, тука да удриме во еден тапан и да бидеме во еден атар, бидејќи и твој е, ако имаш. Секако, верувам дека патриотизмот и кај тебе постои, само во конкретниов случај правиш отстапки од она што е национален интерес, или пак интерес на повеќето Албанци во Република Македонија.

Бидејќи реков 183 има високо образовни институции во Република Македонија, Албанците во тој однос плаќаат придонеси и го прашувам него за кого плаќа кога во тие институции не се присутни. Нему му го поставувам тоа прашање. Ако има можност нека ми одговори, бидејќи и така јас прифаќам сугестии и пораки од некој попаметен и од некој што е поупатен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам на овој начин да ја завршиме полемиката.

Збор има господинот пратеник Билал Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки, претставници на Владата.

Владението на правото е неопходен услов за да може државата уредена како демократска заедница на граѓаните да функционира. Но како што демократските односи мораат да имаат своја заштита во законите, така и законите можат да функционираат само ако ја имаат поддршката на луѓето, чии конкретни односи ги регулираат.

Од гледиште на правото може да изгледа небитно какви ставови кон законите оние на кои тие закони се однесуваат. Од граѓаните само се бара да постапуваат според донесените правила, а притоа можат тие да мислат што сакаат и што чувствуваат. Меѓутоа, и самите правници често истакнуваат, јас не сум правник туку социолог. Законите можат да ја остваруваат својата функција само доколку припадниците на заедницата навистина ги прифаќаат како начин на општествената регулатива.

Се потенцира дека тоа што се донесува на поединечни закони, тоа се подразбира и за оние општи. Имено, мнозинското прифаќање на законскиот поредок е токму тоа што го овозможува неговото функционирање. Законите кои од било кои причини се забележува дека се лоши, непотребни, неправедни, па нека тоа

е и Уставот, како основен органски закон, не може трајно да се спроведуваат, затоа што законот скоро е немоќен ако не е поддржан од јавниот сегмент.

Од таму законот како ефективна сила зависи од ставот и сегментот, дури многу повеќе од моќта на позицијата.

Денес пред нас е еден закон кој поради многу причини го заслужи овој сосема кус вовед но не за да ја докаже учeноста, личната мудрост, туку заради мошне видливиот дел на јавноста особено онаа што претендира со право или не оти и припаѓа на академскиот еснаф, но не само заради нив и не само заради тоа.

Ако ништо не е спорно Законот за високо образование е вреднуван од опозицијата и од позицијата како особено значаен нагласено чувствителен, сме имале предвид дека тој треба да функционира во една државна заедница која меѓуетнички е сложена, фрустрирана со јавност која е каква што е. Многу ми е логично што во оваа заедница во транзиција силите што сакаат да се остане статус кво прават се да ги сочуваат со вештината на свесната манипулација своите сомнителни позиции. Во уште посомнителните квази хиерархии, па поради тоа овој текст на Закон за високо образование го користат само како повод за докажување на своите неспорни ораторски вештини монтирани во висок процент на демагогија.

За овој закон, како што е познато, расправаа надлежните собраниски тела и комисии како што се право или без тоа за законот да дискутираат не само неформални групи, туку и поединци и притоа, за неговиот текст и содржина или премногу знаеја или заради погоре реченото се јуначеа повикувајќи препознатливи аргументи на кои рокот им изминал уште 1981 година, на некои 1998, па имаше и такви нешта посвежи од 1990 па до 1991 година. Сакале тие да признаат или не јавноста е преморена од таа реторика, очигледно е дека овој Парламент е преморен.

Како член на Комисијата за образование на Собранието во долгите дебати што ги имавме констатирав, а и во оваа прилика ќе потенцирам дека овој закон приближно ги задоволува потребите на сите граѓани во Република Македонија. Ако воопшто без предрасуди, ако ја отстраниме политиката, ако го отстраниме негативниот дух, ако го отстраниме целиот багаж што го имаме од минатото, и ако го додадеме фактот барем во овој Парламент за високото образование на сите граѓани во Република Македонија воопшто не беше расправано, па и во владеачката структура, тогаш јас како човек, како пратеник би се согласил со едно такво решение што ни се нуди во оваа прилика.

*Со* овој закон конечно ќе се спушти топката на земја и да се разбере дека школувањето воопшто и школувањето на Албанците на мајчин јазик е витален цивилизациски интерес на оваа држава - државна заедница. Низ оваа дебата многу убедително ќе ги изговараат колегите од опозицијата на ПДП. Но, за време на нивниот мандат никогаш официјал, но не побараа официјализираше на Тетовскиот Универзитет. ПДП на чело со својот екс лидер Алити, меморијата веројатно не ги издава, се залага исклучиво врз основа на педагошката академија и нејзино прераснување во педагошките факултети. Всушност, тоа би бил проект на оваа партија во разговорите со г-динот Штул. Од разговорите со нив г-динот Штул ја отфрли идејата за легализација на Тетовскиот Универзитет, тоа впрочем било во духот на тие и таквите разговори.

Претставниците на ПДП во сите средби и патувања одеа да го бранат педагошкиот факултет, ова впрочем беше речено и од претходните дискутанти. Во Ден Хаг, Мурати и Рамадани токму тоа го правеле. Чудно во тоа нивно друштво не беа и двајцата професори на Универзитетот Рами Туда и г-динот Сами Ибраими.

Сите тие што ќе се залагаат низ амандмани да придонесат во подобрувањето на квалитетот на овој закон посебно за прашањата кои го регулираат проблемот на образованието на националностите ќе ви кажат како можат да се надраснат наталожените предрасуди се во интерес на квалитетот на законот, што ќе излезе во пресрет на интересите и потребите на млади академски граѓани како оние кои студираат така и на оние кои веќе се научен подмладок и потенцијал.

Колегите пратеници Албанци од левата страна ги молам да престанат, ако може, да се служат со театралната вештина, манипулација со Албанците и нивните чувства. Знам дека се свесни за една фина разлика што постои помеѓу вистината и смислата. Лагата не е вистина, но лагата во нивниот случај има смисла инаку зошто би се служеле со неа. Бајката не е вистината, но таа има смисла инаку зошто би им ја раскажувале на нашите деца. Она како тие не го гласале Уставот, како пример. Поминуваа времиња во кои херои биле војсководачи, државници во голем број кои настапувале зад нив. Доаѓа време кога ќе се

слави трудот на оние со благороден дух, студенти кои еден ден ќе бидат вистински научници, вистински филозофи, вистински уметници без број пати подобро би рекол и по доблесни од нас кои заради нив треба да го изгласаме и донесеме овој закон. Знам дека тие ќе знаат да напишат уште подобри, што ќе рече помудри, тоа им го должиме на нив. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за учество во расправата на г-динот Билал Љутфии.

За збор се јави г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, министри јас ќе се потрудам сепак со мојата дискусија да дадам придонес кон решавањето на проблемот што денеска ние на дневен ред, а во исто време ќе се обидам да реплицирам со одредени мислења и ставови што беа искажани пред малку и порано, а и со тие кои не се тука господине претседателе сега ќе си направат едно објаснување точно уште на почетокот дека ние немаме право да реплицираме со луѓе кои не се тука, но со луѓе кои доставуваат информации и се предмет на наша денешна дебата мислам не со нив како личности, туку со нивните ставови и нека ми се земе не за лошо ако и со нив политизираме. Полемиката ќе ја сведам на тоа да изразам мој личен став спрема некого, ние мораме тука меѓу себе да се цениме и да ги чуваме лошите зборови барем од ова место, а со цел да се разјаснат некои проблеми затоа што проблемот е таков што бара една таква посериозна, темелна анализа за да утре бидеме чисти пред себе и својата совест, а пред се обврзани сме да ги изнесеме работите пред нашиот електорат, на крајот на краиштата тие не избрале и за нашите ставови било добри или лоши мораме да бидеме малку појасни.

Пред да почнам да кажам тоа што мислев да го кажам порано на почетокот ќе се обидам да објаснам некои тези што се искажаа овде се со цел, барем тие што ги кажаа да не ги повторуваме уште еднаш или ако сакаат да ги повторуваат нека одат пред електоратот и таму нека го кажат тоа, па тие да одлучат што мислат за така искажаните тези.

Имено, тука се рече дека е подобар еден лош закон отколку никаков. Ние Албанците, за жал, секогаш во историјата можеби и Македонците незнам, колку што знам веројатно и тие, но нека ми биде допуштено помалку да знам за нив, не сме имале многу прилика да бираме меѓу доброто и лошото. Секогаш сме биле во прилика да го бираме од двете лоши помалку лошото. Јас како пратеник одлучив денеска сепак да не го бирам и помалку лошото, доста беше помалото лошо да го избираме. И вие како Македонци веројатно во историјата сте имале таква прилика и не е многу паметно секогаш да се бира и не е лесно дури да се бира помалку лошото. Јас, нека ми биде дозволено, денеска да се изјаснам за тоа дека за интересот на нашите деца не сакам зло, па ни тоа што денеска изгледа како помало зло, а овде ми се претставува од одредени луѓе и наши претставници на наш електорат како нешто помало добро, помало лошо, но сепак прифатливо. Јас мислам поинаку. Тоа го искажав. За таквиот став колегите ќе се изјаснат веројатно пред електоратот и нека кажат дека ние имавме лош закон наместо никаков. Немам ништо против.

Се реши и една друга работа. Законот не е важно дали го прифаќаат сите. Може еден дел да го прифати, еден дел да не го прифати сеедно и тоа е демократија, демократијата е диктат на мнозинството, но не е нормално со тоа решение да не се прифаќа и да се биде против сопственото залагање, дадените сопствени ветувања и сопствената програма. Тоа е лошото, инаку не е лошо дека може и така и така, но кога е веќе против себе, тогаш тој што ги кажува тие ставови нека размисли и пак со тие ставови нека оди во електоратот и нека каже од сега јас така размислувам.

Трето, се кажаа некои имиња, јас ќе се потрудам да не спомнувам имиња од одредени академици, ректори тие со лесна брзина се поставуваат на исто рамниште. Значи, едниот бара да се руши, не сака да биде, другиот бара многу да биде и сега тие не можат да се искажат за намлку, а јас не сакам така да биде дека се тие исти. Не господа, не е ист тој кој сака другиот да нема ништо, сака да има тој и да избие тој друг ректор што сака да има и тоа што има претходниот. Затоа барам поголема одговорност, а при зборувањето од оваа говорница за што ако и ние како заинтересирани за овој закон така ги поставуваме нашите авторитети, мислам дека прво не е во ред и најважно е што не е вистина ни морално, ни политички, ни како сакате.

Тие што така мислат сериозно ги молам нека одат пред својот електорат и нека го кажат тоа дека господинот Ристовски и г-динот Фадил Сулејмани биле исти или за исто се залагале, јас незнам, не

сакам да прејудицирам но нека го кажат и тоа.

За жал, господата сами ми се обраќаат велат дека сум тука за реплицирање и бујрум, па јас ќе брујам сега и затоа нема проблем. Се вели вака ПДП има обврска да се труди за образованието, овој пат на своите деца. Доста направиле досега, па сега да се трудат за образованието на своите деца. Јас веднаш ќе кажам дека, како прво не гледам можност моите деца да се образуваат рамноправно со овој закон.

Второ, господа пратеници и тие што така мислат, како тие што тоа го искажаа, уште колку генерации треба да излезат такви деца тие да пораснат, па да го дадат гласот за решавање на високото образование на Албанците, да ветуваат и да дојдат тука и пак да ја промашат работата. Уште колку генерации ни требаат да излеземе да се бориме за иднината на нашите деца по однос на образованието. Мислам дека е сосема јасно, еве три генерации тука сме во пратенички клупи како политички партии, како интелектуалци, како луѓе мислам дека беше време решението за високото образование на Албанците беше по адекватно афирмирано, на начин тоа решение да немаше потреба пак да биде во состојба да го бара тој мојот што ќе дојде наместо мене, па третиот па можеби и моето дете. Јас имам во предвид и ако беше подобар законот и ако беше изгласан јавен Универзитет за Албанците, пак не е тоа моја заслуга, не е ни на ДПА, не е ни на ПДП, наша е среќа што ќе бидеме тука во тој момент кога ќе се решава тој проблем, но тоа е решение за кое се бореле повеќе луѓе и повеќе генерации. Н не ќе бевме среќни ако тука аплаудиравме на така донесен закон, кој ќе ја заокружеше оваа работа. Мислам сепак има место, ние сме пратеници сега, некои биле прано знаат по паметно да зборуваат тука, тие се повнимателни нам младите може во смисла дека сме прв пат во Парламентот да се случи и грешно да кажеме, но не е дозволена таква не одговорност и таква крајност во своите искази.

Уште нешто, ако веќе се полемизира со цела опозиција јас не би сакал тука да навлегувам, затоа што увидов едно дека на крај некои пратеници на крајот на краиштата, почнаа да се координираат со опозиционерската СДСМ. Добро, меѓу себе координираат и мене тоа ме радува. Но, сепак нашата поддршка за некои работи кои не успеа ПДП да ги направи, а се рече вака, ги донесовте сите системски закони и не оставивте за нас ништо.

Господа пратеници, господа од ДПА бидете уверени, дека сме подготвени да ги поддржиме сите ваши заложби за промена на системските закони, кои се во интерес на Албанците во Република Македонија. Па што ако се тие донесени, со нас ќе имате 80, повелете почнете, ќе во поддржиме во тоа. Нема нешто што е направено и да не може да се промени. Донесен со 80 гласови, пак со 80 ќе промениме и ќе донесеме друг. Само повелете почнете, нема никаков проблем, за нас, ќе ве поддржиме.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Па така, ќе поминам сега на она што сакам да го кажам господине министер, внимателно го слушав вашето излагање. Со вашата елоквенција, верувајте, професорска елоквенција, сепак придонесовте воведот во дискусијата по овој закон да биде академски. Тука се случуваа некои работи, како што гледате, не би сакал да ги слушам и да бидам присутен тука и во случај да не се донесе законот, а не камоли да се донесе. Значи, некое ниво што не одговара ама баш на нивото на вашата дискусија.

Чинам дека од аспект на универзалното прифатените правила и можности и законот и вашите искажувања го тераат секој пратеник, секоја личност да размислува малку подлабоко и да види што всушност претставува законот и дали ние, како Македонија, како колективитети овде, со тој закон ќе имаме едно подобро утре, поквалитетно утре. Сигурен сум дека има место да се размислува и така.

Но, исто така, дозволете, господине министер, после малку време го слушнав, исто така, еден уважен професор, професор Абдула Алиу, декан на правниот факултет во Тетово, кој со иста елоквенција образложи некои работи што не може вашата елоквенција да ги покрие. Аргументите беа можеби суви, но не беше лесно за мене да бидат така убеден и да бидам на ваша страна. Затоа што некои аргументи, како поради суштината, така и од процедурата, од можностите за процедурално доаѓање до таа солуција, да се отвори еден приватен универзитет од страна на господинот професор на тетовскиот универзитет и тие длабоко ме принудија да се замислам што треба да се прави.

И, тоа што вие го рековте, се обидувавте, покрај другото, да го објасните ваквиот начин на решавање на проблемот, со тоа дека сте сакале по секоја цена да постигнете еден закон што по себе ќе претставува квалитет, знаење. Па, господине министер, зарем мислите дека сите ние пратеници овде не сме за знаење? Зарем стварно мислите дека ги прифатиле некоја солуција за некој Универзитет било кој да биде, што ќе биде под тие стандарди? Тоа се тие стандарди, најмалку на кои најмалку јас сум се школувал. Тоа го посакувам и за Македонците и за Албанците и за сите во светот. Но, не можноста да се најде право решение, не можноста да се изнајде прав начин овој проблем да се затвори, за жал, не е во тоа дека само сме сакале квалитетен образовен систем, европски образовен систем, или некој рече интеграција на Албанците во Македонија или Македонија со овој закон се постигнува дека оди Македонија во запад, што е можеби така. Но, квалитетот на таа интеграција, ако не сме рамноправни и ако не сме барем со рамноправни можности за образование и квалитетот на таа интеграција не ќе биде иста за секого. Тоа е проблем. Тоа ќе се обидам и да го образложам. Тоа е едно.

Второ, сите се повикуваме, то Боже на меѓународни договори и конвенции, дека сме демократска земја, сме смениле таму каде сме се смениле и нормално дека дел од нашата и сегашна и идна легислатива, ќе бидат тие конвенции што се обврзувачки за потписниците. Но, господо пратеници, веројатно подобро од мене знаете, дозволете да ве потсетам, дека меѓународните договори не ги решаваат нашите конкретни состојби. Тие гарантираат минимум на обврски што треба секоја земја потписник да ги исполнува. А, решение како ќе биде, што ќе биде, која е нашата потреба, бидејќи тоа се меѓународни норми за малцинства, за меѓународни јазични, тие се и за 1% малцинство, 10% малцинство, 2% малцинство, тоа е еден калап. Но, кое конкретно решение нам ќе ни биде, ќе ја задоволи нашата потреба, одговорноста пред јавноста мора да се каже. Таа одговорност ја има коалицијата. Тоа мора да се знае. Не може виновник за вакви решение да се нарече меѓународните договори, тие се такви, зедовме виза од меѓународните институции и за нас е се во ред. Не, господо, тие ќе прифатат секоја солуција што за коалицијата ќе биде во ред. Одговорноста, недај Боже, ако нешто не излезе добро, па после да кажеме виновни се меѓународните договори. Не, одговорноста и за добро и за лошо во овој контекст е на коалицијата. А, меѓународните договори обезбедуваат минимум стандард за ова подрачје. Овде и минимумот мислам дека не е надминат.

Според ова, веројатно увидовте дека јас не можам да го прифатам овој закон. Зошто, според овие аргументи:

Прво, можеби од една ноторна вистина дека ова законско решение е под укинатото право, наше, за образование, што го имавме во екс Југославија. Во тоа време структурите решија да биде решение преку школување на Албанците во Приштина. Една заедничка држава, можни беа такви релации и ние бевме и тогаш имаше иницијативи за решавање на проблемите тука, но тогаш така беше решено. Но, беше решено. Со осамостојувањето на Македонија, нормално дека Македонија сите наследни права ги наследи, се здоби и со други, веројатно ќе се здобие и со поквалитетни, меѓутоа нашето право за високо школство на Албанците во Македонија не успеавме ни до денес да го повратиме. Значи, се работи не за добивање на едно право, па било која 10 години, како што велат колегите пратеници, лежело во некои фиоки. Според ова, господо пратеници, уште ќе лежи. За жал, тоа не е утеха за денешнава позиција да каже на вчерашната позиција дека лежело. Штом е решението такво уште ќе лежи.

Од друга страна, значи, ако ние политички сакаме да решиме еден проблем, минимално решавање на тоа право е на ниво што сме го имале. Тоа е минимум што можеме да прифатиме од наша страна.

Друго, не можам да го прифатам овој закон поради тоа што не ги исполнува нашите потреби и не може да биде во функција на нашето рамноправно вклучување во демократскиот процес и интегративните активности на РМ. Јас мислам дека само рамноправни и образовани граѓани се подготвени за реална интеграција. Способни се, при таква интеграција да бидат во можност да го сочуваат својот идентитет. Тоа е, господо, модел на европска интеграција. Нема интеграција, да не ја мешате со асимилација. А, неподготвените, необразовани народи, на соодветно ниво, можат интеграцијата да ја доживеат и како асимилација. Само образованите

народи, па нека бидат и малцинства, како што е тука бројното малцинство во Македонија, како што е сега, има потреба да биде вклучено квалитетно во интегративните процеси. Инаку, има ризик од таа интеграција дебелиот крај да го извлече. Ние немаме вишок луѓе и како нација и како дел, тек така да се однесуваме, според бурата каде ќе дојде, па после да видиме дека сме ниту ова, ниту тоа, па да видиме дека сме интегрирани таму.

А, во Европа, верувајте дека примаат и академци и писатели и правници и економисти, а ги примаат и оние кои чистат улици. Ние не сакаме така да се интегрираме, туку сакаме образование што ќе не оспособи рамноправно и квалитетно да се интегрираме и ние во Европа.

Тука се искажаа некои мислења зошто не се пријде кон друго решение, туку кон ова. Јас мислам зошто сепак не се сакаше и овој пат да се реши овој проблем на подобар, по се опфатен и поквалитетен начин? На почетокот реков дека аргументите беа многу. Се искажаа мислења за квалитетот, знаењето како универзално право што никому не го оспорувам, затоа што ПДП и СДСМ ништо не направија, нека биде и тоа во ред и со тоа се согласувам, но сега, тие кои сакаат нешто да прават, и со тоа се согласувам, нека биде така, нема проблем. Ако е цената на брукање на една партија, да се донесе еден закон што ќе биде квалитетен и да не биде веќе на ова Собрание, да донесеме и таква одлука. Нека бидам и јас лично тој виновник, кој досега сум бил баук и пречка за таков закон. Но, барем да се понудеше подобар закон.

Но, сепак тука не се проблемите. Ниту е квалитетот, ниту не е ПДП, ниту не е можеби ДПА, сега ќе кажам, можеби одговорност има, меѓутоа, нека го каже барем тоа така, а не да види дека тоа е кој знае какво решение. Проблемот е сепак во нешто друго, што овде, во име на релаксирани односи, во име на тоа што се сака по секоја цена да се држат некои односи што одат некои работи, другите пратеници кажуваат што одат, јас не сакам за тоа да зборувам, суштината, а не се сака да се каже она правото. А, се знае, зошто не сакаме уште да се вклучиме.

Јас во дискусијата пред 2-3 дена кажав некои моменти што се уште влијателни во менталитетот и во структурите и на луѓето и на разните групации што се уште присутни, но поради тие релаксирани односи, можеби ќе ги кажеме на изборите после 2 години, можеби после 4, незнам кога ќе ги кажеме, а јас сум сакал тука да ги кажам и тие односи.

Првиот проблем е дека уште се мисли, и така кога доаѓам во контакт со пратеници од Европскиот совет, од ЕУ, дека се работи за еден малцински проблем, што треба да се реши врз основа на меѓународни договори, што се знае, дека гарантираат минимум решенија.

Второ, дека не им следува тоа на Албанците, значи не им следува на Албанците во својот Буџет засновање на високо образование, т.е. државен Универзитет поради тоа што тие се малцинство во РМ, што не може да се споредува со ниту една варијанта во Европа.

Господине претседателе, веројатно сте го читале и писмото на уважениот академик, така тој се изразува, не може со никого да се споредува тоа што ние го имаме, значи, специфично. Значи, нашата состојба е толку специфична што со ниту едно решение за малцинствата, регионално или било какво во Европа не е споредливо. Многу е специфично. Каде има решенија реализирани и врз оваа база. А, ние, врз таа база, врз малцинска база не можеме да ја реализираме, бидејќи било нешто специфично. Било нешто невидено до сега. Велам, нешто посебно што, иако некои други малцинства го користат, го имаме кај Романците, Унгарците, Швеѓаните во Финска, едни имаат шведски Универзитет, други имаат мешан. Го користат и Унгарците, има многу примери. Нема аргумент да се оспори можноста за користење на јавен Универзитет и врз малцинска основа. Но, овде не може, и врз таа база овде не може.

Треба да биде јасно, господо пратеници, дека стандардите според кои сме ние прогласени за малцинство веќе поодамна не се референца за решавање на овие проблеми. Се знае дека овој статус нам ни се инпонирал и продолжува да ни се инпонира и дозволуваме да ни се инпонира според Сталиновата теорија за нацијата, што, според мене, не може да ги реши меѓуетничките односи, а не посебно во демократија. Всушност, тоа се докажа во цела Источна Европа, господо пратеници. Каде распадот во овој дел од Европа, во голем дел може слободно да се препише на оваа теорија, односно на начинот на кој теоретичарите, практичарите и

политичарите на овој дел од Европа, па и кај нас, се обидуваат да го решат таканареченото национално прашање. Се чудам зошто и ден денес, во моменталната структура на политичкиот естаблишмент во РМ, а посебно на македонската еминенција, за жал академици, сеуште се обидува да се сервираат решенија според таква сталинистичка матрица.

Опстојувањето на таа логика и апликацијата на оваа теорија може да биде поттик и мотивација за дезинтеграционите процеси. Во никој случај не може адекватно високо образование да биде тоа. Во кој склоп е и Универзитетот во Тетово, исто така мислам дека не може во никој случај да ја дезинтегрира Македонија, туку напротив. Ќе создаде услови за квалитетно и рамноправно интегрирање.

Затоа мислам дека повикувањето на таа теорија да се спасат, то боже, националните интереси е ирационална и штетна за Македонија.

Ценети колеги, на крајот на краиштата, верувајте дека оваа теорија не спаси ниту една држава. Тоа може лесно да се види. Нацијата и национализмот се сериозни проблеми и на денешното време, особено во експанзијата на капиталот. Секој капитал сака преку нацијата да се множи. Големите нации, затоа уште почнаа нацијата и национализмот пак да се судираат. Затоа, денешните научници тоа го прават. Го прави тоа Грифилт, Гелмарт, Оберзбраун. Тие даваат такви размислувања и тези што се основа за секоја студија и практика и на ова поле. А, тие што велат? Тие велат вака: "колективитетите кои имаат историски и географски континуитет и бројчано се во мнозинство на одредени простори, со што претставуваат една целовитост, тие не можат да се третираат како малцинство". Тоа е повеќе од јасно. Како што се јасни и многу други работи што се однесуваат на овие простори, посебно на Албанците. За жал, без моја желба се земаат за основа, затоа истото овде во напомнувам, за спротивставување на решението за образување на Албанците во Македонија.

Значи, зошто тие не треба да имаат високо образование, било јавно, било приватно е поради три следни причини:

Поради причините што тие уште со историјата сакаат да манипулираат во стилот на тоа што ние како балканци секогаш сме малку во таа состојба.

Јас мислам дека за историјата на овие простори зборувале многу научници. Го кажале своето. Науката го кажал своето. За среќа, тие не се ниту Албанци, не се Македонци, ниту други од Балканот. Тоа се Германци, Руси, Французи, како што Хан, Маер, Данжели, Шуклаи, Дестинска и т.н. и многу други научници и се однесува на автохтоноста на Албанците и на потеклото на албанскиот јазик, за што веќе нема дилеми. И, не може да има во сериозна научна дебата. Некои научници од тука, сеуште се повикуваат на погрешно поставени тези, политички мотивирани и нормално дека ќе доаѓаат до погрешни заклучоци од научен аспект, туку се и штетени и делуваат деструктивно на вакви кревки меѓунационални односи. Тие стануваат посебно загрижувачки кога се нудат како аргумент врз чија база треба да се решаваат одредени проблеми од витален интерес за земјата.

Господо пратеници, од каде дошле, кој како дошол, науката веќе одамна го аполвирала. Научниците што ги спомнав не се ниту Албанци, ниту Македонци, туку едноставно научници и тоа треба да се прифати како научен аргумент од било кого. Потполно се согласувам дека не треба да биде предмет на дискусија на овој Парламент.

Тоа што е важно за сите нас е ова, е фактот што денес во РМ живеат разни колективитети. Живеат Македонци, Албанци, Турци и други кои, за да успеат да стасаат каде што се стремат, во Европа, прават напори пред се да ги хармонизираат своите односи на начин што би претставувало демократско решение, што ќе третира рамноправност и реален приказ на состојбата. А, тоа е што очигледно проблемот на Албанците не може да се реши преку малцинскиот контекст, господо пратеници.

Се согласувале или не, и кога тоа ќе се обидува, како што се случи и сега со овој закон, секогаш ќе се добиваат некакви сурогати што, очигледно, не само што не се доволни да го решаваат проблемот на високото образование на Албанците, туку свесно или несвесно, проблемот се остава да виси. Сосема е нормално дека и понатаму ќе претставува пречка како во подобрување на меѓуетничките односи, така и во целокупната состојба на РМ, па би рекол и ќе има и битно влијание и во

моделирањето и квалитетот на самата демократија, а верувам и на тоа што значи целокупност на интегративните глобални процеси во регионот.

Од тука, потребата за редефинирање на уставно - правниот статус на Албанците во РМ е од суштествен интерес за безбедноста и перспективата на оваа држава и нормално, за демократските процеси во регионот.

Од тука, не е господа, Тетовскиот Универзитет центар што треба да се демонтира, гнездо што ќе ја дестабилизира Македонија, затоа што таков не бил и не е ни Скопскиот Универзитет. Таков не е ни Битолскиот Универзитет, ни било кој Универзитет во светот не е таков. Универзитетите се центри на наука, хуманост, просперитет и мир. Во ова, Универзитетот во Тетово не може да биде исклучок. Напротив, до дестабилизација водат уставно - правни решенија, што не успеваат правилно и адекватно да ја нормираат реалната состојба и реалните односи во општеството. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Азис Положани за учество во расправата.

Реплика има господинот Билал Љутфии кој, веројатно се нашол во дискусијата и покрај тоа што можеби не бил директно спомнат. Можеби се нашол во излагањето. Имаме и таква деловничка одредба. Ако не е лично спомнат, можел да се најде.

Има збор господинот Биљал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, нај искрено сакам да бидам што пократок, но, морам нешто, тоа што е суштина, мора да се наведе тоа што е фарса, тоа што е форма, тоа што е чисто камуфлажа. Но, впрочем, ова не се однесува за господинот Азис Положани, кој сакам да го упатам, бидејќи заедно седи со мнозинство од пратениците на ПДП, тие да го потсетам за настаните од 1991 година, за Уставот и не само што е нелогично и нечовечки да ни се обрати со "дозволуваме да ни се инпонира статусот на малцинствата". Ова може да биде предмет на дискусија, беше предмет на дискусија но прашај ги твоите бивши пратеници, за да не губиме време да ги изнесуваме аргументите овде. Што се однесува до морална обврска за да се решат некои проблеми, тоа ни е и задача и колегијална и да се повикуваме на морална одговорност, верувам дека сите ја имаме, освен тие што легално, отворено се ангажираат за моралот во форма, но во практика промовирале и промовираат бигамија во општеството секако нема да бараме и нема да дозволиме и тие да бараат од нас.

Инаку, што се однесува до Тетовскиот Универзитет, не е лошо господинот Положани да го праша бившиот претседател на ПДП Абдурахман Алити кога на 17.02.1995 година заедно тргнавме за село Порој со добра намера избраните луѓе кои што биле собрани таму да бидеме во таа средина, каде биле и нашите бирачи, сегашни, но тој не беше притворен од полицијата. Не беше ни господинот Абдулади Вејсели и тој зборува за Универзитет, но без одговор останува прашањето зошто и тој не беше притворен како јас, па и челниците на Универзитетот. Останувaат без одговор тие прашања. Еден од дискутантите рече дека сме биле притворувани од челниците на тогашниот Универзитет. Тоа тогаш радување, но сега нешто не е во ред, сега да се радуваме. Како може тие што биле обвинувани тогаш од истите челници сега истите ги гледаме заедно, не се во состојба да сфатат дека чисто заложбата на поедини пратеници од ПДП, за Универзитет е чисто политички маркетинг, а тоа верувам дека мнозинство пратениците и од позицијата, без оглед од која партија се не го сакаат, а јас најмалку го сакам, затоа што за разлика од претходниот дискутант, за разлика од другите колеги пратеници таму, јас сум јадел малку ќотек од таа полиција под чија власт беше негирана тогаш, а во таа власт партиципирала и тогашната ПДП.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Билал Љутфиу.

За збор се јави господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, дозволете ми и јас да кажам неколку збора за овој закон кој не случајно во јавноста предизвика голем интерес и тоа од разни фактори, вклучувајќи ги и политичките партии, институциите, Универзитетот, студентите и сите оние кои се заинтересирани за решавање на еден голем проблем. Не случајно господинот министер во своето

излагање кое траеше подолго се обиде да образложи кои биле целите и задачите на Комисијата, која сам тој ја составил и меѓу другото, како што тој рече целта била да создаде закон кој првенствено ќе се заснива на Уставот, на знаењето, прв пат ќе се промовира со овој закон приватната иницијатива, прв пат овој закон, како што рече министерот, ќе се даде можност за студии и на јазикот на националностите и дефинитивно ќе се најде место, како што рече господинот министер приватната иницијатива - Тетовски Универзитет.

Не сакајќи да се впуштам во тоа колку е уставно и што се дозволува Уставот, колку е квалитетно и дали навистина овој закон се заснива на знаења, затоа што пред мене укажаа уважени професори на факултет кои многу добро ги знаат овие работи и теоретски и практично јас ќе се заложам само за неколку прашања. Дали навистина овој проект ќе ги задоволи основните прашања, основните проблеми на националностите со кои тие денеска се соочуваат, а нормално како избран пратеник од албанска националност и тоа како сме заинтересирани за овој закон. Дали дефинитивно во Република Македонија перспективно, ако не со еден удар ќе се создаде можност големите разлики во образованието на Албанците со Македонците и дефинитивно да се надмине. Дали овој закон отвара перспективи и можности проценките, кои на сите нас ни се познати дека Албанците во високо образовните институции и разни други институции учествуваат само со 1,6%, дали овој закон ќе овозможи перспектива на таа слика да се подобри?

Дали овој закон ќе овозможи перспективната ситуација во која ни е денеска судството, само во двата основни суда во Република Македонија, односно во Скопје од 150 судии избрани во Основен суд, само тројца се Албанци? Дали со овој закон ќе се создаде можност сликата која денеска ја имаме во нашите болници, во другите институции само со 3,1% ќе се реши?

Јас, толку колку што го познавам овој закон и колку го разбирам не можам да се уверам дека навистина е тоа така. Зошто? Затоа што до ден денеска со разни методи со слични и подобри од ова се обидувавме да ја смениме сликата но на жалост до ден денеска тоа не успеа. Дури, и така наречените квоти не ја променија сликата.

Иако, званично како пратеник заинтересиран за ситуацијата на студентите на двата Универзитета - Скопскиот и Битолскиот Универзитет, побарав писмено од статистика да ми одговорат колку е бројот на запишани и дипломирани студенти на двата Универзитета, на сите факултети во Република Македонија, до ден денес нажалост таков одговор не добив. Затоа се послужив со стари статистики кои укажуваа покрај сите заложби дека тој број се уште запишани, а не дипломирани и ако има некој тренд на пораст постигнал само 7,2%. Дали оваа гаранција дека ќе овозможи рамноправно студирање на овие Универзитети и со овој закон. Јас длабоко сум уверен дека ова не може.

Втората точка, дали овој закон овозможува приватна иницијатива, односно дефинитивно монополот кој што го уживаат денешните Универзитети со големи злоупотреби, за кои верувам дека сите ние како пратеници ги знаеме, чесни исклучоци, кога секој од нас, барем половината од нас знаат како се се злоупотребува монополот денеска на овие Универзитети, почнувајќи од начинот на упис преку тестовите како се даваат и продаваат, почнувајќи од тоа како се полагаат испити, за кои точно се знае колку е сумата и цената. Зошто? Затоа што, алтернатива немаше, немаше конкуренција на овие Универзитети, а дали овој закон тоа го овозможува. Стручњаците, тие што добро го проанализираа, на жалост кажуваат дека таква можност овој закон не дава. Практично не дава затоа што тие кои што ќе одлучуваат дали ќе има или нема да има приватна иницијатива се пак професори од Универзитетот, тоа се луѓе од Академијата, а кој е тој наивен што ќе дозволи од својата тезга некој да му однесе. Сигурно дека нема такви. А, кој е пак тој друг наивен што ќе стави свои пари во една нормална фаза на економија, ќе сака да инвестира, а друг да му диктира што ќе работи и како ќе работи. Дури и јазикот како ќе се изведе.

Господа пратеници, во пазарното стопанство и економија, дури и во пазарната економија не е практика оваа работа. Ова а со некои измислици само да се фрла пепел на она што а приватна иницијатива.

И конечно, се спомнува некој си проект кој што ќе ја користи оваа законска

одредба и ќе формира Универзитет од европски стандард. Кој европски стандард? И тоа, ќе воспитува кадри за менаџмент и за администратор. Зошто го комплицираме зборот менаџмент? Зошто едноставно не кажуваме на македонски што тоа значи? Менаџмент, управител, директор. Замислите, во поделбата на интересите и влијанието на Албанците им се давало право тие да управуваат со фирми. Па, кои фирми ќе ги управуваат? Кој денеска ги посадува фирмите? Само да ве потсетам, а вие веројатно знаете дека при Институтот за социологија постои катедра од трет степен за менаџерство. Јас лично познавам тројца мои колеги кои што завршија магистратура по менаџмент, а што работат тие? Едниот работи инспектор, другиот работи на Виша педагошка академија и третиот седи таму некаде во некоја фотеља. Каде ќе ги вработиме ние тие големи менаџери што нас ќе ни се оспособуваат во тие врвни институции. Колку закони ние овде донесовме? Во кој од тие закони во опис и попис на работни места запишавме дека траба да има администратор? Замислете, администратори кои ќе ги потполнуваат местата во администрацијата во кои што статистиките покажуваат дека ние учествуваме на жалост се уште со 1,3%. А, дали тие администратори ќе можат да ги потполнат местата во судството? Дали тие ќе можат да бидат судии? Дали тие ќе можат да бидат лекари? Дали тие ќе можат да работат во Министерството за внатрешни работи? Дали тие ќе можат да работат во државната администрација? На сите овие работи до ден денеска не слушнавме одговор. И дали конечно оваа слика денеска што ја имаме, овие огромни разлики по национална основа во нивото на образование перспективно, знам дека тоа преку ноќ не бива, ќе го надминеме. Јас мислам дека овој закон тоа не ќе може да го направи.

Понатаму, се вели дека дефинитивно е најдено решение за некој си наследен проблем, а тоа е новото откритие - приватната иницијатива - Тетовскиот Универзитет.

Значи, Тетовскиот Универзитет еволуира од антидржавен, политички, апсолутно против уставен до ситуација тој да биде граѓански. Каква е оваа еволуација? Дури и од некои познати стручњаци во теоријата на правдата, кога ги читам нивните колумни, пред пет - шест години велеа дека кога го читаа Уставот, апсолутно нема место во Уставот за такво нешто. Сега да прелистеа друг лист на Уставот, ќе кажат тоа е можно, да приватно. Ова читање на Устав и на право, како лаик ме потсетува на едно читање што ми го кажа еден судија. Како вие го судите господине судија? Вели зависи. Читам еден член и 15 години. Ако заинтересираната странка ми рече, прочитај друг, а јас отварам и прочитам, тука гледам 1.000 марки, велам друга работа, 10 години. Ако и понатаму продолжам, уште 5.000 марки, ќе дојдеме до 5 години, а ако некој случајно стави 10.000 марки и ми вика прочитај, прочитај уште малку, тогаш можеме да се ослободиме. Дали вака го читаме Уставот? Дали вака навистина стручњаците тоа го прават. И, што се поставува прашањето? Која цена платија Албанците да дојдат до ова читање на Уставот, во кој се вели тоа може - приватна иницијатива.

Албанците како лојални граѓани на оваа држава се откажаа од сите мегаломански проекти, затоа што тоа беше по препорака на Европа, и актуелните трендови во светот и не бараа никакви големи држави, дури се откажаа и го ставија на мирување автономијата, сега гледам се откажуваме и од Уставот. Европа рекла нема промена на Уставот и станавме граѓански, Универзитетот прерасна во граѓанска иницијатива. А неговата иницијатива, ако сакате да имате државен Универзитет, јас слушнав на Комисијата за меѓунационални односи еден господин колега мој рече ако сакате вие тоа треба да кажете, ние сме Македонци со албанско потекло. Тоа требало да биде цената што сакаме да имаме државен Универзитет.

Јас знам, дека и во другите земји државите и Универзитетите не се лесно создадени. Ќе ве потсетам, со господинот Тито Петковски, тогаш претседател на Собранието бевме во посета на Словенија и во Блед историчарот ни кажува за вилата на бившиот крал.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

И меѓу другото спомна, вели, знаете како ние го спасивме Универзитетот? Кога Крандов слушна дека ние отворивме Универзитет во Љубљана, тој побрза да го затвори. Но, се најде мудар човек, вели и преку ноќ му го смени името и името на Универзитетот, името на кралот, а на конвиктот на кралицата. И вели така: ние го спасивме Универзитетот. Јас искрено да ви кажам би се сложил и на тоа, но во РМ имињата и не се толку значајни. Ние тие ги менуваме, дури на државата го менуваме името и не е многу битно. Така што не мислам дека и тоа е некое решение.

И конечно да поминеме на ова најбитното, дали ние навистина ги решаваме политичките проблеми која што беше една од тезите. Каква ни е ситуацијата? Некои ни ги опишуваат тие меѓунационални односи како сјајни. Да, тие се сјајни, некои викаат, тоа е како стакло, сјае но е кршливо. Таму проблемот е кога ќе падне, ќе се скрши. Па да, тоа може да се скрши затоа што има едно жариште, а тоа жариште бил Универзитетот во Тетово и ние тоа жариште сакаме да го гасиме. А се прашуваме, дали ние тоа жариште го гасиме или само фрламе пепел и првиот ветер што ќе дува, ќе избувне пожар. Впрочем тоа некои го најавија. Се слушна една изјава од еден функционер на ПДП, ако се усвои овој закон, ќе пукне. Се слуша друга изјава од Универзитетот и од Академијата, ако се усвои овој закон државата ќе се дезинтегрира.

За овој првиот дрва и камења што рекол човекот: ќе експлодира. За овој другиот што викал дезинтеграција, ништо. А што значи дезинтеграција? Дали тоа не значи распаѓање? А како се распаѓаат државите и системите, што ако се случи еден бурен процес неконтролиран? Дали е тоа експлозија и дали како резултат на тоа може да дојде до распаѓање на државата? Зошто за овој кој што кажува за причините се дига толкава галама, а за вториот кој кажува за последиците, ништо не зборува. Јас искрено да ви кажам очекував дека на овие прашања, на оваа работа одговор ќе даде токму Академијата. Таа научно ќе докаже дека навистина ако се усвои овој закон, може да дојде до несакани последици. Тие имаат доволно научно знаење и теоретско и образовно, тоа и фактички да го докажат. Ако јас со елементарни познавања од оваа проблематика читајќи само да се здобијам со некои теоретски знаења за социолошките и политичките движења во светот, успеав да дојдам и да се убедам себеси дека навистина тоа го направам, ме чуди една академија дека тоа не може да го уочи. Јас би ви препорачал вам, не на академијата, веројатно тие знаат, да ја прочитате научната студија од американскиот Институт за политички и социолошки науки, која работела екипа пет години, анализирајќи над 200 држави во светот од нај демократските почнувајќи од Америка, Англија, Германија до нај не демократските Албанија, Турција и Танзанија и математички, аналитички докажат дека категорија граѓани без оглед каде живеат и работат кои што имаат историско минато како што имаме ние, кои што имаат ниво на образование, квантум на образование како што ние го имаме, кои што имаат ниво на вработување кое што ние го имаме, а тоа ниво го знаете, кои што имаат еманципирана жена и вклучена жена во процесот како што реално постои, нивното политичко размислување е црно-бело. Тие бараат радикални промени, тие бараат револуционерни промени. Таквото размислување е секаде во светот. Но, зошто такво нешто не се случува во развиените земји? Затоа што таму тој слој и таа категорија граѓани се распрскани низ целиот реон и таму тие се во многу мал број. Што правиме кај нас. Кога една популација со вакви параметри за жал има ист јазик, иста култура, иста вера, географски се концентрирани на едно место, што ако овде созрее такво убедување. Дајте да ја проанализираме политичката карта, што денеска се случува во албанскиот блок.

Дали ја гледате оваа ситуација што се случува денеска во албанскиот блок. Ова ме потсетува на 1993 година. Се знае дека во 1990 год, имаше максимална хуманизација на Албанците. И тука се кршеа копја, како да се решаваат наталожените проблеми со години и години. И се профилира. Во првата фаза почна кавга меѓу лидерите, почнаа да се појавуваат неколку политички партии, две, три, четири, пет политички партии албански, за на крајот да се профилираат две идеи. Едната, е решавање на проблемите на институциите на системот со т.н. "стенд бај степ" и другата со радикални промени со т.н. "историски договори", големи кризи кои ќе доведуваат до историски договори и решавањето на проблемите треба да почне од горе спрема доле. Така што сите овие хаотични движења се профилираат во два пункта. Рака на срце, два различни концепта за поздравување. Едната идеја и втората идеја. Што денеска имаме? Денеска истата ситуација ни се повторува, албанскиот корпус се распаѓа, појавување на една, втора, трета, четврта политичка партија Албанци, без јасен концепт како да се решаваат проблемите. Оваа е таа фаза на холсет.

А од друга страна политичките елити кои што промовираат институционално решавање на проблемите, се повеќе и повеќе се девалвираат. Дали не ја гледате опасноста токму во овој случај тие хаотични движења да исфрлат од нивните редови лидер кој ќе му промовира алтернативно решение, затоа што веќе решавањето низ институциите на системот

се девалвира како начин затоа што системот не е доволно пропустен да ги стави на дневен ред и ги решава политичките проблеми и да ни се јавуваат и такви опции. Тука е објаснувањето на експлозијата. Јас очекував дека ова ќе го прават научниците, а не еден обичен политичар. А што прави другата страна? Другата страна за неа ако се усвои овој закон ќе дојде до дезинтеграција. Но, која е опцијата. Опцијата е т.н. заедно студирање, дружење. Па таа опција г-да пратеници и г-дине министер, барем вие добро знаете дека ја има со т.н. мешовити паралелки. До што доведе таа? Таа доведе до ситуација само 8% од учениците да продолжат средно образование. Таа опција и тој начин на решавање тотално ги наруши овие предуслови за кои зборував.

Дали ова решение сега не е таа копија и тоа истото решение. Дали и понатаму овие разлики ќе се зголемуваат и предусловите за такви опции ќе дојдат на дневен ред.

Се поставува едно прашање од неколку пратеници, зошто повикот на интелектуалците на Универзитетот, па еве и на партијата за ДП не наиде на поширок одзив кај масите. Идејата за Универзитет ја поддржаа широките маси, тие ја поддржаа и со протести и ја поддржаа и со гласање кога гласаа за двете политички партии. И што имаме сега? Кога таа идеја ни е пакувана во некој си проект кој ние цврсто го држиме под мишка и велиме: Овде е проектот за Универзитет Европски, со високи стандарди, кој што го подржува овој, го подржува оној, а никој ниту го читал, а не се ни обврзани да го читаат и да го разберат, ние очекуваме. Тоа што беше по митинзите г-да пратеници, тоа беше гласот на интелектуалците, затоа што тие имаат обврска и пред народот и пред бога, пред сите други да ја сознаат вистината, тоа беше гласот на народот, Не е гласот на народот, тоа беше гласот на интелектуалците. Само тие во оваа фаза можат да претпоставуваат што ова значи. А тие другите, тие својот став ќе го кажат тогаш кога ќе ја видат кристалната европска зграда, кога ќе ги видат дипломите европски, кога ќе ги видат судовите полни со Албанци, кога ќе ги видат институциите полни со Албанци. Тогаш ќе го кажат својот став, затоа само тогаш тие можат да го разберат овој проект.

И да ви кажам во саботата и неделата бев во мојот електорат. Дека е ова навистина така, првата ноќ бев со мои колеги интелектуалци, петмина беа доктори, отворивме полемика што значи овој закон, што содржи овој закон. И јас се обидов да им објаснам. Знаете што ми рече еден, ќе ве молам најдете еден пратеник, ама буквално ништо нема да зборува, само нека го земе да го прочита законот од а до ш, па да видиме што содржи тој закон, затоа што ние навистина не знаеме. Едни го фалат, другите го кудат. И тие се во заблуда. Втората ноќ бев во друга средина понизок ранг, луѓе вработени, со свои проблеми, но нормално заинтересирани што се случува во Собранието. Се обидов да им објаснам, те ваков те онаков и на крајот пријатно ме изненади еден стар, вели: по се изгледа јас почнувам да го сфаќам.

Ова ми личи на едно минато што го слушал од неговиот татко. После одењето на Турците во Турција, односно после првата светска војна кога Србија овде владееше, вели користени се разни методи на репресија над Турците за да тие одат во Турција. И некој си човек си нашол метод како по секоја цена тие луѓе да ги малтретира. И што направил. Зел коза па и ставил шал, оди во едно село ги прашува, што е ова? Па коза. Не, ова не е коза, ова е оџа. Удри. Второто село дознало, па ајде ќе му кажеме дека е коза. Не, ова не е коза, ова е оџа. И рекле, ајде да прашаме некој попаметен. Одат кај некој оџа и го прашуваат, што е ова? Тој вели: ова ти е српски зет. Вели, тоа изгледа е и овој закон. Останува дилемата и понатаму, зошто по истото прашање, зошто некои лидери и некои елити тоа толку тврдо го бранат. Па почнав да им објаснувам, па знаете настана ситуацијата во Косово, работите се променија, светот оди напред, еволуцијата е процес и таков и онаков. Изгледа пак не успеав. Пак тој мудриот човек ми објасни. Вели, и ова изгледа го сфатив од моето лично искуство. По 11-та светска војна вели ги имаше секакви. Партизани, балисти, комунисти, бугари и незнам што. Двајца другари беа од страната на тие што бараа права за Албанците. После војната едниот го ставиле во затвор и 90 дена во самица, на носила го носат. Овој вториот, ништо. Па го прашува, како, нели бевте другари, нели имавте иста идеја, како ти успеа? Е па вели, јас кога гледав некоја опасност јас научив една песна "друже Тито ми ти се кунемо". И така човекот се спасил.

По се изгледа некоја песна која секојдневно овде ни се пее, демократија, Македонија, стабилизација, Европа, ми личи на таа песна.

И на крајот за да не биде се ова песимистичко, дали Албанците ќе имаат

Универзитет? Длабоко сум убеден дека Албанците ќе го имаат Универзитетот. Професор на образование и издигање на знаењата е долг процес. Низ овие процеси поминале и пред нас. Инквизицијата беше борба против знаењето. Разни репресии беа извршени на знаењето.

Но, еден народ како што е албанскиот во РМ кој на светот му подари двајца нобеловци мајка Тереза и Ферид Мурати, не може и не заслужува да биде без Универзитет. Тој ќе го има тој, дали оваа генерација политичари, дали втората, или третата, но сигурно ќе има.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Г-дине претседателе, навистина се работи за еден важен закон од два аспекта, не само да зборувам за значењето на високото образование за едно општество, туку многу важен, бидејќи работиме со еден многу стар закон, Закон за насочено образование од 1985 година и кој навистина во овие нови трендови не овозможува компатибилност со новите европски стандарди на високо образование кои тврдоглаво се наметнуваат и на овие простори. И се надевам дека не сме го прескочиле редот и дека на време го донесуваме овој закон, кој ќе ги постави темелите на високото образование и ќе даде можности за адаптирање кон европските стандарди на високото образование.

И мислам дека ова е многу битен елемент при чинот на предлагањето на овој Закон за високото образование. Исто така и во денешната дискусија, а и атмосферата која ја проследуваше овој закон и не донесувањето во овие 9 години самостојност на РМ сигурно се поврзува и со тоа горливо прашање, проблемот на високото образование на Албанците во РМ. Јас ќе се обидам да ги образложам овие два аспекта, бидејќи и како пратеник имам привилегија и можност да учествувам при чинот на донесување, подготвување на текстот на Законот за високо образование и имам доволно информации да бидам убеден во тоа што го гласам. Затоа што четири месеци интензивна работа по секој член, можеби по 10 пати проверен, протолкуван исто така протолкуван и од експерти на Советот на Европа и на ОБСЕ па тие кои рекоа дека некој не го прочитал законот да ги разубедам и да знаат дека секој член можеби по 4-5 пати сме се навратиле на секој член од тие 200 члена.

Се знае дека пред осамостојувањето, во таа поранешна СФРЈ, Албанците од РМ своите минимални потреби за зачувување на националниот идентитет и за квалитативно примарно, основно и средно образование, тие нивни потреби ги исполнуваа на Приштинскиот Универзитет, на Скопскиот многу малку, Белградскиот и Загребскиот Универзитет, затоа што тогаш на Приштинскиот Факултет можеше наставата да се одвива на мајчин јазик, имаше слободно минување на границите и на таков начин нашите потреби за зачувување на националниот идентитет, за квалитетни кадри во наставата, па и во други профили ги исполнувавме на тие универзитети.

Од 1991 год., во таа атмосфера на бран на национализам, ако се сеќавате во една таква многу бурна атмосфера, РМ стана самостојна држава и тие пазари каде се произведуваше кадар за Албанците во РМ, значи Приштина, Загреб, Белград, речиси се затворија и Уставот на РМ, требаше според мене и тоа беше можеби една од причините што не го изгласавме да им излезе во пресрет на ново настанатите ситуации. Значи на еден дел од граѓаните на таа поранешна СФРЈ кои минималните потреби за зачувување на нивниот идентитет ги исполнуваа на Универзитетот во Приштина, Белград и Загреб, тие пазари ги снема по отцепувањето и требаше новиот Устав, па и другите системски закони, таа реалност да ја имаат предвид, да излезат во пресрет на еден голем дел од населението на РМ. За жал, во таа атмосфера на избувнување на национализам, на војни, тие политички конјуктури кои тогаш беа во Владата, за тие осум години навистина неуспеаа да им излезат во пресрет на барањата на еден голем дел од населението во РМ, на Албанците, да ги исполнат минималните потреби за имање високо образован кадар за примарното и секундарното образование и за другите профили потребни за развој на општеството. Тоа значи не излегување во пресрет на тие реални барања од осамостојувањето до 1994 година придонесе Албанците како колективитет да се самоорганизираат и сите тие кадри кои предаваа во тие затворени пазари за произведување на кадри да се организираат во институција наречена Тетовски Универзитет, каде се обидуваа барем минималните потреби за имање на високо научен кадар и произведување на наставен кадар за непречено континуирано

образование на Албанците во РМ во таа Институција да се обезбедат. За жал, и по тој сериозен знак дека навистина треба да се изнајде правно решение за барањата на Албанците за високо образование, за жал политичките конјуктури и политичките партии кои тогаш беа на власт, останаа глуви и имаа една стратегија на затворање очи дека тоа не постои, таков проблем на постои и токму тоа тврдоглавно негирање на едно барање за зачувување на националниот идентитет доведе до тоа да се судриме со европските интеграциони процеси и секаде каде што требаше нивна препорака беше - треба да се разреши овој фактички проблем што постои во Тетово. Можеби тоа беше една од причините што меѓуетничките тензии од ден на ден нараснуваа и тоа можеби беше една од причините зошто изгуби тогашна позиција.

Не решавањето на минималните потреби на Албанците за високо образовен кадар, исто така не беше во согласност, според мене, со Уставот, односно со членот 45, член со кој им се овозможува на граѓаните да основаат образовни установи на сите нивоа, освен на предучилишна возраст. Значи, токму за да се избегне решавањето на овој проблем, овој член 45 што се однесува до граѓанската иницијатива, не успеа да се донесе некој системски или друг закон, кој ќе ја регулира граѓанската иницијатива, така што членот 45 од Уставот, а тој член 45 дава слободи и права на граѓаните да имаат и одржуваат свои институции, не им излезе во пресрет и тој член 45 околу 10 години граѓаните на РМ не можеа своите иницијативи да ги преточат во правна положба.

Токму тоа неуставно однесување со членот 45 не доведе во оваа ситуација. Владината коалиција од 1998 година од нејзиното основање да изрази една подготвеност, оваа фактичка положба во Тетово, проблемот на високото образование на Албанците и немање кадар за одвивање нормална настава во основното и средното образование, да се излезе во пресрет и овој проблем еднаш засекогаш да се реши, да се стави точка на овој проблем, што беше и договор на коалиционите партнери, но на еден квалитативен и правен начин. Со ова се издејствува и добра доза на зголемување на толеранцијата, меѓуетничката толеранција и се очекуваше решение на овој проблем. Во Владината коалиција, седум месеци после Косовската криза, бидете убедени дека работат многу сериозно со меѓународната заедница и европските институции за изнаоѓање решение кое ќе ја нормативизира и на правен начин ќе ја реши ситуацијата. Кој е приодот за решавањето на овој проблем?

Нормално треба да се донесе закон или правна рамка, која ќе ги регулира односите и ќе го реши овој проблем. Како се донесува еден закон? Многумина велат дека овде не треба политички да дискутираме, туку треба да дискутираме за законот. Токму тоа го прават, а никој не го чита законот. Јас ќе се обидам тоа да го направам.

Како се донесува еден закон? Еден закон треба да се базира врз Уставот кој егзистира во една држава. Добар или лош, според наше мислење не е добар Уставот од 1991 год., и не е изгласан од нас, но тоа е една правна рамка за донесување на еден закон. Исто така, потпирајќи се на член 118 од Уставот, со кој се предвидува сите меѓународни ратифицирани договори да станат дел од правниот поредок на РМ, значи и тие релевантни меѓународни документи и конвенции кои се ратифицирани од РМ, имаат правосилно значење.

Исто така, како основа за донесување на овој закон беа и други меѓународни конвенции, препораки и се она што се вика тренд на европско високо образование. Земајќи ги овие правни контури, беа земени предвид и сите компаративни примери на високо образовни установи на земјите на Европската Унија и земјите во транзиција. Значи, тие се дел од правниот поредок на кој треба да се заснова еден многу важен закон.

Исто така, имавме и многу други документи, како што е Проектот за проверка на квалитетот, потоа другите компаративни примери и наследената правна рамка. Таа правна рамка врз која се заснова овој закон е наследена, значи ние работиме врз една правна рамка која е наследена од претходната власт.

Сега имаме еден Предлог на Закон за високо образование. Во суштина, што содржи тој?

Во втората глава е начнато едно многу важно прашање и се дефинираат принципите на загарантираната автономија на Универзитетот, според Уставот на РМ. Сега за прв пат принципите на автономијата на еден Универзитет се начнати и мислам дека се добро изработени, со една многу темелна анализа на тоа што значи автономија на Универзитетот. Значи, тој член од Уставот каде што се зборува за

загарантираност на автономијата на многу дециден и јасен начин се преточува во законски проект.

Во Главата III и таа Глава е многу важна, затоа што зборува за надлежностите на Универзитетот и надлежностите на факултетот. Овде имавме една многу бучна расправа, особено кога зборувавме за јавните високо образовни установи кои сега егзистираат. Навистина ми е жал, зашто не успеавме да направиме некој порадикален чекор, што се однесува до надлежностите на Универзитетот или факултетот. Знаете дека тренд на земјите на ЕУ е само Универзитетите да имаат својство на правно лице, а факултетите се составен дел на Универзитетите и моја лична интенција во Комисијата беше да се оди порадикално со овој закон и јавните Универзитети, односно само Универзитетите да можат да имаат својство на правно лице, а факултетите да бидат дел од тоа правно лице, на кој начин многу поефективно се управува со една високо образовна установа, а со тоа ќе биде многу пофлексибилна, порационална и т.н. Но, очигледно притисокот од факултетите беше многу голем и според мое мислење постојните јавни Универзитети неуспеаа да извршат порадикален чекор и факултетите да го изгубат тоа својство на правно лице, а само Универзитетот да има својство на правно лице. Мое убедување е дека така ќе имавме многу повеќе ефикасност, рационалност и рационализација на постојните Универзитети. Сепак, ова право се дава на приватните Универзитети или факултети, значи тие сепак, бидејќи основачи се приватни, физички или правни лица, да можат да се организираат самостојно и сигурно тоа ќе биде нов квалитет, да видиме како ќе функционира еден Универзитет, кој ќе има својство на правно лице, а факултетот ќе биде составен дел од Универзитетот. Тоа се членовите 17 и 18.

Главата IV се однесува на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование. Тоа исто така претставува една поинтензивна работа на експертската комисија со Проектот "Темпус" и од прв пат во еден Закон за високо образование се воспоставуваат европските норми за оценување на квалитетот, како што е надворешната евалуација и само евалуацијата и се надевам дека и овој елемент на оценување на квалитетот според европските стандарди, ќе обезбеди и нашите дипломи во РМ да може после тоа да се признаваат многу побрзо во земјите на ЕУ, кои овој систем го адаптирале веќе подолго време и веќе работат.

Исто така, беше многу дискутабилно и се водеа многу расправи за главата IV, што се однесува на Одборот за акредитација. Тоа е едно тело со ингеренции дадени во овој закон. Според мене, дискусијата беше логична, бидејќи составот ќе го имаме, без амандманите, зборува дека Одборот за акредитација ќе биде составен од 15 члена и тоа 8 од сегашните постојни факултети, 2 од МАНУ и 5 од претставници на Владата на РМ. Тука беше присутен страв дали овој Одбор за акредитација при оценување на друга иницијатива, значи при основање на еден друг Универзитет, кој логично може да биде и конкуренција на постојните јавни Универзитети, дали тие ќе бидат субјективни при оценување, значи субјективно ќе гласаат против основањето на еден друг Универзитет и во јавен или приватен, затоа што се крши принципот на компетитивност и конкуренција.

Според мене, ставот беше многу основан, но ако го погледнеме Предлог - Законот за високо образование, подготвен од минатата Влада, ќе видиме дека има една разлика и сега ингеренциите на Одборот за акредитација не се тој Одбор за акредитација да даде лиценца за отпочнување со работа, туку Одборот за акредитација во тој состав како што е или на пример да кажеме може да има доза на субјективизам, земајќи ги предвид нашите односи, има за задача да даде акредитација или решение на пишаниот проект. Значи, Одборот за акредитација ќе даде акредитација на пишаниот Проект за основање на факултет или пет факултети сочинуваат еден Универзитет. Значи, ингеренцијата на Одборот за акредитација не е давање лиценца за отпочнување со работа, туку давање акредитација на пишаниот Проект. Тоа се многу добро пропишани правила колку што е можно повеќе да се оградиме од субјективизмот на членовите на Одборот за акредитација и се надевам дека до тоа нема да дојде.

Главата V се однесува на основање и престанок на високо образовните установи. Каде е разликата овде? Разликата со постојниот закон е во можноста за основање приватни високо образовни институции. Јас имам длабоко уверување дека приватните високо образовни установи ќе дадат многу голем поттик во конкуренцијата во сферата на образованието, особено во сферата на високото образование. Ова го кажувам така

уверливо, затоа што во Европа во тие земји каде има многу силни приватни високо образовни установи, високото образование како процес оди понапред, тој е по флексибилен, по ефикасен, во таа сфера на конкуренцијата, земајќи ги предвид новите вредности што XXI век ги носи.

Исто така, кога ја компарираме процедурата за основање на приватни високо образовни установи, со решенијата на Предлогот на законот од претходната Влада, ќе видите дека во овој предложен проект е направена јасна дистинкција во начинот и условите на основање на приватна високо образовна установа. Сега основачот на приватна високо образовна установа, многу јасно и децидно член по член знае кои се условите за основање на високо образовна установа, на тој начин што ќе нема двосмислености при чинот на основање, а стариот Предлог – закон бидете убедени дека имаше многу недоречености во процедурата за основање на една приватна високо образовна установа.

(Во меѓувреме претседателот на Собранието г-динот Саво Климовски излезе од салата и на претседавачката маса седна потпретседателот Томислав Стојановски).

Нормално поставените критериуми за основање на приватни високо образовни установи не се многу лесни. И Република Бугарија исто така има Закон за високо образование и таму се регулира исто така сферата на основање на приватни високо образовни установи, но таму критериумите беа по либерални. Иако критериумите или условите што треба да се исполнат за основање на високо образовна приватна институција се многу тешки, сепак бидејќи се многу јасно искажани тие услови, сметам дека отвораат можност за основање на нови приватни високо образовни установи.

**ЗАМИР ДИКА:** (Продолжение)

Понатаму органите, развој и финансирање, посдипломски студии посебна глава за студенти, исто така придонесуваат за еден нов квалитет, овој закон да ја поприма таа европска димензија на високо образование.

Сега на крајот јас би сакал да ги искоментирам тие членови од законот, кои многу кренаа прашина и или во медиумите или во дебатата овде во Собранието, членот 95 и членот 198.

Членот 95, од некои дискутанти се рече овде дека нема никаква разлика со предложениот член 9 од не донесениот Предлог Закон за високо образование, од бившата гарнитура. Јас ќе ви кажам дека има разлики и тоа е можноста, значи во член 95 алинеја 8, со која се дава право, како наставен јазик во приватните високо образовни установи може да биде и јазикот на националностите, каде што македонскиот јазик ќе се учи како посебен предмет, засновувајќи се на член 48 од Уставот на Република Македонија.

Исто така имаше многу бурни дискусии од тие фамозни два предмети. Нашето мислење беше ако, таму каде што основач на високо образовни институции е државата РМ, значи Парламентот на РМ, основачот може да постави услови од кои ќе се изведува наставата на јазиците. Ние сметавме, земајќи го предвид трендот на европското високо образование, каде што повеќе јазикот не е критериум за признавање на високо образовни приватни институции, сметавме дека воведувањето на овие два наставни предмети не кореспондира со духот на европските конвенции, затоа што компонентата која се сака да се постигне со овие два јазични предмети е јазичната интеграција на етникумите во РМ. Сметајќи дека за една високо образовна институција, приватна, каде што наставата ќе се одвива на јазикот на националностите, бидете убедени дека се нема кадар сите наставни предмети да може да се изведуваат на тој јазик и сигурен сум дека првите три, четири или пет години голем дел од кадарот и бидат професори Македонци што сега предаваат на постојните Универзитети. Значи таа јазична компонента ќе биде реално отсликување на образованиот систем во РМ. Сепак значи ние не го поддржавме тоа законско решение.

Што се однесува до членот 198, јас сепак имам поинакво мислење од претставникот на СДСМ, кој рече дека член 198 го пореметува системското решение во законот. Јас сметам дека, наспроти тоа, членот 198 има многу јака подлога во Уставот на РМ и тоа во делот каде се пропишува автономијата на Универзитетот.

Значи Уставот на РМ не зборува за ниедна институција, освен за гарантирањето на автономијата на Универзитетот. Значи штом таа автономија на Универзитетот е загарантирана, единствено Универзитетите се тие кои можат компетентно и професионално да евалуираат нечии знаења. И ако либерално се толкува овој член од Уставот, значи член 198 многу добро кореспондирал со либералното толкување на членот 44, ми се чини, од Уставот на РМ. Значи Универзитетите можат

многу компетентно и професионално да евалуираат сечији знаења, особеноземајќи предвид дека законот, при основање на нови приватни високо образовни установи ги зачувува нормативите и стандардите на високото образование, овде или воопшто.

Јас до оваа фаза на дискусија сметам дека доволно дадов интерпретации на овие делови од законот, кои беа и многу се интересни за медиумите и за јавноста, за граѓаните на РМ и се надевам дека дадов доволно информации да разберат за што ние расправаме, ако го оставиме на страна политичкиот контекст кој овде се внесе, додавајќи тука дека исто така имаме еден проект од меѓународната заедница, за решавање на проблемот на високото образование на Албанците, кои ќе помогне финансиски за една институција за високо образование. Освен финансиската поддршка ќе овозможат и транспорт на знаењата и технологијата.

Се надевам дека со овој закон ќе се отворат нови простори во високото образование, нов квалитет во високото образование, ќе решиме еден многу горчлив проблем, после имплементацијата на овој проект од меѓународната заедница и се надевам дека после една година, кога ќе анализираме каков закон сме донеле и каква фактичка ситуација имаме сега, сите тие кои го интерпретираат законот од свој аспект, од свој агол, од своја канцеларија, од професорска канцеларија ќе се разубедат многу брзо, затоа што тие мислат за нивните лични интереси и за средината каде тие работат.

Ние како политичари сме многу поодговорни и ние треба да мислиме за сите, за целиот тој механизам што го покренува општеството. Само на таков начин, ако не паѓаме во тие води, затоа што имаме на една страна МАНУ, имаме интерпретација дека законот им дава многу права на националностите, со законот ќе се овозможи федерализација, делење, гетоизација на РМ. Тоа е од нивни аспект.

Од другата страна имаме дека овој закон е дискриминаторски, овој закон не ги гарантира ни минималните права, Албанците се даночни обврзници на оваа Република, 30% Буџетот го полнат и т.н. Значи ако тргнеме од овие два аспекти кои можат да се читаат секој ден во медиумите, па и во дискусиите, токму овие гледања не нудат никакво решение. Нивната сугестија е да немаме закон, да не го решиме овој проблем, проблемот нека си остане, ние тоа не го гледаме, кога ќе имаме некоја друга правна или политичка клима, после 5 или 10 години, тогаш ќе се навратиме и ќе го решиме тоа. Ние сме премногу одговорни тоа да си го дозволиме Се надевам дека, иако морам да кажам, како координатор на пратеничката група на ДПА, иако овој закон до крај не ги задоволува нашите барања, значи не е максималистички, сепак сметам дека тој е нај рационален, нај оптимален, нај ефикасен, да го избегнеме конфликтот и ќе ни овозможи постигнување на нови вредности и решавање на тие горчливи проблеми. Засега благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Дика.

За збор се јави пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господине министер, кој веројатно отиде да здивне малку, но ме почести г-динот премиер. Таман мислев да кажам, на почетокот кога се отвори расправата за овој закон Владата беше многу репрезентативно присутна, во текот на расправата не ги видов, меѓутоа ме демантираат. Тоа е уште една потврда дека Владата навистина придава големо значење на овој закон, што секако и заслужува.

Бидејќи толку време го чекавме, еве 10 години се работи на еден текст кој треба македонското високо образование да го доведе до стандардите на европското, на светското, да биде компатибилен нашиот образовен систем со европскиот, да можат да бидат реалност определбите за меѓународна поделба на трудот, за наше присуство со знаење, со квалитет, со способност, на европскиот и на светскиот пазар.

Веднаш се поставува прашањето дали овој Закон за високо образование кој толку долго време го подготвуваме, ги обезбедува тие стремежи и очекувања. Веднаш да кажам, во најголем дел, тоа е мое лично мислење, во најголем дел законот навистина кореспондира со врвните достигнувања во Европа, во светот, во сферата на образованието, особено високото.

Меѓутоа, мислам, пред се се обраќам до претставниците на Владата и до премиерот, мислам дека несреќно овде е вметнат членот 198 со кој се девалвира долгогодишниот труд во сферата на образованието. Јас ја разбирам потребата на Владата да го реши тој мошне горлив проблем, кој што е присутен и кој што е реалност. Не можеме да го игнорираме фактот дека таканаречениот тетовски

Универзитет постои во РМ, една генерација заврши 4 години, а еве петта година е. Значи тоа не може да се игнорира. Тој проблем не може да се става под тепих. Тој мора со целата своја сериозност да ги боде очите на сите, особено на јавноста во сферата на образованието, интелектуалната и проблемите на обичниот човек и за него решение мора да се најде, какво е такво е и овој собраниски дом не смее да бега од барањето решение, пред се во името на оние генерации млади луѓе кои не се виновни затоа што студираат на тој факултет, затоа што биле, ќе дозволите, жртва на политичка манипулации и неостварени амбиции на некои универзитетски професори.

Сега токму заради тие млади луѓе ние мораме да бараме решение, а не за оние кои што и ден денес ги инструментализираат студентите по улиците, каде што не им е местото на студентите. Местото им е на факултетите каде треба да се наоружуваат со знаење, да бидат моторна сила на македонското општество, да се имплементираат во нашиот развој, своите знаења способности и можности да ги вложат во развојот на РМ. Таков Универзитет ни треба и отварање на широки можности за негова соработка со европски и современи светски Универзитети.

Кога реков дека овој член кој што е вметнат дополнително, бидејќи тоа не е само мое сознание, тоа е сознание на пошироката македонска јавност, тој не беше предмет на дебата долго време station наназад. Не сакам да се повикувам овде на експертскиот тим, на претседателот на раководниот тим кој го изготвија законот, кој јавно соопшти дека тој не бил тема на расправа на експертската група.

Јас би сакал тука да го слушнам и г-динот Дика, бидејќи пред малку зборуваше, учествувал во изготвувањето на овој закон, дали навистина и колку време овој проблем бил третиран таму. Како колега да ни соопшти на пратениците за да имаме навистина свое мислење, кое ќе го градиме врз основа на релевантни информации.

Исто така луѓето кои долги години учествуваа во третирањето во овој закон, луѓето од Универзитетот, не го поддржуваат и отворено кажуваат дека овој проблем не бил третиран во континуитет кога се подготвувал овој закон. Студентите не го прифаќаат овој закон, токму и пред се поради тој член, а не заради останатата содржина на тој закон. Не го прифаќаат студентите на двата Универзитети. Еве ако сакате да говориме и од политички аспект. Овде ни беше дадено мислењето на најодговорниот човек на Битолскиот Универзитет, кој што по политичка провиниенција е од ВМРО-ДПМНЕ. И тој не се согласува. И тој кажува, а и студентите од таму дека овој член не бил третиран порано и дека сега во завршната фаза, сакајќи да се реши еден горлив политички проблем се внесува тој член и по мое длабоко убедување го проблематизира целиот закон.

Како што видовте во текот на расправата над 99% пратеници што учествуваа го третираат на образованието на јазикот на националностите, а не и содржината на законот. Малку придонесе г-динот Дика, кој што бил присутен во експертскиот тим. Инаку ние овде не слушнавме ниту една дискусија досега, нека ми простат ако не сум внимавал доволно, за институциите, начинот на формирањето, организацијата, органите на Универзитетот, квалитетот на студиите, учеството на студентите. Никој за тоа не разговараше. Овде се фативме само, цело време расправаме за правата на националностите и за високо образование на мајчин јазик. Што значи тој проблем е присутен, тој проблем е горлив, тој проблем треба да го решаваме.

Меѓутоа, по мое длабоко убедување неговото место не е во овој закон, не е во законот за високото образование. Можеме да го решиме, нека ми прости г-динот министер, бидејќи многу добро го познавам и една своја, што би рекол, приватност, заедно почнавме да студираме, заедно дипломиравме. Тој не би се определил за еден ваков член во законот. Доколку тој лично се прашува. Не сакам негово мислење по ова, бидејќи ги знам неговите квалитети како извонреден правник.

Од номо технички аспект ако сакате, правно - технички аспект на овој член, не му е местото во овој закон, не му е местото во преодни завршни одредби, особено ако во нормативниот дел на законот, во текстот на законот воопшто не се третира проблемот, туку само се извлекува во преодните и завршните одредби за да се реши статусот на таканаречениот тетовски Универзитет. И јас така го разбирам, меѓутоа и дел од пратениците кои досега говореа, исто така го разбираат. Суштината на овој член е да се овозможи на студентите кои што дипломирале на тетовскиот Универзитет да си ги легализираат дипломите преку проверката на знаење, преку институтот проверка на знаењето или

оние кои завршиле година или две преку, исто така, институтот проверка на знаеше да се упишат во соодветната година на факултет. Тоа е суштината на тој член. Тоа значи го третира само постојниот тетовски Универзитет и мислам на многу нездрав начин тоа е направено. За правниот аспект зборував, за политичкиот сакам нешто да кажам.

Таму се прави една еклирибристика, па се говори дека, како сите Универзитети и што јас знам факултети кои што се резултат на граѓанска иницијатива. Точно е тоа, во Уставот има, во член 45, можност за граѓански иницијативи во оваа сфера. Меѓутоа ниту постои закон кој што подетално разработува што е тоа граѓанска иницијатива, во кои сфери и каква може да биде граѓанската иницијатива, која е постапката да се покрене граѓанска инцијатива па да се насочи кон формирање на високо образовна институција. Никаде во законот напред не стои, само во преодната одредба говори, како резултат на високо образовни институции кои се резултат на граѓански иницијативи, може да се однесуваат вакви работи. Па еве сега поставувам навистина едно хипотетичко прашање, дали може и во другите сфери исто така да се формираа граѓански иницијативи, или уште поблиску во оваа сфера, може ли, бидејќи сега е проблем уписот на факултетите. Студентите доживуваат трауми, а заедно со нив и родителите и кандидатите за студенти затоа што не можат да се запишат на факултетите, или барем на факултетот на кој сакаат да студираат. Може ли тие луѓе, исто така, по овој законски основ да си формираат високо школска институција како граѓанска иницијатива, да си дипломираат луѓето, бидејќи не можат да се запишат на Универзитетот и после 4 години да бараат од власта, преку проверка на знаењето да им ги верифицира дипломите. Може. Тука никаде во законот не пишува дека не може тоа да се направи. Се бара решение кое мислам дека на Македонија долгорочни штети, а не треба да се фрла во заборав прашањето со статусот на тетовскиот Универзитет. И тој мора да се реши.

Меѓутоа, тој мора да се реши со посебен закон, лекс специјалист. Ние како држава не смееме да бегаме до тој проблем. Тој не е од сега. Морате да го решите, пред се како што реков во името на младите кои што студираат.

Второ што исто така сакам да кажам, кое што сметам дека не е доволно и со овој закон разработено. Имено цела глава тука постои за приватните факултети, приватните Универзитети. Што значи приватен Универзитет, или приватна фирма или приватна иницијатива. Тоа значи спремност на некого да вложи пари и да стекне профит од тие пари. Ги вложува парите за да стекне профит.

Која е смислата на приватниот факултет. Смислата е да вложи некои пари, да направи високо образовна институција, меѓутоа да направи престиж на елитна институција во која што студентите кога ќе дипломираат ќе бидат барани, а не да бараат тие работа. Да ги бараат, бидејќи завршиле на таа и таа приватна високо школска институција. Дали конкретниот пример кај нас ги обезбедува тие вредности. Апсолутно не, бидејќи еве и во член 85 говори дека државата ќе финансира во приватните факултети за прашања за кои е заинтересирана, за кои што постои интерес. Политичкиот интерес во овој случај апсолутно не е спорен. Владината коалиција има таков интерес. Затоа и се определила за ваква содржина на законот и затоа овој член го имплементира во законот.

Значи не е спорно дека сите факултети кои се подведуваат под фирмата приватна иницијатива, утре ќе бидат државни факултети, односно јавни, нема да бидат приватни, бидејќи државата заради задоволувањето на тој политички интерес, кој што е многу конкретен во овој случај ќе издвојува средства, и тоа не е спорно. Г-динот Ван Дер Штул, кој што цело време беше медијатор во врска со овој закон, отворено кажа во своето последно доаѓање, Македонија ќе биде во состојба после 4 години да финансира факултет на Албанците во Македонија. Тоа се негови зборови, не ги јас измислив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Значи, јасна е определбата, нема приватен факултет. Освен тоа мислам дека апсолутно не е својствено приватни факултети во Република Македонија да формираат припадниците на националностите. Приватен факултет има смисла ако вложуваат пари богати луѓе кои сакаат да профитираат со едукација на кадри, кои ќе бидат престижни и во македонската економија и надвор да можат да се вработат.

Значи, на мала врата се имплементира обврска на државата да се признае овој Универзитет и да се финансира од државата. Тука нема логика да ги тераме националностите во Македонија да формираат приватни факултети.

Исто така едно хипотетско прашање за сега на почетокот не е спорно барем она што го видовме преку медиумите дека пари за отворањето на тој приватен факултет ќе даваат некои фондации како што се холандска и други. Која е смислата, алтруизам ли е тоа некој во Македонија да вложува пари за приватни Универзитети, а да нема профит од таа работа. Зошто ги дава тие пари во Македонија. Сега има нагласено барање на Албанците за таков факултет, меѓутоа јас не слушнав од ниту еден Албанец пратеник дека тие сакаат приватен факултет, употребувајќи ја синтагмата не сме приватен народ за да имаме приватен факултет. Многу е јасна пораката што е тоа. Според тоа, ниту Албанците пратеници, ниту Албанците граѓани не верувам дека сакаат приватен факултет во смисла како што јас ја сфаќам да се профитира од Универзитетот, а не да се дотира. Во овој момент тој ќе се дотира и ќе се финансира од надвор. Меѓутоа, за неколку години тој ќе се финансира од државата, тоа веќе не е спорно, на секого му е јасно, па се поставува прашање дали навистина ние како Собрание ќе се согласиме да донесеме закон, кој наместо да не вброи во редот на цивилизираните народи по начинот на стекнувањето на високо стручни дипломи на висок степен на образование или ќе ги задоволуваме дневно - политичките потреби.

Јас не бегам од одговорот на прашањето, дека овој закон СДСМ не го донесе кога ја имаше Владата, токму заради овој проблем, заради проблемот на јазикот на кој ќе се студира. Меѓутоа, можевме да излеземе достоинствено и не бегајќи од прашањето или со лекс специјалист во рамките на Универзитетите со одлуката, со актот кој ќе формира приватен Универзитет во Република Македонија, да ги кажеме тие работи, јасно е во преодни и завршни одредби само се определува состојба во определена област, која се уредува со закон, со правила кои престанале да важат и ништо друго. Со преодни и завршни одредби не може да се определи статус на една високо образовна институција.

Почитувани колеги, мислам дека би направиле чекор напред и да застанеме зад оние, не говорам дека се што кажа Академијата на науките се е исправно и добро, се што кажа Ректорската управа, студентите, се е добро.

Меѓутоа, бидете сигурни дека сепак тоа е националниот ум, тоа е државниот ум во оваа држава и тоа мора да се респектира, да се почитува, а тие говорат дека местото на овој член не е во овој закон, не го оспоруваат законот во целина. Тие го подржуваат законот, законот навистина содржи современи решенија, меѓутоа да не го доведуваме во прашање примената на овој закон и неговата не примена само заради еден член, а да не бегаме од проблемот. Одговорно да излеземе сите и позиција и опозиција проблемот со овој Универзитет што настана заради последиците врз младата генерација треба да го решаваме. Меѓутоа не во овој закон кој ги утврдува правилата на однесување, организацијата, органите, управувањето, структурата на Универзитетите.

Јас предлагам овој член да прифати Владата да се избрише да се изостави од Законот, бидејќи битно ќе влијае на определбата на многу луѓе и верувам пратеници во конечната определба за поддршката на овој закон.

Навистина е штета еден огромен креативен, квалитетен труд што е вложен во овој закон да се девалвира заради една одредба за која ние не сме подготвени да погледаме во очи. Маневарот што се обидуваше, можеби грешам, Владата да го направи со имплементацијата на овој закон, на втор план да падне работата околу јазиците на националностите во високото образование не се постигна. Како што гледате доминантна е таа тема и од таа тема нема бегање.

Законот навистина има добри одредби, најголем дел од одредбите јас ги поддржувам, заедно со некои мои колеги поднесовме амандмани и ќе гласам за овој закон доколку пред се оваа одредба на која што и како правник и како пратеник сметам апсолутно не и е местото во овој закон под такви услови, тој закон ќе го прифатам. Штета е да се доведе содржината на Законот во прашање само заради една одредба. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Тито Петковски.

За збор се јави министерот Гале Галев, затоа што прашањето беше директно упатено до него.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Јас му благодарам на колегата Тито Петковски, за добрите зборови што ми ги упати, навистина заедно учевме, добри времиња беа тоа, млади бевме.

Постави некои прашања кои заслужуваат да се одвојат неколку минути за да се дообјаснат.

Првото прашање беше дали прашањето за слушателите, консументите на знаење во рамките на тетовскиот Универзитет во форма на граѓанска иницијатива било присутно во разговорите и во фазата на работата врз текстот на Законот за високото образование. Одговорот е да за тоа има документација, сега немаме време, а ако некој сака индивидуално може да ја добие, меѓутоа за волја на вистината јас овде ќе кажам дека прашањето беше присутно, проблемот беше како да се уреди прашањето. Значи, никогаш ни во еден момент не се бегало од тоа дека мора да се најде квалитетен одговор на она што се случувало шест и кусур години во рамките на пара Универзитетот во Тетово. Затоа што таму се нашле млади луѓе кои треба да го имаат нашето полно внимание и да имаме еден одговорен однос кон нив, затоа што на крајот на краиштата тоа се наши деца и од една или друга причина ако не се нашло разрешување на проблемот 6 години најмалку тие се виновни да ги носат последиците.

Оттука, постои одговорност и правна и морална да се излезе во пресрет на овие млади луѓе и еднаш да се стави точка на ова прашање. Проблемот бил дневно присутен, имаме конкретна порака од Советот на Европа, кога се симна мониторинг мисијата во однос на Македонија да бараме решение на ова прашање. Конкретно на јавна сцена на 4 мај кога господинот Ван Дер Штул во Виена поднесуваше извештај за посетата на Република Македонија, претставникот на Европската Унија изрично бараше Македонија да не го заборави тоа прашање.

Во препораките кои ги добивме од Советот на Европа многу јасно стои. Оттука нема дилема дека прашањето било присутно и од тоа прашање нема бегање. Ако овој Парламент мисли дека најлесниот пат е да се избега, лесно е притиснете на копчињата и проблемот е решен. Но, допрва ќе видиме дали е решен.

Мене ми беше приговорено од некои дека сум зборувал за тоа, дека треба да избегнеме кога станува збор за високото образование од политиката, а јас сум внел политика. Политиката е десет години присутна на овој терен и сега е моментот да ја напуштиме. Сигурно дека ние нема се да затвориме со овој закон. Но ако спoредиме кај сме биле 1991 година, што се нуди сега, ќе видите дека има квалитетен чекор напред и тоа треба да не радува. Така полека во релаксирани односи и релации се решаваат со тензии, со препукувања, со закопување во сопствени ровови, не отстапување од сопственото гледиште сметајќи дека е тоа исправното, а таква работа нема. Се е релативно, нема ништо апсолутно. Ако низ таа призма ги погледнете работите на сите ќе ни биде полесно.

Прашањето што директно ми го упати господинот Петковски до мене беше или си го постави прашањето дали јас како правник не како министер, оддавајќи ми признание дека сум добар правник јас му благодарам уште еднаш, дали местото на ова прашање е во законот или не е. Видете што, многу се размислуваше околу ова прашање. Јас го кажав тоа и во експозето, битна е една работа. Дали ние сме подготвени да излеземе во пресрет на квалитетно решавање и затворање на ова прашање. Оттука натаму прашањето се сведува на пристапот дали нов закон или надвор од законот. Дали ќе го решите во законот во рамките на преодните одредби, каде што не го зафаќа системот, бидејќи темпорално е поставено од денот на донесувањето на законот до 31 декември 2001 година и потоа тоа прашање се затвора. Оттука излегува од тој закон и повеќе не се враќа во Законот. Значи, не е во системот, не го нарушува системот и не го вознемирува.

Другиот пристап е надвор од законот. И во едниот и во другиот случај ние изјавуваме подготвеност да го решиме прашањето. Како ќе го решиме ако е надвор од законот? Повторно со норма. И ова е норма и ова надвор од законот, што би било лекс специјалист повторно е норма значи нема бегање. Проблемот е има спремност или нема спремност. Владата се определи на овој чекор дека носејќи го законот Парламентот да го разреши ова прашање да не се продолжи понатаму на теренот на образованието да се создаваат нови проблеми, едноставно да се изјави една подготвеност оттука натаму ќе се свртиме кон решенијата од законот, кој ги уредува суштинските суптилни прашања од доменот на високото образование.

Мене навистина ми е многу жал што јас во моето експозе многу малку зборував за она што е суштина на законот. Но, тоа произлезе не заради тоа што беше моја определба, туку затоа што работите заземоа друг тек и едноставно ги фрлија на маргините решенијата кои ги нуди Законот за високото образование за кои добивме навистина високи оценки од Европа и одеднаш почна повторно да се тркала нешто што мириса на многу политика.

Јас чувствував за потребно дека должам на крајот на краиштата на македонската јавност да и кажам некои работи. Господинот Дика пополни еден дел од празнината што јас требаше да го кажам за да се види структурата на законот, неговите фундаменти, неговите основни одредници, неговата порака. Јас останав должен и кон вас и кон македонската јавност. Но има време ќе расправаме и за ова. Еве ние расправаме втор ден се плашам утре и трет ден, јасно е дека се закопавме повторно во ровови. Дајте да се надминеме себе си дали сме подготвени да ставиме точка на едно време, кое не е многу убаво за потсетување и да отвориме една нова страница.

Господине Петковски, значи прашањето е во законот или надвор си законот и во законот и надвор од законот ќе следи норма. И едната норма и другата ќе бидат подложни на оценка. Сега верувајте ми најискрено дека многу време ми требало околу ова самиот да се прекршам, но да не ме сфатите погрешно сега морам да употребам нешто, да соопштам нешто, не се обраќам лично кон вас (мисли на господинот Петковски), но кога дефинитивно кај мене се скрши или прекрши кога реков возможно е тука да се направи, морам да ви речам дека ми помогна вашето време, затоа што првата граѓанска иницијатива настанала во ваше време. Ваше време тоа се двете пара гимназии во Длапкин Дол Кичево и во Радолиште.

Владата имала маки и тогаш претпоставувам, се пресретнала со проблемот и видела дека ако го отстрани прашањето да виси дека проблемот не е решен и трагала, барала решение. Тогашниот министер за образование поднесува една информација до Владата на 5.09.1992 година расправа по Информацијата и донесува заклучоци, во заклучокот 6 му дозволува на министерот со конкретни решенија да го разреши прашањето и сите ученици во пара гимназиите, кои учеле дозволено им е да се вклучат во втора и трета година во редовните гимназии во Струга и Кичево, а сите деца кои посетувале прва и втора година дозволила условно да бидат запишани во погорните години, а да бидат подвргнати на проверка на знаење. Успеала во тој момент квалитетно да го затвори тој проблем и од тогаш до ден денешен не се повтори некоја нова пара гимназија. Многу сличност со таа разлика што сега ние изградивме еден нормативен систем, кој почива на проверка на знаењето, јас тоа го зборував, ако нешто кажав за законот во моето експозе кога реков од првата буква до последната, т.е. од првиот до последниот член овој закон почива во своето средиште го има образованието и квалитетот мислам на инструментариумот кој е вграден и кој нема да допушти високо образовна институција која не е способна преку својот персонален состав и преку техничко - технолошко и просторно ниво да понуди квалитетно знаење. Сега тој закон тоа го нуди. Ако вие имате таков закон кој не пропушта ништо на стихија, навистина ќе има проверка на знаење, ако тоа се прави во рамките на системот кој го градите, што е проблемот да им допуштите на тие млади луѓе дали се илјада, две илјади, три илјади, не ме интересираат бројките ме интересираат луѓето и последиците кои таму ги трпат, а ние треба да имаме должност и како возрасни луѓе и како луѓе кои преку својот глас граѓаните ја предале својата судбина во рацете и додека тече мандатот од четири години, креирате правни прописи кои ќе ги додирнуваат нивните конкретни проблеми на микро план.

Дајте да смогнеме сили сите да подзаборавиме некои нешта, овде колективно да ги прокнижиме поените плусевите, никој на никого да не пишува минус и од тука натаму работите ќе почнат да си добиваат еден нормален тек.

Ве молам уште еднаш сфатете не го употребив како аргумент е, чекајте вие што правевте па да видите сега зошто вие на другата страна и упатувате такви стрели. Значи, во одредени констелации на односи изгледа било нужно така да се постапи и верувам дека тие млади луѓе за кои јас зборувам 1993-1994 година, кои се или на тетовскиот Универзитет или на Универзитетот во Скопје и Битола. Значи овозможено им е да се вклучат во нормалните токови на она што значи образование. Дајте низ таа призна да гледаме.

Ве молам уште еднаш да не станувам примам секаква критика беа изречени некои работи на моја адреса во досегашната расправа, јас ги примам, нормално е тоа, верувајте дека не ми беше лесна работата, бидејќи беше многу обременета не само со образовното туку и нешто затечено и тоа беше посебна отежителна околност, но на крајот на краиштата јас верувам дека ние излеговме со еден текст кој нуди една перспектива.

Еве збор за пратениците од ПДП, бидејќи тие беа во претежен од претпладневната расправа учествуваа и

некои работи ги упатија до мене. Беа употребени зборови дека албанската популација учествува преку даночната политика со издвојување на средства, таа има право да се школува, а треба да ги имаат сите погодности, па со едно упатување дека поуредно ги плаќаат своите давачки, сето тоа стои.

Видете немојте да ги поставуваме работите на таа основа, двата јавни високо образовни Универзитети се за сите тие, никаде не пишува кој треба да студира. Секој кој завршил средно образование може да се запише и да го заврши факултетот, кој сака да го заврши. Тука нема подзатворање на врати. Констатирањето на состојбите се такви какви што се, ние дојдовме сега до 9% од националностите да ни дојдат на Универзитетите, а на стартот на 1991 година биле 3%, а можноста еве сега конкретно за албанската популација, бидејќи некако се тука се вртат работите, иако е погрешна теза, ние мора да водиме сметка подеднакво за сите, може да биде присутна на високо образовните институции 22,7% толку што како популација е присутна во вкупното население. Мака мачиме да дојдеме до таа бројка, Правниот факултет е еден од ретките факултети кој успева тука да се доближи и дајте да работиме, тоа е таканаречена позитивна дискриминација за која сега другата страна, условно речено не критикува. Вели како може сега едни со 98 поени да се запишат, а други со 60 да влегуваат. Секогаш работите имаат дава краја. Исто е тоа едно преодно решение кое ќе трае и јас верувам дека во еден момент тоа само по себе ќе отпадне, тогаш кога ние ќе дојдеме до квалитетот.

Знаете што, ние битката на теренот на образованието не ќе ја добиеме во рамките на високото образование. Битката на образованието ќе ја добиеме ако успееме да дојдеме до квалитет во основното и во средното образование.

Кога станува збор за средното образование, посебно треба да се стави акцентот на опфатот. Тука настанува еден страшен погром од 32 илјади, кои ни се запишуваат во прво одделение, во средно се запишуваат некаде околу 25-26 илјади некаде и 27, а завршуваат 18 илјади, 14 илјади ги нема никаде. Кога ќе ги извадите 14 од 32 тоа е таа бројка за која ние сите треба да се загрижиме. Ние премногу се окупираме за високото образование, а заборавивме на средното образование. Ако нашата популација ја направиме писмена во рамките на средното образование после работите нагоре не се воопшто проблематични и еден ден ќе видите дека ако тука се интегрираме во системот и ако успееме од сите припадници од етничката карта на Македонија која прават да завршуваат средно образование тука е интеграцијата, тука е квалитетот на знаењето, тука оспособеноста за себе си, а се разбира посредно и за општеството.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:** (Продолжение)

Тука е нашиот најголем проблем. 14 илјади ги нема никаде. Сега одиме натаму. Од тие 18 илјади кои завршуваат, еве овде ќе кажам, не е ништо за криење, сосема јавно треба да разговараме, од албанската популација успеваат некаде околу 3.600, 3.800 да завршат средно образование. Тоа е поразително. Зошто е тоа така? Тука мораме да го свртиме своето внимание. Ако тие во старт стартуваат со 12 илјади во прво одделение, 10,5 илјади, 11 илјади, 12 илјади, јас се прашувам каде се сега? Некаде во вертикалата се губат. Тоа е проблемот кон кој треба да се свртиме. Тука, ако ја добиеме битката од тоа вкупно, ако гиземеме 12 илјади, а може и 10 ако сакате да земеме, ако средно образование завршуваат 2/3 или 20% да не завршуваат, во ред. Меѓутоа, ако ви ја нема популацијата, се изгуби некаде, тогаш немате ни интегрираност, ни писменост, ни оспособеност за живот. Алтернативата ја знаете. Улицата, ноќниот живот, да не зборувам за сето она друго погрдно, сите знаете.

Затоа, паралелно работејќи на законот за високо образование, во рамките на Министерството се зафативме да излеземе со стратегијата за образованието. Овде јавно упатив апел, нека слушне меѓународната заедница ако сака да и помогне на Македонија,овде треба да се сврти да ни помогне, бидејќи ние со она што е наша економска моќ уште долги години ќе ни требаат да застанеме на нога.

Мораме да направиме квалитетен пресврт. 52% од вкупната популација денеска во Македонија е со незавршено образование, тоа се не квалификувани, полу квалификувани со осмо одделение и нешто средно. Внимавајте, значи сме ја поминале црвената линија на Рубиконот, а одиме во XXI век. Да се свртиме така да ги гледаме работите. Имаме можност овде, пред овој Парламент да излеземе многу скоро, има еден пакет на закони што го затвора системот, некаде 7-8 закони. Повторно ќе расправаме. Се разбира, со сите наши пријатели од странство да побараме од нив посмела помош, да ни помогнат. За сите има простор и место во

оваа земја, да живееме мирно и спокојно, да се почитуваме и да си ја градиме среќата.

Се извинувам што си земав за право нешто повеќе да кажам. Чувствував за потребно после излагањето на господинот Петковски, заради тоа што сме и пријатели и го почитувам. Мислам дека беше добронамерен и моето сфатете го добронамерно, за да одговорам на ова колку било тешко да се креира и да се бара решение. Решенијата, во секој случај се добронамерни и низ таа призма да ги погледнеме, на сите ќе ни биде лесно. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине министер.

Почитувани пратеници ве известувам дека од моментот кога министерот се јави за збор, седницата ја следи и претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски.

Господинот Тито Петковски бараше збор поради реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, за тоа дали прашањето, дали членот 198 бил третиран во целата постапка на подготвувањето на законот, за мене релевантна информација е од претседателот, раководителот на Експертскиот тим господинот Беличанец. Тој кажа дека членот е вметнат во минута до 12 и поради тоа тој, во знак на протест го напуштил Експертскиот тим. За мене тоа е релевантна информација.

По однос на второто дали е квалитетно решението што е спомнато само во преодните и завршните одредби, нека важи и правилото колку правници, толку мислења. Меѓутоа, се она што не е речено во нормативниот дел во законот, во содржината на законот, нема место во преодните одредби, ако не третира прашање што било загатнато или проблем на третирање на прописи, закони што се укинуваат со овој закон. Тоа го учат сите правници на Правниот факултет.

Трето, граѓанската иницијатива, или како што рече министерот пара институциите, пара Универзитетот, точно е тоа дека настана за времето на Владата на СДСМ. Меѓутоа, за тој период настанаа и се открија и пара војски, пара полиции. Значи ли тоа, според оваа логика на легализација на пара Универзитетот, дека ќе дојде и до легализација на паравојската, на пара полицијата и т.н. на пара држава? Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор побара господинот Гале Галев, министер за образование.

**ГАЈТЕ ГАЛЕВ:**

Ова не е реплика, меѓутоа должен сум, заради претседателот на Комисијата, господинот Беличанец да кажам, тој демонстративно не ја напуштил Комисијата. Тоа е, незнам од каде се ваквите информации.

Комисијата ја заврши својата работа од првиот до последниот ден господинот Беличанец, бил претседател и ја водел Комисијата. Господинот Беличанец, за волја на вистината морам да кажам, беше на комисиските расправи на Владата, значи не напуштил, господинот Беличанец беше на расправите на двата Универзитета и на трибината што ја организираа студентите. Оттука нема никакво демонстративно напуштање.

Има нешто друго. Јас тоа го објаснив, но дали сега не се сака да се прими ова што го кажав или што е, незнам. Тоа е следното:

Текстот на законот кој стигна до Владата беше без членот 198. Од каде сега бегање на господинот Беличанец од Комисијата? Тоа е тоа. Ниту пак Универзитетите можеле да расправаат за тоа, затоа што во таа фаза таков член немаше во законот.

Јас зборував дека прашањето за решавање на последиците што се произлезени од работењето на пара Универзитетот во Тетово, од првиот момент кога јас дојдов како министер до последниот момент беше присутно. Не на Комисијата. Еве, да не ја доведеме македонската јавност во заблуда. Затоа што Комисијата ова прашање не го уредуваше во законот. И што има сега тука спорно. Нема ништо спорно.

Значи, треба некои работи да ни бидат сосема јасни.

(Со седницата продолжи да раководи господин Саво Климовски, претседател на Собранието).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема ништо спорно господине министер, еве и господинот Тито Петковски вели нема спорно. Одиме понатаму.

Збор има господинот пратеник Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, обемна е

елаборацијата на овој предлог на закон и дојдовме до некои основни елементарни аргументации, битни за самиот почеток да ги констатираме и да утврдиме една состојба.

Законот, третиран како уредба што го уредува, организирањето на високото образование, од основање високо образовни институции, нивно постојно опстојување, нивното организирање, работа и т.н., студентите во целиот тој комплекс и т.н. и од меѓународните и од домашните фактори кои го третирале, го ценеле овој Предлог - закон е поздравен и оценет како закон кој ги носи карактеристиките на закон што го следи европскиот тренд.

Понатаму, со квалитетите на усогласеност со Уставот, аспектот на автономност на високо образовните установи, можноста за постоење, покрај државните или како сега се нарекуваат јавни високо образовни установи, можност и за приватни, внесување систем на акредитација и евалуација, начин на кој се предвидува внатрешната организација на високо образовните установи, признавање на дипломи стекнати надвор од земјата и т.н., се оценети како високо квалитетни и кои одат во чекор со највисоките европски и светски стандарди.

Токму за тие работи, како што кажаа и претходните говорници, малку стана збор. Јас да констатирам, можеби малку стана збор, бидејќи е точно така. Сето тоа е дадено, скоро беспрекорно, споредено со високите европски стандарди и пошироко.

Овде најмногу се дискутираше за нешто што можеби е точно, како што беше претходно речено, не е предмет за дискусија и не е предмет на уредување со овој закон. Меѓутоа и во оваа прилика некои прашања можеби е неминовно да бидат апсолвирани, дискутирани, дебатирани и во оваа прилика.

Имено, се е во ред сем неколку членови, како членот 95, како членовите што го уредуваат статусот на Фондот за високо образование и најмногу оспоруваниот член 198. И јас да си земам за право, ценејќи дека е нај целисходно, можеби токму да го искажам моето мислење по овие проблематики што ги третираат овие членови и во тој контекст би го кажал следново: Членот 95 зборува за употребата на јазиците, односно употреба на јазиците за изведување на наставата.

Овде е дадено за право во овој член, во приватните високо образовни установи да може да се користат јазиците на малцинствата, на националностите. Со таа обврска што задолжителен бил наставниот предмет по македонски јазик и уште два други наставки предмети да бидат изведувани на македонски наставен јазик. За некои многу, за некои премалку. Токму од тој аспект, така гледано би кажал дека ова што е понудено со овој закон е идеалната средина, би рекол или можност што ги задоволува и едните стремежи за оптимална застапеност и дадена можност за употреба на малцинските јазици и другите стремежи што не би дозволиле никако употреба на јазиците на малцинствата во високо образовните установи.

Го имав тоа задоволство да го слушам министерот. Првата можност беше во Комисијата за образование и наука, втората неговото експозе кога дојде точката на дневен ред и денеска го слушав. Не би си зел храброст да помислам дека подобро од него ќе ги протолкувам работите и ќе ги објаснам. Меѓутоа не станав со таа амбиција да зборувам, туку станав со желба да не бидам еден од гласачите кои ќе го гласаат овој закон и понатаму, како што често бидува, да бидеме третирани како верна гласачка машина. Станав да кажам зошто го поддржувам овој закон и сите овие членови што се спорни, за, гласајќи за овој закон, стекнав убедување и моите пријатели и мојот електорат и пратениците во оваа сала пошироко дека со чиста свест и убеденост ќе гласам за овој закон.

Членот 198 е најмногу елабориран и оспоруван овде. Жал ми е што порано не зедов збор, меѓутоа не е доцна и сега да кажам.

Овој член најмногу го третира проблемот на оние студенти или како сакате наречете ги, кои во изминативе шест години посетувале настава, како што во овој закон е користен терминот, на една граѓанска иницијатива што се занимава со високо образование. Како што слушнавме од некои пратеници 10 илјади досега студенти на тој Универзитет во Тетово.

Ако една од основните премиси на овој закон беше, точно со овој член 198, интеграција, овозможување на интегративни процеси на сите граѓани, вклучувајќи ги тука и претставниците на малцинствата, понатаму интеграција на оние кои ја посетувале наставата на тој Универзитет, тоа за мене е толку разбирливо, бидејќи тие, колку и да се на број, не мора да се 10 илјади луѓе, од овие или оние причини се одлучиле своето високо образование да го стекнат на тој Универзитет, таканаречен

или легален или нелегален. Факт е дека од својот живот потрошиле шест или четири или три, сеедно колку години, вложиле труд, вложиле и средства, се подразбира што се вложиле.

Денеска, носејќи го овој закон за високо образование, би биле не одговорни со овој закон да не ја третираме нивната судбина. Бидејќи ако се каже колку е важен овој закон, колку е значаен, колку е потребен консензус, колку е потребна добра волја и позитивна енергија на сите нас да го прифатиме овој закон, како решение што ќе донесе добро, само добро и никако лошо во иднина, како можеме да не ја респектираме и со овој закон третираме судбината на тие голем број луѓе?

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа е факт, ние едноставно не можеме да кажеме кој ви е крив, сами сте одлучиле со сето сознание дека тој не е легален Универзитет, не постои фактички во правниот систем на оваа држава и сами сте криви. Со тоа секако би направиле еден контра интегративен потег. Ако имаме цел за општа интеграција на оваа држава, не можеме да останеме инфериорни кон судбината на тие луѓе. Токму овој член оди во тој прилог. Во прилог на добра волја за интеграција на тие луѓе. Што има тука лошо? Ако е факт дека тој Универзитет е нелегален дека се сомневаме во стручноста, во квалитетот на наставата, во критериумите при испитувањето и т.н, затоа со овој член е предвидено тие луѓе кои ценат за себе дека стекнале знаење, да побараат процена на нивните знаења, но со овој закон адекватните високо образовни установи. Со тоа и нивната судбина нема да биде така оставена и препуштени сами на нив, некоја одговорност презема и државата и овој Парламент и министерот и Комисијата што работела на овој закон.

Од друга страна е заштитен во голема мерка и правниот систем на оваа држава. Заштитен е интегритетот на постојните високо образовни установи, бидејќи се вели дека тие можат да ги проверат своите знаења во високо образовните установи во согласност со овој закон.

Беше споменато ако тоа се стори тогаш ние можеме да имаме појави на нај различни пара организации, од образовни до незнам какви. Се прави превид дека и министерот рече, јас жалам што морам да повторам, со овој член јасно е кажано дека имаме рок дадено, со кој сите овие луѓе можат да побараат преиспитување, процена на нивните знаења. Тоа е 12 декември 2001 година. Значи, не само оттогаш натаму, туку од моментот на донесување, па и од овој момент, од моментот на донесување на овој закон, нема ниту мала, ниту било каква оправданост, нема ниту било какво организирање и појава на проблем од ваков тип, бидејќи досега факт е не постоеше закон за високо образование. Постоеше нешто друго и постоеше и таа граѓанска иницијатива, но сега работиме точно на донесување на овој закон и овој закон ќе биде донесен.

Од моментот на донесување на овој закон понатаму никакво слично дејствие, никаква слична активност од овој тип не може да има оправдување и никој не би очекувал ваков третман каков што добиваат овие луѓе кои поминале две три или четири години во т.н., тетовски Универзитет или пара Универзитет.

Значи, јас по една строга линија на логичност, меѓутоа не математичка само, би рекол и емотивна и човечка логичност наоѓам сосема доволно оправдување и целисходност на постоење на овој член, бидејќи тие се луѓе, тие се деца од некого, наши деца, деца на оваа држава. Тие се граѓани на оваа држава и не можеме нивната судбина туку така да ја препуштиме на самите нив и да им речеме едноставно згрешивте, сега што сакате правете. Мораме со нешто да предвидиме, а токму ова е моментот. Ако кажам третирањето на овој проблем не би смеело да најде место во преодните и завршните одредби, јас сметам дека токму сега, како голем чин, сите велиме долго време бевме без овој закон, сега го носиме овој закон и треба да постигнеме поширок консензус. Токму затоа сега и овде му е местото на третманот на овие луѓе.

Од тие причини јас наоѓам сосем доволно оправдување за постоење на овој член како впрочем што наоѓам оправдана целисходност, логичност, аргументираност и не пресушна потреба овој закон, што побрзо да го донесеме, да го усвоиме.

Тоа би значело регулирање на една многу важна област од живеењето на оваа наша земја и на сите граѓани на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Рубенс Наумовски, за учество на расправата.

Збор има г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, пратеници

почитуван, г-дине министер Гале Галев и член на Владата на Република Македонија. Предлогот на Законот за високото образование и понудените решенија не е темелен, ниту врз Уставот, ниту врз основа на мултиетничката карта на Република Македонија. Јас нема да гласам за Закон кој не нуди никакви решенија ни право за високото образование на Албанците во Република Македонија. Законот вака како што е концепиран има 90 страници и 200 члена, а нема ниту еден член почнувајќи од еден до 200 што го регулира ова прашање и нема ниту еден лист од 1 до 90 што расправа за образование на Албанците и другите што во Република Македонија ги има. Доколку во член 95 се спомнува вие треба јавно да им кажете и на пратениците и на пошироката јавност дека ја враќате Педагошката академија формирана 1947 година, за да потоа биде прекината 1987 година, само за разлика од онаа тогашна денешната, се предлага да биде во вид на денешните паралелки од 80-тите години има во интензитет.

Овој закон на прагот на 21 век, кога сите ние гледаме кон иднината, кога сите ние како и другите сиромашни луѓе, и сиромашни народи на Балканот вклучувајќи го и Македонскиот народ, таа сиромаштија сакаме да ја надополниме со ум. Како може тоа да се постигне кога конкретниот Предлог Закон за високо образование, не една третина, да го земеме официјалното 23% од популацијата албански припадници во Република Македонија, такво нешто не им се овозможува. И што е нај трагичното господата воопшто не сакаат ни да слушнат, ни да кажат можностите кои се ова прашање во наредна и во перспектива да се регулира, вакво игнорирање во потполн израз на зборот може да се слушне и да се види само во ова Собрание и во оваа наша средина.

Овој закон така е концепиран само на еден јазик. Концепиран за само еден народ и Предлог Законот за високо образование концепиран само за една држава. Воопшто не ја отсликува вистинската карта на Република Македонија, а таа е мултиетничка. Не само оваа денешнава туку и онаа што е прадедовска.

Овие решенија - еден јазик еден народ, една држава се донесуваат во време кога за Македонија и воопшто нејзината политика се синоним на една политика македонска наречена фебрилност и тоа во еден вид зголемена, за жал многу голема температура меѓу етничка. Тоа може во моментот, не сум во состојба тоа ни да го гледаме, а не сме ни свесни кои би можеле да бидат и последиците. Сигурен сум дека не сум во состојба да предвидувам за нештата кои можеби ќе попримат и исход на дестабилизација и тоа во поширок обем.

Со Предлог Законот за високо образование, за жал на тетовскиот Универзитет не само што му се става клуч туку одредени лидери, на телевизија дека ќе бидат во состојба наводно тоа жариште на кризи и во состојба да го демонтираат. Ако не се лажам тоа беше пред еден месец и дека ќе претходат такви мерки за да згасне како по нив наречено гнездо на нестабилност и што не друго.

Не само што се сака да му се стави клуч, ни малку свесен предлагачот во Предлог Законот за високо образование и не му посветил макар мало внимание.

По нив, почнувајќи од 24 доктори на науки, кои придонесоа тој закон како таков во завршна фаза да биде презентиран пред се собраниска дебата, доколку Албанците и сите други кои тука со овој закон не нашле место ќе мораат да се пријават, или пак така не ќе мора да се пријават, туку така не третира законот, емигранти и дека се тие една историска фатаморгана, која што побрзо ќе треба да го напушти овој простор.

Јас реков дека овој закон жалам што морам да кажам е еден вид напишан ферман од 24 доктори на науки од кои има и практичар не сакам да ги спомнувам имињата, но верувам дека овие се токму луѓе со голем потенцијал и човечки ум во доменот на образованието. За среќа од овие мудратори, проектанти кои денеска се обидуваат да ни начитат закон сме слушале се и сешто и порано и од нив, навистина може би незнаат каде и во која држава живеат, но не знаејќи ја мултиетничката карта на Република Македонија, јас да ве потсетам ние сме сите во Република Македонија од памтивека, немаме ни румунско, ни хашкалишко потекло. Работата е во тоа што господата креатори на Предлог Законот за високо образование токму така речено во апсолутен унисон, се со една значително високо образовна институција МАНУ. Тие се во унисон и со двата Универзитетски сенатори. Тоа на Скопскиот и на Битолскиот Универзитет.

Меѓутоа, така хармонизирани и со политичка партија ВМРО, ДА и ДПА, претставници Македонци, заговорници на Македонската политичка инвестиција.

Господа челници на овие партии ги разбирам дека немаат друг избор освен она што го реков, затоа што се принудени да го

прифатат Законот за високо образование, затоа што се тие болешливи луѓе, типови кои што патат од една болест викана клептоманија. Таа лек нема, освен зад решетките. Во конкретниот случај го прифатиле Предлог Законот за високото образование, единствено да се спасат од зинданата. Тие господа се принудени да го прифатат таквиот закон, затоа што клептоманијата поприма во димензии и тоа во метастаза, тие се во паника ги фатила клептофобија, дури спијат со панцери и со многубројна стража околу себе, не се мирни, а воопшто не им смета и поради тоа што се претставници на тој народ сега се борат да си ја бранат сопствена глава и сопствената кожа, а за народот воопшто не им е гајле. Но, нека бидат сигурни дека народната казна ќе ги стигне било каде да се.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Господине претседателе, дами и господа пратеници, потребата за нов Закон за високото образование постои од поодамна. Во процедура е од 1992 година, па потоа имавме расправа во Собранието во 1995 година. Толку колку што ме држи помнењето имавме расправа и имавме дискусии за разлика од таа расправа, тогаш не само партиската позиција во Собранието и во Владата на РМ, туку и опозицијата ДПА се солидаризира со нас и таквиот закон беше повлечен од понатамошна собраниска процедура, само поради тоа што албанскиот јазик не беше предвиден во ниту една државна високо образовна институција.

Тој предлог Закон за високо образование и во нијанси е подобар од овој денешниот предложен. Тоа можат да го видат господата во член 9 и член 95. Тогаш пратениците Албанци било од која партија не го прифативме, заради тоа што тој не го регулираше високото образование на Албанците. Тогаш законот се повлече од понатамошна процедура и тога со полн партиски консензус. Причината за не усвојување на тој закон токму беше употребата на јазикот во државните високо образовни установи. Таа верзија како и оваа понудената нова верзија на Предлог Законот за високо образование, не ја уредува употребата на албанскиот јазик во државните Универзитети, како и на другите националности што ги има во РМ. Албанците овој закон не го поддржуваат. Истовремено, тие нема да се откажат од она што е стекнато право воедно нема да се откажат и од она што е природно и уставно право, значи право на Албанците за образование на мајчин јазик на сите нивоа финансирани од државата и од државни установи. Албанците во РМ се дел од граѓаните на оваа држава и имаат право да имаат Универзитет на свој јазик, а имајќи го предвид горкото искуство на државната администрација, која повеќе од 50 години никакво внимание не им посвети и отвори за себе два Универзитети, повеќе факултети во Струмица, Прилеп, Штип и втор Универзитет во Битола. Албанците имаа право на 17 декември 1994 година кога го основаа тетовскиот Универзитет, само како одговор дека државната администрација повеќе од 50 години ги стави во маргините на образованието. Доколку не бидам сфатен погрешно, господо пратеници, тетовскиот Универзитет е токму интерес на РМ, токму е во интерес на граѓаните на РМ. Јас овој проблем повеќе така го сфаќам отколку изнесените мислења од двата универзитетски сенати, изнесеното од МАНУ и тврдиот став на предлагачот, односно Владата на РМ.

Несакам да се повторам, но во РМ да се има два Универзитета и тоа со 28 факултети, па потоа наставна насока и применета насока одделно секој од овие Универзитети, катедри и групи, тие се 183 со настава на македонски јазик. Во склоп на тоа работат и 12 институти, две виши школи и т.н., преку 5 илјади вработени во овие високо образовни институции. Имајте ја во предвид оваа маса на високо образовни институции, не се многу, но, не се имало воопшто сенс да се отвори барем во Тетово кое е дупло досега од Битола, па да не зборувам од други градови што во РМ ги има. Сите овие институции се финансираат од Буџетот на РМ, преку Министерството за образование и дел секако од средствата се обезбедуваат и од студентите.

Прашувам, господине министер, дали Албанците во оваа држава ги плаќаат сите придонеси. Вие на одговорот на господинот Петковски пред малку се обидовте да одговорите на ова прашање, а јас тоа го поставив, а не господинот Петковски, дали Албанците ги плаќаат сите придонеси, сите обврски спрема државата, вклучувајќи го и образованието во сите степени. Мене одговорот ми е познат, плаќаме. И тоа дека е точно дека плаќаат во денешно време на прагот на 21-от век, за кого плаќаат Албанците, за 183-те високо образовни институции во РМ и тоа на

македонски јазик без ниту една од нив да нема на албански наставен јазик. И тоа да напоменам Педагошкиот факултет со две групи: наставна насока и пред школското образование и катедра од 50 или семинар, така се вика на албанска литература при Филолошкиот факултет во Скопје. Имам горко искуство господа пратеници, да ви напоменам, на двата Скопски Универзитети некои податоци што ги имам, а тие податоци се статистички податоци и изворни податоци кога Скопје беше центар и за дел од Косово кога таму немаше уште заснован Универзитет и за дел од Албанците од Јужна Србија, Медвеѓе, Бујановац, Прешево и дел од Албанци кои се и во денешна Црна Гора и имаат дипломирано само 433 студенти. За одделни факултети каде што ги имам земено овие податоци Македонци имаат дипломирано 23.583 до 1990 година. Не сакам да ве задржам и да ве убедам дека образовната политика во РМ била розова. Дали воопшто вие би се сложиле со овие бројчани показатели кога би биле на наша позиција, или пак како граѓани на РМ Албанци, дел од една таква голема популација да остане изолирана, да остане во маргините на образованието, дел од таа голема популација сограѓани на РМ да не се образуваат. Кој може тоа да го трпи и да се излезе тука. И членот на Комисијата од албанска припадност површно да каже за наводно некој политички консензус е примен, ако не бил тој под диктат на тие клептомани. И не стана ни претседателот на Комисијата за образование да каже барем два, три збора во кој член таа проблематика се регулира. А јас ќе одам за разлика од нив член по член и ќе ги читам за да на јавноста тоа и биде достапно, а не само да и се удира фасада како тоа ќе изгледа кога повеќето Албанци овој закон нема да го прифатат. Државната администрација воопшто не водела грижа барем да го поставеше ова прашање еднаш на дневен ред, со што оваа популација застанува зад Македонците. Зошто барем еднаш таа проблематика не се постави.

Предлог Законот за високо образование е спротивен со Уставот на РМ. Законските решенија се базирани врз политичката волја на коалиционите партнери во денешната власт и така создадоа закон, кој пред нас е во собраниска процедура, кој што е пред нас, кој ќе ја дискриминира и тоа правно образовната положба на Албанците во РМ. Јас ќе се обидам да објаснам. Предлагачите со последната верзија на Законот за високо образование не ни го оставаат тој впечаток во голем дел од покренатите прашања. И самиот министер што се обиде тука да ни објасни и првиот ден и денеска, не само што не ни даде впечаток дека од покренатите прашања во преодни и во завршни одредби, туку тоа се гледа само во негативен однос кој веќе утврдените и прифатените уставни решенија, а притоа не се даде доволно јасен одговор како понатаму државата треба да ја гарантира и унапредува заштитата на етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на националностите.

Во Предлог Законот за високо образование, дами и господа пратеници, присутна е намерата на рестриктивност и негативен пристап во толкувањето на Уставот на РМ и на меѓународните документи и примерите од оваа област наведени се и изнесувани само негативните примери во Европа. Ниту еден позитивен таков пример во Европа, во нашето опкружување и во соседството тоа не го рекоа со кој понатаму и во други земји воопшто не инсистираат, туку сакаат да останат пионери и да ги затворат по можност ако имаат и тоа патиштата за афирмација на овие права на националностите, каде што во европските и други земји од поодамна се решени. Господин помошник секретар се обиде да наведе некои европски конвенции, некои европски документи, некои европски договори, меѓутоа ништо не слушнавме барем да цитира еден таков документ, кој го регулира ова право. Законодавецот, односно 24 наречени доктори на науки во овие дела, сметам дека даваат погрешна насока и објаснување во евентуалната примена на такви искуства кај нас, или тие да бидат во принцип ориентација во решавањето на таквите проблеми, така ни нудат. Понудениот закон за високо образование не се потпира во Уставот на РМ.

Прво, член 8 став 2 и цитирам: "Во Република Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането". Член 8 став 2 од Уставот на РМ што сите го имаме, секој го има во ташна. Кој може да потврди Ортаковски или господинот Галев дека Уставот или пак некој закон што е во сила, било кој што не дозволува употреба на албанскиот јазик во државните институции.

Напротив, не само нашиот Устав, туку и меѓународното право инсистира да

им се овозможува образование на националностите и тоа на мајчин јазик во сите степени на образование, вклучувајќи го тука и универзитетското ниво.

Второ, како го толкувате член 40 од Уставот на РМ став 1 и 2 кој гласи: секој има право на образование, образованието е достапно за секого под еднакви услови. Ако е вака во законот, тогаш дозволете господа пратеници, овој член каде е преточен во Предлог Законот за високо образование? Дали сакате сите да не ставите во заблуда дека, што ќе им нудиме на овие господа, дел од Албанците ги имаме, аминџии тука, другите, па ќе ги напаѓаме на говорница дека прават заговор, дека се дел пратеници кои немаат мандат кај народот, кои воопшто и не можат да се појават во своите изборни единици и тие се веќе така притиснати што не знаат ни сами себе каде да се најдат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Овој член на Уставот, господине Гале Галев и господине Ортаковски, како најодговорни во моментов, сте требале да го знаете дека тука има уставно решение. Немало политичка волја, а уставно решение има.

Поставувам прашање до предлагачот, зошто оваа морална и политичка обврска, воедно и уставно решение, не сте го афирмирале и не сте го преточиле во посебен закон, прашувам и тоа во Предлог законот за високо образование. Со тоа ќе се постигнеше еднаквоста во примената на јазиците, вклучувајќи го тука Албанскиот јазик, во државните високо образовни институции и Универзитетот во Тетово ќе беше на иста скала, како што *се* двата други Универзитети во Република Македонија.

Господине министер и господине заменик министер, ќе направите голема грешка вие, па и останатите, кои сметаат дека постојниот Устав на РМ не ја дозволува употребата на Албанскиот јазик на државните Универзитети. Или јас не се разбирам според ова што го читам Уставот или Уставот го толкува секој по свој ќев и своја волја. И како го толкувате овој член на Уставот, ние Албанците да немаме право на државен Универзитет? Кое е вашето толкување на овој член од Уставот на РМ, сметајќи ги другите немакедонци во Република Македонија онолку колку што ги има, а од име на албанската популација, како една од најголемите, да немаат право да се школуваат на мајчиниот јазик.

Трето, членот 48 од Уставот на РМ - правото на образование на јазиците на националностите за високо образование не се гарантира, но исто така не е спорно и дека како право и не се забранува. Дека тоа е така, најасно зборува и укажува Предлог решението на овој закон со кој се гарантира едукација на наставници во пред школските и во основното образование на националностите. Тогашното толкување, со Уставот не се гарантира, но во Предлог законот за високо образование има решение и е регулирано како такво. Тука можеше да се најде политичко решение. Зошто не е најдено, мене ми е совршено јасно.

Четврто, треба да се има предвид и досегашните позитивни прописи со кои беа регулирани прашањата од образованието и правата на образование на националностите на мајчин јазик, немаше лимитирање по однос на степенот на образованието, што значи дека се работи за едно право кое и во поранешниот еднопартиски систем се признаваше, односно образование на сите националности. На пример, со Одлуката на АСНОМ од 1944 година и Уставот на РМ од 1974 година.

Меѓународното право што господинот Ортаковски се обиде да го објасни, инсистира на националностите да им се овозможи образование во сите степени. Ова е една од пречките што Собранието на РМ и пред неколку дена одби да ја ратификува претходно потпишаната Европска конвенција за регионалните и малцинските јазици. Не е точна констатацијата на предлагачите дека се констатирани меѓународните институции. Во Европската комисија за регионалните и малцинските јазици во член 8 став 1 точка (д) предвидува: "Земјите потписнички на оваа конвенција да им овозможат универзитетско образование, како и други видови високо образовни институции на малцински јазици".

Од аспект на меѓународните документи, предлог решенијата треба да бидат анализирани од аспект на решенијата што ги признава, усвојува и регулира Конвенцијата против дискриминација во образованието, донесена од ООН и тоа на 14.12.1960 година, а ратификувана од поранешна СФРЈ на 9 јануари 1963 година. Оваа конвенција е ратификувана, поточно кон

истата пристапила и Република Македонија со Одлука на Владата од 20 септември 1993 година.

Согласно цитираната конвенција, покрај другото се регулира и се дава дефиниција на поимот дискриминација, за кој покрај другото се вели дека истата постои ако се ограничува или се прави разлика во образованието спрема припадниците на различни националности или национални групи од аспект на јазик или национално потекло.

(Претседателот удира на ѕвончето со цел да создаде поголем ред во салата).

При фактот дека се работи за права - господине претседателе, ние бевме доста внимателни и слушавме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не ви ѕвонам вам господине Харуни, ѕвонам другите да ве слушаат. Инаку, здодевно им станало гледам некако.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас не слушнав досега дискусии која беше потпрена на меѓународните документи. Јас цитирам. Господата предлагачи нека фатат белешки, па нека го остварат тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Обрнувам внимание на пратениците да ве слушаат, не е проблемот до вас.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

При фактот дека се работи за право кое порано беше признато, основано се смета дека предлог решенијата не се во согласност и со меѓународниот пакт за граѓански и политички права, донесен од ООН од 16 декември 1966 година, а неговиот член 5 став 2, покрај другото вели: "Нема да се дозволи никакво ограничување или укинување на основните човекови права признати или кои се во сила во секоја држава договорничка од овој пакт, врз основа на закон, конвенција, пропис или обичај со одговор дека овој пакт не ги признава или ги признава во потесен обем".

Како што е познато и кон овој пакт нашата Република пристапила со посебна одлука на Владата на РМ, цитирана погоре, од 20 септември 1993 година.

Имајќи ги предвид и одредбите на Европската повелба на регионалните и малцинските јазици, господине Ортаковски, поточно одредбите од член 8 од оваа Повелба донесена во 1992 година во Стразбург, исто така се смета дека Предлог решенијата на Законот за високо образование не се во целина и во согласност со овие одредби што предлагачот ги предлага во Предлог законот за високо образование.

Со други зборови кажано, одредбите на споменатата Повелба треба да бидат инкорпорирани во решенијата на Предлогот на законот. Оваа Повелба се уште не е ратификувана, меѓутоа, нема дилеми дека за брзо време треба истата да биде ратификувана, односно да се пристапи кон истата. Дилемата не може да се објасни поинаку, отколку на брза рака Предлог закон за високо образование да се потисне во Собранието, патем што побрзо истиот да се донесе.

Пактот на ООН за граѓански и политички права од 1986 година, општата Декларација за човекови права од 1948 година член 26 став 1, Резолуцијата 217, Меѓународниот пакт за политички граѓански права, Резолуцијата 2200 точка (а) од 16 декември 1966 година член 27, Меѓународен договор за економски, социјални и културни права, Резолуција 2200 точка (а) од 16 декември 1966 година, член 13 став 1, Договор на УНЕСКО против дискриминација во воспитанието на 14 декември 1960 година, а стапил во сила на 22 мај 1962 година, Европски договор за заштита на човекови права и слободи, Резолуцијата на Европскиот совет од 4 септември 1950 година член 10 и 11. Потоа, Првиот протокол на Европскиот договор, Резолуција на Европскиот совет донесена во Париз на 20 мај 1952 година, член 2, Финалниот чин на Европската Конвенција за соработка и безбедност донесена во Хелсинки на 1 август 1985 година во I, IV, VII и VIII дел. Потоа, Европската карта на регионални и малцински јазици, Европски совет од 1963 година, сите овие податоци ги имам исцрпено од Вашата публикација, господине Ортаковски.

На мислење сум дека таа содржи еден фундаментален интерес за Република Македонија, за посебно Албанците во Република Македонија и да ја интегрираат својата перспектива во оваа држава. Од наведените документи цитирани едно по друго, во Предлог Законот за високо образование не видов дека еден таков позитивен пример е инкорпориран во законот.

Собранието на Република Македонија, дами и господа пратеници, треба да покаже не само политичка волја за решавање на овој мошне акутен проблем, туку и голема мудрост треба да покаже и да се издигне од она џуџесто однесување.

Во понудениот Предлог Закон за високо образование на албанската јавност, односно на македонската јавност и пошироко, што моментално молчи, сакам да им објаснам некои од членовите на овој закон, какви решенија се нудат.

Прв оддел, акредитација, Одбор за акредитација, член 24, кој го има на страница 12 од текстот. Цитирам:

"Акредитацијата ја врши Одборот за акредитација на високото образование, чие седиште е во Скопје.

Одборот за акредитација е самостојно тело.

Состав и избор на Одбор за акредитација.

Член 25.

Одборот за акредитација е составен од 15 членови и тоа: 8 од редот на професорите избрани од Интер - Универзитетската конференција на Универзитетите во Македонија, сразмерно на бројот на факултетите, високите стручни школи и научни установи кои согласно овој закон вршат високо образовна дејност за постдипломски и докторски студии во состав на Универзитетот, 2 члена од Македонската академија на науките и уметностите и 5 члена именувани од Владата на Република Македонија од редот на професорите и лица избрани од научни звања.

Членовите од став 1 на овој член ги избира Интер - универзитетската конференција и МАНУ со тајно гласање.

Членовите на Одборот за акредитација се избираат за време од 4 години.

Едно лице не може да биде избрано повеќе од дава пати едноподруго.

Членовите на Одборот за акредитација се независни и самостојни во својата работа и не можат да бидат отповикани пред истекот на времето за кое се избрани.

Членовите од став 1 на овој член се избираат пропорционално на бројот на факултетите, уметнички академии и високите стручни школи од општествени, технички, биолошки, медицински и природно - математички науки и од областа на уметностите.

Конститутивна седница на Одборот за акредитација свикува министерот надлежен за работите на високото образование.

Одборот за акредитација од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува Одборот за акредитација."

Дами и господа пратеници, дозволете да ја изразам уште во старт заблудата што одредени мои колеги ја имаат во врска со ова прашање.

Одборот за акредитација составен од 15 члена и тоа 8 универзитетски професори (реакција од некои пратеници) - така е во законот господине Алириза Лога. Повторно можам да ти кажам - смеј се, бидејќи за жал, излезе и ни држеше еден политички говор тука, а твојата дискусија не ја сврте кон она што е Предлог на Закон за високо образование. Жалам што и понатаму инсистираш да бидеш бос. Босоного, жалам.

Тие 8 универзитетски професори, заедно со Сенатот на двата Универзитети во Скопје и студентите заедно со нив, другите два члена од Академијата на науките и уметностите на Република Македонија и 5 члена од редовите на Владата на Република Македонија. Дали може да очекуваме дека овој Одбор за акредитација утре ќе расправа за некоја приватна високо образовна институција. Жалам што уште однапред таа заблуда господа пратеници треба да ја симнете од дневен ред. Тој одбор ќе биде не само професионална, туку и политичка грешка, затоа што тие така се изјаснија за развојот на образованието на албански јазик, особено знаејќи уште во стартот за нивниот негативен став кон ова решение. Ако некој уште негува илузии во конкретниот случај дека некои од Владата кои би биле паднати од Марс или пак некои други претставници на МАНУ, исто така паднати од Марс и универзитетските професори, дека ќе бидат вон и ќе имаат политичко решение за проблемот за основање високо образовна институција. Жалам што универзитетските сенатори од редот на двата Универзитети, искажаа негативен став кон ова прашање без да имаат одговор за тоа како мислат да го реализираат уставното решение и правото на националностите за гаранција и заштита на јазичниот и

културниот идентитет во Република Македонија.

Второ, МАНУ исто така вресна за да покаже дека таа постои во Република Македонија, образованието на Албанците во високо образовни институции на свој мајчин јазик ги стави во магарешка клупа, правата на малцинствата во Република Македонија да се образуваат на свој мајчин јазик таа воопшто не сака ни да ги слушне.

Трето, Владата предлага закон кој му става клуч на тетовскиот Универзитет, за нив тој воопшто не постои.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Како граѓанин на РМ, пратеник, како Албанец заинтересиран сум за тоа каков е пристапот, мислењето и стојалиштето на сенаторите, на членовите на МАНУ и на Владата за образование на националностите. Ова не само од гледиштето на обемот и потребите за заштита и унапредување на образованието, туку и правата на најголемата националност албанска, во земјата. Сведоци сме дека од решавањето на овие проблеми зависи интегритетот, стабилноста, мирот и напредокот на Македонската држава, како мултикултурна заедница и отварање можности за позитивен одговор и договор во државата, за овие прашања во сегашниот степен на развој на општеството и демократијата. Ниту еден граѓанин, од тука не може да остане рамнодушен, да не размислува за овие проблеми, до колку е малку патриот.

Тоа што го реков уште на почетокот, решавањето на овој проблем е првенствено интерес на РМ, интерес и на Македонската држава, па со право можам да изнесам и со голема одговорност да кажам овде пред јавноста дека од универзитетските професори, на двата Универзитети во РМ, од членовите на МАНУ и од она што Владата ги предлага Предлог Закон за високо образование и од другите влади, сме читале и сме се наслушале се и сешто. Тие навистина, можеби не знаат каде и во која држава живеат.

Поаѓам од претпоставката дека е доволно јасен и прецизен нивниот јазик, уперен против тетовскиот Универзитет и албанскиот јазик во државни високо образовни институции. Сите овие институции на високото образование се во апсолутен унисон со политичките партии и коалиционите партнери во РМ. Јас мислам дека токму, т.н. "туто – комплето", луѓе екстремисти од овие редови. Ние Албанците сме читале и сме се наслушале се и сешто, не само од нив и на нив слични дефиниции, туку и од други претставници Македонци, заговорници на македонската јуриздикција. Тетовскиот Универзитет по нив не само што не постои, туку и ние Албанците, Турците и другите националности, од нив сме топтан емигранти, кои треба да брзо да го напуштиме овој простор, бидејќи така сме прифатени, како една историска фатаморгана.

Јавна високо образовна институција се основа со закон и тоа од Собранието на РМ . Додека приватна високо образовна институција се основа од страна на физичко лице, или од правно лице во земјата и во странство, во согласност со условите предвидени со член 37 од овој закон. Ако е ова што веќе е преточено во Предлог Законот за високо образование, нема надеж господа и не гаите илузии за решавање на тој проблем.

Член 37 - Посебни услови за основање на приватна високо образовна институција.

Покрај условите утврдени во член 35 и 36 од овој Закон за основање на високо образовна установа, "основачот треба да приложи квалитетна финансиска гаранција дека ќе биде во состојба да ги надомести средствата кои студентите ги уплатиле во високо образовната установа, која престанала со работа и други трошоци кои ќе ги имаат студентите заради префрлување на студии на иста или слична високо образовна установа во земјата".

Процедурата за основање на нови високо образовни институции е толку комплицирана, поради што на законодавецот му е јасно дека тоа прашање Македонците го имаат решено со двата Универзитети, скопскиот и битолскиот Универзитет.

По нас, тие воопшто не воделе, не само по оваа прилика туку никогаш, грижа, па џабе е исчекување и сега да се очекува дека со овој Предлог закон, ќе има некакво решение. Евентуално доколку тоа барање го поставува било која националност, да формира нов приватен Универзитет, нема шанси. Тоа нека му биде на секому јасно, За јавна високо образовна институција од одборот за акредитација се бара само мислење. Додека за основање на приватна високо образовна институција се бара согласност, па потоа следи актот за основање, регулирање со член 43 од овој Предлог Закон за високо образование. Реков дека тоа треба да му биде на секого совршено јасно. Условите за приватна високо

образовна институција се далеку поригорозни, во однос на државните високо образовни институции.

Во Предлог Законот за високо образование приватните високо образовни установи, односно Универзитети тешко може да се основаат, но многу лесно може да се затворат и тоа поради стечајната постапка што го регулира член 56 од Предлог Законот за високо образование и по предлог на Одборот за акредитација, за која Министерството донесува решение, врз која основа Универзитетот се брише од судскиот регистар што се регулира со член 57.

(Реакции во салата поради должината на излагањето на г-динот).

Г-да јас не сум виновен што Предлог законот има 90 стр., има 200 члена.

Јас не излегов да купувам време тука или пак од џеп да нудам некои паушални политички решенија.

Условите за избор на наставно - научниот кадар се многу поригорозни од досегашните, а ова води на штета на сите тие кои треба да бидат избрани според предложениот закон. Ова ќе биде пречка плус за новите високо образовни установи, додека постојните кадри кои веќе се избрани и работат без да бидат подложни на нов избор, според новиот Предлог закон, нема да се ушалтуваат во таа високо образовна установа.

Дополнителна пречка претставува и тенденциозниот став на законодавецот, кој условува кои дипломи односно квалификации добиени во странство, можат да бидат признаени, бидејќи се повикува на многу тешки услови, како на пр. општата компатибилност на образовниот систем.

Посебно е штетно барањето за статусот на странската високо образовна институција, односно за тоа дали таа е овластена во својата земја, од компетентните органи да дава признаени дипломи, како и условот за тоа дали се признаени во нејзината земја дипломите и сведителствата.

На секој добар познавач на ова прашање му е совршено јасно, нострификации на факултетските дипломи нема шанси да се добие.

Член 95 - Јазици на кои треба да се изведува наставата, вели: "Наставата на високо образовните установи се изведува на македонски јазик. Има ли друго објаснување тука. Дали тука може да се гледа друго решение за употреба на албанскиот јазик во високо образовните установи. Министерот е тука, неговиот заменик е тука, претседателот на Комисијата за образование е тука, тука е Замир Дика, нека го протолкува овој закон.

Понатаму, "наставата на јавните педагошки високо образовни установи за образување на воспитачи за предучилишно воспитание и за наставници за основното образование, како и по дидактичко методските предмети за наставници за средно образование, може да се одвива и на јазиците на припадниците на националностите".

Кој е тој паметен што тоа сака да го преточи како политичка волја, дека, еве има можност проблемот за високо образование на Албанците да се решава. Ова е она што г-дата се во илузии. На нас ни се враќа Педагошката академија од 1987 год, прекината од иста Влада, од г-динот што води седница на собранието на РМ, г-динот Саво Климовски.

Значи и сега истите решенија за решавање на овој многу значаен проблем ни нудат кукларство, ни нудат нешто што во секој момент и во секое време да им стават клуч, затоа што тој Педагошки факултет е член на Универзитет "Свети Кирил и Методиј" - Скопје и таму Цуцуловски ќе ти дава можност ти да имаш потполна автономија. Немојте да гаите илузии господа. Ова е законот и читање на член 95.

Понатаму "наставата по дидактичко - методичките предмети, по став 2 на овој член се изведува во дидактичко - методички центар, организиран како организациона единица на Педагошкиот факултет "Климент Охридски" - Скопје. Таков е законот. Сега како го читате вие, тоа е ваше.

Одиме понатаму, на истиот член. Г-дине Фејзула Шабани ти си заменик министер и седи. Ти си еден од потписниците на овој Предлог Закон за високо образование. Вратата не може да те прими. Ќе треба две крила да се отворат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Харуни јас водам ред тука.

Вие читајте таму што имате да прочитате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе ако сакате да водите ред, овозможете ми дискусијата да ја завршам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш немојте да ги прозивате луѓето.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

"Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на националностите, согласно став 2 од овој член, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата се изведува на македонски јазик и најмалку уште два предмети. Најмалку уште два други предмети, не е плафонот. Тоа може да оди до бескрај.

Понатаму "наставата на јавни високо образовни установи може да се изведува на еден од светските јазици". Колку сте широкограли г-да предлагачи и мислите грижа водите за оние што евентуално, од светот во овој наш Универзитетски центар во РМ, би изразиле желба за некоја интер - дисциплинарна студија или било што. За нив сте многу загрижени, а за албанската популација тука, малку морген. Ова е онаа чиста иронија.

Дали во член 95, кој го регулира јазикот во високо образовните институции има некој друг став, кој ова прашање го регулира.

Треба да се направи г-да разлика меѓу загарантираното образование на албански јазик, односно на националностите и еднакво право за образование на албански јазик на сите нивоа.

Во првиот случај Уставот ја задолжува државата да организира образование на албански јазик во основното и средното образование, без оглед на можностите на државата. Но за употребата на албанскиот јазик како наставен јазик во државните Универзитети, тоа е забрането јаболко. Тоа во никој случај не може. И тогаш ќе најдете за сходно да кажете дека македонската моќ е толкава, јорганот ни е толкав, кога се во прашање Албанците. Тука доаѓа во израз опортунитетот. Некој не точно го интерпретира член 48 од Уставот на РМ, каде се вели припадниците на националностите имаат право на образование на мајчин јазик во основното и средното образование, на начин определен со овој закон.

Во член 95, каде се определува јазикот на образовниот систем јасно се гледа дека се прави разлика во употребата на тој во високо образовните институции во државата.

Глава XIV - Преодни и завршни одредби, каде продолжувањето со работа на јавни високо образовни установи се предвидува и уредува со член 84.

Со влегувањето во сила на овој закон Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, се постојните факултети и виши школи во нивниот состав и јавните научни установи, кои вршат посдипломски студии запишани во регистарот на високо образовните установи во РМ.

Член 84 е ова што го цитирам. Тетовскиот Универзитет никаде не е спомнат и не станува збор. Еволуација и акредитација на студиските програми на високо образовните јавни установи, односно на јавните научни установи од став 1 на овој член, ќе се изврши во рок од 24 месеци од денот на влегување во сила на овој закон, односно 2 години. Дали предлагачот на законот ги имал во предвид сите овие рокови и зошто толку брзо нуди законско решение кога има време уште од 24 месеци.

За тетовскиот Универзитет во овие одредби не само што не се преточени воопшто не важат, зашто државата и натаму не само што не го признава, туку со него се сака, односно не сака ни да се слушне. Предлагачот на законот го прави тоа што во свое време Фрчковски се изјасни за тетовскиот Универзитет, дека тој е мртво дете. Денеска законодавецот, Владата на РМ, на чие чело е Љубчо Георгиевски му става клуч, со благослов на коалициониот партнер, албанскиот партиципиент во Владата ДПА, предводена од г-динот Џафери.

Предлагачот воопшто немал ни време да расправа за тетовскиот Универзитет. Тој е исто основан како и Битолскиот Универзитет "Св. Климент Охридски" 1979 година. Истите одредби од Законот за насочено образование, кој сеуште е на сила. Основањето на Битолскиот Универзитет 1979 година, исто така е покренато од трите собранија, Битола, Прилеп и Штип. Иста процедура е и при основање на тетовскиот Универзитет. Иницијатива за него покрај другото покренаа и трите собраниски општини, Дебар, Гостивар и Тетово.

Доколку членот 184 нема место за тетовскиот Универзитет, тогаш без предметен е и членот 198 кој гласи, цитирам, "Член 98 - Лицата кој согласно законот ги исполнуваат условите за запишување на дипломски студии, а посетувале настава до влегување на сила на овој Закон, надвор од јавни високо образовни установи во различни форми на граѓански иницијативи во Република Македонија, може согласно со одредбите на овој Закон и Статутот на високо образовна

институција", ова се однесува на тетовскиот Универзитет, слушајте ме внимателно "да ги продолжат своите студии на прва година по тие студии на соодветните високо образовни институции‟.

Ако некој дипломирал на Правниот факултет, треба допрва во прва година да му се јави на г-динот Саво Климовски и на другите професори кои предаваат на првите години од правните науки.

Одиме понатаму, да побараат плус тие што имаат дипломирано на тетовскиот Универзитет, проверка на своите знаења и да поднесат молба за тоа врз основа на покажаните резултати да запишат студии на соодветна година или врз основа на покажаните резултати од проверката на стекнатото знаење, да ги остварат другите свои права.

Одиме понатаму, член 198. Правата од став 1 на овој член се остваруваат на соодветните високо образовни установи, согласно со одредбите на овој закон и нивните акти за внатрешна евалуација. Тоа важи и за другите факултети што ги има 13 Универзитетот во Тетово, студентите повторно треба да се запишат во соодветните високо образовни институции во РМ и треба да полагаат и кој е образот тука на Албанците партиципиенти во Владата на РМ, на тие млади кадри и студенти. Ова преточено во Предлог Закон за високото образование, да не им се каже само тие јадни наседнале на ваши провокации. Тоа допрва ќе треба она нивно врескање да се слушне кога ќе седне пред Галев или пред Чокревски или некој друг или Тодор Пеливанов, да полага истиот предмет, што го има положено во Тетово.

Господине Билал Љутвиу, твое е да ме слушаш, не сакам да те предупредувам, не можам да бидам во твоја кожа, меѓутоа, не можам да бидам и демагог. Овие млади во Тетово што се на број од 8000 студенти, тоа да не им се каже. Ако има друга одредба по овој член станете и прочитајте го ова пред јавноста....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Харуни, не полемизирајте од тоа место, кажете го вашето мислење.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дозволи ми да завршам. Правата од став 1 од овој член се остваруваат на соодветните високо образовни установи, согласно со одредбите од овој закон и нивните акти за внатрешна еволуација. Овие права можат да се остварат по лично барање на студентот поднесено до соодветната високо образовна установа, најдоцна до 31.XII.2001 година. Значи, од сега уште година ипол тие евентуално дипломирани ќе треба да поднесат молба на соодветните факултети, па молбата да се прифати и потоа да почнат да полагаат и нивната еквиваленција да се цени.

Со овој член правната основа не е одредена ниту на законот, ниту во некој друг законски пропис и лесно може да дојде по кратко време да биде прогласена како неуставна, поради тоа што нема Македонец во Тетово што студира, нема ниту еден интелектуалец од нивната бранша таму, па ни самите професори на соодветните факултети тоа нема да го направат и нема да го дозволат, бидете сигурни, така ми рече министерот во една прилика дека не сака патетични дискусии. Јас навистина можеби сум патетичен, туку нека излезе тој, нека го потврди тоа поинаку. Дека ќе се најде некој од професорите на соодветните факултети, дека ќе ги прими тие студенти и удирајќи го по плеќите, "си положил" и ќе си заминеш.

Исто така тука прецизно е речено дека од тоа нека заборават ако евентуално покажат успех, диплома ќе примат од соодветните факултети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Тоа кажете го вие господа од ДПА на јавноста, за жал, Законот за високо образование, што беше во процедура се дичевме сите и едната пратеничка група и другата бевме во едно и не го прифативме законот, што ни го нудеше поранешната Влада. Да ти е жал во која ситуација и во која состојба сте падналe.

Во Предлог - Законот за високо образование тетовскиот Универзитет не е опфатен господа, и не гаите илузии, него не го признаваат предлагачите на законот и тој да биде во фамилијата на двата Универзитети во РМ. Го сметам за услов без кој речиси е неможна изградбата на свеста за целината на македонската мултиетничка реалност и тоа во еден милениумски долг временски период.

Господинот министер излезе надвор, тој ме следи преку некој монитор, само нека знае дека нема да заборавам, него ќе го повикам преку медиумите, за ова што тој демагошки истапува пред јавноста, дека евентуална еволуација на студентите по соодветни факултети ќе можат да полагаат. Нема разлика во нив, тие секогаш се едни кога е во прашање Албанецот, да Македонците се секогаш едно кога е во прашање албанското право. Го смета за услов без кој речиси е неможна изградбата на свеста за целината на македонската

мултиетничка реалност и тоа во еден милениумски долг, временски период.

За остварување на таа цел, нашата политика како и досега нема право да се соочи со бројни мистификации и присвојувања и тоа на прагот на XXI-от век. Таквите мистификации како што се направени досега, господа пратеници нека остане на историјата. Од таму примам задача нашата политика да ги ослободи сите нив под разни и различни туѓи наслојки за нив.

Едно епохално предупредување на бројните историски факти на изворен начин да ги гледа од нив нашето сопствено гледиште Македонија, мулти - јазично општество за нашиот опстој во историјата. Тоа е нашиот идентитет и тоа е наша гаранција во една демократска и мулти – заедница, каква што е Македонија. Законот тоа треба допрва да го оствари, но за жал, Предлог Законот за високо образование, тоа не го постигнал. Предлог Законот за високо образование, треба да биде темелна верификација на огромна маса, факти кои ќе ја откријат и претстават историската реалност на македонската мулти - национална цивилизација. Со овој закон мора да се оствари епохален, епистимолошки рез на вреднувањето и привредувањето на нашата долготрајна борба против не само големите и крвави зулуми вршени над нас Албанците, Македонците и другите, но, заради тоа да се сопре нашиот зулум и понатаму за опстанок токму во овој наш простор, туку и против сите видови сублимации на туѓинскиот дух, што се обидува не само однадвор, туку и во неа самата да не однароди и национално обезличи и понижи.

Програмираните зафати на високо образовните и научни институции на Универзитетот во Тетово, каде е концентриран најголемиот дел од творечкиот и интелектуалниот потенцијал од редот на Албанците се во функција на создавање нов идентитет на Универзитетот, атмосфера која ќе ја карактеризира значењето, толерантноста, слободата на мислата и развојот, демократијата, заемната комуникација и почит со другите два Универзитета во РМ. Тоа е целта на тетовскиот Универзитет и на самата албанска интелигенција во РМ. Тоа и беше целта на албанската интелигенција, кога него го основа на 17.XII.1994 година уверени со постоечкиот Закон за насочено образование од 1985 година "Службен весник на РМ" бр.16 од 1985 година, на кој се извршени повеќе измени и дополнувања "Службен весник на РМ" бр.29 од 1986 година, "Службен весник на РМ" бр.7 од 1988, "Службен весник на РМ" бр.18 од 1989 година, 29/89; 12/90; "Службен весник на РМ" бр.29/90 и "Службен весник на РМ" 11/91; 40/91 и "Службен весник на РМ" бр.14 од 1995 година.

Постојната законска регулатива на високото образование во голем дел не кореспондира со Уставот на РМ од 1996 година. Со новите промени на општествено - економскиот и политичкиот систем во земјава, но тоа важи и за другите два Универзитети во РМ и за Скопскиот и за Битолскиот Универзитет.

Се разбира никој денеска во РМ ни малку умен не може да биде против политиката за релаксација на меѓуетничките односи во целост, но тоа е едноставно недостапно само да се прокламира. За нас денес е многу битно како да дојдеме до тоа, како воопшто да живееме поинаку, како да живееме заедно, како да се ослободиме од историскиот баласт и глупости од нивната неподнослива диктатура.

Како да воспоставуваме во нашата држава законска легислатива која ќе ја изградува, а не разградува РМ. Како да создадеме поголема доверба и почит едни кон други, ако не пронајдеме една нова демократска семантика во комуникацијата во нашата држава етнички конфронтации се повеќе ќе се продлабочуваат и ако останеме како што сме останале досега во нашите атари господа, жалам но конфликтот ќе биде неизбежен. Ви благодарам. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Сејфедин Харуни.

Очигледно има полемика.

Полемика бараат ваши два – тројца од иста партија.

Полемика бара Абдулади Вејсели, најпрвин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дискутиравте денеска. Сега повторно се јавувате.

Јас ќе одам по ред. Господинот Биљал Љутвии, реплика.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Ви благодарам г. претседателе, чувствувам потреба, чисто заради вистината да објаснам пред јавноста, дека не е вистина тоа дека не сум учествувал во расправа во однос на законот што е пред нас во Комисијата за образование. Но, и да додадам дека се спротивставив на еден

дискутант кој сакаше да стане поголем Македонец од Македонецот. Во оваа прилика морам да им се спротивставам на Харуни, кој сака ептен да биде по албанец од Албанецот.

Харуни за мене е познат како еден илис, па затоа неговите тези и залагањата за Законот за високото образование, воопшто и за тетовскиот Универзитет, за судбината на студентите во Тетово, апсолутно не го сфаќам како чесно залагање, но како манипулација со јавноста воопшто и како манипулација со тие млади луѓе, кои учат и учеле на тетовскиот Универзитет.

Ние сме принудени да го прифатиме овој закон, но треба да се постави прашање од кого сме принудени?

Сме принудени токму од Сејфедин Харуни и неговата сорта, од причина што да им оневозможиме да манипулираат со јавноста и со студентите, со младите, оти беше речено овде од сите пратеници дека тие се наши луѓе и треба да се најде законско решение за тие млади луѓе.

Што се однесува до клептоманијата, за што зборувате вие, г. Харуни, сфатливо е оти вие добро го знаете не само на зборови, теоретски, туку и на дело го знаете. Ако сакате, еве примери. Жал ми е, но морам, не сум јас виновен за тоа што вие имате титула, еден д-р на наука, при запишување на студенти на Универзитетот во Тирана, многу мито сте зеле. Тоа е едно.

При запишување на вашето дете на Универзитетот во Скопје, наместо да платите три илјади денари, сте платиле триста денари и сте ја фалсификувале таа признаница и сте биле фатени.

Јас не можам да сфатам како еден пратеник се залага, Албанец, за тетовскиот Универзитет, кој пратеник во почетокот бил професор на тој Универзитет, а денеска тој не е. Тој бил истеран од тој Универзитет. А, за возврат, тој во суштина го негира тој Универзитет.

Конкретно, оти необјасниво беше овде, прашувам пред јавноста, каде учи детето на Сејфедин Харуни, дали син или ќерка не е толку битно.

Што се однесува до албанската интелегенција и те како, како луѓе водиме грижа, но за која интелегенција зборувате. За тие што се таму, вклучувајќи ги и студентите, се обидувам па и Владата и Министерството мнозинството овде да се најде чаре за тие луѓе. Но, за вас не е интелегенција професор д-р Муртезан Исмаили, Агни Дика, кој е научен соработник и кој беше примен како член за научното истражување во таа насока, во насока на техниката во САД. Ниту еден збор за вакшите работи.

Но, не ме зачудува ваквиот настап, оти ниту илирист, според социјологијата никогаш не може да биде интернационалист, не може да биде патриот и да внимава на сите. Колеги, без оглед Албанци или Македонци, еден илирист, ама баш никогаш не може да биде ни националист, ниту интернационалист.

За крај, "пјевај г-дине Харуни, пјевај", оти само на овој начин ти можеш да го вратиш долгот на Титовата тајна стипендија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Биљал Љутвии.

Г-динот Сејфедин Харуни бара реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, јас зборував за Предлог Законот за високо образование. Ако господата од ДПА побарав да објаснат во врска со Предлог Законот за високо образование, што е дел предложен и прифатен и од нивна страна, ако Сејфедин Харуни беше на дневен ред, во ред ќе беше ова што го кажува г-динот.

Но, точката на дневен ред е Закон за високо образование. Овој закон и овие членови што јас ги прочитав тука, нека изнесе г-динот, доколку не се така преточени во предлогот. Тогаш тоа држи да се расправа. Инаку, што друго би кажал во конкретниот случај.

Приватниот живот на секој е приватен и никој нема право да се меша, а најмалку Љутвију. Јас побарав да ми реплецира по Предлог Законот за високо образование и одредбите што се однесува за студенти од тетовскиот Универзитет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика повторно г-динот Љутвии.

**БИЉАЉ ЉУТВИИ:**

Апсолутно се согласувам дека на дневен ред имаме конкретна материја.

Но, ние сите сме сведоци колку стана досаден г-динот Харуни, во однос на тоа што блага врска нема во однос на Законот за високото образование. Јас би бил среќен и сите ние би биле среќни овде, доколку сите, ама баш сите пратеници овде би се задржале на Законот за високо образование. А, особено г-динот Сејфедин Харуни. Но, да употребуваш зборови "клептоманија" и слично, тоа е не сфатливо. Инаку, морам да се искажам, јас не го

отуѓувам правото тој да се залага за тетовскиот Универзитет. Оти ништо заедничко нема со тој Универзитет. Оти кога јас и други за тој Универзитет сме биле малтертирани од полицијата, тој мирно седел во овие клупи во Собранието, ама баш, баш мирно и не сфатливо е зошто тогаш, апсолутно не леел солзи за тој Универзитет, а денеска, со други зборови, односно логично следува дека Универзитетот ја злоупотребува и сака политички да придобива. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повторно за реплика г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас бев јасен. Клептомани, зошто г-динот Биљал Љутвии се препознава себе си, кога јас ни малку не мислев на него. Тоа е едно.

Друго, имаме Предлог на Закон за високо образование. Нека г-динот тука реплицира врз основ ана мојата дискусија, по сите оние спорни членови што ги има во Предлогот на Законот за високо образовани.

Инаку, кога тој е во состојба на правото, на Предлог законот и демагошки да се однесува, тогаш јас незнам каква реплика би направил со него.

Го повикувам, од 200 членови што ги има Предлог Законот за високо образование, нека реплицира по ова што е, а не по тоа што тој и кога седи и кога спие мисли.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Љутвии, по трет и последен пат за реплика.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Приближно сите што сме во годините како јас, нема објективен однос да се однесуваме демагошки, бидејќи немаме кој знае колку политичка пракса. Демагогијата се однесува токму за тој кој ја знае и во теорија и во пракса.

А, што се однесува до одговорот во врска со амандманите и членови, одговор точен ви даде г-динот координатор Замир Дика. Но, вие ниту сте биле заинтересиран некогаш, ни 8 години порано па и последниве 2 години. Вас ве интересира само добра плата, нешто да отуѓувате.

Но, морам да бидам искрен, во тоа се поклопува овој настап, однесување со една албанска поговорка народна "за резилот, срамотата ништо не е". Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По трет и последен пат реплика г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, имаме општа расправа по Предлог Законот за високо образование. Г-динот не е тука, не е присутен. Во својата реплика тој спомнува амандман. Уште не сме дојдени на амандманска расправа. Допрва, кога ќе дојдеме и за нив ќе дискутираме.

Сега што не е присутен тука и што некои работи тој така ги сфаќа, јас што можам. Тоа е негово.

А, за вториот дел што кажа, јавноста ќе цени. Не се плашам да се обратам на јавноста. Ниту носам панцир, ниту заптии околу мене имам. Тоа што го реков "клептомани" не се однесува за него, туку за неговите претпоставени. Тој скока така како скакулец. Има долги нозе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Барате да се говори за законот, а постојано провоцирате.

Има збор г-динот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Благодарам г-дине претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници, на десна страна ќе го ставам Уставот на РМ, а на лева Предлог Законот за високо образование, на средина ќе застанам јас со мојата дискусија.

Овој парламентарен состав навистина се наоѓа пред доста значајна одлука, што треба одговорно и аргументирано да ја донесе. Сметам дека во овој состав, за неполни 2 години Парламентот на РМ никогаш не бил пред едно поголемо искушение, со чие решавање може да помине и да положи еден од најтешките испити на политичката зрелост, а тоа е расправата и конечно одлуките по, сега веќе слободно може да се каже т.н. фамозен Закон за високо образование.

Сосема е разбирлив и големиот интерес и внимание на целокупната македонска јавност, интересот на претставниците на двата Универзитети во РМ, на МАНУ, на Сојузот на студентите и т.н. А, кои денеска и овие изминати денови се насочени кон овој Парламент и кон оваа говорница.

Се поставува прашањето како да се започне дискусијата? Дали да се започне со содржината на законот и со предложените решенија, што тој ги нуди за регулирање на проблематиката на високото образование во РМ или да се започне со одредени појдовни

ставови? Дали проблемот да се изолира од влијанието на политиката или и покрај одреден ризик да се направат грешки, да се дозволи проблемот да се гледа интегрално меѓу другото и преку политичкиот фокус.

Сепак, според мене, најважно и првенствено е да се утврдат одредени факти, непобитни работи и тие да бидат основа за разговори, одлуки, ставови на овој Парламент. Тоа е најдобар начин, меѓу друго (бидејќи е познато дека пред фактите и боговите молчат. Кога аргументирано ќе се утврдат фактите решенијата, ставовите дефинитивно и одлуките доаѓаат полесно, доаѓаат сами по себе. Тогаш, да одиме со утврдување на фактите.

Факт број еден:

Целокупниот процес на образованието во една држава е исклучително само проблем на образованието. Односно, тоа е чисто стручен и научен проблем и најмалку треба да биде и политички проблем. Кога велам стручен мислам пред се на квалитетот на образованието во сите негови сегменти, почнувајќи од основното, средното, високото образование и други облици на повисока формана образование.

Ако така се гледа на проблемот, тогаш многу работи ќе станат појасни и ќе се вратат од изместената позиција во својата примарна позиција, а тоа е првенствено сето она што го чини и што е врзано со квалитетот на образованието.

Факт број два:

За жал, неизбежно веднаш во спротивност со првиот факт, како што гледаме овие денови кај често се дискутира од тој аспект, исклучиво од тој аспект, односно проблемот на образованието не само на високото, туку на целокупното образование на РМ е длабоко политизиран. Многу длабоко. Премногу длабоко политизиран, па дури и ставен како "силно оружје" за вршење на уште посилен притисок врз општествената свест, врз актуелната власт, која е да е. Сега е оваа, во изминатиот период беше друга. Со употреба на тој политизиран инструмент по принципот на штафета, што успешно се користи за остварување на некои замисли и програмски определби, на некои политички партии во Македонија.

Факт број три:

Република Македонија е единствена држава од државите што припаѓаат во просторот Југоисточна Европа, што до ден денешен нема Закон за високо образование, а е самостојна како држава веќе десет години. Објективните причини за тоа кои се и колку се можат да бидат предмет за дискусија овде. Но, субјективните причини и би рекол слабости на поранешната власт, придонесоа Законот за високо образование до ден денес да не биде донесен.

Донесувањето на овој закон се одлагаше, со цел да не се донесе и да се одложи за "подобри времиња".

Факт број четири:

Што најмногу пречи, како граѓанин на оваа држава и припадник на мојата партија, Демократска алтернатива, а тој факт е што во комплет проблемот се изместува од оној терен каде што реално припаѓа, а тоа е теренот на струката и образованието севкупно, како процес и се префрла исклучително на теренот на политиката. Уште повеќе партиски политички терен, дури и се користи во дневно - политички маркетинг.

Од друга страна, ве потсетувам дека во РМ живеат и други припадници на националности, според Уставот или според современата терминологија малцинствата, а не само Албанците. Живеат и Срби, Турци, Власи, Роми, Египќани и други.

Законот за високо образование нуди решение преку формите граѓанска иницијатива и приватни високо образовни институции, установи за сите граѓани на РМ, да можат да го остварат своето право, согласно член 45 од Уставот на РМ, за образување на сопствен мајчин јазик во високо образовни приватни институции.

Затоа е просто вчудоневидувачки изразот и напорот, перманентен напор овој закон и решенијата што овој закон ги нуди и веројатно и претходните закони, предлози на закони што не поминале во минатите состави, да се гледаат исклучително само преку призмата дали тој ги остварува или не ги остварува интересите на албанското малцинство во РМ и статусот на една, би рекол дивоградба што е пред се производ на погоре конфронтираниот факт број три, односно се туркаше и се покриваше под фереџето, се додека тоа толку не нарасна за да предизвика голема пресија и тензија помеѓу Македонците и Албанците во Македонија, Затоа, тетовскиот пара Универзитет, е исклучиво производ на овие две работи.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:** (Продолжение)

Од една страна не решавањето на проблемот преку навремено донесување на Законот за високо образование и од друга страна упорно настојување да се истрае на тезата по секоја цена, дека Албанците

треба да имаат високо образование на свој јазик.

Па, господа, ве потсетувам дека во оваа држава живеат и други граѓани од други малцинства, па и тие ги имаат истите права во доменот на образованието како и вие, затоа што РМ според Уставот е унитарна граѓанска држава. Според членот 44 од Уставот секој има право на образование според еднакви услови.

Предлог Законот за високо образование, кој што денес е на дневен ред на адекватен и компатибилен со европските дострели во овој домен, преку воведувањето на овие две институции - приватни високо образовни установи, граѓански иницијативи каде може да се студира на јазикот на малцинствата ги предлага тие решенија, кои беа проблем во изминатиот период. Можеби ќе помисли некој дека е тоа решение кое е изнудено, или неадекватно, можеби во овој политички момент некој ќе изнајде и подобро решение, меѓутоа сега, оваа актуелна власт, коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА го предлагаат ова како решение, бидејќи е првенствено одраз и израз првенствено да се направи обид на бај пас премостување, надминување на овој тежок проблем кој длабоко се исполитизира во овие изминати долги 6-7 години.

Според тоа, се прави грешка според мене, ако ова се апстрахира и упорно и сосема без да се погледне напред и назад се гледа на овој закон, само во колку ги нуди решенијата онакви какви што некој ги има зацртано, да ги оствари и онакви и само такви и никако поинаку. Односно, еден од многуте квалитети на овој закон, според мене е токму тоа што преку тие форми кои што ги спомнав, овозможува не само Албанците, туку и припадниците на другите етнички колективитети, да можат високо да се образуваат користејќи го мајчиниот јазик.

Ако ова не е еден од најголемите дострели од политички аспект сега зборувам, што го нуди овој закон и ако не го прави извонредно компатибилен и во современите европски образовни системи, тогаш јас не сум пратеник - јас сум астронаут.

Факт број 5:

Ајде да ја споредиме РМ во областа на образованието и правата на малцинствата за еден момент. Во ова а и во вкупниот корпус на човекови права во соседните земји. При тоа, да претпоставиме дека во Бугарија, Албанија, Грција, СР Југославија не живеат малцинства Македонци, живеат Швеѓани или Финци. Тргнете од фактот дека демократијата, на остварената демократија во Македонија и од тој процес кој што е апсолутно во нагорна линија и од степенот на остварените права на вкупниот корпус на човекови права и во доменот на образованието, од предучилишната возраст, основното образование, средното образование па сега доколку овој закон, а сигурно, нема причини да не биде изгласан и од високото образование.

Сега, ако во Бугарија или Грција живеат наместо Македонци Швеѓани, погледнете колкави се нивните права во еден континуитет од децении, а можеби и векови каде што во некои држави сеуште за жал, не се регистрираат на пописните листи дека се националност Македонци, а камо ли да го остваруваат своето право да учат во основно одделение на сопствен мајчин јазик. Некој ќе каже дека е во прашање процентот, тоа е најголемата демагогија и најголемата заблуда. Процентуалниот соодност е најмалку значајниот елемент во овој дел. Ако се работи за европски стандарди за кои се залагаме, тогаш тој е најмалку битен. Ако ги има и 6 илјади или 600 илјади, и 6 да се, треба да им биде овозможено да се школуваат, како што се школуваат на друго место во тие степени на образованието. Затоа, споредбите се лоши. Лоши се и не водат никаде. Не ми е целта на дискусијата да ја изместам темата јас од политички курс, туку еден факт кој е факт, кој ние треба да го констатираме и го констатираме неколку пати. Но, сосема е јасно дека Македонија како држава отишла напред во овој процес, како процес на демократски развој, стимулирање и развој на граѓански концепт и мисла, најдалеку досега и се доближила мошне близу до најсовремениот европски концепт во овој дел. Со донесувањето на овој закон ќе се направи уште еден комплетен и значаен чекор напред, крупен кон перманентното докажување на позитивниот однос по ова прашање на нашата држава.

Фактот број 6:

Дали овој закон според својата содржина, нуди квалитетни решенија и конкретни и од аспект на високо образовните системи дава современи и адекватни рамки за подобро решавање на

оваа област. Тоа е клучно прашање кое што неколку дискутанти го загатнаа, колегата Рубенс Наумовски, министерот и неколку други пратеници. Ако ги слушавме членовите од колегата од пред мене што зборуваше, да не предизвикам реплика нема да го именувам, од првиот до 200 член, ако ги прочитате членовите од првиот до 200 член, добро ако ги проанализираме, ќе се увериме сите, претпоставувам впрочем поголем дел од пратениците тоа и го искажаа од оваа говорница, дека ова е современ и квалитетен Закон за високо образование, кој нуди перспектива. Не идеален, меѓутоа е квалитетен. Идеални закони впрочем и нема, затоа постојат тие законодавни домови да донесуваат и да менуваат закони.

Неколку посебни прашања кои треба да се регулираат и ќе се регулираат секако преку усвојување на одредени амандмани, кои се веќе во процедура, ќе го подобрат законот. Според мене, треба да се размислува за проблемот на уписните квоти, кои што не се домен на овој закон, навистина реакциите се оправдани од огромен број на студенти. Ефектот на уписните квоти и контра продуктивен, во принцип, обезбедува некаква квази процентуална присутност, меѓутоа, паѓа во вода основата на образованието и квалитетот на образованието. Со овие решенија што ги нуди овој закон по усвојувањето мислам дека квотите треба да се размисли добро, како понатаму и не треба да постојат и воопшто целиот систем на упис на факултетите треба да се либерализира, бидејќи во функција на тој ден кога ќе се вршат уписите, се става образованието од почетокот, од стартот скоро од пред училишната возраст, основната возраст до завршување на средното образование, се се става во функција на тој упис. Се бркаат оценки, се бркаат професори, се иместуваат критериуми од почетокот за да се постигнат одредени критериуми, кои што ги предвидува уписниот дел односно моментот на упис. Стартните поени од успехот и успехот на испит.

Селекцијата на студентите треба да се направи во првата и во втората година, за тоа има механизми и на тој начин ќе се релаксира целиот систем и на средно и на основно образование, затоа што огромен е притисокот што се врши во тој процес на образование.

Значи, овој закон ако оцениме дека е квалитетен, и целата уреденост на организирањето на високото образование ја уредува на еден интересен начин, навистина нуди можности, не сакам да зборувам за еволуацијата, акредитацијата, за што беше доста зборувано, формата деканска управа која што дава една поголема ефекисност и автономност на факултетите и во рамките на Универзитетот и заради тоа овој закон има добиено навистина високи оценки од релевантните меѓународни фактори. Законот во своето средиште го има знаењето и квалитетот на знаењето. Кога ќе се донесе овој закон, единствен победник мислам дека ќе биде иднината на сите млади луѓе во Македонија, а исто така и знаењето. Можеби еден од губитниците ќе бидат некои политичари и политички партии, кои што ќе немаат едно такво моќно, силно оружје во иднина, кое што ќе го употребуваат по потреба како ќе бидат околностите.

Фактор број 7:

Основните прашања кои што се поставуваат, се околу неколку члена од Уставот и неколку члена од Законот. Другото е воглавном се јасно. Членот 95 од Законот, членот 198 од Законот и членовите 44, 45 и 48 од Уставот на РМ.

Дали членот 95 од Законот за високо образование е компатибилен со членот 45 од Уставот. Некој го читаше членот 45 од Уставот и тука јасно и гласно стои "граѓаните имаат право под услови утврдени со Закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен за "не пишува во "високото", туку во "основното образование".

Членот 95 од Предлог законот е апсолутно компатибилен во алинеја 4.

Членот 48 од Уставот, став 4, исто така треба да се има во предвид дека припадниците на националностите имаат право на настава на свој јазик во основното и средното образование, на начин утврден со Закон во училиштата во кои образованието се одвива на јазик на националностите и се изучува македонскиот јазик. Не пишува високото образование, основното и средното образование.

Уставот на РМ е на сила. Уставот треба да се почитува и треба да го почитуваат сите граѓани на РМ. Доколку сака нешто да се измени, треба да се измени Уставот.

Прво, уставната рамка, инаку не е можно да ламентираме со денови на судбината на тетовскиот пара Универзитет, а да не сме свесни кога толку години сме во Парламентот, какви се овие јасни одредби. Затоа е проблемот политизиран до крај. Тоа е и одговорот за барањето за државен Универзитет во Тетово.

На крајот, во името на пратеничката група на ДА, даваме сите пратеници поддршка на Законот за високо образование. Сметаме дека законот е извонредно квалитетно изработен и би сакале да апелираме до другите колеги пратеници, да се земе и уделот на ДПА во позитивниот придонес во регулирањето на сите овие мерки, бидејќи најлошо е да донесеме закони, а да си поигруваме со судбината не наша, туку нашите деца виза ви нивното образование.

На крајот, за господата која што работела на Законот, експертската група од 24 члена со министерот, би можело да се каже само како израз на благодарност дека сте направиле добра работа според мене.

Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Илија Пранговски за учество во расправата.

Процедурално побара збор господин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседател, очигледно концентрацијата попушта и изгледа сите сме истрошени, изморени, исцрпени и од такви причини јас предлагам да се прекине седницата.

Имено, ве сметам за личност со морална тежина, кој знае да ги почитува колегите и не сакам воопшто да не сум во право тоа што го кажувам, дури ќе бев несреќен да не сум во право, најмалку мислам дека оваа седница се продолжува од садистички причини и мислам дека се работи за нешто друго, своевиден притисок седницата мора да заврши вечерва, што не е во ред. Нема никаква причина зошто седницата да не заврши утре или да не продолжиме утре и нема никаков аргумент зошто мора ние вечерва да завршиме со седницата. Јас вака се чувствувам тероризиран, дека е 21 часот, ние работиме од 11,00 часот, значи 10 часа без прекин и затоа јас предлагам да се прекине оваа седница и да продолжиме утре.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Мерсел Биљали, ние имаме претходен договор.

Тогаш рековме дека општата расправа ќе треба да ја привршиме денеска, а тоа што вие по пет пати се јавувате, тоа е ваше право исто така.

Според тоа не го узурпирајте правото на другите.

Има збор господинот Илјаз Халими.

**ИЛЈАЉ ХАЛИМИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани дами и господа пратеници.

После скоро една деценија од постоењето на Македонија како самостојна држава, на дневен ред се најде Законот за високото образование.

Ја сум свесен дека било кој закон да го донесуваме, па и овој за високото образование, не може да ги задоволува сите оние желби и потреби на нашите граѓани. Но, сепак сметам дека овој закон иако со задоцнување е многу важен и неопходен за општеството, затоа што ако не максимално, тогаш оптимално ги задоволува нашите барања. Она што е многу битно сакам да нагласам дека со овој закон се регулира на позитивен начин и високото образование на националностите. Законот како што знаеме овие денови претрпе доста критики било од претставниците на опозицијата, било од некои претставници на позицијата и тоа воглавно во парламентарните комисии. Критики имав и јас во некои делови на законот, но тоа не значи дека априори законот е неприфатлив. Ако правиме споредба со постојниот Закон за насочено образование и со другите варијанти на овој закон, кои беа поднесени до 1998 година, тогаш овој новиот, денешниот е многу по сеопфатен, поквалитетен и по компатибилен со сличните закони на државите на Европската Унија.

Новина во овој закон е тоа што како прво во поголема мера се подобрува образованието на мајчин јазик на националностите во државните факултети. Второ, се дава можност да се формира приватен Универзитет и на албански јазик со европски стандарди, што сега засега е едно позитивно решение на високото образование на албанската популација во Република Македонија. Мораме да признаеме дека тетовскиот Универзитет, досега беше еден од најголемите условно речено проблеми на оваа држава. Со овој закон и овој проблем сакаме да го симнеме

од дневниот ред, покрај критиките кои доаѓаат од разни страни, поготово од опозиционите политички партии. Критики имаше и против Демократската партија на Албанците. Таа се критикуваше, затоа што не се консултирала за законот и со другите албански политички партии, здруженија и раководството на тетовскиот Универзитет.

Во врска со ова сакам накратко да ве потсетам на фактот, дека во рамките на претседателството на нашата партија формиравме трочлена комисија од двајца потпретседатели и координаторот на нашата пратеничка група се со цел да го информираме Сенатот на тетовскиот Универзитет со содржината на законот и проектот за новата високо образовна институција на албански јазик. Но, тие одбија да се соочат со нас од причина што јас претпоставувам имале страв да не го убедиме мнозинството на сенатори и студенти. Ова ни беше единствена наша обврска само спрема студентите и професорите за да ги појасниме овие работи за што јавноста сигурно знае. Иако средбата со нив не беше реализирана, ние успеавме по други патишта, по разни собири на граѓаните, студентите, професорите и преку средствата за информирање да го објасниме законот и решенијата што овој закон ги нуди за високото образование. Нашето дообјаснување беше добро прифатено од пошироката јавност. Ова значи дека мнозинството го поддржува ДПА, да не кажам повеќе од 90%. Во неа имаат целосна доверба скоро сите слоеви на оваа популација. Дека вака зборуваат и другите факти кои се многубројни, доволно е да се погледнат само протестите кои ги организирале сите албански партии, освен ДПА, неколку здруженија и раководството на тетовскиот Универзитет, во кои бројот на учесниците беше симболичен, а нивниот состав беше таков што најмалку имаше интелектуалци.

Ова зборува за тоа дека, овие субјекти немаат своја структура ниту поширока маса која ги поддржува. Сигурен сум дека електоратот нас не познава многу добро, ги познава луѓето кои се во опозиција, што претставуваат тие, што направиле за времето кога беа на власт и што им е целта сега кога е на власт ДПА, ВМРО-ДПМНЕ и ДА. Народот веќе не верува само на реторики и говори на луѓе кои немале, ниту имаат што да нудат конкретно. Затоа сметам дека не треба сега ние тука да се натпреваруваме со обвинувања и напади за било кое прашање, затоа што локалните избори се веќе на праг и електоратот ќе знае да оценува кој што направил за ова време, независно од тоа што ние тука говориме. Па веројатно со нивните гласови ќе се определуваат кого треба да го казнуваат, или да го наградат.

Затоа, сметам дека сите оние критики кои задната цел ја имаат политичкиот маркетинг, а не самото решавање на проблемот се необјективни, нерационални и штетни. Оваа владина коалиција, наспроти онаа поранешната која само продуцираше проблеми, а никако нив да ги решава, сепак нуди нешто што сметам дека може да биде прифатливо за надминување на овој проблем.

Ние наместо да се зафатиме со разни нови проекти, кои се и те како важни за севкупниот развој на Македонија, за жал постојано сме задолжени да се занимаваме со последиците од минатото од лошото владеење на бившите политички структури на државата.

Почитувани пратеници, со надминувањето на оваа болна точка, па и на другите потешкотии кои ги има Македонија било во сферата на меѓунационалните односи, било во другите сфери сакаме и треба да воспоставиме нов поредок и нови односи во општеството, со што би се гарантирал крајниот мир и стабилноста на Македонија. Во овие намери и цел имаме поддршка и од меѓународниот фактор што е многу битно за побрзо интегрирање на нашата земја во европските и во Евроатланските структури. Никој не би требало да има страв од позитивните нешта било во образованието, културата, науката, па и во другите дејности што можат да ги постигнат националностите посебно и истовремено заедно во рамките на државата. Овие вредности треба да се поздравуваат и поттикнуваат, затоа што се во наш интерес. Имајќи ја во предвид оваа мешана национална и верска структура на нашето население, треба да бидеме многу внимателни, во она како се однесуваме, како ги пласираме нашите тези, ставови и идеи и опции за било кој проблем. Сите овие работи што ги спомнав, треба да бидат во насока на меѓусебно зближување и интегрирање внатре во државата. Не треба да се поставуваме во улога да некој некому треба да му дава, или некој од некого да биде зависен, се мисли на правата што треба да ги уживаат граѓаните во нашата земја. Секој треба да го добие тоа што природно му припаѓа и што е во рамките на цивилизираниот код. Ако ја сакаме иднината и перспективата на нашите граѓани независно од националната,

верската, или друга припадност, тогаш вака треба да постапиме, а ако го сакаме статус кվото, или минатото, тогаш треба да се служиме со истите методи и средства на одлучување кои ги употребуваше поранешната власт.

Сепак, сметам дека мнозинството на граѓаните се определени за првата варијанта, за варијантата која има перспектива и надеж за нас и на генерациите кои доаѓаат зад нас.

На крај, уште еднаш сакам да потсетам дека овој закон би требало да се донесе со општ консензус, да нема никакви дилеми дека нешто лошо може да и се случува на оваа или онаа групација на општеството. Со овој закон сите добиваме, затоа што е во интерес пред се на нашата младина, на нашите студенти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Илјаз Халими.

Има збор господинот пратеник Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине премиере, пред нас е еден закон кој е многу важен и јас важноста на овој закон ја гледам низ признатa, да кажам како втор устав на Република Македонија. Токму од тоа, бидејќи 10 години не е донесен овој закон. Причините за не донесување на овој закон сите ги знаеме и тие не треба да ги повторуваме.

Меѓутоа, сакам да кажам една работа која е многу важна за нас. Сите ние знаеме за времето што го оставивме зад нас, а не знаеме што ќе дојде од овој момент натаму. За иднината немаме толку да кажеме знаење, па некој да прејудицира и да дојде до една таква констатација, дека ќе се случи ова или она. Меѓутоа кога јас реков, знаеме што се случи и што ние оставивме после нас, со ова сакам да кажам дека со усвојување на Уставот во 1991 година кога јас бев пратеник и многу други тука во Собранието, Република Македонија доби и официјално независност и со самиот акт на донесување на Уставот. Ние знаеме колку се водеше расправа по тој Устав и колку се залагавме и која беше нашата интенција и што побаравме. Дури тогаш ние имавме проблеми, поготово во членот 48 од Уставот на Република Македонија. Побаравме во тој член ставот 4 да се измени, така со изменување на тој член некако во иднина да биде решен и проблемот на високото образование и за Албанците. Меѓутоа, тогаш не постигнавме тоа да го направиме, а после тоа зошто да не кажам во овој момент, бидејќи сметам дека е многу важно дека пратеничката група во поддршка на една група интелектуалци Албанци, побара отварање на Педагошката академија. Значи сите факултети кои ќе обезбедуваат кадри за основно и средно образование. И како таква група интелектуалци Албанци подготвиле елаборат. Тој елаборат беше доставен до тогашната Влада до господинот Бранко Црвенковски. Ние побаравме и средба и тоа го реализиравме и тогаш ние бевме како пратеничка група, исто така и многу други луѓе интелектуалци Албанци цврсто на идејата да се реализира тој проект. Со ова сакам да кажам дека ние на почетокот не сме било толку сериозни за некои работи.

Потоа што се случи во 1994 година, бидејќи тој проект не се реализирал, пропаднал, причините се знаат. Тогашната Влада не беше во состојба ниту тоа да го прифати. И во 1994 година една група, исто така интелектуалци Албанци на чело со Фадил Сулејмани покренаа иницијатива за да се формира Универзитетот. Зошто да не го кажам и тоа, дури на почетокот оваа идеја, овој проект имаше пречки и од страна на самите Албанци. Треба многу отворено да се каже, не треба да се крие оваа работа. Со актот на прогласување на Универзитетот се знае ние имавме потреба за кадри, доктори на науки и тој кадар прво се побарал од срединитe на самите Албанци. А една категорија на активисти, функционери на тогашната ПДП кога и јас бев пратеник, не можам да ја кријам и оваа работа, не прифатиле да бидат професори во тетовскиот Универзитет. Што значи ова? Ние сами ја игнориравме оваа иницијатива. После тоа од дел на таа елита на луѓе не се заборави идејата за Педагошката академија. Некаде во 1997 година, можеби не е точно, немојте да ме држите за збор, знам дека се усвои Законот за Педагошкиот факултет. Господа, иницијативата беше токму од партијата за демократски просперитет. Тоа треба отворено да се каже. Меѓутоа, нивната способност од аспектот на политиката во чинот на гласање на тој закон, тие беа против. Меѓутоа, треба да се потенцира и уште една работа што е многу важно, во донесување на Законот за Педагошкиот факултет ние не сме имале вакви дискусии. Да не мисли некој дека тој закон беше подобар од овој? Треба да и се каже отворено на јавноста, не. Со тој закон му е направена голема штета на тетовскиот

Универзитет, пред нашата јавност и пред меѓународниот фактор. Беше направена една голема грешка во тој момент, што ние тогаш бевме како опозиција. Ние го дадовме нашиот збор, меѓутоа од Партијата за демократски просперитет ние не сме имале вакви дискусии.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:** (Продолжение)

Господа, да ви кажам само една работа. Вашите дискусии се идеални не им недостасува ниту запирка, меѓутоа, народот вас ве гледа само во гаќи, така мисли, тоа треба да го знаете, тоа е така. Како ќе биде за нас, ќе видиме во иднина, во времето што стои пред нас.

Законот го имаме пред нас, го прочитавме, некој од стручен аспект може да го коментира, да дава коментари, некој може делумно, меѓутоа, сите го разбираме таму каде што е одредено правото на Албанците за високо образование. Што сакам со ова да кажам?

Со законот многу работи се регулираат во државата. Се знае, законот е важен правен акт и регулира многу работи, функционирање на институциите на државата и меѓу граѓаните. Секој закон кој е против интересите на граѓаните, треба да се цени дека не е во функција на државата. Тоа е така. Сега, покрај овој закон, во интерес на нашите граѓани, мора да потсетиме и додадеме наше мислење и да кажеме што ќе се реши со овој закон. Јас сум свесен дека законот не е идеален. Дека законот не претставува правно решение за високото образование. Меѓутоа, ситуацијата е таква каква што е со тетовскиот Универзитет, знам дека е многу лоша. Тој Универзитет функционира од 1994 година. Ние не треба да инсистираме и понатаму, да гледаме статус кво на еден ваков проблем. Не треба како пратеници, особено ние Албанците - извинете што вака се повикувам само на Албанците, бидејќи јас знам дека ние ја сносиме најголемата одговорност, тоа е така - не треба во овој момент да правиме политички маркетинг.

Дали господа некој од вас ја дискутирал судбината на тие студенти, за кои некој кажа дека се осум илјади. Нека бидат и 10 илјади, нека бидат и шест илјади, тие се граѓани на оваа држава. Ние донесовме многу закони, го донесовме Законот за локалната самоуправа. Со тој закон се регулира употребата на јазиците на националностите, каде се во мнозинство во значителен број.

Господа пратеници, и ден денес, таму каде се Албанците во значителен број, тој закон не се применува. Јас зборувам за Куманово. Таа законска одредба се исполнува во Куманово, но тој закон не се применува. Законот за лична карта каде е, зошто не се применува. Законот за употребата на знамињата што после година и повеќе Уставниот суд го суспендира. Овие се работи кои треба многу сериозно да се дискутираат.

Затоа, јас ја потенцирав судбината на студентите на тетовскиот Универзитет. Ако некој мисли дека со овој закон ќе се расчисти целиот проблем со тетовскиот Универзитет, јас мислам сосема поинаку. Јас имам право на тоа како претставник на граѓаните. Сите го имаат тоа право, меѓутоа, сосема е друга работа кој како сака да размислува.

Господа, јас реков дека многу закони беа суспендирани. Со членот 95 постои можност, се дава право да се формираат приватни факултети, Универзитети или било што. Меѓутоа, тоа не се коси ни со Уставот. Според членот 45 од Уставот е јасно дека тоа може да се реализира. За мене воопшто не е проблем, дали ќе се вика приватен Универзитет или државен. Тој ќе биде и ќе функционира во Република Македонија. Тој ќе биде во функција на граѓаните на Република Македонија. Ова е многу важно за мене и како такво јас го прифаќам.

Меѓутоа, не треба да заборавиме една работа. Ние имаме поднесено неколку амандмани каде што се бара да се укине членот 198. Законот без тој член, многу отворено и транспарентно ќе ви кажам, ништо не е. Ќе повторам, со самиот факт ако се суспендира тој член или ако со амандман се укине, да знаеме дека ништо не сме решиле. И тоа треба да се знае. Ако случајно на пример, претпоставувам, Уставниот суд го оспори овој член, треба да се отвори истото прашање, кој ќе сноси одговорност.

Исто така, ние како пратеници, бидејќи уште еднаш повторувам судбината на студентите кои моментално студираат таму, ќе биде многу катастрофална. Некој може да гледа така дека ете ние можеме во овој момент да го донесеме законот, да покренеме иницијатива, да формираме факултети, Универзитет и т.н., што ќе биде за наредните генерации. Студентите што студираат таму воопшто не се виновни, бидејќи досега не се нашол заеднички јазик за да се надмине тој проблем. Знаеме дека досега имавме законска пречка. Зошто донесувањето на овој закон се пролонгира повеќе од осум години, сметајќи од

донесувањето на Уставот на РМ, па наваму. Кои беа тие пречки? Овој закон досега беше исполитизиран и до ден денес тоа е така. Така се гледа на овој закон.

Господа пратеници, јас реков на почетокот дека се работи за еден важен закон, според мене ова е втор Устав во Република Македонија. Така го гледам, знаејќи ја тежината и што може да направи за Република Македонија. Може да направи пресврт во позитивна смисла. Доколку се прават егзебиции во имплементирањето на овој закон, како што беше практика со другите закони, знајте дека ние како пратеници не можеме и веќе немаме никаков морален капитал да излеземе пред масата. За мене тоа е така, кој сака нека ме сфати, за мене не е проблем.

Ние ќе го донесеме овој закон. Овој закон, господа од ПДП, и без вашите гласови ќе се донесе, тоа треба да го знаеме. Тука нема дилема. Меѓутоа, јас реков овој момент не треба да се искористи за политички маркетинг. Ако малку мислиме на студентите, тогаш требаше повеќе внимание да обрнеме на членовите на овој закон, каде се регулира овој проблем. За овие членови ние не сме дискутирале многу. Не сме ја отвориле дилемата околу членот 198, а сигурно ќе има иницијатива до Уставниот суд, како ќе се произнесе тој и што тогаш. Ова се многу сериозни работи и затоа не треба многу со незнам какви дискусии да зборуваме или да се стекне впечаток дека ние сме тие што ги браниме нашите права. Досега не сме ги бранеле. Да сме биле тие што можевме да ги браниме, овој закон ќе го донесевме пред 3-4 години кога се отвори Универзитетот. Тоа не го направивме и сега го имаме пред нас.

Затоа, дајте со заеднички сили да го донесеме законот, колку можеме да интервенираме во интерес на граѓаните, бидејќи овој закон не е за сите граѓани, за мене не важи, јас не можам да бидам студент. Се знае за која категорија се однесува и кои поколенија можат да бидат студенти. Јас не можам. Овој закон се донесува за младите луѓе, кои имаат право да се запишат на некоја висока образовна институција и тоа се знае.

Затоа, ние треба да направиме напори колку можеме да го подобриме текстот на законот и овој закон да се применува, да почне со иницијативата, да им се даде можност на студентите кои се во прва, втора, треба и четврта година и кои дипломирале да добијат валиден документ и да имаат право на вработување. Колку студенти имаме со невалиден документ, на кои денес Република Македонија не им ги признава дипломите на студентите кои завршиле факултет во Приштина. Таа бројка е голема. Што направивме околу овој проблем. Тој член што ја регулираа оваа проблематика до 1996 година заклучно со 31.12.1996 година, тие студенти ништо не можат да добијат со тој член. Тој член важи само за студентите кои завршиле во поранешните Републики на поранешна СФРЈ, а се знае студентите на кои дипломата им се признава таму од Републиката од која доаѓа. Со тој член ништо не направивме. Овој проблем не можеме да го решиме, а за овој член никој не дискутира како и за многу други работи.

Јас бев во можност многу дискусии да слушнам, меѓутоа не сите. Мене воопшто не ми се допаѓа начинот на работата по овој закон, особено на партиите кои сме претставници на Албанците. Отворивме еден фронт и испадна така дека ние сме против нешто што е повеќе право, нешто што може да се реализира. Не, господа, дајте предложете пред ова Собрание, дајте да формулираме еден документ, и јас ќе се потпишам. Дајте конкретен предлог за да се разреши оваа работа и јас ќе бидам тој што ќе потпише. Во времето кога се усвои Декларацијата за соработка на Република Македонија со Европската Унија, што беше интерес не само на државата, туку на сите граѓани на оваа држава, тогаш имавме поднесено амандман како опозиција за тетовскиот Универзитет. Тој амандман, нека се прочита во стенографските белешки, не беше изгласан од ваша страна. Дури, имаше такви ставови, некој тоа го прифатил како изигрување. Во тој момент јас констатирав дека уште тогаш не сме имале сериозен настап по ова прашање. Затоа, целата ситуација е доведена до овој степен.

На крајот, да завршам, уште еднаш барам од пратениците од моите колеги од ПДП да излезат на говорницата, да предложат еден проект еден документ за да се разреши овој проблем. И јас ќе бидам потписник на тој документ, иако вие не се потпишавте на многу наши документи. Но, јас ќе се потпишам, само во интерес на тоа да се реши судбината на студентите кои студираат на тетовскиот Универзитет, бидејќи тоа е наша обврска и ништо повеќе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Хисни Шаќири за учество во расправата.

Дами и господа пратеници пред да му дадам збор на следниот дискутант, јас имам предлог и мислам дека е умешен и во

оваа ситуација мислам дека е единствен излез.

Ќе ви дадам 15 минути пауза и ќе ве замолам во име на пратеничката група да настапи секој по 10 минути во продолжението по паузата, да го каже ставот на пратеничката група и да не се повторуваме и да не си играме играчки со повторни дискусии овде. Ако вака сакате ќе работиме до сабајле и нема да ја прекинувам расправата. (Реакција од некои пратеници).

Молам излезете. Вие се буните кои барате да дискутирате, па ќе имате право да дискутирате. Токму заради тоа, ќе добиете право да дискутирате вечерва. Денес три пати дискутиравте и трипати ќе дискутирате.

Според тоа, 15 минути пауза за договор со парламентарните групи.

(Паузата отпочна во 21,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 21,50 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, пред да продолжиме со расправата, имав кратка консултација со координаторите на пратеничките групи, освен на ПДП, бидејќи не е тука и се договоривме пратеничките групи од позицијата, а тоа значи ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА да имаат право да настапат со по еден претставник, со оглед дека веќе е исцрпена расправата и од ВМРО-ДПМНЕ и така е напред прв, ќе настапи господинот пратеник Данило Глигоровски.

За опозицијата е оставено да настапува, до утре сабајле може да дискутира, сите ако сакаат може по пет пати може да се јават, за нив е неограничено.

Процедурално господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, јас обавив разговори со мојата пратеничка група. Тие не само што се љути на начинот како вие инсистирате да ги ограничите дискусиите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ги ограничувам дискусиите?

Па господинот Харуни саат и 40 минути дискутираше. Немојте така.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Тоа во мојата пратеничка група дури се квалификува како едно силување, кон она што значи слободна мисла и збор, во овој Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, до сабајле ќе разговараме па ќе имате слободна мисла и збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ве молам обезбедете ми услови да го кажам ставот на пратеничката група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во меѓувреме ние имавме и јавен повик од господинот Хисни Шакири, мој некогаш сопартиец, рече. Ако пратеничката група на ПДП има проект, има предлог за да се изгласа овој закон, тогаш со двете раце или незнам како, заборавив во се да го цитирам, ќе потпишеме, ќе гласаме и така натаму.

Ние имаме амандмани, 15 и повеќе, амандмани од пратеничката група.

Еве јас јавно, исто така ќе кажам, дајте вие како коалициони партнери, веројатно со иницијатива, со партнер од ДПА, седнете и од овие 15 амандмани прифатете ни два амандмани, амандманот по член 95 и член 184. Тогаш и ние ќе ги прекинеме дискусиите и нема да расправаме, можеби и нема да ве замараме понатаму, меѓутоа треба да се добие одговор дека ќе седнете и ќе ги прифатите овие амандмани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова веќе поминува во еден вид полемика со еден пратеник и една дискусија.

Процедурално господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, јас сакам да ви се заблагодарам за вашата интервенција и навистина на еден елегантен начин една бесплодна атмосфера ќе можеме да ја надминеме. Јас ќе се повлечам од моето барање збор.

Последната процедурална интервенција од господинот Рамадани ја сметам за беспредметна и не би ја ставил во тој контекст. Ако има начин на вас би ви укажал, добро ќе биде извесни дискусии да се бришат од записникот или делови на дискусии од стенографските белешки, доколку не се придржуваат кон точката од дневниот ред.

Вакво масивно злоупотребување на точка од дневен ред не води никаде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Бошков, некој од вас може да побара што било. Јас овде претседавам со седницата. Јас ви ги кажав правилата кон кои ќе се придржува позицијата. За опозицијата реков дека е слободна и може да дискутира 1, 2, пет мина, колку мислат дека треба да дискутираат и ќе добијат збор.

Меѓутоа, постигнавме договор од позицијата да се јави само еден пратеник. ДА и ДПА немаат намера да земаат збор вечерва, веќе си ги кажаа своите ставови. Единствено ќе проговори од ВМРО-ДПМНЕ господинот Данило Глигоровски. Колку ќе се пријават од опозицијата тоа е нивно право. Не им го ограничуваме тоа нивно право, ниту слобода на мисла, ниту слободна определба. Тече седницата и ќе ја завршиме тогаш кога ќе се јави последниот дискутант.

Според тоа, го имаме сега, прв ни е овде, по некоја случајност дискутантот и ве молам повеќе да не расправаме по ова прашање.

Ако имате нешто друго повелете господине Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, едно е сигурно од вашите настапи, а тоа е од нашите излагања се гледа дека ние сме против донесувањето на законот.

Но, во исто време нам ни треба сега консултација после еден нов момент што го имавме при излагањето на господинот Шакири.

Барам 30 минути пауза, со пратеничката група да се договориме како понатаму да работиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, давам пауза од 30 минути.

(По паузата, седницата продолжи со работа во 22,30 часот).

Продолжуваме со расправата.

За збор се јави господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Навистина долго се дискутира и за тоа ќе се обидам да бидам што пократок. Некој од темите и тезите веќе беа изнесени и претресени, на некој начин, од една или од друга страна.

Во мојот осврт, на некој начин имам три оддели.

Првиот е општ политички осврт.

Вториот е односот на приватните и државните факултети.

Трет, некој општ поглед по однос на некои од решенијата што се вградени во Предлог законот.

Во првиот, политичкиот осврт би сакал да напоменам една работа, како факт.

Веднаш после формирањето на повеќепартискиот систем, значи уште не бевме ни самостојна држава, само имаше воведено повеќепартиски систем, нов Закон за високо образование, се наметна како потреба.

Всушност, ако погледнеме во овој момент, дали постои некоја држава во Европа, во Источна Европа, од поранешните социјалистички земји што нема донесено закон, не можеме да видиме ниту еден. Само ние останавме, последна, единствена Република Македонија и Белорусија можеби заедно со Русија.

Втора работа, при укинувањето на мониторингот од страна на Советот на Европа, една од обврските што беше назначена дека треба да ја доисполниме, значи не ни беше исполнета и ни го укинаа, меѓутоа, така да кажам, со еден кредит што ќе треба да исполниме во рок од една година е донесување на закон, конечно на Законот за високото образование.

Јавно би прашал дали проблемот со актуелност и со интензитет опаѓаше во овие 10 години, или пак растеше интензитетот и жестината на проблемот околу високото образование. Сите знаеме дека всушност интензитетот растеше.

На тоа прашање би можело да се надоврзе и прашањето дали Македонија губи или добива што еден таков проблем тлее и се повеќе се развива како проблем. Дали на РМ и се зголемуваат шансите за приближување кон Европа, доколку го има таквиот проблем, или пак ќе и се зголемат шансите доколку тој проблем се надмине. Јасни се одговорите, без разлика дали некој е од позиција или од опозиција, јасни се одговорите на овие прашања.

Меѓутоа, се случи една, можеби, работа која веќе се случува 10-тина години, а во последно време доби на интензитет. Тоа е жестокото исполитизирање на проблемот. Всушност, се оди на политизирање на

проблемот до таму што комплетните квалитетни решенија, некои колеги ги спомнаа и апелираа да се дискутира за нив, а не само за еден мал дел од проблемите што ги третира овој закон, а тоа е проблемот на високото образование на националностите, а додека другите работи во законот тотално се заборавааат. Некои сепак ги спомнаа.

Ако зборуваме за тој дел, има една позната општествена законитост потврдена многу пати низ историјата. Јас би ја цитирал: "најлесна духовна и политичка храна за луѓе кои секојдневно се борат со сиромаштијата се популистички, радикални барања, тврдења и закони". Всушност, политизацијата на овој проблем оди во тој правец и како таков всушност ги дава и своите негативни реперкусии. Меѓутоа, јас искрено се надевам дека за кратко време, после донесувањето на овој закон, граѓаните на РМ ќе се свртат кон некои посуштински прашања.

Значи, голата политика или политизација ќе ја надминат, бидејќи, се сеќавате, пред извесно време ги изгласавме двата закони, Законот за хипотека и Законот за извршна постапка. На некој начин секојдневните проблеми и интересот народот ќе го сврти на друга страна, наместо на голо политиканство, што всушност е производ на една политика, константна можеби што 10 години се води. Токму од тие причини, сметам дека навистина е еве и вечерва се покажува, остануваме толку доцна, бидејќи навистина од круцијална важност е да го донесеме овој закон.

Втората работа за која сакам да се обратам во име на пратеничката група, е следното: ВМРО-ДПМНЕ припаѓа на демохристијанските народни партии, што се центристичко десни партии и дел од идеологијата на тие партии и припаѓа на таа европска фамилија, на такви партии. Дел од идеологијата всушност е силен стимуланс на приватната иницијатива, развојот на сите приватни иницијативи во економијата на државите.

Овде имаме закон кој и оваа точка ја допира и по однос на тоа би сакал да спомнам неколку реченици.

Државни факултети и државни Универзитети постојат во сите земји, без разлика дали се комунистички, диктаторски, капиталистички, развиени, модерни, социјалдемократски, било какви уредувања да има, државните факултети постојат секаде.

Меѓутоа, приватни факултети постојат со подолга традиција во нај развиените земји. Ние сега нешто ново воведуваме. Со овој закон предлагаме и во Македонија да почнат да се формираат државни факултети во почетокот, а понатаму и Универзитети. Државните факултети се поинертни. Еден краток пример би ви дал. Ние на Институтот за информатика две години се обидувавме да донесеме модерни програми, со најнови наставни содржини од светот на компјутерските технологии и се уште не се донесени, затоа што одеше процедурата до Сенатот и таму се блокира. Приватните факултети таа динамичност ја имаат во многу по изразена форма. Кај приватниот факултет нема потреба две години да носите нешто што е најсовремено и што би го предавале на младите генерации. Приватните факултети или Универзитети се подинамични со помал број на студенти, поголем квалитет, поголема приспособеност кон стопанството. Таму одат кадри кои знаат дека утре или задутре ќе бидат побарани и ќе најдат вработување. Дури во приватните факултети одреден број на мои студенти заминаа, за жал, во Америка и се јавуваат од таму и ми кажуваат дека студираат 6 месеци, 6 месеци работат во некои приватни факултети за информатика, значи со многу пракса.

Исто така, изборот на кадрите што предаваат во приватните факултети. Замислете, некој приватник вложува пари да отвори приватен факултет, дали би поканил професорски кадар кој на пример докторирал на тема социјализмот во СФРЈ или здружениот труд во СФРЈ или самоуправувањето и т.н. или ќе покани кадри од тука или од странство, кои докторирале на менаџмент, на компјутерски науки, на современи некои теми и т.н. Приватникот едноставно, не само по однос на квалитетот на наставата, туку и по квалитетот на професорскиот кадар 6и имал поинаков критериум.

Овде се бранат на некој начин етничките интереси, македонски, албански и т.н., меѓутоа, притоа една теза која стално се пласира, сметам дека е многу опасна, посебно опасна баш за Македонија или за Македонците. Имено, за што се работи.

Штом ќе спомнеме ние во законот приватен факултет, приватен

Универзитет, веднаш се свртува вниманието, да, тој ќе биде албански. Можеби најопасната теза е таа. Приватниот значи факултет и Универзитет ќе биде албански, а државниот Македонски. Значи, Македонците ќе студираат на државен факултет, а Албанците на приватен.

Ако ја споредите оваа теза што до сега го кажав дека на приватниот факултет е поголем квалитетот, многу подобро може да се случи да се оствари оваа теза, Албанците во Македонија на приватни, а Македонците на државни. Затоа мислам час поскоро ќе се случи нешто од тип на плурализам, и универзитетско и во приватната иницијатива. Ќе се појават приватни факултети на светски јазици, на македонски и на албански јазик, каде што оние што имаат пари да платат ќе добијат врвен квалитет.

И на крај, последната подтема од ова мое обраќање, би сакал еден општ претрес, на некој начин, по однос на некои решенија во вид на членови што се во законот, да спомнам. Така на пример од 10-от до 14-от се третира автономијата на Универзитетите. До сега ако ја споредите автономијата, на досегашните, некои можеби подзаконски или не знам какви акти, со она што сега се нуди во овој закон, навистина решенијата се извонредно квалитетни. Некој можеби слушнал за кампуси, кампуси во странските Универзитети, дали на приватните, дали на државните, каде што е загарантирана автономијата, потполно загарантирана автономија на Универзитетите. Такво нешто ние сега нудиме и во овој закон. Навистина квалитетно решение, кое на некој начин е пресликано по онаа долгогодишна пракса што се случува во западниот свет. На пример, по однос на квалитетот, предвидени се членови од 24 до 27 за акредитација за еволуацијата. На некој начин навистина квалитетот, на она што ќе се нуди, дали на приватните, дали на државните Универзитети, постои механизам кој ќе го проверува тој квалитет.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:** (Продолжение)

Всушност ваквите решенија во законот на некој начин дури предвидуваат стимуланс на одредени групации на факултети во блиска иднина да се изведат во посебни Универзитети. На Природно - математички факултет има 6 институти во близина Земјоделскиот, Шумарскиот има кампус, има Студентски дом. Тоа е идеална основа всушност според условите во Законот да се формира во еден Универзитет. Слично е и со медицинските науки, како Државна болница, Правните науки и т.н.

Членовите 74 и 75 дефинитивно расчистување со старата самоуправна традиција, во која со секоја чест на чуварите, хигиеничарите и сите вработени што работат на факултетите, меѓутоа, до овој момент избор на декан или управувањето на факултетите според постојниот закон што сега денеска или утре ќе го измениме и ќе донесеме нов, сите тие имаат право да го бираат деканот. Такво решение во западниот свет не постои или се случуваше студент или чуварот член на Советот на факултетот избран според самоуправниот систем да гласа дали еден вонреден професор да биде избран во редовен професор. Такво нешто, такви решенија веќе се расчистува со таа самоуправна пракса.

Одиме кон нешто ново. Членовите од 82 до 89 го регулираат финансирањето. Повторно нешто ново и квалитетно решение, според мене, кое на некој начин навистина дава нов начин, нова шанса за финансирање на високото образование.

Во членот 84 дадов амандман кој на некој начин се поклопува со терминологијата на членовите 25 и 29, меѓутоа, не би сакал сега заради интерес на времето.

На крајот би сакал да спомнам уште една последна работа во членовите од 111 до 123 се третира начинот на доделување на академски звања, магистри на науки, специјалисти, доктори на науки.

Овде би сакал една работа да кажам како апел и да предупредам, ние во дискусијата при работата на Комисијата долго време тоа го дискутиравме, имено се работи да не ни се случи инфлација на академски звања. Да не се случи инфлација на магистри, на доктори на науки, кои научните институции ги доделуваат. Имав амандмани, не беа прифатени, тука остана едно како тврдење од страна на министерот кој јас утре, друг ден, кога ќе го донесеме законот, би сакал да го држам за збор и одвреме навреме да го потсетувам.

Имено, строгите критериуми на евалуација да предизвикаат на некој начин квалитет во доделувањето на звања и во тие научни институти кои не

се академски, немаат образовна дејност освен во постдипломските студии. Инаку, едно внимание да не ни се случи производство, односно хиперпродукција на титули и од сите овие работи јасна е определбата како моја, така и на мојата пратеничка група, дека ќе го поддржиме законот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Данило Глигороски за учество во расправата.

Процедурално господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници, се создаде невидена фама околу мојот говор со кој не навредив никого, не напаѓав никого, само сакав да укажам на некои состојби и работи околу Законот за високо образование.

Со самиот Закон за високо образование и околу некои чудни изјави на министерот за образование. Се направи опструкција, со која ми се ускрати правото да настапам како пратеник во Собранието на Република Македонија. Опструкцијата се гледа во тоа што по паузата не се одржа координација и претседателот господин Саво Климовски, наводно надвор од Деловникот и демократските принципи си зема за право од позицијата да го ускрати правото на останатите пратеници и да дозволи право само на еден пратеник да се јави за дискусија.

Од тие причини, ја повлекувам дискусијата, така да ја смирам оваа фама оти нема потреба од плашење, затоа што со мојата дискусија, еве го овој говор, ниту се напаѓа, како што реков, ниту се навредува некој. Се укажува на некои состојби, на некои моменти во врска и околу Законот за високото образование.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Тодоров, јас мислам на погрешна адреса ги упатувате тие работи, навистина ниту имав намера да ви одземам збор, ако сте сакале да се јавите, ниту сакав со нешто да ве попречам во тоа.

Мислам дека имате грешка, не преставува никаков проблем.

Господинот Флоровски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во интерес на она што веќе еднаш се договоривте, ако веќе најдовте едногласие со пратеничките групи од позицијата, сметам дека треба да се држите за тоа, така што збор не можете да давате веќе на луѓе од кои еднаш се претставени, еве господинот Глигороски говореше од името на пратеничката група. Исто така и јас сум пријавен и доколку дадете збор, ќе барам и мене да ми дадете збор. Говорам за принцип кој мора да се почитува и сметам дека ќе држите до тоа господине претседател.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во секој случај господине Флоровски, јас во принцип не можам да одземам збор никому. Тоа е прашање на договор.

Ако некој не сака да го почитува договорот, секој пратеник си е автономна личност, може да си говори кога сака. Прашање е на договор.

Господине Тодоров барате реплика (мислам процедурална реплика).

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Како што реков по паузата не се одржа никаква координација.

Настапот на господинот Александар Флоровски е непотребен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Одиме понатаму.

Збор има господинот Наќе Стојановски.

Дали е тука? (Не е тука).

Збор има господинот пратеник Мерсел Билали.

Од место се јавува господинот Мевљан Таири, кој вели дека е на ред веднаш по Данило Глигороски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Видете, ова е редослед од вчера, а вие сте прв на ред по господинот Мерсел Биљали. Уште го читам редот од вчера.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, господине премиере, дами и господа пратеници. Јас искрено да кажам дека воопшто не излегов тука да вршам опструкција на работата на Собранието, напротив убеден сум дека претседателот на Собранието врши опструкција на нашето право на спиење и тука мислам дека јас сум во право во споредба со него.

Имено, јас сум тука за да поставам неколку прашања кои, според мене, бараат дообјаснување. Имено, од повеќе дискутанти кои беа про законот

вклучувајќи го овде и господинот министер, кој како претставник на Владата го образложи предлогот и од сите тие дискутанти и од господинот министер искрено не успеав до крај да разберам зошто и кои се аргументите и причините што во законот не е можно да се предвидува правото на националностите да студираат на сопствен мајчин јазик. Се работи за јавните високо образовни установи.

Ако знаеме дека Уставот, според толкувањето на важни и познати експерти воопшто не е пречка наставата во високо образовните установи да се врши на јазикот на националноста, од причина што членот 48 е многу јасен, тој е императивен само во областа на основното и средно образование, меѓутоа, е резултивен за високото образование по принципот се што не е изрично забрането е дозволено, значи никаде со ниедна одредба Уставот на Република Македонија не предвидува дека наставата во високо образовните институции на јазикот на националноста е забрането, никаде не постои.

Вториот сегмент мора да се спомне, тоа е компаративниот сегмент. Ние сме сведоци дека околу нас тука на Балканот на кој толку многу се фалиме дека сме лидери на демократските промени и во сегментот на меѓунационалните односи. Напротив, имаме една состојба, еве пример Унгарците во Романија, Украинците во Унгарија, Унгарците дури во Србија, имаат право во јавните високо образовни институции да учат на сопствен јазик, зошто тоа право не се предвидува со предлогот кој Владата сега го дава пред пратениците?

Го поставувам прашањето зошто, кои се аргументите, тука е министерот, па би сакал да слушнам кои се тие аргументи, зошто не се предвидува тоа право. Значи, правните аргументи или ако сакате Уставот воопшто не е пречка и тоа паѓа во вода. Компаративните аргументи во нашето блиско соседство исто така паѓаат во вода и што останува, останува од некои искажувања материјалниот односно, финансискиот сегмент дека Република Македонија нема пари во Буџетот за дејноста во високо образовни институции, да се одвива наставата и на јазиците на националностите.

Едно е сигурно, тие пари на државата не паѓаат од небо. Тие пари ги даваат граѓаните и граѓанките како што кажа нашиот претседател и не можат тие пари да се трошат на таков начин за некого мајка, за другиот маќеа и потоа ако некој се жали дека се чувствува како граѓанин од втор ред, јас мислам дека е тоа премалку има право да каже дека се чувствува како граѓанин од 15-ти ред и од причина како ќе го увериме тој граѓанин да не се чувствува така, ако не му овозможиме рамноправен третман во оваа хумана дејност.

Парадокс е за граѓаните да предвидуваме таква состојба, што едниот граѓанин финансиски да придонесува и за себе и за другиот, имено, за себе дополнително приватно и тоа ако има среќа. Кажувам ако има среќа од две причини. Бидејќи тие што ја познаваат добро дејноста, организацијата на дејноста во високо образовните установи кажуваат дека една просечна приватна високо образовна установа чини за четири години ќе се бараат пари според законот најмалку 50 милиони марки. Значи, ако има среќа тој ќе студира приватно условно да ги обезбеди тие 50 милиони ДМ за четири години однапред предвидени. Тоа е прво.

Според ова, само Родшилд и Рокфелер може да отвори високо образовна приватна институција во Република Македонија.

Втора приказна е надлежностите на акредитационата комисија, која има толку големи надлежности што самоволно ќе решава дали некој исполнува услови за отварање на високо образовна институција или не. Имено, дали треба на некого да се затвори таква високо образовна установа, поаѓајќи од структурата, не само што не сум песимист, туку сум премногу оптимист.

На крајот аргументите контра да се отвори, да се врши дејноста на високо образовните институции и на јазиците на националностите, изгледа според тоа останува само гола политика, значи некој да поентира во ова, да прави рејтинг, маркетинг, за жал, ние сме таква средина што се уште се поентира врз туѓа несреќа наместо на сопствената среќа. Мудрост ќе беше ние да не поентираме воопшто во овој чувствителен сегмент, имено Де Гол бил свесен дека кога на Алжир му дал независност тој бил свесен дека тоа е чувствителен сегмент и многу тешко политички ќе го преживее тоа. По референдумот се докажа дека е така, меѓутоа тоа испадна дека е историска личност и поседува огромна доза на

мудрост за на крај да остане симбол на француската политика за XX век.

Решенијата кои се појавуваат, ни се нудат како Предлог закон, мислам дека до крај не се јасни и дека треба да се разјаснат и затоа мислиме господине министер, имено изгледа дека така како што гласи членот 95 практично само се проширува дејноста во рамките на Педагошкиот факултет, кој е оформен од ова Собрание пред три години, само се прошируваат некои дејности, меѓутоа, рестриктивно се прават непишани паралелки, така што студентите најмалку три предмета би требало да ги учат на македонски јазик. Тоа е враќање назад.

Второ, зошто мислам дека работите не се до крај јасни. Сегментот на Штул, јас не мислам дека тоа би требало да се предвиди во закон, меѓутоа, никој од нас пратениците, па дури на Владата не го видел тој проект на Штул, дали воопшто постои таков проект или само тоа е демагогија медиумска, за да се излажат луѓето. Никој не е сигурен дека таква институција ќе профункционира, иако кадровски на Македонија не и се потребни такви кадри.

Трето, приватното, веќе истакнував тоа е само луксуз, кој мислам дека објективно немаат никаква можност да заживее во Република Македонија.

Членот 198 е посебна приказна или магла. Многу јасно кажа еден пратеник дека секој може утре да си формира такви здруженија или граѓански иницијативи, еве на пример ќе се собереме десетмина и ќе формираме една граѓанска иницијатива и ќе држиме меѓусебе предавања и ќе кажеме дека сме завршиле медицински факултет. Бараме овие дипломи да се признаат, што значи дека треба да полагаме некој посебен испит како проверка на знаење, за да се стекнеме со дипломи.

Замислете, толку овој член е чуден и нејасен, што може да предизвика такви дејствија во практиката, што законодавецот веројатно ќе се зачуди дали во сон така нешто размислуваше.

Имено, тоа е посебна работа проверка на знаењето од кого, пред кого, до кого, на колку испити, која година и тоа не е јасно, а исто така е сигурно дека оваа одредба ќе падне пред Уставниот суд на Република Македонија и тоа бидете сигурни пред изборите, дури и тие што се договорија за таква формулација, се договорија само за тоа да помине денеска или утре законот, а потоа пред Уставниот суд да падне, да нема воопшто грижа на совеста.

Беа кажани дискусии во тоа чие дете каде учи, за мене тоа е многу ниско, имено не би требало ова прашање да се погледа од таков затворен склоп со такви фикс идеи во црно бела техника, од причина што тука ние не разговараме, чие дете каде ќе студира. Имено, разговараме нешто начелно, тоа е приватно право да се учи на сопствен јазик, дали моето дете или неговото или незнам чие каде ќе учи, тоа е прашање на сопствениот избор, на квалитетот, на материјалните можности, воопшто не е интересно, се поставува прашање нека студира некој на Харвард, ако има пари, во Кембриџ или Загреб, Љубљана, Белград, Скопје или Тетово, тоа е прашање на нивен личен избор.

Меѓутоа, тоа е одвоено од прашањето, кое би требало да се предвиди како природно право да се учи на сопствен јазик.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Тука би требало да се има најмалку политика и мислам дека со легализација на тетовскиот Универзитет, напротив, ќе паднат во вода сите констатации дека албанското население во Македонија ќе се гетоизира. Напротив, ќе има подобар избор и ќе одат таму каде што има повеќе квалитет, така што структурите што немаат квалитет, без оглед на јазикот на кој ќе се одвива наставата, веројатно ќе останат само со слаби студенти.

На крајот, некој тука се обиде ова прашање да го разјасни како прашање меѓу два екстремитета. Првиот екстремитет некој сакал нешто комплетно, вториот наводно екстремитет дека некој ништо не сакал да направи. Мислам дека тоа е вештачка творевина на оваа состојба, за да се прикаже некој кој нуди златна средина, решение како златно прифатливо за сите.

Јас мислам дека екстремно сфаќање би требало сфати ако некој прокламира вон институционално дејствување, загрозуваше на територијалниот интегритет и суверенитет на РМ. Против овие дејствија ПДП секогаш била против, дури и сега кога е во опозиција, за разлика од некои други партии.

Другиот сегмент, значи, ако ПДП е подготвена пред својот електорат, своите граѓани да каже јавно дека е против тие сегменти што се сметаат заострени, тогаш и

претставниците на Владата тука и владиното мнозинство би требале да излезат пред нивните електорати, пред јавноста да кажат дека правото да се учи на сопствен јазик, на рамноправен начин во јавните високо образовни институции не е екстремно барање. Многу јасно, ако не се кажува, тогаш или не се сака или не се може. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали за учество во расправата.

Што се однесува до правото спиење, г-дине Биљали навистина ќе ви кажам едно лично искуство. Кога ве слушам некогаш од дома, така убаво ве преспивам, тоа е чудо едно. А верувам дека и вечерва така убаво ќе си спијат луѓето, слушајќи не, што многу телевизори ќе останат до утре сабајле да работат, не ќе има кој да ги исклучи. Да не е телевизијава ние ќе си ги завршуваме работите многу рано. Но поради телевизијата мораме да...

Го кажувам како лично искуство, како јас се чувствувам кога ве гледам од другата страна. Како другите тоа го доживуваат, во секој случај мислам дека ќе биде добро ако се продолжи вака, да продолжиме сабајле до 6,00 часот, во 6,00 часот да продолжиме сабајле и ќе скратиме барем и од патните трошоци што треба да ги плати Собранието.

Како и да е, збор има г-динот Мевљан Таири. (Реакции во салата).

Вие за тоа не се секирајте, тие сакаат сега да ве слушаат.

Навистина имаат мерак да ве слушаат. (Реакции во салата).

Има збор г-динот пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиеру и претставници на Владата, како и многу други дискутанти во првичниот дел ќе го кажам тоа што сите ние го чувствуваме дека навистина се работи за еден исклучително важен и долго очекуван закон. Закон што беше, што за жал и покрај тоа што не би требало можеби така да биде, сепак беше заложник на прашањето за високо образование на албански јазик. Таа тема е неминовна, во текот на оваа расправа се провлекува иако дури и министерот па и одреден број пратеници прават обид да излезат од таа рамка. Сепак изгледа дека тоа прашање е со висок политички набој и некако не се успева да се излезе од таа кожа.

Но, во секој случај, мислам дека Законот во целина ќе добие преодна оценка. Се разбира, доколку се направат одредени амандмански интервенции, што мислам дека компромисот што е направен, посебно по однос на прашањето на високо образование на албански јазик, ќе значат едно прифатливо решение за поголем број пратеници Албанци во Парламентот.

Инаку, веднаш да кажам, дека апсолутно не сум против компромисот што значи излегување од една ситуација. За разлика од тие кои заговараат статус кво ситуација за одредено идно време, јас сум поборник на тоа да се направи обид да се најде решение што ќе може да функционира, што ќе значи излегување од овој затворен круг во кој се вртиме сите ние околу ова исклучително важно прашање.

Што се однесува до самата волја на Албанците, искажана уште при самото формирање на албанските политички партии, веднаш беше искажана нивната волја, заедно со барањето за рамноправен статус, уставно - правен, да го уживаат правото на високо образование на сите нивоа на својот јазик. Тоа беше токму тоа прашање, што со право тогаш се оцени дека без ова второто, рамноправноста ќе биде само празен збор на хартија. Затоа, досегашниот тек на животот покажа дека со право поголемо внимание се обрнуваше на овие прашања и со голем труд се успеа да се реши прашањето за основното и високото образование и средното образование на албански јазик, но за жал високото образование остана како табу тема, како нешто што не треба да се чепка, затоа што кој ќе се допре до него, се претпоставуваше дека ќе изгори.

Но, за среќа, оваа Влада, заедно со коалиционите партнери собра храброст да се фати за овој жежок костен и се надевам дека на некој начин ќе успејат да излезат од оваа исклучително тешка ситуација во која што, мислам допрва ќе треба да се внесе целата Влада, Министерството и сите други што се занимаваат со ова прашање.

Донесувањето на овој закон денеска ќе биде само првиот неопходен чекор да се даде тој жежок костен, па да видиме што ќе направат понатаму со ова прашање.

Не е на одмет да се потсетиме како се одвиваше ова прашање, се со цел да дојдеме до заклучок дека одржувањето на статус кво ситуација не е никакво решение и само ги мултиплицира проблемите. Кога би се имало слух навреме да се решат барањата по еден природен пат. Еднаш Албанците почнаа да бараат враќање на

правото за образование на Педагошкиот факултет. Тоа право го уживаа до 1986 или 1989 година. Тоа не се исполни. Понатаму следуваше барањето изнесено преку Унијата на интелектуалците Албанци во РМ за Педагошки факултет на албански јазик за основно и средно образование. И тоа најде наиде на опструкција. На крајот дојде тетовскиот Универзитет, како неминовност при одбивање на секое барање што доаѓаше.

Во една таква заедница каква е РМ, мултиетничка, ова прашање многу брзо се интернационализира. Се инволвираа сите меѓународни фактори: Советот на Европа, Организацијата за безбедност и соработка, ЕУ, САД и сите релевантни фактори беа заинтересирани да се излезе од ова барање со право оценувајќи дека, навистина, се работи за прашање што може да ја загрози дури и безбедноста на РМ.

Кога сме кај меѓународните договори, меѓународните обврски, сметам дека Владата во овој случај, читајќи го и според Устав, не направила уште еден чекор понатаму и навистина да ги исполни своите обврски што сметам дека произлегуваат од самиот Устав.

Ако се чита со внимание Уставот, мислам дека императивно излегува како обврска на Владата да обезбеди образование на кадри за предучилишното, основното и средното образование. Ова треба да биде на товар на Владата, на товар на Буџетот на Владата, затоа што тоа право и според Уставот е загарантирано. Тоа право не може да се ужива, доколку се нема наставнички кадар за предучилишното, основното и средното образование.

Токму во овој дел можеби приодот требаше да биде малку поинаков, односно да се предложи еден вид на комбинирано финансирање, дел од активностите да бидат финансирани од Буџетот на РМ, а другиот дел да се остави малку полиберално, додека не се создадат услови целосно да се вклучи оваа институција на албански јазик, во рамките на јавните институции.

Уште едно прашање што сметам, барем јас како ги читам прописите и како размислувам, е од особено важење, е прашањето на самостојноста на институциите што ќе се формираат.

Имено, иако прашањето на образование на кадри за предучилишно основно и средно образование на некој начин влегува во јавните државни установи, сепак тоа не се прави со сопствена своја институција што ќе ја раководат самите Албанци, туку на некој начин тоа е под капа на постојните јавни Универзитети, што мислам дека не е добар начин за решавање на овој проблем.

Би сакал да коментирам одредени искажувања од оваа говорница, со што се обидуваше да се претстави дека Албанците имале и подобри предлози, а тие се одбивани. Одговорно тврдам дека таков подобар предлог барем јас не сум видел, не сум слушнал. Тие два предлози што дошле до мене се: Предлогот од 1995 год, што само во делот на обврската што ќе ја имаат јавните институции за образование на кадри, да учат уште два предмети на македонски јазик, во другиот Предлог од 1998 година, што го имам со мене е порестриктивен. Што се однесува до тој од 1995 год, има мала нијанса, но апсолутно никаде не стои можност да се отвори високо образовна установа, приватна, на јазикот на националностите. Тоа е нешто што се прави во предлогот од 2000 година и тоа е таа новина што се предлага пред нас како пратеници.

Второ, доколку некој се повикува на евентуално некои разговори со г-динот Ван Дер Штул, последниот пат, колку се сеќавам за својот престој пред изборите во РМ, претпоставувам дека истиот разговор го имал со повеќе фактори во РМ, децидно ни кажа дека тој, со конкретен предлог ќе дојде после изборите во 1998 година. Така што немаше конкретен предлог, се чекаше каква ќе биде политичката ситуација и врз основа на тоа евентуално би дошло со конкретен предлог.

Инаку повеќе дискутанти кажаа дека е непозналица тој предлог на г-динот Ван Дер Штул. Како повеќето пратеници и јас би сакал да знам но најверојатно го оставам тоа право на Владата, да оцени дали треба пред нас како пратеници да го отвори тоа прашање сега или пак треба накнадно, откако ќе помине законот. Во секој случај, доколку се има можност некои елементи од тој предлог на г-динот Ван Дер Штул да ни се предочат би било добро.

Едно прашање што заслужува внимание, за жал министерот изелеза, меѓутоа заменикот е тука би било добро да ме слуша со внимание и да даде свој коментар. Се работи за тие граѓански иницијативи, како што се нарекуваат во Предлог - законот, а конкретно мислам дека се работи за тетовскиот Универзитет, можеби и за некои други Универзитети, што би можеле да бидат основани како приватни. Прашањето што ќе се случи со нив ако не добијат акредитација од соодветниот орган? Дали тие ќе можат да

продолжат како установи што ќе вршат одредена дејност, но нема да им бидат признаени дипломите. Во светот има такви случаи, Универзитети што не се признаени од државата. Со тек на време можеби ќе дојдат во ситуација да го остварат тоа право и можеби ќе се усогласат со законските одредби, па на некој начин да дојдат во потребната акредитација.

На крајот, сакам да кажам некои други работи од искажаните говори на одреден број пратеници. Сметам дека одреден број колеги употребија навистина тешки зборови од оваа говорница. Јас им обрнувам внимание дека не би било добро да дојдат, можеби утре, во судир со својата совест, да се изјаснуваат против една институција, едно решение што се предлага, а утре, понатаму, можеби да претендираат да бидат таму професори или предавачи. Тоа е прашање што треба самите на себеси да го поставуваме, на одреден број пратеници.

Што се однесува до некои грижи што се изнесуваат тука, имаме можност во холовите да ни се обрне внимание дека некои пратеници забораваат што зборувале едно време, дека веќе не се такви големи патриоти, дека се откажале од првенствените позиции. Би сакал јавно да кажам дека навистина, очекувањата се и понатаму големи од оваа Влада. Не е вистина што го кажа мојот колега г-динот Сулејмани, дека на митинзите беа само интелектуалци. Беа тие што беа. Но Албанците не беа на тие митинзи затоа што се во исчекување. Очекуваат да се реши овој проблем со високото образование. Ако не се направи тоа, тогаш, да знаете нема да има партија, нема незнам кој. Сите до еден, Албанците ќе бидат на протести и незнам каде навистина ќе ги има по улиците. Вака, Албанците се во исчекување, да видат оваа Влада, дали уште еднаш некој сака да се игра со Албанците, да ги лаже, да ги мами? Ако тоа се случи, да знаете дека тогаш може да пукне, како што вели еден наш секретар таму од партијата, но нема да пукне ако чесно се разговара со Албанците и ако им се понуди решение прифатливо за нив. Ако се види дека се остава една отворена врата низ која ќе можат и тие да вдишат, да учествуваат во животот.

До колку така се направи, да знаете ништо нема да се случи во РМ. А, до колку и понатаму некој сака да игра со Албанците, тогаш навистина, сметам дека сите сме луѓе кои знаеме што може да предизвикаат нашите постапки. Да знаете дека големите разочарувања носат големи тегоби за тие кои ги создаваат.

На крајот, да не остане дека Албанците се против јавно високо образование на албански јазик, затоа што на некој начин г-динот Никола Поповски без малку до тој заклучок не доведе. Дека, штом ние Албанците не сме за таа работа, еве ние ништо нема да ви правиме, терајте што сакате. Незнам како беше, но јас испраќам отворен повик до г-динот Поповски, заедно ние со г-дата и од ДПА, а претпоставувам дека ќе може да разговараме и со г-динот Кралевски како координатор, да видиме ако имате некој подобар предлог, дајте сите заедно да го истуркаме. Да направиме една пауза од половина час, да видиме кој е тој нов предлог што вие го имате дека е подобар за Албанците, па сите заедно да го истуркаме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Мевљан Таири за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, односно премиер

на Владата на РМ.

Кога целиот свет спие, ние сеуште тука работиме. И тоа е добро, меѓутоа сметам дека не сме рационални, ниту економични, ни во нашите идеи, ниту пак во нашите акции за решавање на проблеми, кои се мошне битни за одржување на нашата концепција како општество, која стреми на оди напред кон нови светогледи. Јас сметам дека овој Предлог - закон, кој е мошне значаен за изградување на агитатурата и системот на образованието навистина 10 години чекаме тоа да добие една трајност, конечност, да биде дефинирано за да можеме ние како општество да одиме напред кон реализирање на нашите постулати. Три се основните проблеми што се провлекуваат во овој закон.

Првиот проблем е семантиката, односно јазикот кај високото образование.

Вториот проблем етносите, демосите и Универзитетите, односно високото образование.

Третиот проблем е тоа во РМ сеуште не постојат услови за приватни Универзитети, затоа што не сме бизнис земја.

Да кажам за последново. Имам податоци дека во Велика Британија, постојат и работат, односно делуваат 70 државни Универзитети, јавни, додека приватни Универзитети се само три. Имав прилика да ги посетам тие Универзитети. Кога зборувам за бизнис, приватни Универзитети тие имаат и свој профит. Дали ние како држава сме спремни да имаме приватни бизнис Универзитети, за да ги подмириме потребите на Албанците, за да створат наставен кадар во основно и во средно образование.

Сметам дека таа теза навистина не држи и ние сеуште по се изгледа не сме во состојба тоа правилно да го сфатиме и да го решиме.

Што се однесува за семантиката и високото образование, морам да кажам дека изгледа ние сеуште сме во еден мрачен период, кога луѓето сеуште не можат да се ослободат од своите оптоварувања и дека сме сеуште во тој темен период.

Морам да кажам дека уште за време на најстарите цивилизации такви настојувања имало како што е случајот со Сумелите, Акадите, Сиријците, кои имале навистина и свои јазици и свои Универзитети тогашни, се разбира според таа нивна архитектура и принципи. Морам да кажам дека и Кадма и Полиникосите имале свои Универзитети, дури и во божјата лука отвориле Картагинците во Марсел, денес е Марсел божја лука.

Сметам дека овие проблеми во законот ги има и нај проблематичниот дел што сеуште е како таков е членот 95. Некои дискутанти рекоа дека Педагошкиот факултет уште 1997 година, ако не се лажам, уште тогаш како член на ПДП успеавме да го изравниме како високо школска установа, ни беше единствена цел да докажеме дека и албанскиот јазик може да биде јазик на Факултетот, односно факултетите. И не дека ние тогаш бевме многу задоволни што успеавме да го донесеме Законот за Педагошкиот факултет. Мислам дека овој закон сеуште ги нема основните постулати за кои сметаме и сметавме дека ќе може да ги реши проблемите, особено кога се има на ум дека постојат и одредени амандмани кои ќе ги нарушуваат сите односи и системи во самиот закон. Ме загрижува и фактот што со тетовскиот Универзитет, што со другите Универзитети, затоа што во овој дел, во овој закон тие апсолутно не се инкорпорирани, се разбира инкорпорацијата на тетовскиот Универзитет е проблематична, имаме студенти, како ќе биде решен нивниот статус. Околу тоа имаме и амандман, тоа е на член 198, ако и тој амандман навистина не помине, тогаш сметам дека не сме направиле ништо околу тоа.

Поднесов и амандмани и околу нив ќе земам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Аслан Селмани за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Алити Абдурахман.

**АЛИТИ АБДУРАХМАН:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, сакам сосема накратко да се осврнам на неколку прашања кои беа предмет на расправа денеска тука. Верувајте ми воопшто не ме радува фактот што беа искажани и тешки зборови, беа упатени неодмерени квалификации и критики, вербални, се разбира, но како што еден поет рекол "и зборовите убиваат" или поточно тој кажал "ме уби пресилниот збор". Но, тоа е сосема друго прашање, тоа е прашање на личниот став на пратеникот како ќе го компонира својот говор. Тоа што сакам јасно и недвосмислено да изјавам тука пред вас, само пред вас, затоа што се надевам дека никој друг не не следи ни на телевизија и никаде, е да се обидам да демантирам две или три невистини кои упорно се пласираат и тука, но и во јавноста веројатно со цел повторувајќи ги неколку пати да станат вистина.

Реков невистини, можев да кажам и лаги. Што се однесува до лагата некои рекол дека лагата е многу - многу грда. Луѓето велат дека понекогаш е нужна и пак лажат, затоа што не постои нужда која може човека да го натера. Но, за жал има и такви кои што упорно лажат и упорно настојуваат да ме убедат дека тоа што од нивна страна се изрекува како лага е вистина, а тоа се разбира не може да биде.

Втората невистина е тврдењето дека Уставот на РМ не дозволува основање на високо образовни, јавни високо образовни установи на јазиците на националностите. Мислам дека ова прашање беше доволно елаборирано, од многумина потврдено, дека тоа апсолутно не е така. Дека не е така покажа и Уставниот суд на РМ со една своја одлука во која кажа дека наставата на јазикот не може да биде пречка за основање на високо образовни институции на јазикот на националностите. Но, ете и тоа се случува, луѓето или од незнаење или

со намера, цврсто уверување дека треба да ги повторуваат невистините, тоа го прават.

Втората невистина, е ако сакате и полувистина дека овој Проект значи Предлог Законот за високо образование има широка поддршка од меѓународната заедница. Јас воопшто не се сомневам во тоа, тоа е сигурно така, меѓутоа, ве уверувам дека законот и да содржеше поинакви решенија, Предлог - законот да содржеше решение и за разрешување на прашањето на тетовскиот Универзитет и правото за основање на јавни високо образовни институции на јазикот на националностите, ве уверувам дека од истата таа меѓународна заедница ќе имаше уште поголема поддршка и уште посилна поддршка. Ова не го велам на памет.

Меѓународната заедница господо никогаш не определува какви права ќе имаат граѓаните на една држава, по квантум и со каков квалитет. Меѓународната заедница е заинтересирана, различните групации во една државна заедница сами да се договорат меѓусебе, какви решенија ќе најдат за спорните прашања. Значи, зошто меѓународната заедница не сака конфликти, не сака конфликтни ситуации. Таа не диктира решенија. Повторувам, тие говорат невистина што тврдат дека меѓународната заедница се определила за ваква солуција, за вакви решенија.

Третата работа што најчесто се слуша тука е дека "ете на овој начин ние Албанците покажуваме волја да се интегрираме во РМ и да и овозможиме на нашата држава да се интегрира во Европа".

Дали и вие забележувате исто како и јас дека тука сме недоследни. Зошто мислиме дека ако во нашиот случај еден Албанец, кој што се образува во јавна високо образовна установа, тој е подобен да се интегрира, додека тој што се образува на приватна или обратното беше тој е неподобен да се интегрира. И едното и другото не држи. Вистината е нешто друго. Вистината е дека образованиот човек е подобен да се интегрира. Вистина е дека необразованиот човек е склон да се сепарира, да се гетоизира и т.н. Тоа е вистината. Нема никаква вистина во тврдењето дека ако учи на својот мајчин јазик во јавна високо образовна установа тој ќе се дезинтегрира. Ако учи исто така на свој мајчин јазик во приватна високо образовна установа тој е подобен да се интегрира. Тоа едноставно нема логика, елементарна логика. Според тоа да ги оставиме тие работи, да го оставиме тоа што од многумина беа спомнати и споредени текстовите што ги нудеше претходната Влада и овој што е пред нас.

Јас не тврдам кој текст беше подобар, дали претходниот или овој. Впрочем тоа и воопшто не е битно. Битно е дека ни тогаш ни сега, не се решава прашањето за високото образование на мајчин јазик. Сега и уставна пречка нема. Меѓународни правни, условно да речам, пречки нема. Значи, и тогаш и сега немаше политичка волја. Ова е вистина. Имаше недостаток на политичка волја. Ако е вака, а вака е, немојте да ме убедувате дека членот 95 обезбедува проодност ваква или таква.

Членот 198 дека има некаква ситуација и тоа е многу големо достигнување, затоа што таму проблемот е сведен на индивидуален проблем. Тоа не е проблем на студентите на Универзитетот во Тетово, тоа е проблем на некој си човек, на некоја единка, кој е должен да се пријави на одреден факултет, да напише пријава, да биде подложен на полагање на испити и ред други работи што ги предвидува тој член.

Значи, не е битно, еве за да ви направам ќеив, ќе речам дека овој текст е подобар, во споредба со полошиот. Но и овој е лош, и овој не го разрешува прашањето. Затоа не сум склон за употреба на големи зборови на говорница, но затоа молам никој погрешно, никого погрешно да не интерпретира, затоа што јас и како поранешен претседател на ПДП и како пратеник, немам право да барам од ДПА да направи нешто што јас не можев да го направам, односно мојата Партија не можеше да го направи.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (Продолжение)

Јас од нив барам да престанат да ме силуваат дека овој закон го решава прашањето на образованието на Албанците во Република Македонија. Ништо повеќе, ниту ги критикувам, ниту ги обвинувам, ниту пак мислам дека тие се помалку способни од мене, ниту пак мислам дека тие помалку знаат и т.н. Апсолутно не. Но, имам една елементарна молба, престанете ве молам и немојте да ми кажувате дека овој закон го решава тоа прашање. И не барам да донесете друг закон кој што наполно ќе одговара на нашите гледања, на нашите желби, нека останат тие желби.

Законот и без десетте или дванаесет гласа на пратениците на Демократската партија на Албанците ќе биде донесен. Според тоа, елементарно барање е барем да не учествуваат во неговото донесување како што за добро, или за лошо историјата ќе

покаже. Ние можевме да донесеме ваков или сосема сличен на овој закон и во 1998 година, ние се противевме. Сега има подруги односи, луѓето се чувствуваат многу комотни во позициите што ги зазеле, не ги обвинувам за тоа. Но, барам повторно барам, или по трет пат барам да не настојуваат, нека спомнат, меѓутоа да не настојуваат да не убедат, затоа што не можат да не убедат затоа што немаат аргументи. Аргументите се сосема поинакви. И со овој закон и со гласовите на пратениците Албанци и без нив законот ќе биде донесен. Македонија има убави шанси да се интегрира во Европа. Македонија незнам дали утре или задутре, пак ќе биде соочена некоја власт со овој проблем. Затоа што овој проблем останува такво.

Единствено што се постигнува со овој закон, е да се запечати судбината на тетовскиот Универзитет. Во таа работа ние не сакаме да учествуваме, јас не сакам да учествувам. Кој сака нека учествува, меѓутоа бес претензии да употребувам големи зборови. Историјата понекогаш бавно суди, но нејзиниот суд е дефинитивен. Немојте да се раководите само од тоа што денеска е корист или привилегија на поединци или групи. Не е добро да се учествува во погребувањето на тоа чедо што сами го создадовте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Абдурахман Алити.

Има збор г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г-дине претседателе, заради грешка на компјутерот моето име се избриша и редоследот е јас, па г-ѓица Шеќеринска.

Прво да кажам дека и јас исто не го делам мислењето дека нешто многу ефикасно работиме денеска и мислам дека ваквото форсирање конечно нема да донесе корист на законот, затоа што иако министерот не уверуваше и во својот настап на два, три пати дека се работи за образовен проблем, тоа сепак добива политички конотации и незнам колку ние можеме сега вака да работиме. А уверен сум дека ова време кое сега го добиваме, ќе го изгубиме утре, очигледно дека утре не можеме да работиме од 11,00 часот, што значи дека сосема беше сеедно, меѓутоа во ред.

Мислам дека ако ништо друго оваа ноќна работа ќе ми дозволите да кажам ни донесе една предност. Јас сум еден од оние пратеници кој ја имаше таа можност овој закон да го гледа во сите три фази, вклучувајќи ја и овогодишнава расправа и во нацрт фазата, односно и во Предлог за донесување и во нацрт и во Предлог закон и да биде хендикепот поголем, сите овие три закони беа во различни влади и со различни министри. Единствената разлика и корист која вечерва ја имаме од ова вака смирено, сталожено и мирно расправање по законот е следново.

Прво, за разлика од претходната фаза работиме во мир, во тишина, пред нашиот Парламент не сакам да бидам сфатен поинаку, меѓутоа дозволете тоа да го кажам, пред нашиот Парламент нема демонстранти, нема ни шатори, нема ни луѓе кои гладуваат. Мислам дека тоа е сепак една атмосфера која е подобра од онаа во која се носеа првите фази на законот или пак законот за Педагошката академија, која требаше да работи и работи на јазиците на националностите. Дури сега пратениците кои го организираа тоа и личностите кои им даваа поддршка можат да сфатат како се чувствува еден пратеник, кога работи во Парламентот под притисок на демонстрации, гладување, парагладување и слично пред Парламентот на РМ. Тој притисок едноставно не е добар.

Меѓутоа, во методите на политичка борба еднаш може да биде добар, вториот пат може да биде недобар и сега така работиме. Исто така, морам да изразам зачудување дека некои луѓе кои во тоа време не беа пратеници, мораа да поминат долга и макотрпна процедура, само за да се обратат пред овој Парламент во својство на демонстранти од шаторите и во своето обраќање да ни соопштат само една работа, дека Законот за Педагошката академија "Свети Климент Охридски", кој ќе ги изучува своите студенти на албански и турски јазик е против уставен.

Значи поминаа толку месеци штрајкување по улици, фрлање на јајца по Министерството за образование, камења и т.н., за да дојдат и да ни кажат во старата сала и мене како на пратеник, овој закон што вие го носите е спротивен на Уставот. Сега тие пратеници имаат мандат да дојдат и два саата да ни говорат дали овој закон е спротивен на Уставот. Меѓутоа тие пратеници денеска не се во нашата сала. Сега имаат право на збор, на пример г-динот Филип Петровски, меѓутоа тој упорно избегнува да дојде, а кога немаше право на збор триста петиции потпиша до нас да му се овозможи правото на збор.

Исто така, мислам дека сега како личен бумеранг се враќа и кон оние други луѓе, кои одеа и изразуваа поддршка на исправните цели за студирање само на македонски јазик во високото образование на Македонија, ги храбреа своите студенти во улога на ректор и претседавачи на Сенат и т.н. Сега како што гледаме според зборовите на еден од координаторите, безусловно ги подржуваат законите во кои сепак се предвидува можност да се врши високо образование на албански јазик.

Ова не го кажувам случајно и не мислам мојата дискусија да ја насочам во тој правец. Меѓутоа, како што министерот имаше за право и си зема за право и тоа за мене е прифатливо, како и други пратеници да соопштат некоја историја. Дозволете да соопштиме и ние од оваа страна исто така некоја историја.

Сега сосема очигледно станува дека и едните кои штрајкуваа со шатори пред Парламентот и другите кои од време на време правеа поворки во точно предвидени термини од десет до дванаесет, толку организирано како да се работи за војска, ќе дојдеа, ќе ги кажеа своите пароли, ќе дадеа своја петиција двојазично до Парламентот, ќе си се вратеа назад точно во 12,00 и утредента повторно ќе дојдат. Сега одеднаш се против што беа не уверуваат дека не било така, па напротив прават и неколку значајни чекори напред. Дозволете како морална сатисфакција на еден од оние против кого биле насочени демонстрациите, пратеник кој гласал за Законот за Педагошката академија "Свети Климент Охридски", кој со чиста совест мислел дека наставниците за средно образование треба да се образуваат и на албански и на турски јазик, за да можат да ги изучуваат учениците Албанци и Турци во средно и основно училиште, кој дигна два прста, кој беше соочен со тој, дозволете да кажам, терор од страна на надворешните демонстранти, кои сега седат во оваа сала заедно со нас и ако ништо друго ми даваат за морално право, иако тоа нема да го изговорат *со* погледите некои од вас надоле во овој момент, некои од вас со не присуство како г-динот Филип Петровски, да потврдат дека тогаш не биле во право, дека некакво образование за оние кои треба да ги изучуваат своите деца е потребно.

Ако тогаш било неуставно, само да ги потсетам, дека Уставот сеуште без ниеден амандман е на сила. Еве го пред нас. Сега дозволете, не би сакал, меѓутоа можам да ги извлечам точно на оние пратеници, кои сега се изјаснуваа за законот, стенографските белешки од овој Парламент во кои ни ги цитираа истите членови, на кои нивните министри сега се повикуваат со сосема спротивна конотација. Сакам да укажам на апсурдите во кои никој не треба да влезе тука и да обвинува ан блок, никој не треба тука однапред да мисли дека само неговата вистина е таква, затоа што очигледно работите многу брзо се менуваат. Сега од оние кои ме уверуваа дека ваквите законски решенија се против уставни, сега одеднаш ме уверуваат дека е тоа единственото можно решение и напротив дека е согласно со Уставот и т.н. Што да помислиме ние кои тогаш овде секојдневно со колите моравме да излегуваме од споредните влезови, за да не бидеме соочени со каменувања , што да мисли г-ѓата Софија Тодорова, која помина низ оваа голгота и говорница овде. Г-дине претседателе, чувствувам обврска да го кажам ова во името на г-ѓата Тодорова која не е тука, која беше соочена со највулгарни зборови кои се однесуваа на нејзиното мајчинство, на нејзиниот пол, на нејзината професија во врска со нејзиниот Предлог на закон. Ако ништо друго овој Парламент во врска со тој закон кој сега се наоѓа овде, само со член 198 во основа дополнет и во врска со законот за академијата "Свети Климент Охридски" треба едноставно да и даде морална поддршка заради тоа што сепак жената, во тој момент г-ѓа министер беше во право.

Дозволете да кажам нешто што мислам и за конкретниот текст на законот. Ова Собрание два дена дискутираше, меѓутоа мислам дека еден аспект, еден начин на гледање на законот го испушти сосема. Го зафати министерот, мислам дека попатно само за да укаже во говорот на некои други состојби, меѓутоа заборавивме за што ние всушност треба да дискутираме. Ние зборуваме за законот за високо образование, закон кој ги уредува односите во највисоките степени на образование во државата, или во светот. Во тој контекст дозволете како економист, меѓутоа и како пратеник да посочам неколку агли на гледање, или можното гледање на овој закон. Прво, денеска економската наука и другите науки недвосмислено докажале дека значењето на образованието во моментот во светот е исклучително високо и дека тоа е најзначајниот не викам еден од туку убеден кажувам, најзначајниот економски фактор на денешнината, дури и на држави како Македонија, а да не зборуваме за иднината кој овој закон треба да ја уредува. Не само што еден од најважните економски фактори

образованието е најважен фактор на развојот.

Кога ние зборуваме за високото образование треба цело време да го имаме и курсот на гледање дека всушност зборуваме за нашиот иден развој. Овој закон ги уредува токму односите, кои треба да продуцираат еден ваков фактор. Зошто е тој најважен економски фактор? Затоа што овој закон го произведува, или односите што произлегуваат од овој закон го произведуваат најзначајниот економски ресурс на денешницата, знаењето. Денес знаењето кое е единствената цел заради која расправаме за Законот за високо образование е најважниот економски ресурс. Само да потсетам на некои примери. Во нај развиените земји денеска во светот знаењето верувале или не за оние кои не се бават со овие проблеми создава помеѓу две третини па дури и три четвртини од бруто домашниот производ на земјите.

Значи сосема очигледно, тоа веќе не се создава како производ ниту на работната сила, ниту на капиталот, туку токму на знаењето. Тоа го имаат потврдено и емпириските и научните истражувања. Ние денес расправаме всушност за она што ќе го креира нашиот бруто домашен производ и нашиот нашиот развој во иднината. Тоа нема да се потпира ниту на нашата работна сила, ниту на нашата физичка сила, се разбира ниту на нашиот капитал, туку ќе се потпира на знаењето кое треба да ни го обезбедат институциите кои денеска со овој закон, или утре или кога ќе се донесе ќе се уредат.

Исто така, да потсетиме дека во рамките на образованието она што до вчера кажано фигуративно беше основно образование, денес веќе не можеме да го сметаме за основно образование. Стандардите општо во светот се отидени напред, вклучувајќи ја и нашата држава во насока што основното образование, или можеби подобро кажано на латински, па дури и на македонски јазик елементарно образование, веќе не е елементарно образование. Она што во светот е основа со која Вие можете да се вклучите во било кои аспекти на жи-вотот, производството, работата, услугите е средното образование. Што значи ние веќе треба да почнеме да сфаќаме дека елементарното образование во светот веќе не е она што ние го велиме основно образование, туку средното образование станува елементарно образование. Во тие рамки треба да ги гледаме и Универзитетите, односно високо школските установи, кои се сега само еден чекор над она што на секој му е потребно за да ги има елементарните сознанија за да се вклучи во светот, во животот, во работата. Со оглед дека ние во овие институции ги образуваме луѓето до 25 годишна возраст, тоа се луѓето кои ќе живеат и ќе работат во оваа држава и во светот во идните 50 години.

При крајот на нивниот работен век дури и нивното средно и високо образование нема да биде воопшто доволно за да можат да придонесуваат за државата, за развојот, за фамилијата и за себе. Зошто ова го кажувам. За да укажам на нешто на што укажа и министерот, нешто што можеме да го видиме во статистиката на РМ, дека огромен дел од проблемите кај нас произлегуваат не само од законот, туку на пример произлегуваат и од состојбата со високото образование. Ние сме сведоци не само 10 години наназад, туку голем број на години наназад дека високото образование наместо да станува се позначаен фактор, се поголем број на луѓе да се упатуваат на високо школските установи, се поголем број на луѓе да дипломираат, кај нас тој процес е некако обратен. На нашите Универзитети секоја година заради стегите кои ние ги правиме, заради стегите кои Владата ги прави, заради буџетски, финансиски и други рестрикции запишуваме ист, или се помал број на студенти, а општеството оди напред.

Поминато е одамна времето кога на 100 вработени имало 1 со високо образование, поминато е времето кога и на 50 бил 1, набрзо ќе дојде времето во кое во вкупно вработените бројот на високо образовани наспроти сите други ќе биде еден спрема еден. Да се прашаме јавно, еве и г-динот министер е тука, дали ние имаме концепт на образование и високо образование кое тоа ќе го овозможи на државата. Ние, можеби грешам, зборувам прилично паушално врз основа на дневни информации, запишуваме не повеќе веројатно од 5 до 6 илјади студенти годишно на нашите високо школски образовни институции, се извинувам ако ја грешам бројката, 7 илјади, наспроти 30 илјади во основно образование и колку таму во средното образование. Значи ние очигледно не се подготвуваме добро за иднината.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Очигледно, имаме високо образование што сеуште се смета за елитно, она што веќе одамна не е во сите фирми во светот, во сите држави во светот половината од работната сила почнува да е со високо образование. Ако ние низ призмата на кој

начин ќе го учиме тоа знаење и ќе го стекнеме, го заборавиме фактот дека нам ни требаат луѓе со високо образование, кој е главниот економски ресурс денес, да не се разбереме погрешно, дури и во нашата држава над половината од бруто домашниот производ се создава токму од знаењето, ниту од нашата физичка работа, ниту од капиталот и придонесот кој тој го дава. Ако е така, да се запрашаме јавно, знаењето во оваа смисла доаѓа од високо образованите луѓе дали ние финансираме подеднакво во средното, основното и високото образование, ако очекуваме од него да доаѓаат од половина од бруто домашниот производ или од луѓе кои се директно зависни од оние кои се со високо образование.

Расправајќи за Законот за високо образование, јас извлеков некои податоци од Буџетот за 2000 година. Иако го сметам за случаен, тоа е ситуацијата во нашата држава неколку години наназад. За основно и средно образование, иако не можеме во Буџетот точно да видиме колку е, меѓутоа, збирната стапка е 6,3 милијарди денари. Можеме да претпоставуваме, веројатно Министерството има децидни податоци, меѓутоа, ајде да ја земеме најбеневалентната варијанта, во која средното и основното образование во Македонија трошат по 3 милијарди денари годишно од Буџет. Во тие услови високото образование според Буџетот троши 1,5 милијарди денари. Сега тука, расправајќи за Законот за високо образование би сакал да ја направам и следната паралела.

Ако трошиме за средно и основно образование по три милијарди, а за високо образование 1,5 милијарди денари и ако во основното и средното образование опфаќаме 10, 20 па и 30 илјади во една уписна година, а во високото образование само 7 илјади, дали треба да почнеме да размислуваме каква социјална стратификација правиме, кога на четири денари во основното и средното образование, односно на два денари во едно од нив издвојуваме еден денар за високото образование. Едниот ресурс го користат сите за основното образование дури и според законот задолжително, другиот го користат само пет или седум илјади редовни мислам дека се пет илјади, другите мислам дека се со приватни средства. За кого ние издвојуваме?

Ние сме држава во која не издвојуваме сите за сите, туку издвојуваме сите за малата група во високото образование. Дури ако се направи стратификација на приходната и расходната страна на трошоците, јас сум уверен таа анализа не можеме сега да ја направиме, но ќе биде можно да се направи утре, ќе видиме дека во Македонија всушност сиромашните слоеви ги внесуваме во функција да го финансираат високото образование, на кое заради рестрикциите, заради можноста за упис само на оние кои имаат материјални средства за таа работа се претвора наместо во социјала, инаку образованието е се разбира дел од социјалната политика, наместо во социјални намени, во социјална политика чиј дел е образованието, ние вршиме обратна функција. Сите го финансираме високото образование во многу големи износи, а таму учествуваат само оние кои се најелитни или во горниот 5-6% слој од населението по богатство во пирамидата на богатството, а го финансираме сите.

Еден од заклучоците со кој мислам дека треба брзо да се соочи нашата држава, нашата Влада, министерот за финансии, па и Министерството за образование е да почне се повеќе да размислува дали јавните средства во толку голем обем ќе ги користиме за една мала група на луѓе, кои се насочуваат во високото образование, а многу малку пари по глава на ученик даваме во основното и средното образование.

Се надевам дека оттука можеме да извлечеме и други консеквенции. На пример дека високото образование во Македонија треба полека, меѓутоа многу сигурно и стабилно да почнеме да го приватизираме. Не може сите да го плаќаме уписот на 7.000 годишно, а за 30.000 да плаќаме дупло повеќе пари во основното образование. Мислам дека дел од проблемите за кои денес разговараме ќе се расчистат ако се увериме дека тој што сака на Универзитет да оди треба сам да сноси најголем дел од трошоците или со економски речник кажано, степенот на повраќање на инвестициите во високото образование се повеќе индивидуални отколку општествени, за разлика од основното и средното образование, каде што степенот на поврат на инвестициите во образованието е повеќе оптшествено или екстерналиите се подобри во општеството. Од работната сила која е со основно и средно образование поголема корист има општеството, помала поединецот, тој нема високи приходи, меѓутоа од оној со високо образование степенот на повраќање е од прилика половина кај оние што имаат високо образование во приватните фондови, што јасно укажува дека тие ќе мора и сами да го

финансираат, наместо да го финансираме сите.

Понатаму, сакам да укажам дека овој закон, наместо да се расправаме на кој јазик треба да учиме, треба многу посериозно да се занимава со проблемот дека високо стручните знаења кои ги продуцираат високо школските установи по овој закон и институции многу брзо застаруваат.

Денес науката и статистиката покажува дека знаењата во просек заостануваат за 5, 7 или 9 години откако ќе го завршите факултетот, во техничките науки за 5, во биолошките и медицинските за 7 и во хуманитарните науки од прилика за 9 години. Тоа значи дека секој кој завршил факултет после 5, 7 или 9 години може да смета доколку ништо понатаму веќе не читал и не се образувал дека неговата диплома не вреди. Проблем со кој овој закон, освен со еден член на континуирано образование, сум уверен дека треба да се бави многу повеќе затоа што без разлика на кој јазик ќе го заврши, на албански, на македонски, нека биде и тајвански, кинески, тоа знаење нема да го користи. Ние мораме да имаме систем во кој оној кој стекнува универзитетска диплома, седејќи во канцеларијата во фабриката, пред машината или незнам каде, мора своите знаења да ги обновува до степен тој да ги одржува на ниво на високо образован човек.

Особено мислам дека Законот за високо образование треба да ја потенцира улогата не на учење на факти, не на снаоѓање во позната ситуација со малку изменети околности, туку снаоѓање од страна на тој завршува во непозната ситуација од негова област.

Дозволете да укажам на едно истражување на Светската банка, Одделот за образование, кое јасно укажува дека државите меѓу кои припаѓаме и ние, иако не се тестирани ученици и студенти од нашата држава меѓутоа од државите од регионот меѓу кои Бугарија, Словенија и други од Источна Европа, јасно укажуваат дека тоа се студенти кои со завршена диплома од нашите Универзитети, можат да се снајдат само во позната ситуација со своето знаење, а не можат да се снајдат и да ги искористат во нова непозната ситуација, која е соодветна на нивната струка. Доколку Универзитетот и понатаму кај нас, било кој Универзитет по овој закон и овој закон е насочен да создава дипломи и да создава луѓе, кои можат да се снајдат само во дадена ситуација која е помината низ Универзитетот, такви дипломи и таков закон нам не ни треба. Нам ни треба закон кој ќе ги оспособува нашите студенти или оние кои ќе се занимаваат со изучување на науката на високо школските институции или станови кои ќе можат да се снаоѓаат во непозната ситуација. Само така ќе успееме да создадеме луѓе кои место дипломи ќе имаат знаење и со тоа ќе придонесуваат во развојот на нашата држава.

Во таа насока, сакам да кажам дека срамежливото напоменување на проблемот на континуираното знаење во законот е недоволно. Имам впечаток дека тоа е само попатно споменато и дека не разработува инструменти преку кои Универзитетот и другите високо школски установи кои ги третира законот, ќе бидат установи во кои ќе има континуирано следователно образование, кое ќе има доживотно образование и разни други институции, механизми и мерки кои ќе го одржуваат секој кој завршува високо образование, се разбира вклучувајќи ја и неговата сопствена иницијатива, иницијативата на институциите и организациите каде се вработени, вклучувајќи ги Универзитетите ќе бидат дел од континуираното, постојаното доживотното и како се наречете го образование.

Во таа насока, сакам да укажам на следното. Ако продолжиме со расправата дека образованието е политичка институција, веројатно нема да кажам ништо ново, меѓутоа ајде да се запрашаме сите јавно. Ние можеме, доколку државата на начинот на кој сега ни го нуди на пример членот 198 и понатаму да продуцираме факултетски дипломи. Меѓутоа, диплома на таков доктор, ајде да се јави еден од нас кој ќе оди да се лечи со апчиња, да ги добива од рецептите на тој доктор. Еден кој ќе сака да биде подвргнат на хируршка интервенција на доктор, кој така завршил факултет во граѓанска иницијатива, полу проверено, полу непроверено во натамошните институции.

Еден кој ќе прифати проект на градежен инженер за неговата куќа, кој ќе му ја пресмета статиката, а завршил на таков Универзитет и да живее во куќата со столбовите, кои носат или не носат толку од тежината колку што треба да носат.

Сакам да кажам дека треба да се ориентираме на Закон за високо образование, кој ќе произведува луѓе кои знаат. Доколку ни е потребно да произведува луѓе кои ќе имаат дипломи, тогаш ние можеме и член 198 да го прескокнеме и на сите да им ги издадеме дипломите веднаш. Тоа овој законодавен дом се разбира го има како моќ. Меѓутоа,

ако мислиме дека нашата моќ треба на таков начин да ја практицираме и контролираме, мислам дека создаваме проблем.

Од овој агол сакам да ја препотенцирам препотенцираната потреба од образование на свој мајчин јазик. Веднаш сакам да укажам на следново. Во Македонија како и во целиот свет, особено во оние држави кои во рамките на науката, високите установи, институтите и Универзитетите не се отидени предалеку. Престижно е да се стекнуваат знаења на странски Универзитети, престижно е да се изучува некоја наука на странски јазик. Вие ако направите некоја анкета меѓу студентите Македонци, па и меѓу студентите Албанци, Турци. кој би сакал да студира на француски јазик на Сорбона или кој би сакал на англиски јазик во Оксфорд или на англиски јазик во Масачусец, ќе видите дека сите сакаат. Тогаш нивната желба за студирање на сопствен мајчин јазик ќе биде запоставена. Ако продолжиме да мислиме дека дипломата на сопствен јазик е онаа која ни овозможува знаење ќе се доведеме во проблемите на кои еве се обидувам да укажам. Повторно ќе потврдам гледано од аспект на еден економист.

Друг е проблемот што многу луѓе покажале, се разбира некој може да го прифати, некој не може да го прифати, меѓутоа, јас навистина отворено се прашувам, ако секој учи во основните училишта на својот јазик, во предучилишни установи на својот јазик, во средно образовните институции на својот јазик на високо образование на својот јазик, каде ние ќе се сретнеме. Каде ние ќе се сретнеме и да знаеме дека во Македонија покрај Никола постои и Наим, покрај Илија постои и Илјаз и т.н.

Она што сакам да го кажам е за високото образование, кој го измачува овој закон, на Албанците во Република Македонија. Нека не ми се забележи ако во она што го говорам дадам и некое политичко видување за тоа како пратениците кои претендираат дека ги претставуваат албанските гласачи во Македонија во овој Парламент, во кои насоки треба да се ангажираат, како што впрочем и нам на пример од господинот Алириза Лога ни беше укажувано што треба ние да правиме.

Прво, дали образованието на Албанците во РМ во својот механизам е запнато кај високото образование. Дали високото образование, г. Александар Пандов е тоа кое ги оневозможува во стекнувањето на своите права во своите знаења. Она што сакам да кажам е следново.

Проблем со образование на Албанците во Македонија постои, како што постои со образование на Турците и на Ромите, меѓутоа не толку и на Србите и на Власите. Проблемот постои, тој не е во високото образование. Проблемот со образованието на Албанците почнува во основното образование. Според статистиката на Македонија, 98% имаме ефективна неписменост, што значи дека социјализмот успеал да ја искорени неписменоста. Незнам дали е достапна истата анализа која во Владата постои, мислам дека се работеше за УНЕСКО или Светската банка, се направи анализа во која се потврди дека во Македонија ефективната неписменост од специфичната статистичка група е 90%. 90% за нашата држава е премногу.

Меѓутоа, кога би направиле таква анализа само за албанското население, дали мислите дека тој процент би бил поголем или помал. Дозволете, врз основа на колективното искуство на сите нас овде во Парламентот, да констатираме дека кај Албанците процентот на неписменост е многу повисок, односно процентот на писменост е понизок од 90% што е просечниот за Македонија. Можеме да претпоставиме, ако кај Македонците е 95%, тогаш кај етничките Албанци заради нивниот сооднос со Македонците од 3:1 не е 85%, туку е некаде 70%. Се разбира, ова се мои претпоставки. Не можам сега да ги докажам, меѓутоа, произведувам некаква логична анализа.

Проблемот со образованието на Албанците не потекнува во високото образование. Потекнува од основното образование, потекнува од фактот дека опфатот со албанските деца, кои се од женскиот пол е катастрофално лош и дека тој треба да се поправи, дека нашата приоритетна ако сакате политичка акција треба да биде насочена пред се кон опфатот на женските деца во основното образование, кон опфатот на албанските деца општо во основното образование и особено кон албанските деца кои живеат во руралните средини во основното образование, за да можеме воопшто да разговараме до степените за кои денес претендираме дека треба да се разговара. Се разбира дека ова е задача која претстои на сите нас. Ние сме за жал во XXI-иот век и во формална смисла веќе, меѓутоа, ние не можеме да се пофалиме дека кај еден дел

од нашата популација степенот на образованието тоа го овозможува. Тоа се провлекува мошне драстично и според зборовите на министерот во средното образование каде што сите овие податоци се преполовуваат до степен кој не овозможува оваа групација да има елементарно образование за денешната смисла на сфаќање на зборот колку еден човек е писмен и образован. Сакам да кажам дека општото образование на Албанците треба да се разговара и за високо образовни институции, меѓутоа многу, многу повеќе да се разговара за нивното учество во основното и средното, за да се дојде да се разговара и за високото образование, со што не сакам тој проблем да го потценам, не сакам да го отстранам, се разбира, треба да се разговара паралелно со ова за што разговараме, дури и помалку од тоа.

Сакам уште да укажам дека можеби во нашиот закон имаме многу крута дефиниција, за тоа кои се високо школски установи и институции.

Мислам дека треба да се прифати дефиницијата на Генералната конференција на УНЕСКО, која е прифатена и која гласи дека високото образование вклучува "сите типови на студии, обука или обука за истражување во пост секундарното ниво кое се обезбедува од Универзитетите или други образовни институции, кои се одобрени како институции на високо образование од страна на компетентната и соодветна државна власт". Мислам дека нашиот закон можеше исто така да се бави и со таквата дефиниција и дека можеби ќе беше од тој аспект поуспешен.

Дозволете на крајот да кажам уште неколку зборови, само попатно поттикнат од дискусијата на господинот Глигоровски. Нека не ми забележи, тој кажа дека нас мониторингот на Советот на Европа не обврзува и на соодветни членови во овој закон, што мислам дека е точно, меѓутоа мислам дека актуелната власт во Македонија почнува да влегува во таканаречениот круг на јајцето и на кокошката, во кој веќе нема да може да се види што е првото, што е второто, затоа што мониторингот од Европа ги составуваше соодветните параграфи од Резолуцијата, со која ни го симнува мониторингот, ние јасно укажавме дека таму има три реченици во однос на високото образование на Албанците, кои ќе бидат мошне проблематични да се спроведат. Тогаш тоа не беше проблем, а сега се зема како здраво за готово, како препорака од Советот на Европа. Мислам дека тоа е еден систем, метод на работа, во кој прво лесно се прифаќа, а после тоа лесно прифатено се прифаќа како обврска. Очигледно е дека нашата држава, Владата и Министерството за надворешни работи, кое требало да го поттикне Министерството за образование во таквата констелација на односи, секој збор од таа резолуција, се разбира доколку сакаме да ја исполниме, инаку не сме многу исполнителни како и другите држави во однос на тие резолуции, зашто ако ги исполнувавме сега крајот немаше да ни се најде што се таму се пишува за нас, не само за оваа резолуција туку и за останатите, требаше мошне добро да се координира од страна на Министерството за надворешни работи каква формулација ќе се прифати, затоа што тоа после ги врзува работите, а од друга страна создава обврски за кои сега некој лесно да каже дека таа обврска е создадена. Таму се прифати обврска и за високо образование на албански јазик во рамки на постојниот Универзитет и за високо образование на албански јазик на приватни институции и за приватно образование на албански јазик во насока на некоја институција која прво ќе ја финансираат меѓународните институции, а понатаму ќе прерасне во државна институција. Ако така лесно поминуваме преку тие резолуции, а после така лесно ги прифаќаме, мислам дека едноставно влегуваме во дебата за која станува бесцелно да се дискутира на таков начин.

Мораме и Владата пред се, ние пратениците немаме капацитет ни стручни служби да навлегуваме така во тие резолуции, мора многу внимателно да следиш што се случува таму, што ни се наметнува и да реагира соодветно и во Комитетот на министри, а преку механизмите и во Парламентарното собрание во Советот на Европа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Со ова јас би сакал да го завршам мојот настап во врска со тоа како јас гледам на проблемите кои треба да ги уредиме со овој закон. Тие проблеми, на начинот како ја водиме дискусијата и начинот кој на некој начин ја создава климата, далеку од решени ќе бидат.

Она што сакам уште да го потенцираме во врска со мојата дискусија и моето видување на членот 198, по однос на минатото, сегашноста и иднината на проблемите околу кои на пример се судривме со господинот Алириза Лога, нема да ги повторувам, меѓутоа ќе кажам дека се што кажав во репликата кон него го

приложувам како прилог и во оваа дискусија и стојам на позициите.

После една шестгодишна голгота, во која беа вовлечени во Македонија сите оние кои одлучуваа на страна на власта, преку начинот на кој одлучуваа, оние кои беа во опозиција преку начинот на кој дејствуваа како опозиција, а оние кои беа ни во едната ни во другата, од страна на Парламентот преку своето јавно дејствување, сите бевме вовлечени во една процедура која се викаше пара Универзитет во Мала Речица. Нашата пратеничка група и тогаш и сега стои на ставот дека, тоа е политичка конституција и дека тоа е далеку од високо образовна институција, особено од призмата низ која ја сега говорев. Тие наши заложби конечно во Владата на ВМРО-ДПМНЕ добија некаква верификација и со овој закон сметаме дека се става точка на пара Универзитетот во Мала Речица. Се разбира дека сите обвинувања за проблемите кои се јавија со овој Универзитет, а кои беа кон нас упатени барем од еден дел од партиите на Албанците кои денеска очигледно ќе се изјаснат за укинување на тој факултет, ги прифаќавме во тоа време со извесна резерва, затоа што сега конечно сега си дојде на ставовите, дека тој Универзитет нема да постои.

Господине претседателе јас се извинувам, ако бев малку подолг во моето излагање пред Парламентот. Сакав да опфатам и некои аспекти и се разбира имаме неколку амандмани за кои кога ќе дојдат, за тие два-три проблеми кои со амандманите сме ги опфатиле во овој закон, во текот веројатно на утрешниот или задутрешниот ден сакаме попрецизно да се држиме токму на нив, за разлика од ова едно поглобално гледање на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски, за навистина содржајното излагање.

Мислам, кога би знаел некои факти би требало да ми се извини, во најмала рака за две работи, спомнувајќи ме како претседател на сенат.

Јас бев потписник на Декларација да се донесе Законот за високото образование, од тогашната Влада барав и знам што значи непостоењето на Законот за високото образование, тоа е едно.

Второ, јас ги посетив моите студенти под шаторите, не да им кажам да останат таму, туку да ги бараат правата преку институциите, значи не сум ги поттикнувал.

Трето каде што можеме да се разликуваме од тоа што минаа три-четири години, јас мислам, ајде да не употребам тежок збор, но знаете кој не го менува мислењето, односно не прави компромиси, ценејќи ги ситуациите. Ситуацијата пред три години беше друга, денеска е сосема друга. Денес имаме политичка партија на Албанците, која бара компромисно решение, а политиката е еден огромен компромис, ако не сте знаеле до сега или можеби со години доаѓа тоа знаење.

За реплика се јавува господинот Никола Поповски.

Можеби ќе се извиниш за двоите две работи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Немам намера да се извинам за ништо.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не ме чуди зашто никогаш не се ни извинувате, мислам, вие.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, елементарно во овој Парламент е, како состојба кога вие настапувате од свое име, а не како претседател на Собранието, да настапите од говорницата за да бидеме рамноправни. Вака се стекнува впечаток дека јас во овој момент реплицирам со претседателот на Собранието, што немам намера, меѓутоа имам намера во својство на пратеник да реплицирам со, покрај друго и пратеничката функција, на господинот Климовски. Ако можеме да ги разграничиме тие две.

Ако во 1997 година јас сум седел во овој Парламент и сум мислел дека треба да се има високо образовна институција на албански јазик, во рамки на Скопскиот Универзитет, односно Педагошката академија "Св. Климент Охридски", а некој во тоа време имал спротивно сфаќање и ги користел сите средства, јас тоа сум го прифатил. Се разбира дека постојат и новини за изјавите кои биле издавани. Меѓутоа, ако некој, откако го променил мислењето се прави херој зошто го променил, а тој кој тоа мислење го имал и денес го има, а особено што тоа мислење не предизвикало понатамошни турболенции, ниту се укинува сега "Св. Климент Охридски", значи останува и новото мислење на ставот на старото, елементарно е да не не правите дека ние не ги разбираме работите. Напротив многу ги

разбираме и совршено ни е јасно зошто се променети улогите. Едноставно во тој момент бевте опозиција, скриена или откриена имавте намера да ја срушите власта и ги користевте средствата и на грбот на "Св. Климент Охридски" како педагошка институција. Сега сте на власт, сега ви е потребен компромис и јас тоа го ценам. Компромис прави и ДПА, правите и вие, меѓутоа за тоа ќе има некакви други судови. Се работи за избори, да не ме предизвикате да сум употребил погрешен збор. Судови на јавноста во врска со изборите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немам намера да ви одговорам на сето ова. Има факти.

За реплика се јавува господинот Мевљан Таири, реплика на излагањето на господинот Никола Поповски.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ќе бидам краток и ќе опфатам само еден дел, затоа што и покрај тоа што беше во многу делови многу јасен во своето искажување, по се изгледа дека едни делови намерно ги држи така малку замаглени. Имено се работи за образованието на Албанците во целина, а во тој склоп и за високото образование на Албанците.

Проблемот, се разбира во многу е поврзан и со образованието на Албанците во основното образование. Но, заборави да каже дека сепак тоа е поврзано со високото образование на Албанците, посебно со образованието на наставничкиот кадар за потребите на основното и средното образование. На тој начин, дефакто, со својата дискусија ја образложи потребата на Албанците да имаат свои високо образовни институции на албански јазик.

Што се однесува до својот коментар дека со овој закон се запечатува судбината на тетовскиот Универзитет, јас се надевам дека токму спротивното ќе се случи. Инаку јас не верувам дека има Албанец, кој што би сакал да ја затвори таа високо образовна институција. Дефакто претпочитувам дека се работи за некои нови состојби кои во иднина би требало да се случуваат во таа високо образовна институција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на тоа што прилично јасно се изјаснив за некои од проблемите кои ги загатнува овој закон, мислам дека сега дискусијата на господинот Таири може да не вовлече во насока, интерпретацијата негова да остане мојот став. Затоа би сакал само кратко да кажам, како јас го замислувам начинот на кој оние кои се наоѓаат во системот на основно образование, а се од албанска националност, какво ќе биде нивното образование, на кој јазик и како ќе се продуцираат професори за таа работа, мојот став го искажав и сеуште стојам, со гласањето на Законот за високо школската институција "Свети Климент Охридски" на јазиците на националностите и мислам од прилика е тоа тоа што треба.

Само за да дополнам, можеби јас сум бил непрецизен, за мене станува совршено јасно дека со овој закон можноста за државен Универзитет во Мала Речица е закопана, а се разбира низ критериумите на Законот за приватна институција е секогаш можна. Меѓутоа очигледно за државна институција таа работа, за жал или за среќа, кој како мисли, се закопува со овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, најнапред се извинувам заради тоа што со оваа дискусија ќе ве оневозможам да бидете на некое друго попријатно место, меѓутоа верувајте дека и ние можеме да бидеме на некое такво друго попријатно место и до колку изборот беше во наши раце, секако дека нема да направевме овој Парламент да работи после полноќ.

Меѓутоа што е тука е, законот, сите спомнавме дека е важна проблематика и заслужува внимание од голем дел од пратениците, па не е случајно што предизвикува и толку многу и долги дискусии и многу различни видувања.

Би сакала најпрвин да кажам дека често пати беше повторувано од неколку дискутанти, а често пати тоа сме го слушале и во медиумите дека проблемот на високото образование, односно Законот за високо образование е во тоа што тоа е од образовноста на ова политичко прашање. И јас на почетокот не би сакала да се согласам со ова вака лесно искажано уверување, заради тоа што според мене нема поважна политика од образовната политика. Нема политичка партија, пратеничка група, нема држава, Влада,

поединец политичар кој што може да излезе на избори, да излезе пред гласачите и да излезе со програма во која нема да го има овој клучен сегмент наречен образовна политика. Затоа би предложила да не си ги врзуваме рацете со тоа што го ставаме на ова прашање црниот по нас печат на политиката, па велиме кога ќе кажеме дека сме го исполитизирале прашањето, односно кога сме му дале политичка димензија дека со тоа сме му нанеле зло.

Проблемот во Македонија генерално мислам, меѓутоа проблемот со ова прашање е што честопати не зборуваме за образовна политика туку зборуваме за образовна дневна политика, за образовна ситна политика, зборуваме за политика која што е во образованието, меѓутоа е дел, резултат на голем број на политички фрустрации или аспирации, како за кој. Доколку успееме да го ослободиме ова прашање од тие политички фрустрации, од тие секогаш присутни и секогаш легитимни политички аспирации, можеби ќе тргнеме понекогаш од овој статус кво кој што е наречен решавање на проблемот на високо образование. Меѓутоа за таа цел не е потребно механички, дневно - политички да го разгледуваме и овој закон кој денес е пред нас и кој што не провоцира честопати да кажеме дека целта ни е да имаме знаење, целта ни е да имаме квалитетни студии, целта ни е пред се акцентот да го ставиме на квалитетот на изведување на тие студии. Меѓутоа, да ви кажам искрено, мојот впечаток е дека дури и идеалниот закон кој што ќе го напишеме или би го напишале во некоја идеална држава и идеална ситуација, не може да биде гаранција на квалитет, заради тоа што квалитетот во образованието се постигнува со секојдневна паметна политика, со секојдневна рационална политика, со секојдневна политика, која што ќе се базира врз добро напишан закон. Затоа навистина е тешко да се зборува денес за квалитетот, кој што ќе ни го гарантира овој закон во високото образование, кога во истиот период, во една од паузите успеав да прочитам едно писмо од читатели, во неделникот "Денес" во кој стои кои се проблемите на пример со кои се соочува моментално основното и средното образование во Република Македонија и кои што директно удираат на квалитетот на знаењето, односно квалитетот на образованието. И како да зборуваме дека од денес ќе обезбедуваме квалитет во високото образование, кое што бара и повеќе средства и повеќе одвојување од Буџетот, поголеми инвестиции, кога на пример, според Министерството за образование и дописот кој што е испратен до основните и средни училишта, се бара бројот на ученици во паралелките, внимавајте тоа се основно и средно училиште, паралелки во кои што се описменуваат деца, треба да бидат најмалку 34. Кога стои дека педагозите, психолозите, социолозите и социјалните работници треба да се ангажираат со работа во две или во повеќе училишта, кога стои дека треба да се преиспита дневниот престој и потребата од забавишта, внимавајте, да не зборувам за социјалните консеквенции и економски, од сево ова, каде што стои дека задолжителниот фонд часови во предметна настава треба да изнесува 24 часа неделно, а дополнителна, дополнително. Можете ли да замислите кој наставник ќе биде заинтересиран за дополнителна настава.

И она што е најинтересно и најстрашно, квадратурата за одржување на хигиена на еден хигиеничар да биде 900 м2. Анализите, пресметките, секој може, споредба со 90, 45 или некоја вака по реална квадратура да ја направи. Што сакам да кажам. Сакам да кажам дека овој закон треба да го направиме да ги задоволи потребите. Меѓутоа овој закон треба да го направиме рационален, реален и остварлив. Ако ја згрешиме тука работата, овие членови кои што ги дискутираме, овие дискусии и анализи кои што денес ги правиме, ќе бидат безвредни, Но, тргнуваме со позитивни претпоставки, тргнуваме со позитивна мисла и се концентрираме на зборовите.

На самиот почеток би сакала да кажам неколку работи кои дел беа спомнати, дел не беа, а кои се однесуваа на текстот, содржината на законот, заради тоа што велевме дека треба да се враќаме назад на читање на законот.

Најпрвин би сакала да го поздравам фактот дека во Предлог Законот за високо образование се отвара широка можност за отворање на приватни високо образовни институции, кои што на крајот на краиштата во голем број земји кои што сакаме да ги земаме за пример не се дури ни дозирани исклучиво на профит, туку напротив веќе влегуваат во доменот на јавниот интерес, јавниот сервис, кои што се дел можеби од некоја поширока социјална активност, меѓутоа кои што на крајот на краиштата нудат нови можности. Целта навистина треба да ни биде, со можноста, меѓутоа таа треба да биде реализирана, со можноста за отварање на приватни факултети и Универзитети, кои нема и не треба секогаш да ги сфаќаме исклучиво како решавање на

проблемот на употреба на јазиците, туку треба да ги гледаме како нудење на поголема шанса нови можности на студентите, кои треба да ги гледаме како начин единствен за конкуренција со постоечките кои што дури и да се најдобрите на светот без постоење на конкуренција стануваат помалку инертни, помалку ефикасни, стануваат по оддалечени од студентите и т.н. Значи треба да го подржиме тоа. Меѓутоа треба исто така да го препрочитаме законот и да видиме дали можеби со некои од условите кои се пропишани ставаме веќе и први препреки за формирање на вакви приватни институции. Јас работам на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј", значи како интерес имам, можеби некој приватен, некој себичен да кажам, да остане тој по малку монополистички во својата функција. Меѓутоа морам да кажам дека доколку процесот на одобрување на отворањето на приватни факултети го сведеме исклучиво во рацете на оние кои веќе сега ја имаат таа монополистичка состојба, можеме да создадеме проблеми, можеме да имаме можност за отворање на приватни факултети и Универзитети, а да немаме никаква реалност во таа насока. Од друга страна, нормално, сегашноста со два Универзитети со огромен број на факултети треба да се земе предвид, меѓутоа вистинскиот баланс ќе го дискутираме и за време на амандманите.

Втората работа што сакам да ја коментирам беше предизвикана од една дискусија на членот на Експертската комисија, господинот Дика дека во однос на генералниот став на Комисијата имал некои резерви на прашањето на автономноста на факултетите, во рамките на Универзитетот, односно нивниот статус на правен субјект, виза ви правниот статус на Универзитетот и дека тој лично фаворизирал решение во кое што примат ќе се даде на Универзитетот и дека практично Универзитетот единствен ќе фигурира како правен субјект.

Мислам дека експертската група го избрала подоброто решение, заради тоа што доколку во секоја сфера, локална самоуправа, економија, администрација, одиме во правец на децентрализација на моќта, одиме во правец на збогатување на изборот, мислам дека ќе биде несериозно ако во оваа сфера каде што може би имаме поголема потреба за иницијативност, го примениме обратниот рецепт, па тргнеме сега кон окрупнување, на некој начин, на целиот организам, кој што ќе стане уште поинертен, уште по неефикасен и уште по оддалечен од студентите. Така што мислам дека во тој поглед законот дава добар одговор.

Сега би сакала да тргнам со неколку делови од законот. Имено да спомнам нешто околу органите кои ги дефинира овој закон.

Едниот од нив е Одборот за акредитација заедно со неколку органи, кои стануваат сега клучни заедно со Агенцијата за еволуација, како и понатаму Фондот за финансирање на високо образовната дејност, се органи дефинирани со овој закон кои практично ќе ни ја обликуваат политиката на високото образование во наредниот период, во неколку различни смисли, како на пример одлуката за акредитирање на одредена високо образовна установа, како и одлуката на пример за еволуација, која што ќе се врши постојано, според она што јас го разбирам. И единствен проблем кој овдека кај мене се јавува е во поглед на составот на овие органи, составот на Одборот за акредитација, како и составот на Агенцијата за еволуација. Имено, еден дел, јас се извинувам претседателе и мене концентрацијата ми е многу послаба и многу подобро ќе беше утре да продолжевме и пократки ќе ни беа дискусиите и по содржајни, меѓутоа што е тука е.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Во погледот на составот и изборот на Одборот за акредитација законодавецот, односно предлагачот на овој закон предлага Одборот за акредитација да биде составен од 15 членови, од кои 8 се од редот на професорите избрани од Интер - универзитетската конференција на Универзитетите во Македонија, два члена од МАНУ и пет члена именувани од Владата, односно од професорите и од лица избрани во научни звања.

Проблемот што го спомнав со можноста да се отворат приватни факултети, приватни високообразовни институции се гледа токму во овој член. Тука навистина морам да признам дека, сеуште размислуваме како во текот на утрешниот ден доколку имаме неколку амандман да го предложиме.

Практично одлуката за акредитација ќе зависи од оние кои се веќе членови на Интер - универзитетската конференција, а членови во моментов можат да бидат само оние кои се вработени во постоечките два Универзитети во Република Македонија, освен оние што ги именува Владата и два од МАНУ.

Дел од светските искуства кои јас стигнав да ги погледнам, имаат малку

поширока рамка на разгледување на работите со вметнување на она што кај нас постои, тоа се професионалните организации, значи организации кои обединуваат во себе крупни фирми кои работат во одредена област, крупни институции во дадена област и кои на тој начин даваат баланс и даваат можност во одлуките за акредитација да немаат улога само постоечките професори, односно постоечките Универзитети туку во нив да влезе и мислењето на практиката, на индустријата што претставува помалку импулс, истото важи и за агенцијата што би требало да претставува импулс за сите овие постоечки институции да ги прилагодуваат своите студии на потребите и барањата од времето.

Токму поради тоа што се работи сепак за органи кои ќе одлучуваат по специфични факултети, специфични области, јас се плашам дека поготово Агенцијата за евалуација, меѓутоа може би и Одборот за акредитација е премала како орган, заради тоа што овие 15 или еве Агенцијата за евалуација е составена од девет члена, многу е тешко да се направи распоред кој ќе гарантира присуство и на општествените студии и на техничките студии на уметностите, тие исти луѓе евалуацијата на некој начин ќе ја прават со половичен капацитет, морам да признам.

Во поглед на Интер - универзитетската конференција, тоа што се споменува неколку пати како избор на предлози и решенија кадровски и кај фондот и кај Одборот за акредитација и кај Агенцијата за евалуација, мислам дека исто така проблемот со составот може да дојде до израз заради тоа што според сегашното решение таа е составена од ректори на Универзитети, претседатели на сенати на Универзитети, проректори не повеќе од три и по три члена од секој универзитетски сенат со тајно гласање и деканите на приватните високо образовни установи, кои се во составот на Универзитетот.

Од една страна нормално дека овие Универзитети кои обединуваат голем број на факултети треба да бидат многу повеќе претставени. Од друга страна проблемот кој деканите на приватните високо образовни институции дури ако успеав на почетокот да влезат во оваа Интер - универзитетска конференција ќе имаат проблем заради тоа што постојано и јас мислам во наредните 20-30 години ќе бидат во..., ќе земете предвид дека оваа конференција практично ќе ги избира секој од органите кои ги спомнав.

Истиот проблем во поглед на стручноста, во поглед на професионалноста се јавува и кај фондот за високо образовна дејност кој ќе биде клучен орган, бидејќи ќе одлучува за средствата за финансирање на целата високо образовна дејност, ќе донесува програми за реализација на оваа програма, ќе одлучува за распределбата на средства за вршење на дејност на високо образовни установи.

Внимавајте тоа е фонд кој е составен од 15 члена и секој од нив има професионална преференца на кој начин ќе се гарантира дека овој фонд ќе биде во состојба да понуди програма, која ќе биде изнијансирана, која навистина вистинското место ќе го даде во дадената област. Инаку, навистина е тешко јас не можам да замислам ниту еден професор од техничките факултети, кој ќе смета дека уметноста има потреба од повеќе финансирање во образованието и обратно нема да сретнете ниту еден уметник кој ќе смета дека правните студии треба да бидат позастапени и по јако финансирани, поголем интерес и т.н.

Во бројката од 15 членови прифаќам дека е тешко да се извршат тие влијанија, меѓутоа, дополнително што овде кај фондовите, конференцијата и другите два органи се јавува проблем на тајминг, кој се надевам дека министерството го осмислило и дека смета роковите што се дадени од три месеци за едниот орган и од шест месеци за Одборот за акредитација или за фондот ќе бидат доволни имајќи предвид дека во меѓу периодот значи максимум три месеци треба да се формира Интер - универзитетската конференција, треба да се направат неопходните консултации, би требало да се излезе со предлог листа, ќе се согласите дека во РМ, сите овие работи траат малку подобро од другите земји, меѓутоа, во секоја друга земја оваа процедура бара време.

Би сакала да го кажам моето лично мислење дека еден од ставовите на членот 85 мислам дека е коректен, а тоа е можноста која се дава фондот да финансира дури и дејност во приватните институции, мислам дека тоа нема да биде преседант како што реков со тоа ќе се поттикне и компетитивноста и на тој начин ќе се задоволат некои конкретни минимални потреби од некое поспецифично образование кои можат да ги задоволат приватните институции, а кои јавните не можат во моментот да ги акомодираат.

Во членот 98 во поглед на студиските програми за некои нови профили

стручни кадри, се организира можноста високо образовните институции да излезат со предлог за формираше на нови програми, кои ќе образуваат посебен профил на кадри, што мислам дека е нешто што на Македонија досега и недостасуваше на некој начин целата процедура одеше премногу споро, имаше преголем број на пречки кои ја оспоруваа или ја оневозможуваа таа процедура. За жал, не гледам некоја гаранција во која што барем овој член 98 со кој ќе се гарантира дека оваа процедура, барем од правен аспект ќе биде забрзана. Имено, за да се направи сето ова, за да се добие дозвола за изведување до дипломски студии за нови профили на стручни кадри потребно е да се даде согласност од сите овие органи, се разбира, освен ако некој не е заинтересиран приватно да ги финансира, во тој случај нема барање на дозвола од Фондот. Меѓутоа, генерално дури за последната мислам дека ќе биде добро, доколку во овој дел се вметнат рокови кои ќе инсистираат акредитациониот одбор, Фондот за високо образовна дејност доколку ги издаваат тие решенија, односно да излезат со одлука дали даваат пас на ваквото решение.

Јас ќе ги прескокнам двата члена за кои имаме поднесено амандмани, за кои би сакала малку да се осврнам на крајот.

Во глава X се зборува за наставно научни и со работнички звања, значи се регулираат не само нивните обврски туку и нивните права, тука сакам да го поздравам решението според кое нас сите лица избрани во наставно - научна, научно наставна и соработничко звање се овозможува на секој пет години да имаат одредено оплатено и неплатено отсуство, мислам дека на тој начин нашето образование и нашите кадри во образованието ќе ги подобриме, ќе имаат шанса да работат и во други институции, на други проблеми и во друга средина, меѓутоа, сметам дека во членот 137, кој ги дава критериумите за помлад асистент односно помлад лектор законот е пре ригорозен, иако оваа посебна верзија од законот е сепак малку покоректна во однос на претходната верзија која ја разгледувавме барем ние на Универзитетот, а делумно се вртеше и во Собраниските кулоари.

Според овој член лицата од став 1, 2 и 3 значи сите овие помлади асистенти, помлади лектори не стекнуваат работен однос, меѓутоа, имаат право на запишување на постдипломски студии, што е нормално коректно што важеше и досега. Мислам дека не е клучниот проблем во роковите односно термините, годините што се даваат за секој нареден реизбор две години овој пат, проблемот е што мислам дека не е потребно овие помладите асистенти, помладите лектори да не се стекнуваат со работен однос, односно да работат на одредено време заради тоа што прво на тој начин мислам дека ќе привлечеме полош односно послаб квалитет на заинтересирани луѓе во високото образование, ќе се согласите тоа не ни е целта ни намерата.

Второ, мислам дека ќе изгубиме од нивната посветеност, присуство, внимание посветено на наставата, што исто така верувам дека не е насоката. Мислам дека обврските што сите ги имаат согласно овој Закон за реизбор се доволно прецизни, дека се дава можност доколку тие не ги задоволат овие рокови да го изгубат соодветното звање, да изгубат право на работен однос, меѓутоа, на овој начин мислам дека непотребно без многу да се добие им станува помалку иднината понеизвесна, помалку се стеснуваат во вакви непрецизни рамки, да не зборувам дека често пати има примери на нашите факултети, нашиот универзитет целата онаа процедура на рецензиони комисии, одлуки на наставнички совет да доцни и во тој случај овие лица ќе имаат прекин во стажот, прекин во осигурувањето, велам дека со ова нема да ги привлечеме квалитетните кадри, не се привлечени ниту со добра плата и мислам дека нема што да бараат, ова не е добро.

Во глава XI која се однесува на правата и обврските на студентите, сакам само да ја дадам следната забелешка или следниот предлог. Бидејќи веќе се воведува можноста, односно потребата од студентски правобранител кој ќе има за цел да ги заштити правата на студентите како што често се зборува, добро е доколку, бидејќи тоа ќе биде обврска која ќе ја имаат Универзитетите, меѓутоа, според овој закон надлежноста, изборот, работата на студентскиот правобранител целосно се остава да се утврди со статутот на Универзитетот, кој од една страна не е баш заинтересиран навистина да оди до максимум со отворање на ваква институција и кој може би нема да биде многу заинтересиран ни да му даде доволен простор за работа ниту да даде доволна јавност во работењето. Кога ја имате институцијата студентски правобранител една од можностите тој да влијае на некој начин на работата преку јавноста и тоа најчесто било со извештаи кои ќе се објавуваат, ќе бидат јавни, ќе бидат на

располагање на студентите и на други институции било со испраќање на извештај до некои институции кои го имале правото да го проследат случајот понатаму. Вака јас ќе си го дозволам правото да се сомневам во брзото заживување на оваа институција ако го оставиме вака како што е.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓице Шеќеринска јас се согласувам со вас дека има навистина поубави места каде можеме да разговараме за овие работи и јас би се приклучил вечерва навистина ако можете пократко.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас се согласувам со вас претседателе, но токму тоа беше идејата која ви ја предлагавме како пратеничка група да завршиме во некое нормално време и да почнеме со многу повеќе концентрација, со многу повеќе свежа мисла, јас навистина не би сакала да останам куса за она што мислев дека треба да се каже.

Ќе се воздржите уште за неколку теми кои беа малку по исполитизирани, да го употребам тој термин и дискутирани на денешнава седница, а кои некои од пратениците ги сведоа како единствен проблем што овој Закон за високо образование треба да ги реши. Може би најмногу тие се опфатени во членовите 95 став 7 и во членот 197, за нив веќе поднесовме амандмани, меѓутоа мислам дека стручната дебата ја водиме во оваа расправа.

Мислам дека е апсолутно непродуктивно, се покажа неколку пати во серија реплики и контра реплики непотребно, некорисно за донесување на овој закон доколку некој расправата по овој закон, ја води користејќи ја фамата дека некој е против образованието и тоа не на националностите, туку образованието на Албанците. Верувајте дека навистина не можам да бидам каква корист би имал некој во оваа сала и надвор од оваа сала доколку посакува дел, процент и најмал процент од популацијата да има лоши услови за образование или лоши услови во случајот за студирање.

Меѓутоа, веќе беше спомнат овде што ќе се случи со оваа држава и со сите нас доколку одиме со тоа решение докрај. Нема никогаш да имаме контакти во основно образование со оние кои зборуваат поинаку, се молат поинаку, можеби размислуваат или живеат во поинаква средина, во средното образование тоа исто така се случува, мислам дека дури и се зајакнува и сега велиме дека и оние кои треба да ја преземат одговорноста по пет-десет години, оние кои ќе треба овде да ги носат одлуките и на многу други места во Македонија дека и тие не треба да се видат и ако не комуницираат и ако не контактираат дека тоа ќе биде единственото решение кое утре ќе даде резултат. Јас сум подготвена дури да отвориме и таква дискусија. Меѓутоа, сакам, посакувам, имам потреба од тоа некој од овде да прикаже визија и да каже во моментот може би сакаме само нешто да релаксираме, можеби тетовскиот Универзитет малоречански така наречен пара ни тежи толку како проблем што целосно ни ги затвора очите и не можеме да го видиме вистинското решение.

Меѓутоа, од утре опциите веќе ни се познати и ќе работиме на нив. Никој тоа не го прави. Никој не вели дека таа релаксација ќе ни овозможи утре дискусија за можните начини на заедничко студирање, после кое многу тешко ќе биде на било кои политичари, на било кои политички партии, на било кои елити во било каква форма или медиум или што сакате, радикални поединци да ја злоупотребат таа алиенација, таа отуѓеност, да го злоупотребат тоа не знаење и само да го градат ѕидот и да ги градат тие стереотипи.

Ние денеска ја имаме одговорноста да размислуваме и за тоа, да размислиме какви информации ќе им дадеме на оние што денеска студираат и утре студираат, за оние кои се малку поинакви од нас, меѓутоа, не се толку поинакви па да не можат да делат иста зграда, да не можат да делат иста програма, да не можат да делат дури и иста институција. Ако сакате да ја отвориме вака дискусијата па да видиме дали има простор и тогаш нема прашањето да биде дали Универзитет, дали е пара Универзитет, дали е факултет, се повикуваме на тој и тој член од Уставот, ќе отвориме дискусија за Уставот, меѓутоа, ни еден момент откако е отворен проблемот на високо образование на албански јазик никој не зборува за тоа. Истите тие велат, но тоа е создаден проблем, но Албанците немале право на образование, се се тоа резултати на политика која не се интересирала за 10 години подоцна, туку се интересирал за денешниот политички ќар.

Јас жалам што денеска ние не ја сменивме таа пракса. Токму поради тоа кога ќе слушнете поинакво мислење, а ги слушаме фала богу многу по сите теми, меѓутоа особено по оваа, немојте веднаш да сметате дека тоа нешто е непријателски гест и дека тоа е атак врз политиката, правата,

обврските, желбите на било кој. Тоа е едноставно поинаков концепт.

Беше даден тука примерот и јас апсолутно се согласувам оти има разлика во пристапот некој е чекор по чекор, чекор по чекор не, не е тоа само прашањето на интеграција буквално е приближување на различни граѓани во оваа држава. Имате и принцип на радикални решенија, преку ноќ меѓутоа, јас со жалење можам да констатирам дека од она што јас го знам овие преку ноќ решенија, преку ноќ се покажале и како нови проблеми. Тоа е она што ми задава проблем кога го читаме законот и кога гледаме дека нема баш некоја визија за иднината. Не е тоа проблем дали некој ќе се чувствува дека некому нешто дава или одзема или незнам како.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Во членот 197 се дава можност, како што беше кажано неколку пати, една приватна иницијатива како да влезе во системот. Меѓутоа, кога еднаш ќе го отворите системот за приватна иницијатива, мора да се запрашате како тој систем ќе стане отпорен за други приватни иницијативи. Да не ни случуваат квази - специјални и незнам какви други закони, да носиме за секоја друга граѓанска иницијатива.

Втор проблем е она што го спомна госпоѓата Митрева. Тоа е дека во дадениов случај, во целосно нерамноправна положба ќе бидат ставени оние кои не успеале да се запишат на некои од постојните факултети и оние кои ќе успеат сега да влезат во нив, заобиколувајќи ги сите дотогашни процедури.

Третото прашање што лебдеше во воздухот, а беше допрено, но најправо би сакала само да кажам дека споредбата, мислам дека споредбата помеѓу решавањето на проблемот меѓу овие студенти и пара гимназиите, токму поради овој втор аспект, малку е тешко да се направи, заради тоа што во Република Македонија има право на средно образование. Така што никој, во ниту еден момент не може да каже кое право било фаворизирано во однос на нечие друго право. Значи, сите имаат право, додека во дадениов случај со ова парцијално и незнам какво специјално решение, се јавува селекција. Оние кои имаат право да влезат во системот преку мала врата и оние кои тоа право пред една година или пред две години го испуштиле.

Се зборуваше за тоа каква дебата сакаме да имаме за овој Закон за високото образование. Сакам да ви го кажам ставот на СДСМ, дека сакавме да влеземе во дебата што ќе биде сериозна и претерано конструктивна. Мислам дека и денеска добивте претерано конструктивна дебата.

Меѓутоа, има еден проблем. Секогаш при важно решение, секогаш при важен закон, Владата, власта, гарнитурата, како сакате наречете ја, се обидува таа демократска процедура, ако може барем да ја заобиколи по неколку кривини. За да добиете демократски успешно решение, што ќе го ценат граѓаните, клучно е да инсистирате на процедурата и клучно е да инсистирате на отворена дебата. Процедурата, во овој случај, мислам дека делумно, иако ова не е официјална собраниска процедура, беше нарушена со самото тоа што по овој закон дискутираа толку многу институции во оваа држава, за да на крајот се заклучи дека всушност не е овој законот, туку овој позади грб е новиот закон и дека сите оние мислења, предлози, забелешки што биле дадени, биле дадени всушност по ветер, или треба да се работат.

Втора работа што ваквата процедура не овозможи јавна дебата. Јавната дебата овде беше потребна. Не само во оваа сала, таа јавна дебата се врши делумно и на Универзитетот и на Факултетот, меѓутоа мене ме зачуди одлуката овој Парламент, после веќе еден правен преседан, да одлучи обратно. Дека сега веќе не сака да ги слушне ниту Универзитетот, ниту студентите.

Знаете што е лошо? Мислам дека ништо драматично немаше да биде изменето, меѓутоа, мислам дека Собранието покажува дека по малку нема трпение. Ај што нема желба да ги чуе, понекогаш некој човек едноставно нема желба да ве слуша, како што верувам дека многу од салата сега го делите тоа мислење. Меѓутоа, културата, посебно демократска не обврзува тоа да го правиме понекогаш, дури и кога не сме особено расположени. Заради тоа мислам дека, доколку ја имавме процедурата, доколку ја имавме дебатата, таа дебата ќе беше и поквалитетна и порелаксирана. Тогаш ќе кажевме дека излеговме во моментот со најдоброто демократско решение, решение што демократските институции во оваа држава го расправале и го донеле.

И на крајот, последните три или четири реченици, мислам дека е некоректно од било кој во оваа сала, беше направен обид, мислам дека дури се испушти на колегата, по не знам кој веќе кој пат, кога не се има што да е каже, да се вади анти картата. Понекогаш, имав впечаток владиното мнозинство ја гледа опозицијата, најчесто СДСМ како една огромна табла на која што на поминување само ќе се залепи некоја анти етикета. Тоа така си седи. И, што е најтрагично, тоа владино мнозинство мисли дека тоа е корисно и дека е корисно за една држава, доколку вака ја отсликате ситуацијата во својата земја, дури и на странците, ако кажете дека имаме власт што е демократска, имаме власт што е идеална, ама опозицијата анти реформска, анти албанска, анти НАТО, анти западна и т.н. И сметате ли дека една држава може да биде оценета позитивно, ако во неа постои опозиција, што на сите анкети води, не е тоа значајно, можеби ќе се реализираат тие бројки, можеби нема, но меѓутоа, која што во секој момент може да добие. Која е довербата што ние ја влеваме на странците, на странските институции? Која е иднината што ја проектирате за оваа земја? Која е вашата иднина, дури и во моментов на овие две години како сте на власт?

И, за да дојдам на анти актуелното прашање, значи дека СДСМ на оваа расправа го облекува костумот на анти Албанци, навистина ќе ги замолам сите колеги да си дозволат или да му дозволат на своето подолготрајно паметење да им се врати сега во игра па, да се потсетат кој што играше и кој што глумеше, можеби, навистина незнам. И, да барате и да барете и да читате во сегашните изјави и во бившите и не секогаш да се правдаме со тоа дека е само политика. Заради тоа, ако е тоа само политика и ако е тоа во ред, само ќе си ги менуваме 4-те години, само ќе си ги менуваме маратонските седници и секогаш со истите проблеми ќе се влечеме.

Само би сакала да ве замолам да се замислите што ќе беше, доколку во ова Собрание го разговараме истиот закон, а доколку улогите беа спротивни. Обратно. Дали улиците ќе беа празни, беше спомнато? Дали атмосферата ќе беше и волку мирна? Јас затоа реков бевме екстремно конструктивни. Дали волку ќе се зборуваше и за текстот на законот и за тоа дека треба да најдеме добро решение?

Не. Тоа е мојот впечаток. Мојот впечаток е дека ќе излезевме со нашите грандиозни идеи, нашите големи зборови за предавници. Јас сум го слушала тоа и ќе ми дозволите сега да ве потсетам дека многу луѓе кои припаѓаат на ова владино мнозинство, еднаш обвинуваа за нешто друго. И, денеска, внимавајте, што зборуваше Никола, сега веќе не е битно што имал право да си го измени мислењето. Имате право да си го измените мислењето. Ние сме навистина задоволни, среќни, расположени што тоа сте го направиле.

Меѓутоа, проблемот е, менувајќи го вашето мислење, вие не водите сметка дека некој, кој го задржал мислењето не може така лесно денеска да биде етикетиран. За да ни заштедите време, водете сметка за тие работи. Водете сметка дека, без разлика што ние го блокираме нашето паметење, пред 2 години, после 2 години, како некој месија да се родил во меѓувреме, дека оние надвор од оваа сала потешко тоа го прават. И, дека, навистина им треба многу, многу перење на мозокот, многу, многу информативни емисии на МТВ, за да тоа го направат. А, тоа, мислам, со сегашниот рејтинг на МТВ дека не може да го постигнат.

И на крајот, ќе завршам со следното.

Многу колеги овде, во краен момент, и како краен аргумент го извлекоа прашањето - се сеќавате ли кога создаде проблемот? Се сеќавате ли дека тоа беше во периодот на владеењето на СДСМ? Како да било во периодот, во историските читанки, во периодот на владеењето на Луј XIV. Сакам само малку да го парафразирате, да го измените малку прашањето и да се запрашате кој го создаде проблемот? Кога тоа ќе го расчистите, кога помеѓу тие луѓе ќе ги расчистите сметките, тогаш повторно ќе дојдете на говорницата и со право ќе можете да проценувате политичка партија, политичари, политички платформи, програми. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓица Шеќеринска за среќните и убави времиња, милам за убавата дискусија што ја даде и толку се инспирирале пратениците од ПДП што еден по еден ќе ги прозивам да реплицираат, затоа што се сите овде наредени како мали деца.

Господинот Аслан Селмани прво побара збор за реплика.

Повелете господине Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Ова навистина не личи ни на Собрание, ни на ништо.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па, не личи, сигурно. Само 5 души од таму се наредени и постојано се јавуваат за дискусија.

Па тоа е играње овде со Собраниево.

Јас ќе ја терам до крај, секому ќе дадам збор.

Имате збор господине Селмани.

Не се јавувате.

Има збор господинот Ризван Сулејмани, повелете.

(Пратеникот Абдулади Вејсели бара збор процедурално).

Повелете господине Сулејмани, имате реплика.

(Повеќе пратеници бараат збор процедурално).

Повелете, процедурално господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине претседателе, секој од нас, тука во ова Собрание доаѓа од некаде. Јас најмалку имам да патувам 50 км. Затоа ве молам, однесувајте се како што треба кон пратениците. Дека јас треба да патувам. Утре треба да дојдам, имам обврски, дали во Собранието или каде.

Меѓутоа, вака, ова неодговорно однесување ваше, јас незнам.

Ако сакате инает да терате со пратениците, тогаш јавно кажувајте да се откажеме од дискусии. Со сила да не терате да се откажуваме од нашите дискусии. Меѓутоа, тоа е веќе со сила.

Ве молам, веќе е 01,30 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не ве терам јас со сила. Вие си го искористивте правото и си дискутиравте.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине претседателе, вчера сум дискутирал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате потполно право.

Никој не ве држи. Може да одите...

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Е па тогаш кажете дека со сила сакате, немојте така ве молам...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

А вака, ако продолжиме ќе ја водиме и амандманската расправа....

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ама не, ама што сакате кажете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема вака да го опструирате Собранието.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ајде господине претседателе, кажете на пратениците што сакате да постигнете со ова?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ништо не сакам, ќе ви дадам збор да дискутирате. Ќе го добиете зборот.

Сега има збор господинот Илјаз Сабриу. Повелете.

(Реакции од страна на пратениците на ПДП и барање збор процедурално).

Нема, нема процедурално повеќе, на ред е господинот Сабриу, има право на збор.

Повелете господине Сабриу.

(Пратениците бараат збор процедурално).

Процедурално, цело време процедурално.

Повелете господине Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри од Владата на РМ.

Навистина е тешко во овие утрински часови човек да се концентрира врз една работа од неколку часови, бидејќи работиме од 11,00 часот, 13 часа работа ефективно, да кажам неколку збора во врска со овој многу важен закон што предизвика ваква бурна расправа и во Собранието на РМ.

Впрочем, се повтори во историјата дека овој закон што доаѓа на дневен ред, порано имаше вакви или слични дискусии со една разлика кој во која улога беше, дали опозиција, дали позиција.

Од тие причини, дозволете ми да кажам неколку зборови во скратена варијанта, со оглед дека, ако верувате, навистина не сум во можност да дискутирам поопширно, бидејќи веќе и мојата концентрација е на ниво на граница на издржливост.

Морам да кажам дека овој закон заслужува посебно внимание. Во овој закон е вложен огромен труд што треба да се признае и да е прифати. РМ, наназад 10 години, беше кажано тука, од претходните дискутанти, го нема донесено овој закон. притиснати од внатрешните проблеми, а јас би рекол и од надворешните бевме принудени во овие вечерни доцни часови, во овие рани утрински часови, да завршиме, доколку можеме да завршиме со расправата по овој закон и веројатно, на утрешната седница повеќе бидеме вклучени во амандманските расправи за да го подобриме текстот доколку можеме на овој закон.

За мене, како пратеник на ова Собрание, морам да признам дека заедно со некои мои колеги тука сме потписници на основање на тетовскиот Универзитет, кој толку многу овие години предизвикаа дискусија во македонската јавност и дискусија пошироко во Европа и во Светот. Кој проблем еве и вечерва се обидуваме на некој начин да го заобиколиме, а не да го решиме. Ставивме потпис на еден такво акт за основање на Универзитет со убедување дека чиниме, прво, не потпишуваме против Уставен акт, за кој во тоа време бевме обвинети дека сме потпишале некој против Уставен акт. Денеска, овие денови од устата на министерот и многу дискутанти слушнавме дека напротив, тој Универзитет не е основан спротивно на Уставот на РМ што тогаш беше на сила и ден денеска е на сила, за кој кажа дека не е изменет во ниту една буква, во ниту еден збор. Потпишавме, бидејќи оценивме дека Албанците во Македонија имаат капацитети, имаат потреба и имаат право да се школуваат на свој мајчин јазик. Да се основа еден трет Универзитет во Тетово каде ќе учат деца, младинци за кои вечерва и поранешните денови во дискусиите, толку многу солзи роновме, дека толку ни е грижа за тие деца, дека за нив треба да се бориме, да учат, да им обезбедиме квалитет, интеграција во Европа, во светот и т.н., со што потполно се согласувам. Од тие принципи појдовме и тогаш и сега дискутираме.

Меѓутоа, мислам дека во една временска разлика мора да се потсетиме дека тогашната власт, кога јас бев присутен во таа власт, испративме тенкови, оклопни возила и ја срушивме зградата на Месната заедница во с. Речица каде беше привремено сместен, така да кажам, ректоратот на Универзитетот во Тетово. Пративме специјалци, пративме се што не пративме, имаше дури и жртви. Паднаа и човечки жртви таму пред 5-6 години. Тоа не е историја. Тоа е нешто што на оваа држава и се случува на овие структури. Само што ги сменивме улогите, едни седат на левата страна, други седат на десната. Но, проблемот е тој, и треба навистина да гледаме во очи на овој проблем. Да не се обвинуваме едни со други. Посебно тука мислам кај албанскиот фактор, бидејќи ние на оваа седница, во овие 2-3 дена најмногу меѓу себе се расправавме.

Се извинувам, не сакам некој од македонскиот блок да мисли поинаку. Меѓутоа, вие на некој начин, според мене, бевте доста пасивни, иако имаше и квалитетни дискусии, што ги поздравувам и прифаќам. Но, ние меѓу себе си ги ваѓавме очите кој бил, што бил тогаш, што нуделе тогаш, кој закон бил подобар, тој во 1995, овој во 1996, овој во 2000 година и т.н.

Мислам дека додека ние така се расправаме не ќе можеме квалитетно да ги затвориме овие проблеми, што не мачат нас Албанците и националностите. А, тоа се проблеми на државата Македонија, бидејќи ние сме тука. Не сме ние азиланти, па привремено тука сме дошле па ќе си одиме после некое време, после некоја година и тие проблеми ќе ги носиме со себе. Овие проблеми се тука и доколку овие проблеми не се затворат квалитетно, верувајте дека секоја Влада и оваа Влада може ќе помине за 1-2 години, со некои решенија, ќе дојде друга Влада која ќе има доста исти такви проблеми, бидејќи не го решава проблемот во основа, односно не го решава проблемот како што треба да го реши и како што бараат да го решава.

Овде беа, исто така, изнесени доста добри дискусии. Посебно последниве вечерва, иако реков дека веќе се губи концентрацијата. Тоа се дискусии од наши колеги економисти, правници и т.н., меѓутоа, сите тврдам, некаде 95% сме факултетски образовани, академски луѓе, а има многу и со титули, магистри и доктори на науки. Дискутираме за една работа што е основно право на еден човек, на едно човечко суштество, а тоа е да се школува на свој мајчин јазик. Не да се школува спротивно на интересите на оваа држава. Да се школува со таа програма, со програма на двата универзитети присутни во Македонија.

Основана на ист начин, нема ниту една запирка, не можете да најдете повеќе, ниту помалку, како што е основан Битолскиот Универзитет, ве молам.

Тие солзи што тука ги рониме, дека што правиме, треба да се загрижиме дека во основното и средно образование проблемот е кај Албанците. Не е во високото образование.

Дајте, дозволете самите да кажеме каде ни е проблемот. Најдобро ги знаеме. Проблемот е во високото образование. Во тоа високо образование, во тој хендикеп што се создаде назад 10-15 години или повеќе години, создаде во основното и средното образование да немаме соодветни квалификувани кадри за да произведуваат производ, така да речам, ученици со јаки знаења што се конкурентни за Македонија и пошироко.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:** (Продолжение)

Точно е тоа дека во нашите средни училишта се уште предаваат гимназијалци со завршено средно економско, да не карикирам, па можеби некаде во планинските села има и со средно индустриско школо.

Но каде е проблемот, не е кај нас. Проблемот е во системот што не даде можност да се создадат кадри со више образование, со високо образование за да се потполнат тие работни места таму во основното и во средното образование. Затоа, после се прашуваме ние дека тие 12, 13 илјади ученици Албанци колку завршуваат средно образование, многу малку продолжуваат на високото образование. Точни се податоците, никој не може да ја побива ниту економската наука, ниту другата наука, она што господинот Поповски го кажа, дека ние како Македонија, па ако земете и пошироко и во други рамки сите работиме за еден мал слој на население, впрочем ако зборуваме како држава тоа е 5 - 10 или 2 до 3% на децата кои можат да се запишуваат и да завршуваат високо образование на двата Универзитети, во Скопје и во Битола. Да ја свртиме медаљата од другата страна, прашајте се колку Албанци во тие две високи установи учат. Тоа се некаде 500, 600 до 700 по оние бројки што ги кажа министерот дека 9% сега се студенти Албанци од националностите со тенденција тоа да се зголемува до 20% со оглед на бројката на населението кое е присутно во Македонија.

Тоа доведува до заклучок дека ние Албанците и покрај тоа што учествуваме во финансирањето на високото образование, не сме против и не сме покажале граѓанска непослушност да не плаќаме никакви придонеси од нашите лични доходи, персоналниот доход од нашите претпријатија од нашите фирми, да не го плаќаме процентот што се плаќа за образованието, културата и т.н. Никогаш тоа не е направено. Напротив редовно се измируваат тие обврски. Дозволете тоа да го бараме и како право да бидеме вклучени, да имаме една наша институција трета, која цениме, ако сакате и економски и географски одговара да биде лоцирана во Тетово.

Да се вратиме малку порано, оние кои памтат малку подолго и во Тетово како во Штип и во Прилеп порано имаше виши или истурени единици на некои факултети од високото образование. Сега ги нема. Тие проблеми не натераа да се основа тетовскиот Универзитет, кој на жалост, незнам колку сте го прочитале статутот, никаде не пишува дека таму учат само Албанци. Наставата се изведува на македонски, на албански и на сите други јазици за кој ќе имаат интерес студентите. Зошто Македонецот од Тетово или Гостивар да не учи во Тетово на свој македонски јазик. Господата професори од "Св. Кирил" и од Битола нека доаѓаат во Тетово, нека предаваат таму на тие деца да одат во Битола и во Скопје. Ве молам, немојте да ги мешаме и да ги вртиме тезите како што ни одговара. Универзитетот во Тетово или на факултетот во Тетово не се учи само на албански. Нема место само за Албанци, туку нашата идеја и инсистирање е таму да учат и Македонци и Турци и други националности кои ќе изразат желба. Тоа е оправдано и од економски аспект, тие родители во оваа сиромаштија да не мора да плаќаат по стотина марки за становите само во Скопје и Битола за да се школуваат, кога можат претпладне да ја следат наставата во Тетово и да се вратат во нивните домови, впрочем како децата од Битола или од Скопје што студираат на овие два Универзитети.

Од тие причини мислам дека нема аргументи да се спротивставиме на една таква идеја. Друго е тоа што беше кажано и порано од претходните дискутанти дека нема политичка боја. Односот на силите порано бил поинаку, кога реков праќавме тенкови, сега односот на политичките сили е поинаков и

коалицијата функционира поинаку. Од тие соображенија јас ја поздравувам Владата што презема еден напор, една ваква мерка да почне да го решава проблемот на високото образование на Албанците. Овој закон според мене е почеток на решавање, минимумот од тоа што можеме да го решиме, со тоа што не го решава проблемот на тетовскиот Универзитет ни како приватен Универзитет. Ве молам, барем да се даде можноста тетовскисот Универзитет, врз основа на сите критериуми што ги бара законот да влезе и да се инкорпорира во системот и покрај тоа што нашето барање, барањето на Албанците е ние да имаме јавна институција, државен Универзитет. Ние сме конститутивен елемент на оваа држава, ние сме државјани на Македонија. Не сме ние она што беше многу експлоатирано приватни граѓани, приватен народ и т.н., да не шириме сега некоја теоретска расправа, бидејќи времето не ни го дозволува тоа.

Мислам дека сите дискусии кои водат на оваа линија не држат и треба еднаш засекогаш да се разбереме дека е во интерес и на Македонија за нејзина стабилност е решавањето на овој проблем. Што побрзо да го решиме, подобро. Што повеќе го одолговлекуваме, тоа ќе биде потешко за сите нас.

Не би сакал повеќе да должам, иако имам спремено, но нема да одиме по тие членови, веројатно во амандманската расправа ќе се вклучиме за да барем нешто подобриме доколку има волја од страна на Владата да прифати некои амандмани што ги предложивме, за да навистина најдеме соодветно решение за овие студенти, односно за Универзитетот во Тетово со тоа што да не сме против, веројатно она што се создава можност за некоја приватна институција која привремено ќе биде финансирана од Европа, од светот и т.н., но сето тоа е во идно време - ќе биде. Мислам дека сега тој проблем нас ни е тука присутен и така треба да прифатиме и да почнеме да го решаваме. Пред тоа никој да не се надева и да не сфати дека ние се залагаме за некои неквалитет, послаб квалитет и т.н., но верувајте дека секое дете, секое мало роденче кога се раѓа веројатно ги има и тие проблеми, меѓутоа со тек на време и тие проблеми се надминуваат. Впрочем и овие два државни Универзитети кога се основале не биле вакви во оваа ситуација како што се денеска, со таков кадар, со такви средства и т.н., и т.н., па да се надеваме дека во наредниот период оваа Влада добро е да смогне сили да оди чекор понатаму, овој пат кој го започнале, имајќи ги предвид препораките од Европа, да смогне сили за да ги реши проблемите што ни се присутни денеска и да не дозволуваме секоја година или секој месец да се навраќаме на овој проблем, кој, ако квалитетно не се реши, веројатно ќе има проблеми, ќе има последици и мислам дека нема да биде добро за никого, ниту за државата, ниту за нас Албанците кои сме присутни, односно државјани на оваа Република.

Претседателе, навистина во ова време се извинувам што веројатно некои работи не можев да ги концентрирам како што треба, но сакав да ги кажам овие работи, а со право во амандманската расправа да учествуваме поквалитетно во утрешниот ден, ако успееме утре, бидејќи претпоставувам дека нема да имаме кворум, затоа што ќе останеме да одмараме малку покасно и незнам дали ќе можеме да стигнеме од 11 часот да работиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Илјаз Сабриу.

Ќе Ве молам, имам една молба во име на мнозинството пратеници.

Дами и господа пратеници, можам ли јас во име на мнозинството пратеници да ги замолам господата Сејфедин Харуни, Мерсел Билали, Исмет Рамадани и Ризван Сулејмани, да ги замолам, бидејќи денеска има неограничено време да говорат, да се повлечат денеска од расправата. Амандмански ќе можат да говорат и да ја привршиме расправата, за да утре можеме подоцна да расправаме амандмански. Нема смисла сега повторно, скоро во 1,30 часот да се јавувате за дискусија.

Процедурално господинот Амди Бајрам бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани пратеници, сакам да укажам, бидејќи Законот за високо образование треба да се донесе, па би сакал да укажам дека и ние ромите сме со Уставот и преамбулата признати во Република Македонија, ние сме рамноправни граѓани како сите граѓани и кога ќе испадне некој пратеник да разговара овде и да спомнува некоја националност, кога

ќе почне Македонци, Турци, Албанци да кажува, заборава да каже роми. Да не заборавате роми, на тоа сакам да ве потсетам, затоа што и ние ромите истото право треба да го уживаме како секој граѓанин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа.

Процедурално побара збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, оваа молба што ја рековте вие во име на мнозинството пратеници на Собранието, тука мнозинство нема...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има мнозинство.

Ги молам пратениците да влезат внатре.

(Пратениците влегуваат во салата).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ова ќе вредеше доколку во 20 часот кога дадовте пауза и не предупредивте дека ќе се работи ако затреба и цела ноќ, ние се решивме денеска да расправаме додека можеме да истраеме. Касно палење е ваше. Јас сум сега спремен не 2 часа, туку до 5 часот да ве задржам тука и да не се повторам тука со ниту една реченица од она што вчера дискутирав, затоа што така баравте. Сега да се откажуваме не може.

Најпаметно би било денеска да почнеме во 12 часот.

(Реакција на пратениците во салата). Веќе е 2 часот ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мораме да ја привршиме оваа расправа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ние и така денеска тука сме, тука ќе спиеме, ние нема каде. Ако веќе сме принудени на инает...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не сме принудени на инает.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

А, како?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

А, што е ова, не ли е опструкција. Ова е опструкција од ваша страна.

Вие и утре можете десет саати да дискутирате и повторно да барате збор...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, вие тоа го баравте и сега држете се до крај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Два часа говоревте пред малку, како не ви е незгодно, навистина како не ви е незгодно. Два саат е и вие на луѓето им објаснувате триста работи.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ние баравме тоа да се прекине.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте така сега со опструкција.

Ќе ве молам, јас најкултурно ве замолив да се повлечете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Нема да се повлечам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш повелете, имате збор, па говорете до сабајле.

Процедурално господинот Бошков бара збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, јас сакам да Ви се извинам, јас сум на границите на мојата физичка моќ и си одам.

(Реакција на пратениците).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Објективно, очигледно дека имаме терор на малцинство над мнозинство, користејќи го Деловникот и можноста утре уште десет саати да говорат. Ако сте спремни на таков терор, извинете што можам да го употребам тој збор, во тој случај не ми е никаков проблем денеска да ја прекинам расправата, а утре повторно да ги слушнеме истите.

(Реакција на пратениците од место).

Ќе ве молам, тогаш најдемократски да одлучиме дали ќе работиме или нема да работиме.

Ве молам, притиснете на копчето за, за тоа кој е да продолжиме со работа...

(Реакција на пратениците - ќе работиме, нема да прекинуваме).

Па, да видиме дали сакаме или не сакаме да работиме.

Притиснете на копчето кој е за работа денеска да работи.

49 пратеници се да работиме и ќе работиме.

Ве молам господинот Харуни има збор.

Се извинувам господинот Томислав Стојановски процедурално бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, предлагам да донесеме одлука, бидејќи се работи за опструкција, не се расправа за содржина, оние кои до сега еднаш се јавиле да немаат право повторно да се јавуваат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, имаме предлог. Тие што еднаш дискутирале...

(Реакција на пратениците).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Тоа е терор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам да гласаме.

Кој е за предлогот на господинот Томислав Стојановски.

55 пратеници гласаа "за".

Според тоа, констатирам дека е заклучен општиот претрес.

Продолжуваме со работа во 11 часот.

(Реакција на пратениците од Пратеничката група на ПДП).

Ќе ве молам, гласавме најдемократски.

Продолжуваме со амандманска расправа по Законот во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 1,40 часот).